Собрание на Република Северна Македонија

# И З В Е Ш Т А Ј

## за работата на
## Собранието на Република Северна Македонија
## за периодот
## 1.1.2021 - 31.12.2021

*Почитувани граѓани,*

*Годината што помина, како што Ви е познато, повторно помина во знакот на пандемијата со вирусот КОВИД-19 и сите неопходни протоколи за спречување на ширењето на истиот. Во политичкиот живот, секако, најзначајниот момент беше одржувањето на локалните избори на 17 октомври, што, секако со себе повлече и одредени ограничувања во работењето на законодавниот дом за време на предизборната кампања. Сепак, Собранието и пратениците, во рамките на деловничките можности го дадоа својот придонес во демократскиот парламентаризам и јас би сакал преку овој извештај да Ви ја презентирам активноста на законодавниот дом во гореспоменатиот период на, верувам, прегледен начин, благодарение на службата која ги евидентира и сумира податоците за работата на пратениците секоја година.*

*Во Годишниот извештај ќе можете да најдете основни податоци кои се однесуваат на пратеничкиот состав и неговата структура по различни параметри, како и промени во мандати на пратеници, податоци за пленарните седници и тоа со значително обемен преглед кој ги вклучува и сите предлози на закони и нивниот статус, како и другите акти преку кои Собранието ја остварува својата законодавна функција. Во Извештајот, има податоци и за работата на постојаните работни тела, посебните работни тела, дури и за неформалните тела кои во форма на клуб или група, со фокус на одредени категории на граѓани и конкретни прашања, го даваат својот придонес во сферата. Ќе најдете вредни податоци и за меѓународната соработка која и оваа година е сведена во поголемиот дел на виртуелни настани и средби, со што помалку физички присуства што секако не ја минимизира значајноста и неопходноста од парламентарната дипломатија која ја оствaруваме и јас лично меѓутоа и сите колеги пратеници, со цел промовирање и соработка на нашата држава.*

*Верувам дека обработените податоци во овој Годишен извештај, можат да послужат за информирање на новинарите, невладините организации, студентите, истражувачите и другите заинтересирани страни, а со него ние ја оствaруваме нашата цел за целосна транспарентност на работата на Собранието.*

*Воедно изразувам благодарност до собраниската служба која има улога на институционална меморија, без која би биле невозможни сите процеси во законодавниот дом.*

***Претседател***
***на Собранието на***
***Република Северна Македонија***
***Талат Џафери***

# СОДРЖИНА

**1. Вовед** **2**
**2. Пратенички состав** **4**
2.1.Промени во пратенички состав **5**
2.2.Промени во структура на пратенички состав 9
2.2.1 Етничка структура на пратениците по пратенички групи 9
2.2.2 Полова структура на пратениците по пратенички групи 9
2.2.3 Старосна структура на пратениците по пратенички групи 9
2.2.4 Образовна структура на пратениците по пратенички групи 9
**3. Пленарни седници на Собранието** **10**
3.1. Пленарни седници 11
3.1.1. Посебни седници 12
3.1.2 Bреметраење на седниците 13
3.2 Разгледувани акти 15
3.2.1. Поставени акти на седница 15
3.2.2. Разгледани акти на седница 16
3.3. Закони 17
3.3.1. Донесени закони 22
3.3.2. Закони кои произлегуваат од НПАА и значат усогласување со право на ЕУ 34
3.3.3. Закони по редовна постапка 36
3.3.4. Донесени ратификации 44
3.3.5. Повлечени закони 46
3.3.6. Неприфатливи закони 47
3.4. Одлуки 48
3.5. Други акти 56
3.5.1. Усвоени акти 56
3.5.2 Само разгледани акти 60
3.5.3 Акти за усвојување 61
3.5.4. Неусвоени и повлечени акти 63
3.6. Амандмани 66
3.7. Пратенички прашања 73
**4. Работни тела на Собранието** **75**
4.1. Постојани работни тела 76
4.2. Посебни работни тела 163
4.2.1. Комитет за односи меѓу заедниците 163
4.3. Совети 167
4.3.1. Совет на Собранискиот канал 167
4.3.2. Буџетски совет на Собранието 171
4.3.3. Национален совет за евроинтеграции 174
4.4. Други тела 184
4.4.1. Клубови на пратеници 184
4.4.1.1. Клуб на жени пратеници 184
4.4.1.2. Клуб на младински прашања и политики 188
4.4.2. Интерпартиски групи на пратеници 191
4.4.2.1. ИПГ за лица со посебни потреби 191
4.4.2.2. ИПГ за правата на ромите 196
4.4.2.3. ИПГ за правата на ЛГБТИ лицата 198
**5. Претседател и потпретседатели** **201**
5.1. Претседател 202
5.2. Потпретседатели 225
**6. Меѓународна соработка** **229**
6.1. Мултилатерална соработка 233
6.2. Други меѓународни активности 253
6.3. Билатерална соработка 256
**7. Одбележување на значајни настани во Собранието** **261**
7.1. Меѓународна активност и протоколарни средби 262
7.2. Меѓународни конференции, манифестации, годишнини, свечености и семинари 262
7.3. Свечени изјави 264
7.4. Доделување на државни награди 264
**8. Јавност во работата на Собранието** **265**
8.1.Канцеларии за контакти на пратенмиците со граѓаните во изборните единици **266**
8.2. Електронска комуникација 268
8.3. Собраниски ТВ канал 271
8.4. Средства за јавно информирање 277
**9. Поддрќка на невладините и меѓународните организации на Собранието** **279**
9.1. Национален демократски институт НДИ 280
9.2. Вест Минстер 304
9.3. DCAF 309
**10. Служба на Собранието** **317**
10.1. Внатрешна организација 318
10.2 Посебни организациони единици 322
10.2.1. Одделение за управување со човечки ресурси 322
10.2.2. Одделение за внатрешна ревизија 332
10.2.3. Парламентарен Институт 335
10.3.Системи за управување со квалитет 353
10.4. Податоци од стручно-административен карактер 355
**11. Прилози** **360**
Прилог 1 Преглед на одржани седници 361
Прилог 2 Дневни редови на седници 364
Прилог 3 Меѓународни активности 365

# 2. ПРАТЕНИЧКИ СОСТАВ

## 2.1.ПРОМЕНИ ВО ПРАТЕНИЧКИ СОСТАВ

| реден број | име и презиме | политичка партија | промени |
|---|---|---|---|
| 1. | Адеми Вјолца | ДУИ | |
| 2. | Адеми Арбер | ДУИ | |
| 3. | Азири Елми | Алијанса | |
| 4. | Ајдари Берат | ДУИ | |
| 5. | Ајдари Рина | ДУИ | |
| 6. | Ангелевска Силвана | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 7. | Ангелова Марија | СДСМ | |
| 8. | Апасиев Димитар | Левица | |
| 9. | Ахмети Али | ДУИ | |
| 10. | Аџиоски Мирче | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 11. | Бајрами Басри | БЕСА | |
| 12. | Балковски Љупчо | ВМРО - Народна | |
| 13. | Бектеши Шаќири Фиснике | ДУИ | |
| 14. | Биљали Зендели Арта | ДУИ | |
| 15. | Богдановски Мирослав | ДОМ | 30.6.2021, оставка<br>заменет со Николова Даниела |
| 16. | Ванчева Калеска Снежана | СДСМ | |
| 17. | Василевска Иванка | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 18. | Вељановски Александар | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 19. | Велковски Диме | СДСМ | |
| 20. | Гаши Африм | Алтернатива | |
| 21. | Георгиевска Марија | СДСМ | |
| 22. | Даути Илире | Алијанса | |
| 23. | Димовски Љупчо | СПМ | |
| 24. | Ѓавочанова Драгица | СДСМ | |
| 25. | Ефтимов Дајанчо | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 26. | Зајкова Моника | СДСМ | |
| 27. | Зендели Фадил | БЕСА | |
| 28. | Зеќири Белкиса | СДСМ | |
| 29. | Зибери Арбен | ДУИ | |
| 30. | Здравковски Игор | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 31. | Ибраим Енес | ПДТ | |
| 32. | Иљас Бејџан | ДПТМ | |
| 33. | Исмаили Хусни | Алтернатива | |
| 34. | Јанушев Игор | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 35. | Јаулески Јован | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 36. | Јахоски Исмаил | ДУИ | |
| 37. | Јованчев Зоранчо | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 38. | Јорданов Иван | ВМРО-ДПМНЕ | 5.11.2021, избран за градоначалник<br>заменет со Ковачки Драган |
| 39. | Јовановиќ Мирослав | ССМ | |
| 40. | Кадриев Мухамед | СДСМ | |
| 41. | Каевски Дарко | СДСМ | |
| 42. | Кадрија Бајрам | ДУИ | |
| 43. | Касами Биљал | БЕСА | 5.11.2021, избран за градоначалник<br>заменет со Филиповски Драгољуб |
| 44. | Колева Даниела | СДСМ | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **45.** | Коџаџику Колчи Мерита | ДУИ | |
| **46.** | Костадинова Марија | СДСМ | |
| **47.** | Костадинова Стојчевска Бисера | СДСМ | |
| **48.** | Костадинов Костадин | СДСМ | 5.11.2021, избран за градоначалник заменет со Спасова Љубица |
| **49.** | Костовски Дарко | ВМРО-ДПМНЕ | 5.11.2021, избран за градоначалник заменет со Коцевски Зоран |
| **50.** | Костовски Мартин | СДСМ | |
| **51.** | Коциќ Ненад | СДСМ | |
| **52.** | Крмов Борислав | Левица | |
| **53.** | Лазаревска Жаклина | СДСМ | |
| **54.** | Ласовска Благица | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **55.** | Лашкоска Ане | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **56.** | Лефков Миле | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **57.** | Лозановска Олга | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **58.** | Марковска Даниела | СДСМ | |
| **59.** | Меџити Изет | ДУИ | |
| **60.** | Мизрахи Рашела | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **61.** | Миланов Стојан | СПМ | |
| **62.** | Милошоски Антонијо | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **63.** | Минов Панчо | СДСМ | |
| **64.** | Мираковска Соња | НСДП | |
| **65.** | Мисајловски Владо | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **66.** | Мисовски Горан | НСДП | |
| **67.** | Митревски Јован | СДСМ | |
| **68.** | Михаиловска Соња | СДСМ | |
| **69.** | Мицевски Никола | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **70.** | Мојсовски Боби | ЛДП | |
| **71.** | Морачанин Маја | ДОМ | |
| **72.** | Муцунски Тимчо | ВМРО-ДПМНЕ | 5.11.2021, избран за градоначалник заменет со Јаревски Тони |
| **73.** | Незири Атнан | Алијанса | |
| **74.** | Николовски Александар | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **75.** | Николовски Илија | ПП | |
| **76.** | Николовска Фаница | СДСМ | |
| **77.** | Панова Ели | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **78.** | Пашоли Арбана | ДУИ | |
| **79.** | Пенков Златко | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **80.** | Петкова Ангелинка | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **81.** | Петковска Лидија | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **82.** | Петрова Славјанка | СДСМ | |
| **83.** | Петрушевска Марија | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **84.** | Петрушевски Бране | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **85.** | Пецаков Кирил | ВМРО-ДПМНЕ | 5.11.2021, избран за градоначалник заменет со Бакрачевска Грација |
| **86.** | Пешевска Жаклина | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **87.** | Поцкова Јадранка | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **88.** | Пренџов Љупчо | ГРОМ | |
| **89.** | Рабаџиевска Наумовска Бети | СДСМ | |
| **90.** | Рамбабова Емилија | СДСМ | |
| **91.** | Рамчиловиќ Зеќир | независен | |
| **92.** | Рашити Сурија | Алијанса | |
| **93.** | Реџепи Кастриот | БЕСА | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 94. | Реџепи Скендер | Алтернатива | |
| 95. | Ристески Петар | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 96. | Ристова Лолита | СДСМ | |
| 97. | Садики Шаини Садије | Алтернатива | |
| 98. | Сајкоски Ѓорѓија | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 99. | Салиу Абдула | Алијанса | |
| 100. | Села Зијадин | Алијанса | |
| 101. | Силјановска Давкова Гордана | - | |
| 102. | Снопче Халил | Алијанса | |
| 103. | Стаменковска Трајковска Бети | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 104. | Стојановски Бојан | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 105. | Стојаноски Синиша | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 106. | Стојаноска Дафина | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 107. | Стојкова Серафимовска Велика | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 108. | Стоиљковиќ Иван | ДПСМ | |
| 109. | Талевски Миле | СДСМ | |
| 110. | Таневски Лазе | СДСМ | |
| 111. | Тасевска Лидија | СДСМ | |
| 112. | Тачи Мендух | ДПА | |
| 113. | Трајанов Здравко | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 114. | Трајанов Павле | ДС | |
| 115. | Ќазими Артина | Алијанса | |
| 116. | Фазли Бедри | ДУИ | |
| 117. | Христова Даниела | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 118. | Чаракчиев Коле | СДСМ | |
| 119. | Џафери Талат | ДУИ | |
| 120. | Шиковска Љатифе | СДСМ | |
| 121. | Николова Даниела | СДСМ | 30.6.2021,<br>наместо Богдановски Мирослав |
| 122. | Јаревски Тони | ВМРО-ДПМНЕ | 5.11.2021,<br>наместо Муцунски Тимчо |
| 123. | Коцевски Зоран | ВМРО-ДПМНЕ | 5.11.2021,<br>наместо Костовски Дарко |
| 124. | Спасова Љубица | СДСМ | 5.11.2021,<br>наместо Костадинов Костадин |
| 125. | Ковачки Драган | ВМРО-ДПМНЕ | 5.11.2021,<br>наместо Јорданов Иван |
| 126. | Филиповски Драгољуб | СДСМ | 5.11.2021,<br>наместо Касами Биљал |
| 127. | Бакрачевска Грација | ВМРО-ДПМНЕ | 5.11.2021,<br>наместо Пецаков Златко |

| Реден број | Скратен назив | Политичка партија | Број на пратеници | |
|---|---|---|---|---|
| | | | 01.01.2021 | 31.12.2021 |
| 1. | ВМРО-ДПМНЕ | ВМРО-Демократска партија за македонско национално единство | 38 | 39 |
| 2. | СПМ | Социјалистичка партија на Македонија | 2 | 2 |
| 3. | ДПСМ | Демократска партија на Србите од Македонија | 1 | 1 |
| 4. | ГРОМ | Граѓанска опција за Македонија | 1 | 1 |
| 5. | СДСМ | Социјалдемократски сојуз на Македонија | 29 | 32 |
| 6. | БЕСА | Движење БЕСА | 4 | 3 |
| 7. | ЛДП | Либерално демократска партија | 2 | 2 |
| 8. | НСДП | Нова социјал -демократска партија | 2 | 2 |
| 9. | ДОМ | Демократска обнова на Македонија | 2 | 1 |
| 10. | ВМРО-НП | ВМРО- Народна партија | 1 | 1 |
| 11. | ПДТ | Партија за движење на Турците во Македонија | 1 | 1 |
| 12. | ДПТМ | Демократска партија на Турците на Македонија | 1 | 1 |
| 13. | ПОПГМ | Партија на обединети пензионери и граѓани на Македонија | 1 | 1 |
| 14. | ДС | Демократски сојуз | 1 | 1 |
| 15. | ДУИ | Демократска унија за интеграција | 15 | 15 |
| 16. | АЛИЈАНСА | Алијанса на Албанците | 8 | 8 |
| 17. | АЛТЕРНАТИВА | Алтернатива за албанците | 4 | 4 |
| 18. | ДПА | Демократска партија на Албанците | 1 | 1 |
| 19. | ЛЕВИЦА | Левица | 2 | 2 |
| 20. | НП | Независни пратеници | 3 | 2 |
| | | **ВКУПНО:** | **120** | **120** |

## 2.2. ПРОМЕНИ ВО СТРУКТУРА НА ПРАТЕНИЧКИОТ СОСТАВ

### 2.2.1. Етничка структура на пратеници

| година | македонци | | албанци | | турци | | роми | | срби | | бошњаци | | власи | | други | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | бр | % | бр | % | бр | % | бр | % | бр | % | бр | % | бр | % | бр | % |
| **01.01.2021** | **78** | 65 | **32** | 26,6 | **3** | 2,5 | **1** | 0,83 | **2** | 1,66 | **1** | 0,83 | **1** | 0,83 | **2** | 1,66 |
| **31.12.2021** | **79** | | **31** | | **3** | 2,5 | **1** | 0,83 | **2** | 1,66 | **1** | 0,83 | **1** | 0,83 | **2** | 1,66 |

### 2.2.2. Полова структура на пратеници

| година | мажи | | жени | |
|---|---|---|---|---|
| | бр | % | бр | % |
| **01.01.2021** | **77** | 64,17 | **43** | 60,84 |
| **31.12.2021** | **74** | 61,6 | **46** | 38,4 |

### 2.2.3. Старосна структура на пратеници

| пратеници | под 30 | | 30-39 | | 40-49 | | 50-59 | | 60-69 | | Над 70 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | бр | % | бр | % | бр | % | бр | % | бр | % | бр | % |
| **01.01.2021** | **5** | 4,1 | **34** | 28,3 | **45** | 37,5 | **21** | 17,5 | **13** | 10,8 | **2** | 1,6 |
| **31.12.2021** | **5** | 4,1 | **29** | 24,2 | **48** | 40 | **23** | 19,2 | **13** | 10,8 | **2** | 1,6 |

### 2.2.4. Образовна структура на пратеници

| образование | средно | | високо | | постдипломско | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | бр | % | бр | % | д-р | м-р | спец |
| **01.01.2021** | **1** | 0,83 | **65** | 54,16 | **18** | **33** | **3** |
| **31.12.2021** | **1** | 0,83 | **68** | 56,6 | **16** | **31** | **4** |

# 3. ПЛЕНАРНИ СЕДНИЦИ НА СОБРАНИЕТО

# 3.1. ПЛЕНАРНИ СЕДНИЦИ

Во овој период одржани се 28 нови седници од кои 12 останаа незавршени со 87 преостанати точки (59 закони, 4 одлуки, 12 извештаи, една резолуција, 3 информации, еден план, 3 автентични толкувања, 2 интерпелации, една завршна сметка и една стратегија).

Истовремено во овој период беа завршени и десет седници од 2020 година со 14 точки, како и 43 точки од други незавршени седници од истата година.




вкупно седници - 29

завршени - 12

незавршени -17



## 3.1.1.ПОСЕБНИ СЕДНИЦИ

### Посебни седници во периодот 1.1.2021 – 31.12.2021

**Пратенички прашања -8**

- 33 седница одржана на 28.1.2021 година,
- 35 седница одржана на 25.2.2021 година,
- 37 седница одржана на 25.3.2021 година,
- 40 седница одржана на 28.4.2021 година,
- 42 седница одржана на 27.5.2021 година,
- 44 седница одржана на 24.6.2021 година,
- 48 седница одржана на 30.7.2021 година и
- 55 седница одржана на 23.12.2021 година,

**Обраќања - 2**

- Обраќање на претседателот на Големото Национално Собрание на Република Турција, Мустафа Шентоп (58 седница, 21.12.2021 година) и
- Обраќање на претседателот на Република Северна Македонија Стево Пендаровски (56 седница, 22.12.2021 година).

**Неусвоен дневен ред - 1**

- 53 седница (11.11.2021 година)

**Времетраење на седниците**

- Според бројот на работните денови најдолга седница на Собранието на Република Северна Македонија е триесетата седница со 12 работни денови и со 53 точки на дневен ред.
- Според вкупниот број на работни часови најдолга седница на Собранието на Република Северна Македонија е педесет и четвртата седница со 43 часа и 41 минута.
- Според континуитетот најдолга седница на Собранието на Република Северна Македонија е третото продолжение на на триесеттата седница која имала 53 точки на дневен ред, која траела од 11 часот и 40 минути до полноќ на 3 февруари или во континуитет 12 часа и 20 минути.
- Според вкупниот број на работни часови најкратка седница на Собранието на Република Северна Македонија е 55-та седница која била посветена на пратнички прашања траела само 5 минути поради оставка на претседателот на Владата.

## 3.1.2.ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА СЕДНИЦИТЕ

| СЕДНИЦА | РАБОТНИ ДЕНОВИ | ВКУПНО ВРЕМЕТРАЕЊЕ |
|---|---|---|
| 3 седница | 2 | 07 минути |
| 4 седница | 1 | 08 минути |
| 6 седница | 2 | 04 минути |
| 7 седница | 1 | 01 минути |
| 8 седница | 1 | 01 минути |
| 9 седница | 2 | 05 минути |
| 18 седница | 1 | 50 минути |
| 20 седница | 3 | 5 часа и 30 минути |
| 21 седница | 2 | 6 часа и 05 минути |
| 22 седница | 2 | 50 минути |
| 25 седница | 5 | 3 часа и 07 минути |
| 26 седница | 4 | 5 часа и 35 минути |
| 28 седница | 2 | 15 минути |
| 29 седница | 14 | 31 час и 30 минути |
| 30 седница | 12 | 29 часа и 55 минути |
| 31 седница | 2 | 50 минути |
| 32 седница | 10 | 37 часа и 55 минути |
| 33 седница | 1 | 7 часа и 30 минути |
| 34 седница | 10 | 28 часа и 27 минути |
| 35 седница | 1 | 6 часа и 25 минути |
| 36 седница | 3 | 3 часа и 10 минути |
| 37 седница | 1 | 6 часа |
| 38 седница | 2 | 8 часа |
| 39 седница | 9 | 21 час и 42 минути |

| СЕДНИЦА | РАБОТНИ ДЕНОВИ | ВКУПНО ВРЕМЕТРАЕЊЕ |
|---|---|---|
| 40 седница | 1 | 6 часа и 55 минути |
| 41 седница | 6 | 8 часа и 32 минути |
| 42 седница | 1 | 6 часа и 25 минути |
| 43 седница | 7 | 14 часа и 11 минути |
| 44 седница | 1 | 6 часа и 45 минути |
| 45 седница | 4 | 7 часа и 36 минути |
| 46 седница | 3 | 27 минути |
| 47 седница | 7 | 35 часа и 25 минути |
| 48 седница | 1 | 5 часа и 10 минути |
| 49 седница | 2 | 29 минути |
| 50 седница | 3 | 3 часа |
| 51 седница | 2 | 4 часа и 05 минути |
| 52 седница | 1 | 15 минути |
| 53 седница | 1 | 12 часа и 45 минути |
| 54 седница | 9 | 43 часа и 41 минута |
| 55 седница | 1 | 05 минути |
| 56 седница | 1 | 30 минути |
| 57 седница | 4 | 3 часа |
| 58 седница | 1 | 20 минути |
| 59 седница | 1 | 2 часа и 50 минути |
| **вкупно: 29 нови и 15 стари** | **77 дена** | **366 часа и 30 минути** |

# 3.2. РАЗГЛЕДУВАНИ АКТИ

## 3.2.1. ПОСТАВЕНИ АКТИ НА СЕДНИЦА

| СЕДНИЦА | број на точки | закони | одлуки | резолуции | информации | извештаи | планови | деловници | автентични толкувања | интерпелации | доверба на влада | завршни сметки | стратегии | програми |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 03 | 1 | | | | | 1 | | | | | | | | |
| 04 | 1 | | | | | 1 | | | | | | | | |
| 06 | 1 | | | | | 1 | | | | | | | | |
| 07 | 1 | | | | | 1 | | | | | | | | |
| 08 | 1 | | | | | 1 | | | | | | | | |
| 09 | 1 | | | | | 1 | | | | | | | | |
| 18 | 1 | 1 | | | | | | | | | | | | |
| 20 | 1 | 1 | | | | | | | | | | | | |
| 21 | 2 | 2 | | | | | | | | | | | | |
| 22 | 2 | 1 | | | | | | 1 | | | | | | |
| 25 | 4 | 4 | | | | | | | | | | | | |
| 26 | 5 | 4 | | | | | | | | | | | 1 | |
| 28 | 4 | 4 | | | | | | | | | | | | |
| 29 | 32 | 28 | | | 1 | | | | 3 | | | | | |
| 30 | 53 | 52 | | | | | | | | 1 | | | | |
| 31 | 2 | | 2 | | | | | | | | | | | |
| 32 | 48 | 17 | 9 | | | 16 | 3 | | | | | 1 | 1 | 1 |
| 34 | 68 | 62 | 2 | | 1 | | | | 2 | | 1 | | | |
| 36 | 4 | 3 | 1 | | | | | | | | | | | |
| 38 | 2 | 2 | | | | | | | | | | | | |
| 39 | 31 | 15 | 14 | | | | | | | 1 | | | | 1 |
| 41 | 68 | 53 | 8 | | | 1 | | | 4 | 2 | | | | |
| 43 | 53 | 38 | 8 | | 2 | 5 | | | | | | | | |
| 45 | 41 | 31 | 1 | | | 4 | | | 5 | | | | | |
| 46 | 5 | 4 | | | | 1 | | | | | | | | |
| 47 | 47 | 20 | 23 | 1 | | | | | 3 | | | | | |
| 49 | 3 | 2 | 1 | | | | | | | | | | | |
| 50 | 41 | 28 | 2 | | | 6 | | | 3 | | | 1 | 1 | |
| 51 | 15 | 10 | 2 | | | | | | 3 | | | | | |
| 52 | 1 | 1 | | | | | | | | | | | | |
| 54 | 56 | 39 | 13 | 1 | | 1 | 2 | | | | | | | |
| 57 | 15 | 9 | 4 | 1 | | 1 | | | | | | | | |
| 59 | 7 | 4 | | | | | | | 3 | | | | | |
| ВКУПНО | 617 | 435 | 90 | 3 | 4 | 41 | 5 | 1 | 26 | 4 | 1 | 2 | 3 | 2 |

## 3.2.2. РАЗГЛЕДАНИ АКТИ НА СЕДНИЦА




| реден број | А К Т | вкупно по дневен ред | донесени | неприфатливи | прво читање | второ читање | само разгледани | усвоени | неусвоени | неосновани | повлечени | неразгледани |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | закони | **435** | 213 | 1 | 144 | 3 | | | | | 15 | **59** |
| 2. | одлуки | **90** | 85 | | | | | | | | 1 | **4** |
| 3. | резолуции | **3** | 2 | | | | | | | | | **1** |
| 4. | информации | **4** | | | | | 1 | | | | | **3** |
| 5. | извештаи | **41** | | | | | 12 | 17 | | | | **12** |
| 6. | планови | **5** | 4 | | | | | | | | | **1** |
| 7. | деловници | **1** | | | | | | | | | 1 | |
| 8. | автентични толкувања | **26** | 3 | | | | | | | 20 | | **3** |
| 9. | интерпелации | **4** | | | | | | | 2 | | | **2** |
| 10. | завршни сметки | **2** | 1 | | | | | | | | | **1** |
| 11. | стратегии | **3** | 1 | | | | | | | | | **1** |
| 12. | програми | **2** | 2 | | | | | | | | | |
| 13. | доверба на Влада | **1** | | | | | | 1 | | | | |
| | **ВКУПНО** | **617** | **312** | **1** | **144** | **3** | **13** | **18** | **2** | **20** | **17** | **87** |

# 3.3.ЗАКОНИ

## ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНИ

*Со донесувањето на новиот Деловник за работа на Собранието на Република Македонија на 18 јули 2008 година се усвои нова процедура во носењето на законите, односно сосема нова постапка, усогласена со правото на Европската Унија, а пред се, усогласена со постапката на носење на законите во земјите членки на ЕУ.*

*Право да предлага донесување на закон има секој пратеник во Собранието, Владата и најмалку 10.000 избирачи (овластен предлагач на закон). Ако предлагач не е Владата, предлогот на законот се доставува до Владата на Република Северна Македонија заради давање на мислење. Но, тоа не значи дека без мислење на Владата не се разгледува предлогот на законот.*

*Иницијатива за донесување на закон до овластените предлагачи може да даде секој граѓанин, група граѓани, институции и здруженија.*

*Иницијативата упатена до Собранието се доставува до пратениците и за тоа се известува подносителот на иницијативата.*

*Предлогот на законот мора да биде подготвен во согласност со одредбите на Деловникот на Собранието на Република Македонија (член 135). Ако предлогот на законот не е подготвен согласно со одредбите на Деловникот на Собранието претседателот на Собранието, пред да го достави до пратениците, ќе побара од предлагачот да го усогласи во рок од 15 дена. Ако предлагачот не го усогласи во наведениот рок се смета дека предлогот на законот не е поднесен.*

*Согласно со одредбите на Деловникот на Собранието на Република Македонија законите по правило се донесуваат во редовна постапка, но предлагачот може на Собранието да му предложи предлогот на законот да се донесе во скратена постапка. По исклучок, во Деловникот на Собранието е предвидена и можноста предлогот на законот да се донесе по итна постапка.*

### 1. ПО РЕДОВНА ПОСТАПКА

Законодавната постапка на донесување на законот започнува со доставување на предлогот на законот до претседателот на Собранието на Република Северна Македонија кој веднаш, а најдоцна во рок од три работни дена од денот на поднесувањето го доставува до пратениците (во писмена или електронска форма).

Откако предлогот на законот ќе се достави до пратениците во Собранието, најмалку 15 пратеници имаат право да поднесат барање, Собранието да одржи општ претрес. Ако вакво барање не се поднесе завршува првото читање.

**Прво читање**

Пред предлогот на законот да се претресе на седницата на Собранието го разгледува матичното работно тело (од гледна точка на потребата за донесување на законот, начелата врз кои се заснова законот, основните односи што се уредуваат со законот и начинот на кој се предлага нивното уредување) и Законодавно-правната комисија (од гледна точка на потребата од донесување на законот и неговата усогласеност со Уставот), во рок од три дена пред денот определен за одржување на седницата на Собранието.

Ако предлогот на законот содржи одредби со кои се ангажираат финансиски средства, предлогот на законот го разгледува и надлежното работно тело во чиј делокруг на работа спаѓаат прашањата на буџетот и финансиите (Комисијата за финансирање и буџет). Оваа Комисија го разгледува предлогот на законот од гледна точка на влијанието на овие одредби врз средствата со кои располага и можните извори за финансирање на предложените решенија.

Матичното работно тело и Законодавно-правната комисија подготвуваат извештаи во кои е содржано мислење дали предлогот на законот е прифатлив и дали треба да се даде на натамошно читање.

Потоа, предлогот на законот се разгледува на седница на Собранието каде што се одржува општа расправа. Собранието по општата расправа одлучува дали предлогот на законот е прифатлив и дали може да се даде на натамошно читање. Ако Собранието одлучи дека предлогот на законот е прифатлив и дека може да се даде на натамошно читање, односно на второ читање, Собранието донесува заклучок со што започнува второто читање. Ако Собранието одлучи дека предлогот на законот не е прифатлив и дека не може да се даде на натамошно читање, законодавната постапка се прекинува и истиот предлог не може повторно да се поднесе во рок од три месеци.

**Второ читање**

Второто читање започнува со разгледување на предлогот на законот најпрвин во матичното работно тело и Законодавно-правната комисија во рок од седум работни дена по одржаната седница на Собранието. Матичното работно тело и Законодавно-правната комисија ги претресуваат одредбите од предлогот на законот поединечно и поднесените амандмани и гласаат по нив. Кога предлогот на законот се разгледува во второ читање можат да се поднесуваат амандмани.

Амандмани можат да поднесуваат пратениците, но и работните тела можат да поднесат свои амандмани. Амандманите до комисиите пратениците можат да ги поднесуваат најдоцна два дена пред денот определен за одржување на седниците на комисиите. За секој амандман се води претрес и се гласа одделно. Во случај кога со предлогот на законот се врши изменување или дополнување, амандмани можат да се поднесуваат само на членови кои со предлогот на законот се менуваат или дополнуваат.

Ако на седниците на матичното работно тело и на Законодавно-правната комисија се усвои амандман, тогаш матичното работно тело и Законодавно-правната комисија по завршување на претресот, а најдоцна во рок од пет дена подготвуваат дополнет предлог на закон (текст на предлогот на законот во кој се вградуваат усвоените амандмани) и образложение.

Второто читање на седница на Собранието се води само по оние членови од предлогот на законот што се изменети со амандмани на работните тела на и само на тие членови може да се поднесуваат амандмани. Амандмани можат да поднесуваат пратениците и предлагачот најдоцна во рок од три дена пред денот определен за одржување на седницата на Собранието. На седница на Собранието образложение на амандманот може да даде само подносителот на амандманот, односно еден од подносителите во времетраење од 3 минути.

Ако на седницата на Собранието се усвојат повеќе од 1/3 амандмани од членовите на дополнетиот предлог на закон, по завршување на второто читање се подготвува и правно-технички се уредува текстот на законот за трето читање. Ако пак се усвојат помалку од 1/3 од членовите на изменетиот предлог на закон, Собранието може да одлучи третото читање на предлогот на законот да се одржи на истата седница. Претседавачот на Собранието тогаш одлучува дали третото читање ќе се одржи веднаш по усвојувањето на одлуката. Но, ако на седницата на Собранието во текот на второто читање не се усвои ниту еден амандман се преминува на гласање по предлогот на законот во целина.

**Трето читање**

Третото читање на предлогот на законот по правило се одржува по завршување на второто читање на првата наредна седница на Собранието. Во оваа фаза работните тела на Собранието не расправаат.

Во текот на третото читање Собранието расправа и одлучува само по членовите на дополнетиот предлог на закон за кои се поднесени амандмани и одлучува за предлогот на законот во целина.

Амандмани може да поднесе предлагачот и пратеник најдоцна во рок од два работни дена пред денот определен за одржување на седницата на Собранието и тоа само на оние членови на кои биле усвоени амандмани во текот на второто читање на седницата на Собранието.

**Б) СКРАТЕНА ПОСТАПКА**

Предлагачот на предлогот на законот може да поднесе и на Собранието да му предложи, Собранието да расправа по предлогот на законот по скратена постапка во случај кога не е во прашање сложен и обемен закон кога со предлогот на законот се предлага престанок на важноста на некој закон или одделни одредби од некој закон и кога не се во прашање сложени или обемни усогласувања на законот со правото на Европската Унија.

Собранието одлучува дали предлогот на законот треба да се рагледа по скратена постапка и ако одлучи да расправа, претседателот на Собранието веднаш го задолжува матичното работно тело и Законодавно-правната комисија да расправаат по предлогот на законот.

Кога предлогот на законот се разгледува по скратена постапка не се одржува општ претрес. Второто и третото читање се одржуваат на иста седница. Во тој случај второто читање започнува со разгледување на предлогот на законот најпрво во матичното работно тело и Законодавно-правната комисија, па потоа на седница на Собранието. Амандмани до комисиите и до седницата на Собранието се поднесуваат до почетокот на седницата за второ читање на предлогот на законот. Додека амандмани на предлогот на законот за трето читање можат да се поднесуваат до почетокот на третото читање на предлогот на законот на седница на Собранието.

**В) ИТНА ПОСТАПКА**

По исклучок предлогот на законот може да се донесе и по итна постапка кога тоа е неопходно заради спречување и отстранување на поголеми нарушувања во стопанството или кога тоа го бараат интересите на безбедноста и одбраната на Републиката или во случаи на поголеми природни непогоди, епидемии или други вонредни и неодложни потреби.

Предлогот на законот да се донесе по итна постапка, предлагачот е должен да го образложи. За оправданоста на предлогот, законот да се донесе по итна постапка одлучува Собранието без претрес. Ако Собранието одлучи да расправа по предлогот, законот да се донесе по итна постапка, се задолжуваат матичното работно тело и Законодавно-правната комисија да расправаат по предлогот на законот.

Кога предлогот на законот се разгледува по итна постапка не се одржува општ претрес. Второто и третото читање се одржуваат на иста седница. Во тој случај второто читање започнува со разгледување на предлогот на законот најпрво во матичното работно тело и Законодавно-правната комисија, па потоа на седница на Собранието. Амандмани до комисиите и до седницата на Собранието се поднесуваат до завршување на претресот по предлогот на законот на седниците на комисиите и на седницата на Собранието.

**Г) ПОСТАПКА ЗА РАТИФИКАЦИЈА НА МЕЃУНАРОДНИ ДОГОВОРИ**

Предлог на закон за ратификација на меѓународни договори поднесува Владата со поднесување на предлог на закон за ратификација.

Предлогот на законот за ратификација го содржи текстот на меѓународниот договор чија ратификација се предлага. На текстот на меѓународниот договор не се вршат изменувања и дополнувања.

Одредбите од Деловникот на Собранието што се однесуваат на постапката за претресување на предлогот на законот по итна постапка соодветно се применуваат и во постапката за претресување на предлогот на законот за ратификација на меѓународниот договор.

Законите за ратификација на меѓународните договори и изворниот текст на меѓународните договори се објавуваат во посебен дел на Службен весник на Република Северна Македонија - меѓународни договори.

**Д) ПРИМЕНА НА ЧЛЕНОТ 157 ОД ДЕЛОВНИКОТ НА СОБРАНИЕТО**

Ако по предлогот на законот не е одржан општ претрес, претставниците на пратеничките групи на седница на Собранието имаат право да го изнесат мислењето на својата пратеничка група во врска со предлогот на законот во траење од 10 минути.

**Ѓ) ПОТПИШУВАЊЕ И ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКОНИТЕ**

Претседателот на Собранието, веднаш по донесувањето, законот го доставува до претседателот на Републиката заради потпишување на указот за прогласување на законот. Ако претседателот на Републиката одлучи да не го потпише указот за прогласување на законот, Собранието повторно го разгледува законот во фаза на трето читање, во рок од 30 дена од денот на донесувањето на законот. При повторното разгледување на законот, амандмани можат да се поднесуваат само во врска со укажувањата на претседателот на Републиката.

Законите пред да влезат во сила се објавуваат во Службен весник на Република Северна Македонија.

## РАЗГЛЕДУВАНИ ЗАКОНИ ПО СЕДНИЦА



**ВКУПЕН БРОЈ НА РАЗГЛЕДУВАНИ ТОЧКИ ПО ЗАКОНИ**
**376**




**ДОНЕСЕНИ ЗАКОНИ 213**



## 3.3.1. Донесени закони

По постапка




По предлагачи



ЛЕГЕНДА:

Закони донесени со двојно мнозинство (Бадентеров принцип)

| Реден број | АКТ | ПРЕДЛАГАЧ | ПОСТАПКА | СЕДНИЦА |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Закон за попис на населението, домаќинствата и становите во Република Северна Македонија, 2021 година | Влада | скратена | 29<br>21.01.2021 |
| 2. | Закон за изменување и дополнување на Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води | Влада | скратена | 29<br>25.01.2021 |
| 3. | Закон за Агенцијата за разузнавање | Влада | скратена | 29<br>25.01.2021 |
| 4. | Закон за изменување и дополнување на Законот за објавување на законите и другите прописи и акти во „Службен весник на Република Македонија” | Влада | скратена | 29<br>25.01.2021 |
| 5. | Закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство | Влада | редовна | 32<br>27.01.2021 |
| 6. | Закон за рамномерен регионален развој | Влада | редовна | 32<br>27.01.2021 |
| 7. | Закон за изменување и дополнување на Законот за лековите и медицинските средства | Н. Коциќ<br>К.Реџепи<br>А.Адеми<br>Б.Р.Наумовска<br>Б. Зеќири<br>Е. Рамбабова | скратена | 30<br>01.02.2021 |
| 8. | Закон за дополнување на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа | Влада | скратена | 21<br>03.03.2021 |
| 9. | Закон за изменување и дополнување на Законот за семејството | Влада | скратена | 29<br>03.03.2021 |
| 10. | Закон за изменување на Законот за еднакви можности на жените и мажите | Влада | скратена | 30<br>03.03.2021 |
| 11. | Закон за изменување и дополнување на Законот за посебните права на припадниците на безбедносните сили на Република Македонија и на членовите на нивните семејства | Влада | редовна | 32<br>03.03.2021 |
| 12. | Закон за изменување и дополнување на Законот за тутун, производи од тутун и сродни производи | М. Талевски<br>К.Реџепи<br>Б. Фазли<br>Б. Кадрија<br>К.Чаракчиев<br>Ф. Зендели | скратена | 34<br>09.03.2021 |
| 13. | Закон за изменување и дополнување на Законот за попис на населението, домаќинствата и становите во Република Северна Македонија, 2021 година | Влада | скратена | 38<br>02.04.2021 |
| 14. | Закон за изменување и дополнување на Изборниот законик | Ј. Митрески<br>А.Адеми<br>Н. Мицевски<br>С. Реџепи<br>К. Реџепи | скратена | 38<br>02.04.2021 |
| 15. | Закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка по Договорот за заем за финансирање на Проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор | Влада | скратена | 20<br>02.04.2021 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 16. | Закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската банка за обнова и развој по Договорот за заем за финансирање на проектот „Воведување на брз автобуски превоз во Град Скопје | Влада | скратена | 25<br>02.04.2021 |
| 17. | Закон за изменување и дополнување на Законот за Македонската банка за поддршка на развојот | Влада | скратена | 25<br>02.04.2021 |
| 18. | Закон за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | Влада | скратена | 26<br>02.04.2021 |
| 19. | Закон за дополнување на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа | П.Минов<br>Д. Маркоска<br>Л.Ристова<br>М.Георгиевска<br>К.Реџепи<br>А.Адеми<br>Б. Фазли<br>М.Јовановиќ | скратена | 26<br>02.04.2021 |
| 20. | Закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка по Договорот за заем за финансирање на Проектот за унапредување на основното образование | Влада | скратена | 29<br>02.04.2021 |
| 21. | Закон за дополнување на Законот за трговија | Влада | скратена | 30<br>02.04.2021 |
| 22. | Закон за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита | Влада | скратена | 30<br>02.04.2021 |
| 23. | Закон за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување | Влада | скратена | 30<br>02.04.2021 |
| 24. | Закон за изменување и дополнување на Законот за акцизите | Влада | скратена | 30<br>02.04.2021 |
| 25. | Закон за изменување на Законот за вршење на услуги брз трансфер на пари | Влада | редовна | 34<br>02.04.2021 |
| 26. | Закон за изменување на Законот за задолжница | Влада | редовна | 34<br>02.04.2021 |
| 27. | Закон за меѓународна соработка во кривичната материја | Влада | редовна | 34<br>02.04.2021 |
| 28. | Закон за дополнување на Законот за јавните набавки | Влада | скратена | 32<br>18.04.2021 |
| 29. | Закон за финансиска поддршка на физички лица кои вршат самостојна дејност погодени од здравствено-економската криза предизвикана од вирусот COVID-19, за месеците февруари и март 2021 година | Влада | скратена | 36<br>18.04.2021 |
| 30. | Закон за финансиска поддршка на работодавачите погодени од здраствено-економската криза предизвикана од вирусот COVID-19, заради исплата на платите за месеците февруари и март 2021 година | Влада | скратена | 36<br>18.04.2021 |
| 31. | Закон за изменување на Законот за данокот на личен доход | Влада | скратена | 36<br>18.04.2021 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **32.** | Закон за дополнување на Законот за финансиска поддршка на граѓани со низок доход, корисници на пензија, корисници на право на социјална сигурност на стари лица, млади лица, самохрани родители, деца без родители и родителска грижа, уметници и други лица кои вршат дејност во културата, филмски работници и естрадни уметници | Влада | редовна | 39<br>21.04.2021 |
| **33.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за електронските комуникации | Влада | редовна | 39<br>21.04.2021 |
| **34.** | Закон за изменување на Законот за употреба на знаковниот јазик | Влада | скратена | 30<br>05.05.2021 |
| **35.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување | Влада | скратена | 30<br>05.05.2021 |
| **36.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување | Влада | скратена | 30<br>05.05.2021 |
| **37.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за заштита од вознемирување на работно место | Влада | скратена | 30<br>05.05.2021 |
| **38.** | Закон за изменување на Законот за практиканство | Влада | скратена | 30<br>05.05.2021 |
| **39.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за волонтерството | Влада | скратена | 30<br>05.05.2021 |
| **40.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за исплата на пензии и пензиски надоместоци од капитално финансирано пензиско осигурување | Влада | скратена | 30<br>05.05.2021 |
| **41.** | Закон за изменување на Законот за вработување на инвалидни лица | Влада | скратена | 30<br>05.05.2021 |
| **42.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност | Влада | скратена | 30<br>05.05.2021 |
| **43.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за аудиовизуелните добра | Влада | скратена | 30<br>05.05.2021 |
| **44.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за музеите | Влада | скратена | 30<br>05.05.2021 |
| **45.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за меморијалните споменици и спомен обележја | Влада | скратена | 30<br>05.05.2021 |
| **46.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за издавачката дејност | Влада | скратена | 30<br>05.05.2021 |
| **47.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за финансиска поддршка за намалување на последиците предизвикани од Корона вирусот COVID -19 врз производството, откупот на грозје и винската индустрија | Влада | скратена | 39<br>05.05.2021 |
| **48.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за управна инспекција | Влада | скратена | 39<br>05.05.2021 |
| **49.** | Закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка по договорот за заем за финансирање на Проектот за модернизација на земјоделството | Влада | скратена | 18<br>11.05.2021 |
| **50.** | Закон за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти | Влада | скратена | 26<br>11.05.2021 |
| **51.** | Закон за изменување на Законот за вршење на земјоделска дејност | Влада | редовна | 41<br>18.05.2021 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **52.** | Закон за изменување на Законот за пасиштата | Влада | редовна | 41<br>18.05.2021 |
| **53.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за Народната банка на Република Македонија | Влада | редовна | 41<br>18.05.2021 |
| **54.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за вршење на работи на застапување во царинските постапки | Влада | редовна | 41<br>18.05.2021 |
| **55.** | Закон за изменување на Царинскиот закон | Влада | редовна | 41<br>18.05.2021 |
| **56.** | Закон за изменување на Законот за царински мерки за спроведување на заштита на правата од интелектуална сопственост | Влада | редовна | 41<br>18.05.2021 |
| **57.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за девизното работење | Влада | редовна | 41<br>18.05.2021 |
| **58.** | Закон за изменување и дополнување на Законот внатрешни работи | Ј. Митрески<br>А.Адеми<br>К. Реџепи<br>И.Николовски<br>Љ.Балкоски | редовна | 41<br>18.05.2021 |
| **59.** | Закон за изменување на Законот за енергетска ефикасност | Влада | скратена | 39<br>18.05.2021 |
| **60.** | Закон за дополнување на Законот за земјоделство и рурален развој | П.Минов<br>Л.Ристова<br>Д.Ѓавочанова<br>М.Костадинова<br>Д. Колева<br>Б.Бајрами<br>Б.Ајдари | скратена | 39<br>18.05.2021 |
| **61.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за библиотеките | Влада | скратена | 29<br>01.06.2021 |
| **62.** | Закон за дополнување на Законот за здравствената заштита | Влада | скратена | 39<br>01.06.2021 |
| **63.** | Закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка по Договорот за заем за дополнително финансирање на Проектот за поврзување на локални патишта | Влада | скратена | 39<br>01.06.2021 |
| **64.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за комплементарна и алтернативна медицина | Влада | редовна | 41<br>01.06.2021 |
| **65.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за лековите и медицинските средства | Влада | редовна | 41<br>01.06.2021 |
| **66.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за внатрешната пловидба | Влада | редовна | 41<br>01.06.2021 |
| **67.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за јавна чистота | Влада | редовна | 41<br>01.06.2021 |
| **68.** | Закон за изменување на законот за заштита на правата на пациентите | Влада | редовна | 41<br>01.06.2021 |
| **69.** | Закон за изменување на законот за прекурзори | Влада | редовна | 41<br>01.06.2021 |
| **70.** | Закон за изменување на Законот за семенски и саден материјал за земјоделски растенија | Влада | редовна | 41<br>01.06.2021 |
| **71.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за консолидација на земјоделско земјиште | Влада | редовна | 41<br>01.06.2021 |
| **72.** | Закон за изменување на Законот за селекционерски права | Влада | редовна | 41<br>01.06.2021 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **73.** | Закон за изменување на Законот за сточарството | Влада | редовна | 41<br>01.06.2021 |
| **74.** | Закон за лобирање | Влада | редовна | 41<br>01.06.2021 |
| **75.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата | Влада | редовна | 41<br>01.06.2021 |
| **76.** | Закон за изменување на Законот за финансиската инспекција во јавниот сектор | Влада | редовна | 41<br>01.06.2021 |
| **77.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за финансиска дисциплина | Влада | редовна | 41<br>01.06.2021 |
| **78.** | Закон за изменување на Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост | Влада | редовна | 41<br>01.06.2021 |
| **79.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за Царинската управа | Влада | редовна | 41<br>01.06.2021 |
| **80.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на потрошувачите при договори за потрошувачки кредити | Влада | редовна | 41<br>01.06.2021 |
| **81.** | Закон за изменување на Законот за кредитно биро | Влада | редовна | 41<br>01.06.2021 |
| **82.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници | Влада | редовна | 41<br>01.06.2021 |
| **83.** | Закон за изменување на Законот за експропријација | Влада | редовна | 41<br>01.06.2021 |
| **84.** | Закон за изменување на Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост | Влада | редовна | 41<br>01.06.2021 |
| **85.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за банките | Влада | редовна | 41<br>01.06.2021 |
| **86.** | Закон за изменување на Законот за сметководството за непрофитните организации | Влада | редовна | 41<br>01.06.2021 |
| **87.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за државната ревизија | Влада | редовна | 41<br>01.06.2021 |
| **88.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за ревизија | Влада | редовна | 41<br>01.06.2021 |
| **89.** | Закон за изменување на Законот за чек | Влада | редовна | 41<br>01.06.2021 |
| **90.** | Закон за изменување на Законот за давање на финансиски услуги на далечина | Влада | редовна | 41<br>01.06.2021 |
| **91.** | Закон за изменување на Законот за пријавување и евиденција на обврски | Влада | редовна | 41<br>01.06.2021 |
| **92.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица | Влада | редовна | 41<br>01.06.2021 |
| **93.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа | Влада | редовна | 45<br>30.06.2021 |
| **94.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за инвестициски фондови | Влада | редовна | 45<br>30.06.2021 |
| **95.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за задолжителни нафтени резерви | Влада | редовна | 45<br>30.06.2021 |
| **96.** | Закон за изменување на Законот за поштенските услуги | Влада | редовна | 45<br>30.06.2021 |
| **97.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за генетски модифицирани организми | Влада | редовна | 45<br>30.06.2021 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **98.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за контрола на емисии од испарливи органски соединенија при користење на бензини | Влада | редовна | 45<br>30.06.2021 |
| **99.** | Закон за изменување на Законот за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари | Влада | редовна | 45<br>30.06.2021 |
| **100.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за градежните производи | Влада | редовна | 45<br>30.06.2021 |
| **101.** | Закон за изменување на Законот за ловството | Влада | редовна | 45<br>30.06.2021 |
| **102.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за рибарство и аквакултура | Влада | редовна | 45<br>30.06.2021 |
| **103.** | Закон за изменување на Законот за квалитет и безбедност на ѓубриња, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата | Влада | редовна | 45<br>30.06.2021 |
| **104.** | Закон за изменување на Законот за органско земјоделско производство | Влада | редовна | 45<br>30.06.2021 |
| **106.** | Закон за изменување на Законот за квалитетот на земјоделските производи | Влада | редовна | 45<br>30.06.2021 |
| **107.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за берзи на земјоделско-прехранбени производи | Влада | редовна | 45<br>30.06.2021 |
| **108.** | Закон за изменување на Законот за здравјето на растенијата | Влада | редовна | 45<br>30.06.2021 |
| **109.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за идентификација и регистрација на животните | Влада | редовна | 45<br>30.06.2021 |
| **110.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за репродуктивен материјал од шумски видови дрвја | Влада | редовна | 45<br>30.06.2021 |
| **111.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за даноците на имот | Влада | редовна | 43<br>30.06.2021 |
| **112.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за работните односи | СДСМ и и Коалиција | редовна | 43<br>30.06.2021 |
| **113.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за квалитетот на амбиентниот воздух | Влада | редовна | 43<br>30.06.2021 |
| **114.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на природата | Влада | редовна | 43<br>30.06.2021 |
| **115.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за водите | Влада | редовна | 43<br>30.06.2021 |
| **116.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за планински патеки | Влада | редовна | 43<br>30.06.2021 |
| **117.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за заштита од бучава во животната средина | Влада | редовна | 43<br>30.06.2021 |
| **118.** | Закон за прогласување на дел од Шар Планина за национален парк | Влада | редовна | 43<br>30.06.2021 |
| **119.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за комуналните такси | Влада | редовна | 43<br>30.06.2021 |
| | 2 читање | - |
| | скратена и итна | - |
| ратификации | | - |
| декларации, резолуции | | - |
| информации, извештаи, програми, планови | | 2 |
| уставни измени | | - |
| иницијативи, стратегии | | 1 |
| други акти | | - |
| **јавни расправи** | | **-** |
| **надзорни расправи** | | - |

# Комисија за надзор над работата на Агенцијата за национална безбедност и Агенцијата за разузнавање

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-почитување на правата и слободите, утврдени со Уставот и законите од страна на Агенцијата за национална безбедност и Агенцијата за разузнавање на граѓаните и други правни лица,
-законитоста во спроведување на овластувањата на Агенцијата за национална безбедност и Агенцијата за разузнавање од аспект на пречекорување на овластувањата, преземање неовластени постапки, злоупотреба и други негативности во работењето, спротивно на нивните права утврдени со закон,
-методите и средствата што ги користат на Агенцијата за национална безбедност и Агенцијата за разузнавање од аспект на законитоста и почитувањето на правата на граѓанинот и други субјекти,
-материјалната, кадровската и техничката опременост на на Агенцијата за национална безбедност и Агенцијата за разузнавање,
-воспоставување меѓународна соработка за прашања кои се однесуваат на ваквиот надзор и
-други прашања што се однесуваат на на Агенцијата за национална безбедност и Агенцијата за разузнавање.

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **ЉУПЧО ПРЕНЦОВ,** претседател | |
| | **ДАРКО КОСТОВСКИ,** заменик на претседателот | |
| | **ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Славјанка Петровска | |
| 2. | Павле Трајанов | |
| 3. | Мирослав Јовановиќ | |
| 4. | Бастри Бајрами | |
| 5. | Тимчо Муцунски | |
| 6. | Александар Николоски | |
| 7. | Вјолца Адеми | |
| 8. | Елми Азири | |
| | **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Јован Митрески | |
| 2. | Боби Мојсоски | |
| 3. | Марија Костадинова | |
| 4. | Соња Михаиловска | |
| 5. | Зоранчо Јованчев | |
| 6. | Петар Ристески | |
| 7. | Бајрам Кадрија | |
| 8. | Илире Даути | |

*Во извештајниот период Комисијата за надзор над работата на Агенцијата за национална безбедност и Агенцијата за разузнавање одржа* ***три*** *седници на коу беа разгледани* ***десет*** *точки.*

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 3 |
| Вкупно разгледани точки | | 10 |
| Измени на Уставот | | - |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | - |
| Поднесени амандмани | | - |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| Информации, извештаи | | 4 |
| Други акти (одлуки, декларации, програми) | | 6 |
| Прашања, предлози | | - |

# Комисија за надзор над спроведувањето на мерките за следење на комуникациите

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-вршење на надзор над спроведувањето на мерките за следење на комуникациите,
-утврдување на законитост во спроведувањето на мерките за следење на комуникациите од страна на овластените органи (ОТА),
-утврдување на ефективноста на спроведувањето на посебните истражни мерки,
-изготвување извештај за извршениот надзор,
-воспоставување меѓународна соработка за прашања кои се однесуваат на ваквиот надзор и
-други прашања што се однесуваат на овластените органи (ОТА) за спроведување на мерките за следење на комуникациите.

Комисијата за надзор над спроведувањето на мерките за следење на комуникациите од страна на Министерството за внатрешни работи и од Министерството за одбрана согласно со надлежностите утврдени со Одлуката за дополнување на Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Северна Македонија разгледува предлози и акти од областа на политичкиот систем.

*Комисијата во овој извештаен период одржа* ***осум седници*** *на кои разгледа* ***дваесет и четири точки.***

| ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **ИГОР ЈАНУШЕВ,** претседател | |
| | **ПЕТАР РИСТЕСКИ,** заменик на претседателот | |
| **ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Славјанка Петровска | |
| 2. | Бране Петрушевски | |
| 3. | Артина Ќазими | |
| 4. | Сафије Садики Шаини | |
| **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Горан Мисовски | |
| 2. | Синиша Стојановски | |
| 3. | Бедри Фазли | |
| 4. | Елми Азири | |

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 8 |
| Вкупно разгледани точки | | 24 |
| Измени на Уставот | | - |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | - |
| Поднесени амандмани | | - |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| одлуки | | 1 |
| информации, извештаи, програми, планови | | 12 |
| Други акти | | 11 |
| Прашања, предлози | | - |

# Комисија за финансирање и буџет

**НАДЛЕЖНОСТИ:**
-системот на финансирање,
-Буџетот на Републиката,
-даноците, таксите, придонесите и други јавни давачки на граѓаните и правните лица,
-царинскиот систем,
-монетарно-кредитниот, банкарскиот и девизниот систем,
-платниот промет и ревизијата,
-заемите и кредитите,
-јавните набавки,
-системот на осигурување,
-сопственоста и други имотно-правни односи,
-стоковните резерви,
-игрите на среќа,
-воспоставување меѓународна соработка за прашања кои се однесуваат на финансиите и буџетот и
-други прашања што се однесуваат на финансирањето.

*Комисијата за финансирање и буџет во периодот од 1 јануари 2021 година до 31 декември 2021 година има одржано 23 седници со вкупно 138 точки на дневен ред и 5 продолженија на седници од 2020 година со вкупно 5 точки. На седниците се разгледани вкупно 126 точки и тоа: 47 предлози на закони во прво читање, 34 предлози на закони во второ читање, 22 предлози на закони по скратена постапка, предлог на Одлука за прераспределба на средства помеѓу буџетските корисници на централната власт и помеѓу фондовите, предлог за изменување и дополнување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година, завршната сметка на Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година и завршната сметка на Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година, Предлог на среднорочна програма за формирање, чување, обновување и користење на стоковните резерви за период 2021-2025 година и Предлог на програма за изменување на Среднорочна програма за формирање, чување, обновување и користење на стоковните резерви за период 2021-2025 година, 3 финансиски планови, 9 извештаи, 2 стратешки плана, 2 програми за работа и Предлог на Буџет на Република Северна Македонија за 2022 година. На продолженијата на седниците од 2020 година Комисијата разгледа 5 точки и тоа два предлог на закони по скратена постапка и три извештаи.*

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **ТИМЧО МУЦУНСКИ,** претседател | |
| | **МАРИЈА ПЕТРУШЕВСКА,** заменик на претседателот | |
| | **ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Костадин Костадинов | |
| 2. | Лазе Таневски | |
| 3. | Марија Георгиевска | |
| 4. | Панчо Минов | |
| 5. | Диме Велковски | |
| 6. | Биљал Касами | |
| 7. | Иван Јорданов | |
| 8. | Зоранчо Јованчев | |
| 9. | Бојан Стојаноски | |
| 10. | Жаклина Пешевска | |
| 11. | Дафина Стојаноска | |
| 12. | Арта Билали Зендели | |
| 13. | Арбер Адеми | |
| 14. | Елми Азири | |
| | **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Коле Чаракчиев | |
| 2. | Даниела Маркоска | |
| 3. | Кастриот Реџепи | |
| 4. | Лолита Ристова | |
| 5. | Драгица Ѓавочанова | |
| 6. | Јован Митревски | |
| 7. | Бране Петрушевски | |
| 8. | Игор Здравковски | |
| 9. | Рашела Мизрахи | |
| 10. | Велика Стојкова-Серафимовска | |
| 11. | Бети Стаменкоска -Стојкоска | |
| 12. | Исмаил Јахоски | |
| 13. | Бајрам Кадрија | |
| 14. | Илире Даути | |

Во извештајниот период Комисијата на една од своите седници ја разгледа Завршната сметка на Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година. Согласно законската обврска утврдена во член 52 од Законот за буџетите, Завршната сметка на Буџетот на Република Северна Македонија по нејзиното утврдување од страна на Владата на Република Северна Македонија се доставува до Собранието на Република Северна Македонија за разгледување и донесување. Извештајот на овластениот државен ревизор за извршената ревизија на буџетот, заедно со коментарите на Министерството за финансии се составен дел на Завршната сметка. Воедно, кон Завршната сметка на Буџетот на Република Северна Македонија се приложени и завршните сметки на буџетите на Единиците на локалната самоуправа. Завршната сметка, односно Годишниот извештај за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија ја рефлектира фискална политика реализирана во 2019 година и користењето на буџетските средства од страна на корисниците.

Комисијата ја разгледа и Завршната сметка на Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година.

Во извештајниот период Комисијата го разгледа и Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година. На Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година беа поднесени вкупно 222 амандмани. Комисијата за финансирање и буџет во рокот утврден со Деловникот на Собранието на Република Македонија водеше претрес по сите поднесени амандмани од овластени предлагачи. Комисијата за финансирање и буџет усвои 8 амандмани на Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година.

Согласно член 33 став 7 од Законот за буџетите за прераспределби помеѓу буџетските корисници на централната власт и помеѓу фондовите одлучува Собранието на Република Северна Македонија. Комисијата за финансирање и буџет согласно своите надлежности ја разгледа Предлог-Одлуката за прераспределба на средства помеѓу буџетските корисници на централната власт и помеѓу фондовите. Целта на предложената Одлука беше обезбедување на средства за справување со енергетската криза, финансиска поддршка на јавните претпријатија и акционерските друштва во државна сопственост погодени од кризата (ЈП Македонски шуми, АД Водостопанство, АД Еурокомпозит, АД Македонски шуми, АД Македонска пошта), набавка на COVID вакцини, подмирување на обврски за заштита на населението од HIV, набавка на метадон и бупренорфин за лица со болести на зависности, обврски кон ЈЗУ задолжени за лекување на лица со болести на зависности, побарувања по основ на партиципација за осигурени лица, набавка на лекови за ретки болести, обврски кон ФЗОМ за целосно здравствено осигурување, плаќање на обврски согласно Програмата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој и Програмата за рибарство и аквакултура, плаќање на времени ситуации за Брана Конско, Брана Речани и ХС Равен Речица, ХС Злетовица, средства за затворање на проектот Јужновардарска долина, експропријација за Брана Речани и ХС Равен Речица, компензирање на трошоците при давање на услугата од јавен

инетерес во железничкиот превоз на патници, реализација на проектот Ф/П за домување на социјално ранливи групи, обезбедување на средства за подмирување на платено политичко рекламирање за Локалните избори 2021 година, дообезбедување на средства за стипендии и студентски домови, дообезбедување на средства за финансиска поддршка на инвестиции (домашни компании), дообезбедување на средства за уредување на ТИР зоните и исплата на државна помош, дообезбедување на средства за набавка на стоковните резерви, како и дообезбедување на средства за подмирување на тековните приоритетни обврски на одредени буџетски корисници.

Имајќи ја во предвид својата надлежност Комисијата посебно внимание посвети на Предлогот на Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година. При неговото разгледување беа искажани многубројни мислења, ставови, забелешки и предлози по однос на вкупниот обем на Буџетот, изворите на приходите, распределбата на средствата, односно структурата на расходите. На седницата свое излагање имаше и овластениот претставник од Државната комисија за спречување на корупција, Катица Николовска. На Предлогот на Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година беа поднесени вкупно 223 амандмани. Во рокот утврден со Деловникот на Собранието на Република Македонија, Комисијата за финансирање и буџет водеше претрес по сите поднесени амандмани. Комисијата за финансирање и буџет усвои 23 амандмани на Предлогот на Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година.

Комисијата го разгледа и Предлогот на закон за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година.

Согласно Законот за државната ревизија, Собранието го разгледува Годишниот извештај за работата на Државниот завод за ревизија. Имајќи ја во предвид оваа законска одредба, Комисијата го разгледа Годишниот извештај за извршените ревизии и за работењето на Државниот завод за ревизија во 2019 година. Во текот на 2019 година Државниот завод за ревизија има извршено 54 ревизии од кои 38 ревизии на регуларност, 5 ревизии на усогласеност, 6 ревизии на успешност, 2 follow up ревизии и 3 извештаи на специфични елементи, сметки или ставки во финансиските извештаи. Од извршените ревизии издадени се 90 ревизорски извештаи, од кои 74 извештаи за ревизија на регуларнопст, 5 извештаи за извршена ревизија на усогласеност, 6 извештаи од извршена ревизија на успешност, 2 извештаи од follow up ревизии и 3 извештаи за извршени ревизии на специфични елементи, сметки или ставки во финансиските извештаи. Комисијата усвои Заклучоци со кои меѓудругото му предложи на Собранието да констатира дека Државниот завод за ревизија во 2019 година своите активности ги насочил кон реализација на Програмата за работа и притоа изготвил извештаи кои содржат информации и препораки за подобрување на финансиското управување и одговорно трошење на јавните средства од страна на субјектите на ревизија. Исто така, Собранието ја поддржува целосната реализација на Твининг проектот „Подобрување на надворешната ревизија и

парламентарниот надзорг особено реализацијата на Компонентата 3 која се однесува на зајакнување на соработката помеѓу Државниот завод за ревизија и Собранието на Република Северна Македонија за разгледување на ревизорските извештаи.

Комисијата го разгледа и Годишниот извештај за извршените ревизии и за работењето на Државниот завод за ревизија во 2020 година. Со извршените ревизии од Годишната програма за работа на ДЗР за 2020 година, Државниот завод за ревизија даде 604 препораки. До денот на подготовката на Годишниот извештај за 2020 година, за 410 дадени препораки не е изминат законскиот рок за известување за преземените мерки. Од вкупно 194 препораки за кои рокот за добивање повратни информации за спроведување е изминат, 59 се целосно спроведени, за 83 препораки спроведувањето е во тек, 22 препораки не се спроведени, додека 6 препораки се не применливи, а за 24 препораки не е утврден статусот, односно од субјектот не е добиена повратна информација за постапувањето по препораките. Комисијата усвои Заклучоци со кои меѓудругото му предложи на Собранието да констатира дека Државниот завод за ревизија во 2020 година своите активности ги насочил кон реализација на Програмата за работа и притоа изготвил извештаи кои содржат информации и препораки за подобрување на финансиското управување и одговорно трошење на јавните средства од страна на субјектите на ревизија.

На една од своите седници Комисијата го разгледа и Годишниот извештај за работата на Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија во 2020 година и му предложи на Собранието истиот да го усвои.

Комисијата го разгледа Финансискиот план на Агенцијата за супервизија на осигурување на Република Северна Македонија за 2021 година и му предложи на Собранието истиот да го усвои.

На една од своите седници Комисијата ги разгледа и Годишниот извештај за работењето на Агенцијата за супервизија на осигурување во 2019 година, Финансиските извештаи на Агенцијата за супервизија на осигурување за 2019 година и Годишниот извештај на Агенцијата за супервизија на осигурувањето за состојбата и движењата на осигурителниот пазар во Република Северна Македонија во 2019 година.

На една од своите седници Комисијата ги разгледа и Годишниот извештај за работењето на Агенцијата за супервизија на осигурување во 2020 година, Финансиските извештаи на Агенцијата за супервизија на осигурување за 2020 година и Годишниот извештај на Агенцијата за супервизија на осигурувањето за состојбата и движењата на осигурителниот пазар во Република Северна Македонија во 2020 година.

На една од своите седници, Комисијата го разгледа Годишниот извештај за работата на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2019 година; Програмата за работа на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2020 година; Стратешкиот план на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2020 година и

Финансискиот план на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2020 година. Комисијата му предложи на Собранието да донесе Одлука за давање согласност на Програмата за работа на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2020 година, да донесе Одлука за давање согласност на Стратешкиот план на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2020 година и да донесе Одлука за давање согласност на Финансискиот план на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2020 година.

На една од своите седници, Комисијата го разгледа Годишниот извештај за работата на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2020 година; Програмата за работа на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2021 година; Стратешкиот план на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2021 година и Финансискиот план на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2021 година. Комисијата му предложи на Собранието да донесе Одлука за давање согласност на Програмата за работа на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2021 година, да донесе Одлука за давање согласност на Стратешкиот план на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2021 година и да донесе Одлука за давање согласност на Финансискиот план на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2021 година.

Во извештајниот период Комисијата на една од своите седници ја разгледа Предлог среднорочната програма за формирање, чување, обновување и користење на стоковните резерви за период 2021-2025 година. Согласно член 4 од Законот за стоковни резерви, Собранието на Република Северна Македонија, на предлог на Владата на Република Северна Македонија, ја донесува среднорочната програма за формирање, чување, обновување и користење на стоковните резерви. Со среднорочната програма за формирање, чување, обновување и користење на стоковните резерви за период 2021 -2025 година, се планира зголемување/намалување на постојните стоки во стоковните резерви кои се опфатени со Законот за стоковни резерви, до ниво кое ќе обезбеди покриеност на потрошувачката и тоа за пченица за мин. 120 дена, јачмен за сточна храна за мин. 60 дена, готварска сол за мин. 45 дена, масло за јадење за мин. 60 дена, моторен бензин Еуросупер БС 95, Еуродизел БС, Екстра лесно ЕЛ-1 и мазут М-1 НС за мин. 5 дена. Со пополнување на стоковните резерви на нафтени деривати до потребното ниво, се очекува да се постигне до 2025 година, во зависност од расположливите средства во буџетот на Агенцијата за стоковни резерви. Со оваа програма се овозможува дел од стоковните резерви на сурово сончогледово масло и меркантилна пченица, заради можноста за брза интервенција од стоковните резерви, да се чуваат во вид на рафинирано масло за јадење, односно брашно Т-500. При пресметка на деновите на покриеност на потрошувачката, во предвид се земени податоците на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за потребни количини на одделни земјоделско-прехрамбени производи во Република Северна Македонија и податоците за реализираната потрошувачка на нафтени деривати во Република Северна Македонија добиени од

Државниот завод за статистика или Енергетскиот биланс на Република Северна Македонија.

Во извештајниот период Комисијата на една од своите седници го разгледа Предлогот на закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка по Договорот за заем за финансирање на Проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор. Проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор во износ од 25 милиони евра е дел од четиригодишната Стратегија на Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка за партнерство со земјата за периодот 2019-2023 година. Основни цели на Проектот се: намалување на потрошувачката на енергија во јавниот сектор и поддршка за воспоставување и операционализација на одржлив механизам за финансирање на енергетска ефикасност во јавниот сектор.

Комисијата го разгледа и Предлогот на закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка по договорот за заем за финансирање на Проектот за модернизација на земјоделството. Проектот за модернизација на земјоделството е дел од новата од четиригодишната Стратегија на Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка за партнерство со земјата за периодот 2019-2023 година. Основната цел на Проектот е да се подобри конкурентноста во насочени земјоделски под-сектори и да се зајакнат институционалните капацитети на земјоделскиот сектор за пристап до Европските фондови. Проектот се состои од следните компоненти: промовирање на конкурентноста во земјоделскиот сектор која ќе се имплементира преку две поткомпоненти -пристап до обука и советодавни услуги и системи за дистрибуција на земјоделски производи и храна; компонента 2: Зајакнување на институционалните капацитети за пристапување во ЕУ која се состои од три поткомпоненти- креирање на политики врз основа на докази, зајакнување на капацитетот за имплементација на ИПАРД и развој на систем за безбедно отстранување на нуспроизводи од животинско потекло и компонента 3: Управување со проектот. Вкупниот износ на заемот е 46.000.000 евра, а на проектот е 50.000.000 евра што вклучува и грант од ЕУ во износ од 4.000.000 евра.

Во извештајниот период Комисијата на една од своите седници го разгледа и Предлогот на закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка по Договорот за заем за финансирање на Проектот за унапредување на основното образование. Проектот за унапредување на основното образование е дел од новата четиригодишна Стратегија на Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка за партнерство со земјата за периодот 2019-2023 година. Основната цел на проектот е да ги подобри условите за учење во основното образование во земјата. Вкупната вредност на проектот изнесува 21.5 милиони евра и истиот ќе се имплементира преку Единица за управување со проектот, која веќе функционира во рамките на Министерството за образование и наука. Проектот се состои од следните компоненти: Подобрување на учењето на

ниво на училиште (15.11 милиони евра), Реформа на следењето и оценувањето на националниот прогрес во учењето (1.895 милиони евра), Зајакнување на компетенциите на наставниот кадар, стручните соработници и директорите на училиштата (2,9 милиони евра) и Управување со секторот, раководење со проектот и мониторинг и евалуација (1,54 милиони евра).

Комисијата го разгледа и Предлогот на закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската банка за обнова и развој по Договорот за заем за финансирање на проектот „Воведување на брз автобуски превоз во Град Скопје”. Проектот „Воведување на брз автобуски превоз во Град Скопје” опфаќа воспоставување на две линии за брз автобуски превоз во Градот Скопје. Имено, со Проектот е предвидено да се направат патни коридори кои се резервирани само за автобусите на пример автобуски ленти по средина или на работ од булеварите. Основната цел на проектот е подобрување на квалитетот на превозните услуги на патниците во правец „исток - центар - запад” и „југ – центар - север”, намалување на времетраењето на превозот на патниците, како и подобар пристап и користење на превозните услуги од страна на инвалидите и луѓето со посебни потреби. Со воведувањето на брзиот автобуски превоз во Град Скопје ќе се подобри и еколошката состојба во Градот на тој начин што зголемениот квалитетот на јавниот градски превоз на патници, ќе придонесе за намалување на степенот на користење на индивидуални возила за превоз. Во таа насока, овој проект ќе влијае позитивно на животната средина, односно во голема мера ќе се намали загадувањето на воздухот што ќе доведе до зголемување на квалитетот на животната средина, а со тоа и зголемување на квалитетот на живеење на граѓаните.

Комисијата го разгледа и Предлогот на закон за продажба на станови кои потекнуваат од станбениот фонд на поранешна ЈНА или се добиени по пат на замена на недвижен имот кој потекнува од поранешната ЈНА и се доделени на користење на лица вработени во Министерството за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија, поднесен од пратениците Илија Николовски, Миле Талевски, Лазе Таневски, Арта Билали Зендели и Мирослав Јовановиќ. Овој Закон го уредува статусот на станови во државна сопственост, кои потекнуваат од станбениот фонд на поранешната ЈНА или се добиени по пат на замена на недвижен имот кој потекнува од поранешната ЈНА, а се доделени на користење на лица кои се во работен однос во Министерството за одбрана односно Армијата на Република Северна Македонија, или по пат на спогодба помеѓу Министерството за одбрана и друго правно лице засновале работен однос кај друг работодавач, а во Министерството за одбрана односно во Армијата на Република Северна Македонија работеле најмалку десет години, како и на лица кои стекнале право на пензија во Министерството за одбрана односно Армијата на Република Северна Македонија. Средствата кои ќе се остварат од продажбата на становите кои потекнуваат од станбениот фонд на поранешната ЈНА или се добиени по пат на замена на недвижниот имот кој потекнува од поранешната ЈНА, ќе бидат приход на Буџетот на Република Северна Македонија.

Комисијата на една од своите седници го разгледа и Предлогот на закон за финансиска поддршка на физички лица кои вршат самостојна дејност погодени од здравствено-економската криза предизвикана од вирусот COVID-19, за месеците февруари и март 2021 година. Целта на Предлогот на закон за финансиска поддршка на физички лица кои вршат самостојна дејност погодени од здравствено-економската криза предизвикана од вирусот COVID-19, за месеците февруари и март 2021 година е обезбедување на финансиска поддршка за вршителите на самостојна дејност согласно петтиот пакет на мерки на Владата на Република Северна Македонија. Предлог законот го содржи следново решение: пропишување на услови и постапка за доделување на финансиска поддршка односно исплата на финансиски средства на физичките лица кои вршат самостојна дејност кои се погодени од здравствено-економската криза предизвикана од вирусот COVID-19 за месеците февруари и март 2021 година.

Комисијата го разгледа и Предлогот на закон за финансиска поддршка на работодавачите погодени од здравствено-економската криза предизвикана од вирусот COVID-19, заради исплата на платите за месеците февруари и март 2021 година. Целта на Предлогот на закон за финансиска поддршка на работодавачите погодени од здравствено - економската криза предизвикана од вирусот COVID-19, заради исплата на платите за месеците февруари и март 2021 година е да се пропише законска рамка за спроведување на мерката-финансиска поддршка на работодавачите за исплата на плати согласно петтиот пакет на економски мерки на Владата на Република Северна Македонија. Предлог законот го содржи следново решение: пропишување на услови и постапка за добивање на финансиска поддршка на работодавачите погодени од здравствено-економската криза предизвикана од вирусот COVID-19, заради исплата на платите на работниците за месеците февруари и март 2021 година.

Во извештајниот период Комисијата на една од своите седници го разгледа и Предлогот на закон за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Финансискиот договор COVID-19 одговор на Северна Македонија – Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје, наменет за финансирање на мали и средни претпријатија и средно пазарно капитализирани претпријатија, кој ќе се склучи меѓу Европската инвестициона банка и Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје. Со цел надминување на проблемите кои произлегуваат од настанатата состојба со појава на вирусот КОВИД - 19 кој директно го погодува работењето на малите и средните претпријатија и средно пазарно капитализирани претпријатија, Владата донесе мерки за стимулирање на работењето на мали и средни претпријатија преку пронаоѓање на модалитети за стимулирање на процесот на производство, обезбедување на ликвидност на претпријатијата, зачувување на работните места, како и задржување на конкурентната позиција на компаниите. Во оваа насока, од последната петта кредитна линија чиј вкупен износ е 100 милиони евра, 50.962.187 евра беа наменети за доделување на поволни кредити на малите и средните

претпријатија и средно пазарно капитализирани претпријатија, како поддршка на Владата за справување со последиците од пандемијата. Со цел целосно задоволување на потребите на малите и средните претпријатија погодени од пандемијата COVID-19согласно Министерството за финансии и Развојна банка на Северна Македонија АД Скопје во име на Владата на Република Северна Македонија, побараа од ЕИБ заем во износ од 100 милиони евра.

Комисијата на една од своите седници го разгледа и Предлогот на закон за утврдување на јавен интерес и номинирање на стратешки партнер за имплементација на проектот за изградба на инфраструктурниот коридор 8 (делница: Тетово – Гостивар – Букојчани и проектот за автопатот Требеништа – Струга – Ќафасан) и коридорот 10 Д (делница на автопатот Прилеп - Битола) во Република Северна Македонија, поднесен од пратениците Јован Митрески, Арбер Адеми, Сурија Рашиди и Кастриот Реџепи. Со овој закон се уредуваат деталите во врска со планирањето, проектирањето и изградбата и употребата на дел од Коридорот 8, Делницата: Тетово – Гостивар – Букојчани и проектот за автопатот Требеништа – Струга – Ќафасан и планирањето, проектирањето и изградбата и употребата на Коридорот 10 д, делница на автопатот Прилеп – Битола како проекти од национален интерес и се номинира стратешки партнер за реализација на проектите со цел да се постигне одржлив и безбеден развој на регионалното поврзување на Република Северна Македонија преку комплетирањето на Паневропските Коридори 8 и 10 д. Целта на предложениот Закон е подобрување и развој на патната инфраструктура.

Во извештајниот период Комисијата на една од своите седници го разгледа и Предлогот на закон за регулирање на обврските на Република Северна Македонија кон Меѓународниот монетарен фонд по основ на користење на средствата од општата нето кумулативна алокација на специјални права на влечење одобрени со Резолуција на Одборот на гувернери на Меѓународниот монетарен фонд бр.76-1. Одборот на гувернери на Меѓународниот Монетарен Фонд (ММФ) на 2 август 2021 година со Резолуција бр.76-1 ја одобри општата нето кумулативна алокација на Специјални права на влечење (СПВ) во еквивалентен износ од 650 милијарди УСД (456,5 милијарди СПВ), со цел да се обезбеди поголема ликвидност во глобалниот економски систем преку поддршка на девизните резерви на земјите членки на ММФ. Општата нето кумулативна алокација беше извршена на 23 август 2021 година, и од истата на Република Северна Македонија и припаднаа средства во вкупен износ од 134.471.240 СПВ. Одобрувањето на оваа мерка која е значајна за зголемување на глобалната ликвидност ќе биде од корист за сите земји членки на ММФ и ќе послужи за решавање на долгорочната глобална потреба за зголемување на девизните резерви, за градење доверба и за поттикнување на отпорноста и стабилноста на глобалната економија.

Комисијата го разгледа и Предлогот на закон за гаранција на

Република Северна Македонија на обврските по Договорот за заем за финансирање на Патен коридор VIII-I фаза на проектот, кој ќе се склучи меѓу Европската банка за обнова и развој и Јавното претпријатие за државни патишта. Делницата од европскиот коридор VIII (државен пат А2) од Гостивар до Кичево во моментов е изградена како единечен коловоз со две сообраќајни ленти во двата правца, а наместа на планинските превои, има и трета лента за бавни возила. Сепак, поради зголемениот обем на сообраќај и лошите возно - диманички услови кои се проектирани пред повеќе од 50 години, неминовно е надградување на оваа делница на ниво на современо автопатско решение по кое ќе се одвива брз, безбеден и непречен меѓународен и домашен превоз на патници и стоки. Заемот од ЕБОР изнесува 110 милиони евра, наменет за финансирање Патен коридор VIII - I фаза на проектот, односно изградба на автопатска делница Букојчани - Кичево.

Комисијата го разгледа и Предлогот на закон за даночно ослободување со цел реализирање на одлуката за склучување на анекс на договорот за концесија за промена на намената на дел од средствата. Со Предлог законот за даночно ослободување со цел реализирање на одлуката за склучување на анекс на договорот за концесија за промена на намената на дел од средствата, се уредуваат условите, начинот и постапката за остварување на даночното ослободување од данокот на додадена вредност за прометот на добра и услуги извршени врз основа на поединечните договори согласно Одлуката за склучување на анекс на договорот за концесија за промена на намената на дел од средствата (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 295/20 и 138/21) со цел олеснување на прометот помеѓу давателот на промет и примателот на истиот.

Во извештајниот период Комисијата на една од своите седници го разгледа и Предлогот на закон за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Финансискиот договор наменет за финансирање на проектот „Интерконектор за пренос на природен гас Грција - Северна Македонија, дел на Северна Македонија", кој ќе се склучи меѓу Европската инвестициона банка и Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси Скопје, во државна сопственост. Проектот „Интерконектор за пренос на природен гас Грција - Северна Македонија, дел на Северна Македонија" е од стратешко значење за Република Северна Македонија. Имплементацијата на проектот ќе придонесе кон обезбедување забрзан и одржлив економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните. Со цел реализација на Проектот, Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси - Скопје, во државна сопственост (АД НЕР) и ДЕСФА Атина потпишаа Договор за соработка со кој двете страни се обврзаа навремено да го изградат на територијата на својата држава. Согласно изработената

проектна документација, вкупната инвестициона вредност на проектот изнесува 57,8 милиони евра.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 23 |
| Вкупно разгледани точки | | 131 |
| **Поднесени амандмани** | | **15** |
| Закони по области | политички систем | 105 |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | - |
| Закони | 1 читање | 47 |
| | 2 читање | 34 |
| | скратена и итна | 24 |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | 4 |
| ратификации | | - |
| декларации, резолуции | | - |
| одлуки | | - |
| информации, извештаи, програми, планови | | 21 |
| уставни измени | | - |
| иницијативи, стратегии | | - |
| други акти | | 1 |
| **јавни расправи** | | - |
| **надзорни расправи** | | **-** |

# Комисија за економски прашања

**НАДЛЕЖНОСТИ:**
-производство и трговија,
-минерални суровини и енергетика,
-туризам, угостителство и занаетчиство,
-надворешно-трговско работење,
-странски вложувања,
-сопственичка трансформација,
-мерки против монополска положба и монополско однесување на пазарот,
-заштита на потрошувачите,
-јавни претпријатија,
-концесии,
-побрз развој на стопански недоволно развиените подрачја,
-статистика,
-воспоставување меѓународна соработка за прашања кои се однесуваат на економскиот систем и
-други прашања што се однесуваат на економскиот систем.

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **ДИМЕ ВЕЛКОВСКИ,** претседател | |
| | **МИРОСЛАВ БОГДАНОВСКИ,** заменик на претседателот | |
| **ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Лазе Таневски | |
| 2. | Коле Чаракчиев | |
| 3. | Панчо Минов | |
| 4. | Љупчо Димовски | |
| 5. | Стојан Миланов | |
| 6. | Иван Јорданов | |
| 7. | Зоранчо Јованчев | |
| 8. | Рина Ајдари | |
| 9. | Бедри Фазли | |
| 10. | Илире Даути | |
| **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Боби Мојсоски | |
| 2. | Марија Георгиева | |
| 3. | Јован Митревски | |
| 4. | Ели Панова | |
| 5. | Здравко Трајанов | |
| 6. | Петар Ристески | |
| 7. | Лидија Петкоска | |
| 8. | Мерита Колчи Коџаџику | |
| 9. | Вјолца Адеми | |
| 10. | Атнан Незири | |

Комисијата Комисијата за економски прашања е постојано работно тело на Собранието на Република Северна Македонија која е основана со Одлука за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Северна Македонија.

Со оваа Одлука се предвидени надлежностите на комисиите. Согласно цитираната Одлука, Комисијата за економски прашања разгледува прашања што се однесуваат за:

*Комисијата за економски прашања во периодот од 1 јануари до 31 декември 2021 година има одржано шест седници со вкупно 23 точки на дневен ред, од кои девет предлог закони во прво читање, девет предлог закони во второ читање, три предлог закони по скратена постапка, еден предлог финансиски план и една одлука.*

Со оглед на тоа што Законот за трговските друштва е еден од позначајните закони од економската област, Комисијата водеше исцрпна расправа по Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва. целта на Предлогот на закон е да се овозможи основање друштво со ограничена одговорност со симболичен минимален износ на почетен основачки капитал од 1 евро, од страна на лица-граѓани кои имаат идеја за водење бизнис, но немаат доволно средства во износ од најмалку 5.000 евра основачки капитал, за да отпочнат сопствен бизнис. Со примената на одредбите од Предлог законот се очекува и намалување

на сивата, нелегална економија во државата. Со Предлог на законот се воведува нов тип друштво со ограничена одговорност, кој го носи насловот “Поедноставено друштво со ограничена одговорност-ПДОО”. Друштвото може да има најмногу до тројца основачи-физички лица, од кои еден е управител, односно член на органот на управување. Со оглед на тоа што станува збор за друштво со основна главнина од 1 евро, се предлага воведување посебен режим за финанисиско работење во однос на располагање со добивката, како и обезбедување и располагање со задолжителната резерва на друштвото.

Исто така, Комисијата го разгледа и Предлогот на закон за изменување на Законот за енергетска ефикасност. Со него се предлага продолжување на роковите во членовите 58 од Законот за енергетска ефикасност, со цел да не настане правен вакум кога овластените енергетски контролори и лиценцирани правни лица за вршење на енергетски контроли нема да поседуваат овластување односно лиценца, како препознаен правен акт во правниот промет за вршење на енергетски контроли во зградите. Од тие причини се предлага рокот на издадените овластувања за вршење на енергетска контрола и издадените лиценци за вршење на енергетска контрола да се продолжи до 30 септември 2022 година, имајќи предвид дека по донесување на овој пакет подзаконски акти, потребно е да следат низа активности, односно лицата кои веќе поседуваат овластување да посетат обука за усовршување и да се стекнат со овластување за вршење на енергетска контрола според новиот закон. Едновремено по донесување на Програмата за обука и усовршување на енергетски контролори на згради ќе отпочне во целост да функционира Законот за енергетска ефикасност во делот на зградите, во согласност со барањата од Директивата за енергетски карактеристики на згради.

На една од своите седници, Комисијата го разгледа и Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за финансиска поддршка на инвестиции. Со измените и допонувањата на законот се проширувaат видовите на финансиска поддршка за технолошки развој и истражување, поддршка за инвестициони проекти од значаен економски интерес, поддршка за преземање на претпријатија во потешкотии и конкурентност на пазарот. Со овие измени и дополни, се регулира финансиската поддршка на државјани со постојан и привремен престој во и вон Република Северна Македонија, а воедно се претставуваат и условите за рамномерен регионален развој. Воедно, допрецизирано е кои субјекти можат, а кои не можат да бидат корисници на финансиска поддршка. Исто така, проширена е листата на оправдани инвестициски трошоци. Целта на измените и дополнувањата на овој закон е забрзано поттикнување на економскиот раст и развој во Република Северна Македонија преку поддршка на инвестициите за зголемување на конкурентноста на економијата на Република Северна Македонија и на вработувањата.

Согласно Законот за енергетика, Комисијата ги разгледа Предлог на Финансиски план на Регулаторната Комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија за 2021

година и Предлог на одлука за утврдување на процентот на зафаќање од вкупниот годишен приход за финансирање на работењето на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија за 2021 година.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 7 |
| Вкупно разгледани точки | | 23 |
| **Поднесени амандмани** | | **-** |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | 21 |
| | јавни дејности | - |
| Закони | 1 читање | 9 |
| | 2 читање | 9 |
| | скратена и итна | 3 |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| одлуки | | 1 |
| информации, извештаи, програми, планови | | 1 |
| **јавни расправи** | | **-** |

# Комисија за земјоделство, шумарство и водостопанство

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-земјоделското земјиште, пасиштата и други природни богатства и природни сили,
-арондацијата, комасацијата и мелиорацијата,
-сточарството,полјоделството,овоштарството и лозарството,
-ловот и риболовот,
-животинскиот и растителниот свет,
-ветеринарно здравство и заштита на растенијата,
- премерот и катастарот на земјиштето,
-употребата и користењето на водите и одобрувањето на режимот на водите,
-хидромелиоративните системи и хидро-метеоролошките работи,
-воспоставување меѓународна соработка за прашања кои се однесуваат на земјоделството, шумарството и водостопанството и
-други прашања што се однесуваат на земјоделството, шумарството и водостопанството.

Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство е постојано работно тело, основано согласно со Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија. Со оваа Одлука ("Службен весник на Република Македонија" број 64/17 и 73/17) е определена надлежноста на комисијата.

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **ЉУПЧО ДИМОВСКИ,** - претседател | |
| | **ДАЈАНЧО ЕФТИМОВ,** - заменик на претседателот | |
| | **ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Панчо Минов | |
| 2. | Марија Костадинова | |
| 3. | Боби Мојсоски | |
| 4. | Бастри Бајрами | |
| 5. | Зоранчо Јованчев | |
| 6. | Здравко Трајанов | |
| 7. | Златко Пенков | |
| 8. | Берат Ајдари | |
| 9. | Бајрам Кадрија | |
| 10. | Атнан Незири | |
| | **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Даниела Колева | |
| 2. | Драгица Ѓавочанова (Миле Талески) | |
| 3. | Лолита Ристова | |
| 4. | Диме Велковски (Љупчо Балкоски) | |
| 5. | Петар Ристески | |
| 6. | Јадранка Поцкова | |
| 7. | Миле Лефков | |
| 8. | Исмаил Јахоски | |
| 9. | Бедри Фазли | |
| 10. | Халил Снопче | |

*Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство на Собранието на Република Северна Македонија во период од 1 јануари 2021 година до 31 декември 2021 година, има одржано 10 седници и 2 продолженија на седници на кои се разгледани вкупно 41 точки на дневен ред кои комисијата ги разгледа како матично работно тело.*

Комисијата во овој период не разгледувала точки како заинтересирано работно тело.

Комисијата разгледа:

- 17 (седумнаесет) предлог закони во редовна постапка (прво читање);
- 15 (петнаесет) предлог закони во редовна постапка (второ читање);
- 8 (осум) предлог закони во скратена постапка од кои 4 (четири) закони се поднесени од пратеници и

- 1 (една) информација за состојбата на тутунот од реколта 2020-2021 година (Поднесена од пратениците:Александар Николовски, Љупчо Димовски, Дајанчо Ефтимов, Златко Пенков, Мирче Аџиоски, Здравко Трајанов, Кирил Пецаков, Александар Вељановски, Игор Здравковски, Љупчо Пренџов, Бети Стаменкоска Трајкоска, Даниела Христова, Лидија Петкоска, Ангелика Петкова, Бране Петрушевски, Миле Лефков, Иван Јорданов, Бојан Стојаноски, Рашела Мизрахи, Благица Ласовска, Петар Ристески, Никола Мицевски) како јавна расправа со две продолженија на седницата на Комисијата;

Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство предложи 2 (два) амандмани и истите беа усвоени.

Комисијата ги разгледа следните точки на Дневен ред:

во редовна постапка (прво читање):

- Предлог закон за изменување на Законот за семенски и саден материјал за земјоделски растенија;
- Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за консолидација на земјоделско земјиште;
- Предлог на закон за изменување на Законот за вршење на земјоделска дејност;
- Предлог на закон за изменување на Законот за селекционерски права;
- Предлог на закон за изменување на Законот за пасиштата;
- Предлог на закон за изменување на Законот за сточарството;
- Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за репродуктивен материјал од шумски видови дрвја;
- Предлог на закон за изменување на Законот за ловството;
- Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за рибарство и аквакултура;
- Предлог на закон за изменување на Законот за квалитет и безбедност на ѓубрива, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата;
- Предлог на закон за изменување на Законот за органско земјоделско производство;
- Предлог на закон за изменување на Законот за квалитетот на земјоделските производи;
- Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за берзи на земјоделско-прехранбени производи;
- Предлог на закон за изменување на Законот за здравјето на растенијата;
- Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита и благосостојба на животните (материјалот е повлечен);
- Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за идентификација и регистрација на животните;
- Предлог на закон за дополнување на Законот за ловството, поднесен од пратениците: Бастри Бајрами, Павле Трајанов, Даниела Колева, Боби Мојсоски, Дарко Каевски, Илија Николовски, Бајрам Кадрија; (материјалот е повлечен);

во редовна постапка (второ читање):

- Предлог на закон за изменување на Законот за семенски и саден материјал за земјоделски растенија;

- Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за консолидација на земјоделско земјиште;
- Предлог на закон за изменување на Законот за вршење на земјоделска дејност;
- Предлог на закон за изменување на Законот за селекционерски права;
- Предлог на закон за изменување на Законот за пасиштата;
- Предлог на закон за изменување на Законот за сточарството;
- Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за репродуктивен материјал од шумски видови дрвја;
- Предлог на закон за изменување на Законот за ловството;
- Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за рибарство и аквакултура;
- Предлог на закон за изменување на Законот за квалитет и безбедност на ѓубриња, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата;
- Предлог на закон за изменување на Законот за органско земјоделско производство;
- Предлог на закон за изменување на Законот за квалитетот на земјоделските производи;
- Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за берзи на земјоделско-прехранбени производи;
- Предлог на закон за изменување на Законот за здравјето на растенијата;
- Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за идентификација и регистрација на животните;

во скратена постапка:

- Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за тутун, производи од тутун, производи од тутун и сродни производи под арх.бр. 08-835/1, поднесен од Миле Талевски, Кастриот Реџепи, Бедри Фазли, Бајрам Кадрија, Коле Чаракчиев, Фадил Зендели;
- Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за финансиска поддршка за намалување на последиците предизвикани од Корона вирусот COVID-19 врз производството, откупот на грозје и винската индустрија;
- Предлог на закон за дополнување на Законот за земјоделство и рурален развој, (поднесен од: Панчо Минов, Лолита Ристова, Драгица Ѓавочанова, Марија Костадинова, Данела Колева, Бастри Бајрами, Берат Ајдари);
- Предлог на закон за дополнување на Законот за земјоделското земјиште, (поднесен од: Панчо Минов, Коле Чаракчиев, Лолита Ристова, Бастри Бајрами, Берат Ајдари, Бедри Фазли, Миле Талевски, Драгица Ѓавочанова);
- Предлог на закон за финансиска поддршка за намалување на последиците предизвикани од COVID-19 врз производството и откуп на тутун.
- Предлог на закон за дополнување на Законот за ловството (поднесен од пратениците: Илија Николовски, Арта Биљали Зендели, Даниела Колева, Драгица Ѓавочанова, Миле Талевски и Павле Трајанов).
- Предлог на закон за дополнување на Законот за финансиска поддршка за намалување на последиците предизвикани од Корона вирусот COVID-19 врз

производството, откупот на грозје и винската индустрија;

- Предлог на закон за финансиска поддршка за намалување на последиците предизвикани од Корона вирусот COVID-19 врз производство и откупот на земјоделски производи (скратена постапка);
- Информација за состојбата на тутунот од реколта 2020-2021 година (Поднесена од пратениците: Александар Николовски, Љупчо Димовски, Дајанчо Ефтимов, Златко Пенков, Мирче Аџиоски, Здравко Трајанов, Кирил Пецаков, Александар Велјановски, Игор Здравковски, Љупчо Пренџов, Бети Стаменкоска Трајкоска, Даниела Христова, Лидија Петкоска, Ангелика Петкова, Бране Петрушевски, Миле Лефков, Иван Јорданов, Бојан Стојаноски, Рашела Мизрахи, Благица Ласовска, Петар Ристески, Никола Мицевски).

До Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство од овластени предлагачи беа поднесен вкупно два амандмана и истите беа усвоени.

До Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство беа доставени и 3 (три) Предлог закони во редовна постапка кои не беа разгледани од причина што не беа усвоени на дневен ред од Комисијата и тоа:

- Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за државен инспекторат за земјоделство;
- Предлог на закон за изменување на Законот за шумите;
- Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за шумарска и ловна инспекција,

До Комисијата беа доставени и 3 (три) Предлог закони во редовна постапка кои не беа разгледани од причина што не беа ставени на дневен ред на седница од Комисијата и тоа:

- Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за земјоделство и рурален развој;
- Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за земјоделското земјиште;
- Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за основање на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој;

Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство во овој период не одржа надзорни расправи, работни средби и вебинари.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 10 |
| Вкупно разгледани точки | | 41 |
| **Поднесени амандмани** | | **2** |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | 25 |
| | јавни дејности | - |
| Закони | 1 читање | 17 |
| | 2 читање | 15 |
| | скратена и итна | 8 |
| информации, извештаи, програми, планови | | 1 |
| други акти | | - |
| **јавни расправи** | | **-** |
| **надзорни расправи** | | **-** |

# Комисија за транспорт, врски и екологија

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-патниот, железничкиот, речниот, езерскиот, воздушниот, поштенско - телеграфскиот, телефонскиот и радиосообраќајот,
- жичарите и ски-лифтовите,
-системите на телекомуникации и радиодифузниот систем,
-изградбата на инвестиционите објекти во областа на транспортот и телекомуникациите,
-просторното и урбанистичкото планирање,
- уредувањето на градежното земјиште,
- станбеното и комуналното стопанисување,
-заштитата и унапредувањето на животната средина, природата, воздухот, земјата и водите од загадување,
-обезбедување услови за здрава животна средина,
-спречување на штетната бучава,
-заштитата од јонизирачко зрачење и други штетни дејства по животот и здравјето на луѓето и посебните мерки на сигурност при употреба на нуклеарна енергија,
-воспоставување меѓународна соработка за прашања кои се однесуваат на транспортот, врските, урбанизмот и екологијата и
-други прашања што се однесуваат на транспортот, врските, урбанизмот и екологијата.

Комисијата за транспорт, врски и екологија е постојано работно тело основано согласно со Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" број 91/2008, 119/10, 23/13 и 66/2017). Со оваа Одлука се определени надлежностите на комисиите.

| ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **ВЛАДО МИСАЈЛОВСКИ,** - претседател | |
| | **СТОЈАН МИЛАНОВ,** - заменик на претседателот | |
| **ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Ненад Коциќ (Дамјан Манчевски) | |
| 2. | Коле Чаракчиев | |
| 3. | Мирослав Богдановски | |
| 4. | Љупчо Балкоски | |
| 5. | Ане Лашкоска | |
| 6. | Бојан Стојаноски | |
| 7. | Олга Лозановска | |
| 8. | Исмаил Јахоски | |
| 9. | Берат Ајдари | |
| 10. | Сурија Рашиди | |
| **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Диме Велковски (Ненад Коциќ) | |
| 2. | Маја Морачанин | |
| 3. | Дарко Каевски | |
| 4. | Мирослав Јовановиќ (Лазе Танески) | |
| 5. | Бране Петрушевски | |
| 6. | Мирче Аџиоски | |
| 7. | Љупчо Пренџов (Силвана Ангелеска) | |
| 8. | Арбана Пашоли | |
| 9. | Арбен Зибери | |
| 10. | Сафије Садики Шаини | |

*Комисијата за транспорт, врски и екологија на Собранието на Република Северна Македонија во период од 1 јануари 2021 година до 31 декември 2021 година, има одржано 13 седници и едно продолжение на седница, на кои се разгледани вкупно 58 точки на дневен ред кои комисијата ги разгледа како матично работно тело.*

Комисијата во овој период не разгледувала точки како заинтересирано работно тело.

Комисијата разгледа:

- 13 (тринаесет) предлог закони во редовна постапка (прво читање);

- 13 (тринаесет) предлог закони во редовна постапка (второ читање)
- 8 (осум) предлог закони во скратена постапка;
- 23 (дваесет и три) годишни извештаи, годишни програми, финансиски извештаи, статутарни одлуки, информации и
- 1 (еден) Извештај од Законодавно-правната комисија.

До Комисијата за транспорт, врски и екологија од овластени предлагачи поднесени беа вкупно 34 (триесет и четири) амандмани од кои усвоени се 13 (тринаесет) амандмани, 2 (два) амандмана усвоени со изменет текст, 14 (четиринаесет) амандмани не се усвоени и 5 (пет) амандмани се повлечени од овластените предлагачи.

Комисијата за транспорт, врски и екологија предложи 4 (четири) амандмани.

Комисијата во периодот од 1 јануари 2021 година до 31 декември 2021 година расправаше по предлози на закони што се во нејзина надлежност.

Комисијата ги разгледа следните точки на Дневен ред:

**во редовна постапка (прво читање):**

- Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за внатрешната пловидба;
- Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за јавна чистота;
- Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за генетски модифицирани организми;
- Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за контрола на емисии од испарливи органски соединенија при користење на бензини;
- Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за планински патеки;
- Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита од бучава во животната средина;
- Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за водите;
- Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на природата;
- Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за електронските комуникации;
- Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за животната средина;
- Предлог на закон за прогласување на дел од Шар Планина за Национален парк;
- Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за постапување со бесправно изградени објекти;
- Предлог на закон за дополнување на Законот за животната средина (прво читање) поднесен од пратениците Ненад Коциќ и Маја Морачанин;

**во редовна постапка (второ читање):**

- Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за внатрешната пловидба;
- Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за јавна чистота;
- Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за електронските комуникации;
- Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за генетски модифицирани организми;

- Предлог на закон за изменување и дополнуввање на Законот за контрола на емисии од испарливи органски соединенија при користење на бензини;
- Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за планински патеки;
- Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита од бучава во животната средина;
- Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за водите;
- Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на природата;
- Предлог на закон за прогласување на дел од Шар Планина за Национален парк;
- Предлог на закон за изменување на Законот за поштенските услуги;
- Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за постапување со бесправно изградени објекти;
- Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за животната средина;

**во скратена постапка:**

- Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води;
- Предлог на закон за изменување на Законот за аудио и аудио визуелни медиумски услуги;
- Предлог на закон за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти;
- Предлог на закон за изменување за Законот за сигурност во железничкиот систем;
- Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за јавните патишта;
- Предлог на закон за дополнување на Законот за превоз во патниот сообраќај;
- Предлог на закон за дополнување на законот за превоз на опасни материи во патниот и железничкиот сообраќај;
- Предлог на закон за дополнување на Законот за реализација на инфраструктурни проекти за изградба на патна делница Миладиновци - Штип и патна делница Кичево - Охрид;

До Комисијата беше доставен и Предлог законот за изменување и дополнување на Законот за урбанистичко планирање (скратена постапка); Овој Предлог закон не беше разгледан од причина што материјалот беше повлечен од предлагачот;

Комисијата разгледа Извештај од Законодавно-правната комисија на Предлог законот за утврдување правен статус на бесправно изградени објекти;

**Други материјали**

- Годишен извештај за работа на Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радио-телевизија за 2019 година;
- Финансиски план на Јавното радио дифузно претпријатие Македонска радио-телевизија за 2020 година;
- Финансиски план на Јавното радио дифузно претпријатие Македонска радио-телевизија за 2021 година;
- Годишна програма за работата на Агенцијата за пошти за 2021 година;
- Извештај за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2019 година;

- Извештај за работа на Агенцијата за електронски комуникации за 2019 година;
- Извештај за реализација на годишната програма за работа и развој на Агенцијата за цивилно воздухопловство за 2019 година;
- Финансиски план за изменување на Финансискиот план на Јавното радио дифузно претпријатие Македонска радио-телевизија за 2020 година арх.бр. 08-504/1 (не е прифатлив);
- Финансиски план за изменување на Финансискиот план на Јавното радио дифузно претпријатие Македонска радио-телевизија за 2020 година арх.бр. 08-1887/1;
- Предлог годишна програма за работа и развој на Агенцијата за цивилно воздухопловство за 2021 година;
- Предлог годишен финансиски план на Агенцијата за цивилно воздухопловство за 2021 година;
- Годишен извештај за работа на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2019 година;
- Годишен извештај за работа на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2020 година;
- Годишна програма за работа и развој за 2020 година на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор;
- Годишна програма за работа и развој за 2021 година на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор;
- Годишен извештај за работа на Агенцијата за пошти за 2020 година;
- Годишна програма за работа на Агенцијата за пошти за 2022 година;
- Годишна програма за работа и развој на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2022 година;
- Извештај за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2020 година;
- Извештај за работа на Агенцијата за електронски комуникации за 2020 година;
- Извештај за реализација на годишната програма за работа и развој на Агенцијата за цивилно воздухопловство за 2020 година;
- Годишен извештај за работа на Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радио-телевизија за 2020 година;
- Финансиски план на Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радио-телевизија за 2022 година;

Комисијата за транспорт, врски и екологија во овој период не одржа јавни и надзорни расправи, работни средби и вебинари.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 13 |
| Вкупно разгледани точки | | 58 |
| **Поднесени амандмани** | | **4** |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | 13 |
| Закони | 1 читање | 13 |
| | 2 читање | 13 |
| | скратена и итна | 8 |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| одлуки | | - |
| информации, извештаи, програми, планови | | 24 |
| уставни измени | | - |
| иницијативи, стратегии | | - |
| други акти | | - |
| **јавни расправи** | | **-** |
| **надзорни расправи** | | **-** |

# Комисија за образование, наука и спорт

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-системот и организацијата на предучилишното воспитување и образование, основното, средното и високото образование,
-правото на настава на јазиците на заедниците во областа на воспитувањето и образованието,
-системот и организацијата на научно-истражувачката дејност,
-создавање, примена и вреднување на пронајдоците, патентите и други инвентивни активности што произлегуваат од научното, уметничкото или друг вид интелектуално творештво,
-информатиката, научниот и технолошкиот развој и техничката култура,
-организација, развој и функционирање на информациониот систем во Републиката,
-образованието на младите, ученичкиот и студентскиот стандард,
-поттикнување на интелектуалното, културното и научното творештво на младите,
-едукација за превентивна заштита на младите од болестите на зависност и од СИДА,
-развој и унапредување на физичката култура,
-развојот на врвниот спорт,
-воспоставување меѓународна соработка за прашања кои се однесуваат на образованието, науката, младите и спортот и
-други прашања што се однесуваат на образованието, науката, младите и спортот

** Согласно со Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседатели, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Северна Македонија, („Службен весник на РСМ“ број: 219/20; 237/20 и 284/20)*

| ред. број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **ЖАКЛИНА ЛАЗАРЕВСКА,** претседател | |
| | **ЛОЛИТА РИСТОВА,** заменик на претседателот | |
| | **ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Бисера Костадиновска Стојчевска | |
| 2. | Дарко Каевски | |
| 3. | Даниела Колева | |
| 4. | Драгица Ѓавочанова | |
| 5. | Кастриот Реџепи | |
| 6. | Силвана Ангелеска | |
| 7. | Гордана Силјановска Давкова | |
| 8. | Иванка Василевска | |
| 9. | Благица Ласовска | |
| 10. | Игор Здравковски | |
| 11. | Здравко Трајанов | |
| 12. | Вјолца Адеми | |
| 13. | Мерита Колчи Коџаџику | |
| 14. | Халил Снопче | |
| | **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Ненад Коциќ | |
| 2. | Марија Костадинова | |
| 3. | Зеќир Рамчиловиќ | |
| 4. | Љстифе Шиковска | |
| 5. | Емилија Рамбабова | |
| 6. | Ѓорѓија Сајкоски | |
| 7. | Велика Стојкова Серафимовска | |
| 8. | Јован Јаулески | |
| 9. | Миле Лефков | |
| 10. | Бети Стаменкоска Трајкоска | |
| 11. | Лидија Петкоска | |
| 12. | Фисниќе Бектеши Шаќири | |
| 13. | Арбер Адеми | |
| 14. | Илире Даути | |

*Во мандатниот период 1 јануари - 31 декември 2021 година беа закажани осум (8) седници на Комисијата за образование, наука и спорт. Од нив, две (2) седници се завршени, четири (4) седници не се завршени, а две (2) закажани седници не се започнати. На дневните редови на седниците беа 12 точки, од кои седум предлог на закони во прво читање, три (предлог на закони во второ читање и еден предлог закон во скратена постапка. Комисијата одржа и една тематска јавна расправа.*

***Комисиска расправа по:***

- ***предлог на закони***

Во прво читање на дневен ред пред Комисијата беа: Предлог на законот за образование на возрасните, Предлог на законот за изменување и дополнување на Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта, Предлог на законот за изменување и дополнување на Законот за Бирото за развој на образованието, Предлог на законот за изменување и дополнување на Законот за основното образование (поднесен од пратеници) и Предлог на законот за изменување и дополнување на Законот за иновациската дејност

Комисијата, во прво и второ читање ги разгледа предлозите на законите за: изменување на Законот за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари и за дополнување на Законот за научно истражувачка дејност (поднесен од пратеници).

Во скратена постапка на дневен ред на Комисијата е Предлог на законот за изменување и дополнување на Законот за основното образование.

Во извештајниот период Комисијата ја продолжи работата по Петтата седница започната на 4 декември 2020 година, на чиј дневен ред беше Предлог законот за изменување и дополнување на Законот за високото образование поднесен од пратеници.

На овој предлог на закон беа предложени 322 амндмани од кои 320 амандмани беа повлечени. Комисијата водеше дебата и **усвои два амандмани**, поднесени од овластени предлагачи во деловнички утврдените рокови.

- ***тематска расправа***

**Комисијата одржа Јавна расправа на тема *„Нацрт Концепција за основното образование„***

На расправата со свои стручни ставови настапија повеќе експерти од образовната сфера, а за значењето на предложениот концепт за реформа на основното образование на присустните им се обратија претседателот на Владата на Република Северна Македонија Зоран Заев, министерката за образование и наука Мила Цароска и експертската група која што ја изготви Нацртот на стратегијата.

- ***други активности***

**** ОНЛАЈН консулотативна средба со Независниот академски синдикат (НАкС)***

На средбата претставници на Независниот академски синдикат (НАкС) презентираа три документи кои се однесуваат на три јавни политики, изработени од експерти на НАкС. Документите се однесуваат на унапредување на квалитетот и на наставата во високото образование и за присуството на академскиот кадар во јавноста. Целта на јавните политики кои се промовираат во овие документи е подобрување на квалитетот на нашето високо образование и намалување на јазот со високото образование на европските универзитети.

Во дискусијата учествуваа претседателот на Комисијата Жаклина Лазаревска и членот на Комисијата Бисера

Костановска Стојчевска. Тие, средбата ја оценија како корисна од аспект на согледување на состојбите и имплементацијата на Законот за високото образование по неговото донесување во 2018 година. Изразија особено задоволство во делот на креирањето на јавните политики кои се засновани врз корисни податоци за креирање на аргументирани економски политики. Во насока на поголема достапност и користење на научните трудови предложија подготовка на национална дата база на сите научни трудови, како еден вид ризница на научните истражувања.

**** ОНЛАЈН Конференцијата на комисиите за образование и наука на парламентите на земјите членки и на земјите со кандидатски статус***

Комисијата за образование, наука и спорт во декември 2021 година беше дел од Онлајн Коференцијата на комисиите за образование и наука на парламентите на земјите членки и на земјите со кандидатски статус, настан кој, во рамките на словенечкото претседателство со ЕУ го организираше Комисијата за образование, наука, спорт и млади на Националното собрание на Република Словенија.

Тема на Конференцијата беше ,,Новиот пристап и предизвиците во Дигиталното образование, учење и обука и развивање на меѓународна соработка во дигиталното образование, особено во услови на пандемија,,.

На Конференцијата беше пријавено учество на членовите на Комисијата: Жаклина Лазаревска, Бисера Костадиновска Стојчевска, Вјолца Адеми и Бети Стаменкоска Трајкоска (заменик член). Дискусија на темата на Конференцијата имаше пратеникот Бисера Костадиновска Стојчевска.

**** Подготовка на ОНЛАЈН средба со Комитетот за социјален развој на Националниот народен конгрес на НР Кина***

Во текот на 2021 година Комисијата започна подготовка за ОНЛАЈН средба со Комитетот за социјален развој на Националниот народен конгрес на НР Кина, на нивно барање. Во иницијалниот допис за средбата каде тема ќе биде спортот, се нагласува потребата од зајакнување на парламентарната соработка помеѓу двете земји.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 6 |
| Вкупно разгледани точки | | 12 |
| **Поднесени амандмани** | | **-** |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | 11 |
| Закони | 1 читање | 7 |
| | 2 читање | 3 |
| | скратена и итна | 1 |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| одлуки | | - |
| информации, извештаи, програми, планови | | - |
| уставни измени | | - |
| прашања и предлози | | - |
| други акти | | - |
| **јавни расправи** | | 1 |
| **надзорни расправи** | | - |

# Комисија за култура

**НАДЛЕЖНОСТИ:**
-организацијата, развојот и унапредувањето на културата,
-заштита на природното и културното наследство во Република Северна Македонија,
-збогатување на историското и уметничкото творештво,
-афирмирање и заштита на врвни културни вредности,
-афирмација и заштита на авторството и авторското право,
-дејности за заштита и користење на движно и недвижно културно богатство,
-издавачка дејност и библиотекарство,
-споменично одбележување и заштита на спомениците на културата,
-употреба и заштита на македонскиот јазик,
-информирање, културни и други дејности заради изразување на идентитетот и особеностите на заедниците,
-определување годишнини на настани и личности од посебно значење за државно-правниот развој на Републиката, афирмација на историското и културното наследство и негување на општо цивилизациските вредности,
-начинот и формите на одбележување на значајни настани и личности,
-активностите на посебни одбори формирани за одделни одбележувања,
-воспоставување меѓународна соработка за прашања кои се однесуваат на културата и
-други прашања што се однесуваат на културата и одбележувањето годишнини на значајни настани и личности.

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **КАСТРИОТ РЕЏЕПИ,** претседател | |
| | **ЗЕЌИР РАМЧИЛОВИЌ,** заменик на претседателот | |
| | **ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Жаклина Лазаревска | |
| 2. | Љупчо Балкоски | |
| 3. | Енес Ибрахим | |
| 4. | Бети Стаменкоска-Трајкоска | |
| 5. | Ане Лашкоска | |
| 6. | Даниела Христова | |
| 7. | Велика Стојкова-Серафимовска | |
| 8. | Бајрам Кадрија | |
| 9. | Арбана Пашоли | |
| 10. | Сурија Рашиди | |
| | **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Снежана Калеска Ванчева | |
| 2. | Љатифе Шиковска | |
| 3. | Соња Мираковска | |
| 4. | Иванка Василевска | |
| 5. | Ѓорѓија Сајкоски | |
| 6. | Игор Здравковски | |
| 7. | Стојан Миланов | |
| 8. | Арбен Зибери | |
| 9. | Мерита Колчи-Коџаџику | |
| 10. | Артина Ќазими | |

*Согласно со Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија” број 64/17, 73/17, 33/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија” број 207/19), Комисијата за култура разгледува прашања од својот делокруг.*

*Во периодот од 1 јануари до 31 декември 2021 година Комисијата за култура одржа две седници на кои беа разгледани пет точки на дневен ред:*

-Предлог на закон за изменување и дополнување на законот за библиотеките, по скратена постапка;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на законот за аудиовизуелните добра, по скратена постапка;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на законот за музеите, по скратена постапка;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на законот за меморијалните споменици и спомен обележјата, по скратена постапка и

-Предлог на закон за изменување и дополнување на законот за издавачката дејност, по скратена постапка.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 2 |
| Вкупно разгледани точки | | 5 |
| **Поднесени амандмани** | | **-** |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | 5 |
| Закони | 1 читање | - |
| | 2 читање | - |
| | скратена и итна | 5 |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| декларации, резолуции | | - |
| информации, извештаи, програми, планови | | - |
| уставни измени | | - |
| иницијативи, стратегии | | - |
| други акти | | - |
| **јавни расправи** | | **-** |
| **надзорни расправи** | | **-** |

# Комисија за здравство

**НАДЛЕЖНОСТИ:**
-здравствената заштита на населението,
-здравственото осигурување,
-заштитата на населението од заразни болести, од штетно влијание на гасовите, јонизирачките зрачења и бучавата, загаденоста на воздухот, водата, земјиштето и животните производи,
-заштита од болестите на зависност и од СИДА,
-хигиенско-епидемиолошката состојба,
-производството, прометот и снабдувањето со лекови, помошните лековити средства и медицинските помагала, медицинска опрема, санитетски уреди и материјали, отрови и опојни дроги,
-санитарниот и здравствениот надзор,
-воспоставување меѓународна соработка за прашања кои се однесуваат на здравството и
-други прашања што се однесуваат на здравството.

Комисијата за здравство како постојано работно тело на Собранието на Република Македонија е основана со Одлука за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Северна Македонија ("Службен весник на Република Македонија" број 37/17).

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **АРБЕН ЗИБЕРИ,** претседател | |
| | **БЕДРИ ФАЗЛИ,** заменик на претседателот | |
| | **ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Маја Морачанин | |
| 2. | Бети Рабаџиевска - Наумовска | |
| 3. | Ненад Коциќ | |
| 4. | Соња Михаиловска | |
| 5. | Петар Ристески | |
| 6. | | |
| 7. | Синиша Стојаноски | |
| 8. | Рашела Мизрахи | |
| 9. | | |
| 10. | Артина Ќазими | |
| | **ЗАМЕНИЦИ - ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Белкиса Зеќири | |
| 2. | Бејџан Иљас | |
| 3. | Мухамед Кадриов | |
| 4. | Емилија Рамбабова | |
| 5. | Јадранка Поцкова | |
| 6. | Дафина Стојаноска | |
| 7. | Олга Лозановска | |
| 8. | Александар Велјановски | |
| 9. | Арта Билали - Зендели | |
| 10. | Хусни Исмаили | |

Согласно со деловничките одредби Комисијата за здравство својата активност ја остварува преку одржување на седници.

*Комисијата за здравство во периодот од 1 јануари до 31 декември 2021 година, свика 15 седници, од кои се оддржаа 13, а две седници не се оддржаа, четири седници се одложени, додека две седници сеуште не се завршени и одредни точки не се разгледани. Комисијата има поднесено три3 амандмани.*

Беа разгледани следните предлози на закони:
-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита – II читање, поднесен од пратениците: Јован Митрески, Костадин Костадинов, Снежана Калеска–Ванчева, Ненад Коциќ, Кастриот Реџепи, Арта Билали–Зендели, Арбер Адеми, Бисера

Костадинова - Стојчевска, Илија Николовски, Марија Ангелова, Соња Михаиловска, Зеќир Рамчиловиќ, Даниела Колева, Мирослав Јовановиќ, Панчо Минов, Лолита Ристова, Лидија Тасевска, Марија Костадинова, Белкиса Зеќири, Жаклина Лазаревска, Бети Рабаџиевска-Наумовска, Соња Мираковска, Сашко Николов, Миле Талевски, Мирослав Богдановски, Драгица Ѓавочанова, Маја Морачанин, Фадил Зендели, Бастри Бајрами, Лазе Таневски, Емилија Рамбабова, Диме Велковски и Бејџан Иљас;

-Предлог на закон за изменување на Законот за земање и пресадување на делови од човечкото тело заради лекување – I читање;

-Предлог на закон за изменување на Законот за изменување на Законот за јавно здравје – I читање;

-Предлог на закон за изменување на Законот за безбедност на козметичките производи – I читање;

-Предлог на закон за изменување на Законот за хемикалии – I читање;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за санитарната и здравствена инспекција – I читање;

-Предлог на закон за изменување на Законот за заштита на правата на пациентите – I читање;

-Предлог на закон за изменување на Законот за прекурзори – I читање;

-Предлог на закон за изменување на Законот за забрана на развивање, производство, складирање и употреба на хемиски оружја – I читање;

-Предлог на закон за изменување на Законот за безбедност во снабдувањето со крв – I читање;

-Предлог на закон за изменување на Законот за ментално здравје – I читање;

-Предлог на закон за изменување на Законот за континуирано стручно усовршување на докторите на медицина – I читање;

-Предлог на закон за изменување на Законот за доброволно здравствено осигурување – I читање;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за комплементарна и алтернативна медицина – I читање;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за лековите и медицинските средства – I читање;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за лековите и медицинските средства, по скратена постапка, поднесен од пратениците: Ненад Коциќ, Кастриот Реџепи, Арбер Адеми, Бети Рабаџиевска Наумовска и Емилија Рамбабова;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита, по скратена постапка;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување, по скратена постапка;

-Предлог на закон за изменување на Законот за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност – I читање;

-Предлог на закон за изменување на Законот за биомедицинско потпомогнато оплодување – I читање;

-Предлог на закон за изменување на Законот за прекинување на бременоста – I читање;

-Предлог на закон за изменување на Законот за евиденциите во областа на здравството – I читање;

-Предлог на закон за дополнување на Законот за здравствената заштита, по скратена постапка;

-Предлог на закон за утврдување на максималните цени за болничко лекување и за тестирање на пациенти со КОВИД-19 во приватните здравствени установи – I читање и

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување, по скратена постапка.

На седниците на Комисијата за здравство се водат конструктивни дебати по прашањата, односно законите од здравствената дејност. Постојани соработници на Комисијата, покрај ресорното министерство, Министерството за здравство се: Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, како и коморите од областа на здравството: Лекарската комора, Стоматолошката и Фармацевтската комора на Република Северна Македонија.

До Комисијата за здравство се доставени повеќе дописи од невладини организации кои се заинтересирани за здравствената дејност. Секој допис, редовно се проследува, така што се одржуваат работни средби на претседателот на Комисијата, членовите/замениците членови на Комисијата заедно со подносителот на барањето, односно дописот, со предлог мерки.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 13 |
| Вкупно разгледани точки | | 30 |
| **Поднесени амандмани** | | **3** |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | 28 |
| Закони | 1 читање | 19 |
| | 2 читање | 5 |
| | скратена и итна | 6 |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| декларации, резолуции | | - |
| информации, извештаи, програми, планови | | - |
| уставни измени | | - |
| иницијативи, стратегии | | - |
| други акти | | - |
| **јавни расправи** | | **-** |
| **надзорни расправи** | | **-** |

# Комисија за труд и социјална политика

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-работните односи и за заштитата на работниците на работа,
- правото на штрајк,
-вработување и права во случај на невработеност,
-заштита на жената на работа и заштита на мајчинството,
-платите и животниот стандард,
-социјалната политика и социјалната сигурност на граѓаните,
-системот, организацијата, развојот и унапредувањето на социјалната заштита и заштитата на децата,
-популационата политика, бракот и семејството,
-системот на пензиското и инвалидското осигурување,
-боречко-инвалидската заштита и заштитата на воените инвалиди и лицата прогонувани и затворани за идеите на самобитноста на македонскиот народ и неговата државност,
- воспоставување меѓународна соработка за прашања кои се однесуваат на трудот и социјалната политика и
-други прашања што се однесуваат на трудот и социјалната политика.

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ |
|---|---|
| | **ХУСНИ ИСМАИЛИ,** претседател |
| | **СКЕНДЕР РЕЏЕПИ,** заменик на претседателот |
| | **ЧЛЕНОВИ** |
| 1. | Жаклина Лазаревска |
| 2. | Бисера Костадиновска Стојчевска |
| 3. | Емилија Рамбабова |
| 4. | Љатифе Шиковска |
| 5. | Илија Николовски |
| 6. | Благица Ласовска |
| 7. | Силвана Ангелевска |
| 8. | Рашела Мизрахи |
| 9. | Јадранка Поцкова |
| 10. | Ангелинка Петкова |
| 11. | Арбен Зибери |
| 12. | Вјолца Адеми |
| | **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** |
| 1. | Марија Георгиевска |
| 2. | Лолита Ристова |
| 3. | Бејџан Иљас |
| 4. | Соња Михаиловска |
| 5. | Лидија Тасевска |
| 6. | Златко Пенков |
| 7. | Олга Лозановска |
| 8. | Синиша Стојановски |
| 9. | Даниела Христова |
| 10. | Жаклина Пешевска |
| 11. | Бајрам Кадрија |
| 12. | Берат Ајдари |

*Во периодот од 1 јануари до 31 декември 2021 година Комисијата за труд и социјална политика одржа 11 седници на кои беа разгледани 29 точки на дневен ред:*

**На осмата седница на Комисијата се разгледаа три точки**,

1.Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за семејство, по скратена постапка,
2.Предлог на заштита од семејно насилство, по скратена постапка.
3.Разгледување на Извештајот на Законодавно-правната комисија, по Предлог на законот за спречување и

заштита од насилство врз жените и семејното насилство, во второ читање.

**На деветата седница на Комисијата се разгледаа четири точки**,

1.Годишен извештај за работењето на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување во 2019 година
2.Ревидирани финансиски извештаи на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување, за 2019 година и
3.Финансиски план на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување за 2021 година и
4.Предлог на одлука за согласност на Одлуката за висината на месечниот надомест што го наплатува Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување од пензиските друштва за 2021 година

**На десетата седница на Комисијата се разгледаа девет точки,**

1.Предлог на закон за изменување на Законот за употреба на знаковниот јазик, по скратена постапка,
2.Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, по скратена постапка и
3.Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување, по скратена постапка,
4.Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита од вознемирување на работно место, по скратена постапка,
5.Предлог на закон за изменување на Законот за практиканство, по скратена постапка,
6.Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за волонтерството, по скратена постапка,
7.Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за исплата на пензии и пензиски надоместоци од капитално финансирано пензиско осигурување, по скратена постапка,
8.Предлог на закон за изменување на Законот за вработување на инвалидни лица, по скратена постапка и
9.Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност, по скратена постапка.

**На единаесетата седница на Комисијата се разгледа една точка,**

1.Предлог закон за изменување на Законот за социјалната заштита, прво читање.

**На дванаесетата седница на Комисијата се одржа Јавна расправа и се разгледа една точка,**

1.Јавна расправа по Предлогот на Закон за изменување на Законот за социјалната заштита.

**На тринаесетата седница на Комисијата се разгледаа две точки,**

1.Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за вработување и работа на странци, по скратена постапка и
2.Предлог на закон за изменување на Законот за социјалната заштита, второ читање.

**На четиринаесетата седница на Комисијата се разгледа една точка,**

1.Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот работните односи, прво читање.

**На петнаесетата седница на Комисијата се разгледа една точка,**

1.Предлог на Закон за материјално обезбедување на невработените лица поради приватизацијата на претпријатијата со доминантна сопственост на државата, по скратена постапка.

**На шеснаесетата седница на Комисијата се разгледа три точки,**

1.Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за работните односи, второ читање,

2.Годишен извештај за работењето на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување во 2020 година и

3.Финансиски извештаи на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување во 2020 година.

**На седумнаесетата седница на Комисијата се разгледаа три точки,**

1.Финансиски план на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување за 2022 година,

2.Предлог на одлука за давање согласност на Одлуката за висината на месечниот надомест што го наплатува Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување од пензиските друштва за 2022 година и

3.Предлог на одлука за давање согласност на Одлуката за измена на Одлуката за утврдување на висината на надоместоците што Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување ги наплатува од пензиските друштва

**На осумнаесетата седница на Комисијата се разгледаа две точки,**

1.Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за социјалната заштита, по скратена постапка и

2. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата, по скратена постапка.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 11 |
| Вкупно разгледани точки | | 30 |
| **Поднесени амандмани** | | **7** |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | 19 |
| Закони | 1 читање | 2 |
| | 2 читање | 2 |
| | скратена и итна | 15 |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| декларации, резолуции | | - |
| одлуки | | 3 |
| информации, извештаи, програми, планови | | 7 |
| **јавни расправи** | | **1** |

# Комисија за локална самоуправа

Комисијата за локална самоуправа е постојано работно тело на Собранието на Република Северна Македонија, основано со Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Северна Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.85/14), со која се определени надлежностите на Комисијата.

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-локалната самоуправа,
-територијалната организација на локалната самоуправа во Република Северна Македонија,
-следење на развојот и мерките за унапредување на локалната самоуправа,
-следење на состојбата на територијалната организација и на стандардите за големина, населението и потребите на локалната самоуправа,
-следење на системот, политиката, мерките и инструментите за остварување на порамно-мерен регионален развој,
-воспоставување меѓународна соработка за прашања кои се однесуваат на локалната самоуправа и
-следење на остварувањето и користењето на средствата наменети за рамномерен регионален развој

*Комисијата за локална самоуправа на 12 февруари 2021 година го оддржа Првото продолжение на Првата седница на Комисијата со следниот дневен ред:*

*Предлог на стратегија за регионален развој на Република Северна Македонија 2020-2030.*

| ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **АНЕ ЛАШКОСКА,** претседател | |
| | **ЃОРЃИЈА САЈКОСКИ,** заменик на претседателот | |
| | **ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Ненад Коциќ | |
| 2. | Мартин Костовски | |
| 3. | Љупчо Балкоски | |
| 4. | Мирослав Јовановиќ | |
| 5. | Бастри Бајрами | |
| 6. | Миле Лефков | |
| 7. | Златко Пенков | |
| 8. | Иван Јорданов | |
| 9. | Силвана Ангелевска | |
| 10. | Исмаил Јахоски | |
| 11. | Бајрам Кадрија | |
| 12. | Атнан Незири | |
| | **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Миле Талевски | |
| 2. | Марија Костадинова | |
| 3. | Панчо Минов | |
| 4. | Фаница Николовска | |
| 5. | Костадин Костадинов | |
| 6. | Александар Велјановски | |
| 7. | Кирил Пецаков | |
| 8. | Здравко Трајанов | |
| 9. | Велика Стојкова-Серафимовска | |
| 10. | Фисникe Бектеши-Шаќири | |
| 11. | Мерита Колчи-Коџаџику | |
| 12. | Халил Снопче | |

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 1 |
| Вкупно разгледани точки | | 1 |
| **Поднесени амандмани** | | **15** |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | - |
| Закони | 1 читање | - |
| | 2 читање | - |
| | скратена и итна | - |
| информации, извештаи, програми, планови | | - |
| стратегии | | 1 |
| други акти | | - |
| **јавни расправи** | | **-** |

# Комисијата за еднакви можности на жените и мажите

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-разгледување на предлози на закони и други прописи што ги донесува Собранието од областа на трудот и социјалната политика, образованието и здравството, како и други предлози на закони и други прописи од аспект на вклученоста на родовиот концепт во нив,

-разгледување на Предлогот на Националниот план за акција за еднакви можности на жените и мажите,

-следење на усвојувањето и примената на основните и посебните мерки во сите области од јавниот и приватниот сектор преку доставени извештаи од Одделението за унапредување на рамноправноста меѓу половите при Министерството за труд и социјална политика,

-следење на системот на мерки за отстранување на нееднаквиот третман на жените и мажите преку доставени извештаи од Одделението за унапредување на рамноправноста меѓу половите при Министерството за труд и социјална политика,

-иницирање на донесување и изменување на закони и други прописи од областа на еднаквите можности на жените и мажите,

-поттикнување на соработката меѓу надлежните органи за прашања кои се однесуваат на еднаквите можности на жените и мажите,

-редовно информирање на Собранието за сите прашања сврзани со еднаквите можности на жените и мажите,

-соработка со соодветните комисии на другите земји и

-други прашања што се однесуваат на еднаквите можности на жените и мажите.

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **ГОРДАНА СИЛЈАНОВСКА ДАВКОВА,** претседател | |
| | **БЕТИ СТАМЕНКОСКА ТРАЈКОСКА,** заменик на претседателот | |
| | **ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Моника Зајкова | |
| 2. | Маја Морачанин | |
| 3. | Даниела Колева | |
| 4. | Марија Ангелова | |
| 5. | Силвана Ангелевска | |
| 6. | Рашела Мизрахи | |
| 7. | Марија Петрушевска | |
| 8. | Арта Билали-Зендели | |
| 9. | Фиснике Бектеши-Шаќири | |
| 10. | Илире Даути | |
| | **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Лидија Тасевска | |
| 2. | Соња Михаиловска | |
| 3. | Зеќир Рамчиловиќ | |
| 4. | Панчо Минов | |
| 5. | Лидија Петкоска | |
| 6. | Ели Панова | |
| 7. | Синиша Стојаноски | |
| 8. | Мерита Колчи-Коџаџику | |
| 9. | Арбана Пашоли | |
| 10. | Сафије Садики-Шаини | |

Комисијата за еднакви можности на жените и мажите на Собранието на Република Северна Македонија во периодот од 1 јануари  2021 до 31 декември 2021 година. работеше на седници, јавни расправи и работни состаноци.

*Во периодот од 1 јануари 2021 до 31 декември 2021 година Комисијата за еднакви можности на жените и мажите одржа 4 (четири) седници.*

**Третата седница** Комисијата за еднакви можности на жените и мажите на Собранието на Република С. Македонија ја одржа на 29 јануари 2021 година, со следниот **ДНЕВЕН РЕД:**

**1.Предлог на закон за изменување на Законот за еднакви можности на жените и мажите, по скратена постапка - II читање;**

**Четвртата седница** на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите се одржа на 5 март 2021 година со следниот **ДНЕВЕН РЕД:**

**1.Јавна расправа на тема: Годишен извештај за спроведување на Стратегијата за родова еднаквост за 2019 година**

**Петтата седница** Комисија за еднакви можности на жените и мажите на Собранието на Република С. Македонија ја одржа на 12 ноември 2021 година, со следниот ДНЕВЕН РЕД:

**1.Јавна расправа: Предлог на закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик (*) - I читање;**

**Шестата седница** на Комисија за еднакви можности на жените и мажите на Собранието на Република С. Македонија се одржа на ден 24 декември 2021 година, со следниот **ДНЕВЕН РЕД:**

**1.Јавна расправа на тема: Предлог стратегија за родова еднаквост 2021-2026**

***

На 15 јануари 2021 година Комисијата за еднакви можности на жените и мажите на Собранието на Република С. Македонија заедно со Клубот на пратенички, а во соработка со Мисијата на ОБСЕ во Скопје одржа **онлајн презентација** на наодите од анализата на Деловникот и Законот за собрание од аспект на родот и различностите изработена од експерти на ОДИХР.

На 25 февруари 2021 година беше организирана **Презентација на фискална анализа „ Справување со КОВИД-19: како трошењето на јавните пари влијае на родовата еднаквост?”** од Центарот за истражување и креирање политики во рамки на проектот „Мрежа за родово одговорно буџетирање во Западен Балкан и Република Молдавијаг, финансиски поддржан од Австриската агенција за развој и Шведската агенција за меѓународен развој и соработка, на која Гордана Сиљановска Давкова, претседателката на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите имаше поздравно обраќање.

На 1 март 2021 година членовите на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите учествуваа на **онлајн работилница** „РОД И ПАРЛАМЕНТАРЕН НАДЗОР ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА” на покана на DCAF.

На 4 март 2021 година, Комисијата за еднакви можности на жените и мажите **се сретна со претставнички на Националниот демократски институт (НДИ)**. Целта на состанокот беше НДИ да го претстави проектот WoMen Lead - Унапредување на родовата еднаквост преку политичкото учество на жените кој ќе го спроведува со поддршка на Шведската агенција за меѓународна развојна поддршка (Сида).

На 16 април 2021 година претседателките на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите и Клубот на пратенички, Горданна Силјановска Давкова и Лолита Ристова, како и пратнички од двете собраниски тела остварија **работна**

**средба со Националната Федерација на Фармери (НФФ).**

На 27 април 2021 година Комисијата за еднакви можности на жените и мажите на Собранието на Република Северна Македонија заедно со Клубот на пратенички, а во соработка со НДИ **организираше презентација на наодите од телефонската анкета за** „Влијанието на КОВИД-19 пандемијата врз жените и девојчињата во Република Северна Македонија.

**Првата тематска средба за родово сензитивни политики и процедури во Собранието** на 21 мај 2021 година со поддршка на Мисијата на ОБСЕ во Скопје, Комисијата за еднакви можности на жените и мажите и Клубот на пратенички ја одржаа на тема: „Репрезентативност во раководството, работните тела, делегациите и службатаг.

На 1 јуни 2021 година членови на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите заедно со Клубот на пратенички со посредство на Министерството за труд и социјална политика одржаа **состанок со претставници од Венецијанска комисија** во врска со нацрт верзијата на Законот за родова еднаквост.

**Втората тематска сесија** „Вознемирување и сексуално вознемирувањег се одржа на 2 јули 2021, а беше дел од циклусот работни состаноци чија цел е подобрување на Деловникот и другите процедури и политики во Собранието од аспект на родот и различностите.

На 24 септември 2021 година се одржа **Третата тематска сесија** за родово сензитивни политики и процедури во Собранието на која воведни излагања имаа Гордана Сиљановска Давкова, претседателка на Комисија за еднакви можности на жените и мажите и Лолита Ристова, претседателка на Клубот на пратенички.

Комисијата за еднакви можности на жените и мажите и Клубот на пратенички со поддршка од Мисијата на ОБСЕ во Скопје организираа **работилница за родово сезнитивни парламенти**, која се одржа од 16-18 ноември. Работилницата беше составена од неколку тематски сесии на кои се дискутираше за концептот на родово сензитивни парламенти, интегрирање на родот во процедурите и работењето на законодавниот дом, родово сензитивно законодавство, а посебен осврт се даде и на постигнувањата и предизвиците од имплементацијата на Планот на активности за унапредување на родовата сензитивност на Собранието 2020-2021.

На 30 ноември 2021 година пратениците и пратеничките од Комисиите за еднакви можности на жените и мажите и финансирање и буџет учествуваа на **работен состанок** на тема **„Која е родовата перспектива на Буџетот за 2022 година?”** на покана на Центарот за истражување и креирање политики во рамки на проект Мрежа за родово одговорно буџетирање за Западен Балкан и Република Молдавија, финансиран од Австриската агенција за развој и Шведската агенција за меѓународна развојна соработка.

**Меѓународни активности**

На 29 јануари 2021 година Комисијата за еднакви можности на жените и мажите заедно со Клубот на пратенички и Комисијата за европски прашања, одржа **состанок со европратеници од Комисијата за права на жените во Европскиот Парламент** на тема: „Јакнење на лидерството на жените во време на глобална здравствена криза”.

Гордана Сиљановска Давкова, претседателка на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите учествуваше на мултилатералниот состанок на Мрежата на комисии за човекови права и родова еднаквост во Западен Балкан (HUGEN) на тема „Влијание на COVID-19 пандемијата на жените, кој по пат на онлине платформа се одржа на 2 март 2021 година.

На 6 април 2021 година Гордана Силјановска Давкова, претседателката на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите, како и членовите на Комисијата учествуваа на регионална онлајн презентација на извештаите за постзаконодавниот надзор (ПЗН). Во координација со парламентарните комисии за човекови права и родова рамноправност на Западниот Балкан, проектот HUGEN на WFD работеше во текот на 2020 година на обезбедување доследна имплементација на законите за жени, лица со попреченост и други потенцијално маргинализирани групи.

Гордана Сиљановска Давкова, претседателка на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите, на 18 мај 2021 година учествуваше на онлајн дискусија на тема „Донесување на закони засновани на факти за спречување и борба против насилството врз жените, на покана на Парламентарното собрание на ОБСЕ, Секретаријатот на ОБСЕ и ОДИХР. Имајќи го предвид фактот дека во нашата држава неодамна беше усвоен Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство, организаторите ја поканија Сиљановска-Давкова како панелистка заедно со пратеничката Лазат Рамазанова од Парламентот на Казахстан и Јоана Мајкок, генерална секретарка на Европското женско лоби.

На 31 мај 2021 година Комисијата за еднакви можности на жените и мажите заедно со Постојаната анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот, на покана на Фондацијата за демократија на Вестминстер (ВФД) и мрежата ХУГЕН (Мрежа на комисиите за човекови права и родова еднаквост на Западен Балкан), присуствуваа на работниот состанок на кој беше презентиран нацрт извештајот за пост-законодавен надзор на Законот за општа управна постапка.

На 29 септември 2021 година Гордана Сиљановска Давкова, претседателката на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите на Собранието на Република С. Македонија учествуваше на онлајн Мултилатерален состанок на Мрежата на парламентарните комисии за човекови права и родова еднаквост на Западен Балкан (ХУГЕН) на покана на Фондацијата за демократија Вестминстер (ВФД). Тема на состанокот беше Подобрување на положбата на ромската заедница - Имплементација на регионалната декларација за интеграција на Ромите од Познан. На сесијата „Досегашната

примена на регионалната декларација за интеграција на Ромите од Познан- Натамошни чекори кон подобрување на положбата и квалитетот на животот на Ромите” говореше пратеничката Љатифе Шиковска, која е координаторка на Интерпартиската парламентарна група за поддршка на правата на Ромите, нивна инклузија и интеграција во Република С. Македонија.

Шестиот состанок на одборот на Мрежата на парламентарни комисии за човекови права и родова еднаквост на Западен Балкан (ХУГЕН) се одржа на 23 ноември 2021 година во Белград, а на него виртуелно учество зема Гордана Сиљановска Давкова, претседателка на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите.

Претседателката на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите, Гордана Сиљановска Давкова и пратеничката Љатифа Шиковска учествуваа на онлајн конференцијата „Инклузивни политики за Ромите”, која се одржа во Белград, Република Србија, на 8 декември 2021 година. Конференцијата беше организирана од Вестминстер фондацијата за демократија (WFD) и мрежата HUGEN (Мрежа на парламентарни комисии за човекови права и родова еднаквост на Западен Балкан) и поткомитетот за ромски прашања формиран во Народното собрание на Република Србија, а со поддршка на Мисијата на ОБСЕ во Србија.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 4 |
| Вкупно разгледани точки | | 4 |
| **Поднесени амандмани** | | **-** |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | 1 |
| Закони | 1 читање | - |
| | 2 читање | 1 |
| | скратена и итна | - |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| информации, извештаи, програми, планови | | - |
| иницијативи, стратегии | | - |
| други акти | | - |
| **јавни расправи** | | **3** |
| **надзорни расправи** | | **-** |

# Комисија за деловнички и мандатно-имунитетни прашања

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **ПАНЧО МИНОВ,**<br>претседател | |
| | **ДАРКО КАЕВСКИ,**<br>заменик на претседателот | |
| | **ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Белкиса Зеќири | |
| 2. | Марија Костадинова | |
| 3. | Енес Ибрахим | |
| 4. | Игор Јанушев | |
| 5. | Дајанчо Ефтимов | |
| 6. | Јован Јаулески | |
| 7. | Арбана Пашоли | |
| 8. | Скендер Реџепи | |
| | **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Горан Мисовски | |
| 2. | Соња Мираковска | |
| 3. | Даниела Маркоска | |
| 4. | Никола Мицевски | |
| 5. | Благица Ласовска | |
| 6. | Дафина Стојаноска | |
| 7. | Рина Ајдари | |
| 8. | Хусни Исмаили | |

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-спроведување на Деловникот на Собранието и на деловниците на работните тела и дава мислење за разрешување на спорни прашања,
-иницијативи за изменување на Деловникот на Собранието и деловниците на работните тела,
-предлагање на донесување, односно изменување и дополнување на Деловникот на Собранието,
-извештаите на Државната изборна комисија за пратеници од листата на кандидати кои станале пратеници за остатокот од мандатот,
-основите за престанок и одземање на мандатот на пратеник и за тоа на Собранието му поднесува извештај,
-имунитетот на пратениците, судиите и јавниот обвинител и неговите заменици,
-воспоставување меѓународна соработка за прашања кои се од деловнички карактер и кои се однесуваат на мандатно-имунитетните прашања и
-други прашања во врска со Деловникот и мандатно-имунитетните права.

**Комисијата за деловнички и мандатно - имунитетни прашања** во периодот од 1 јануари 2021 до 31 декември 2021 година има работено на седници, работилници и меѓународни конференции.

На 20 јануари 2021 година, Комисијата ја одржа Шестата седница со следниот дневен ред:

1. Предлог на закон за лобирање - I читање;

2.Расправа за примена на Деловникот на Собранието на Република Македонија од надлежност на Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања

На Седмата седница на Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања одржана на 15.02.2021 година беше разгледана следнава точка од дневниот ред:

1. Расправа за спроведување на препораките на ГРЕКО во однос на Упатството за примена на Кодексот за етичко однесување на пратениците во Собранието на Република Македонија

Осмата седница на Комисијата за деловнички и мандатно - имунитетни прашања на Собранието на Република Северна Македонија се одржа на 12 април 2021 година со следниот дневен ред:

1. Расправа за спроведување на Кодекс за етичко однесување на пратениците во Собранието на Република Македонија и Упатство за примена на Кодексот за етичко однесување на пратениците во Собранието на Република Македонија во првото тримесечје од 2021 година;

2. Предлози за меѓународна соработка на Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања со Парламентот на Република Романија во однос на Деловникот за работа и Парламентите на Република Грузија и Република Албанија во однос на Упатство за примена на Кодексот за етичко однесување на пратениците.

3. Информација од претседателот на Комисијата за деловнички и мандатно - имунитетни прашања во врска со активностите на Работната група за учество во Дијалогот „Жан Моне”.

Комисијата во рамките на своите надлежности кои произлегуваат од Деловникот на Собранието на Република Македонија и Одлуката за основање на работни тела, ги разгледува извештаите на Државната изборна комисија за пратеници избрани од листата на кандидати кои станале пратеници за остатокот од мандатот.

Согласно оваа надлежност Комисијата, на 30 јуни 2021 година го разгледа Извештајот на Државната изборна комисија за прифаќање на остатокот на мандатот за пратеник во Собранието на Република Северна Македонија, согласно членот 153 од Изборниот законик, и согласно членот 17 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, му предложи на Собранието на Република Северна Македонија да го верифицира мандатот за пратеникот од листата на кандидати за остатокот од мандатот:
Даниела Николова, поднесена од овластениот подносител КОАЛИЦИЈА МОЖЕМЕ (СОЦИЈАЛДЕМОКРАТСКИ СОЈУЗ НА МАКЕДОНИЈА - СДСМ, ПОЛИТИЧКА ПАРТИЈА ДВИЖЕЊЕ БЕСА – БЕСА, НОВА СОЦИЈАЛДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА – НСДП, ЛИБЕРАЛНО-ДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА – ЛДП, ПАРТИЈА ЗА ЕВРОПСКА ИДНИНА – ПЕИ, ОБЕДИНЕТА ПАРТИЈА ЗА ЕДНАКВОСТ НА РОМИТЕ – ОПЕР, ПАРТИЈА ЗА ДВИЖЕЊЕ НА ТУРЦИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА – ПДТ, ДЕМОКРАТСКИ СОЈУЗ НА ВЛАСИТЕ ОД МАКЕДОНИЈА – ДСВМ, НОВА АЛТЕРНАТИВА – НА, „ПАРТИЈА ЗА ЕКОНОМСКИ ПРОМЕНИ 21г – ПЕП 21, ПАРТИЈА ЗА ОПШТЕСТВЕН И ЕКОНОМСКИ НАПРЕДОК – ПОЕН, ДЕМОКРАТСКИ СОЈУЗ – ДС, ПОЛИТИЧКА ПАРТИЈА ДОСТОИНСТВО ППД, ДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА НА ТУРЦИТЕ НА МАКЕДОНИЈА, СРПСКА СТРАНКА ВО МАКЕДОНИЈА – ССМ, БОШЊАЧКИ ДЕМОКРАТСКИ СОЈУЗ, ПАРТИЈА НА ПЕНЗИОНЕРИ – ПП, ПАРТИЈА ЗА ДЕМОКРАТСКИ ПРОСПЕРИТЕТ НА РОМИТЕ – ПДПР, ВМРО-НАРОДНА ПАРТИЈА – ВМРО-НП, ДЕМОКРАТСКА ОБНОВА НА МАКЕДОНИЈА – ДОМ, ОБЕДИНЕТИ ЗА МАКЕДОНИЈА – ОМ,

ПАРТИЈА ЗА ЦЕЛОСНА ЕМАНЦИПАЦИЈА НА РОМИТЕ ОД РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – ЦЕР ОД РСМ И СОЈУЗ НА РОМИТЕ ОД МАКЕДОНИЈА), во Изборната единица број 1.

На 5 ноември 2021 година, го разгледа Извештајот на Државната изборна комисија за преземените работи согласно членот 153 од Изборниот законик, за прифаќање на остатокот на мандатот за пратеник во Собранието на Република Северна Македонија, и согласно членот 17 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, му предлага на Собранието да го верифицира мандатот на избраните пратеници од листата на кандидати за остатокот од мандатот:

ТОНИ ЈАРЕВСКИ, од листата на кандидати за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија за Изборната единица 1, на овластениот подносител ВМРО – ДПМНЕ И КОАЛИЦИЈА „ОБНОВА НА МАКЕДОНИЈА”.

ЗОРАН КОЦЕВСКИ, од листата на кандидати за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија за Изборната единица 2, на овластениот подносител ВМРО – ДПМНЕ И КОАЛИЦИЈА „ОБНОВА НА МАКЕДОНИЈА”.

ДРАГАН КОВАЧКИ, од листата на кандидати за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија за Изборната Единица 3, на овластениот подносител ВМРО – ДПМНЕ И КОАЛИЦИЈА „ОБНОВА НА МАКЕДОНИЈАг.

ЉУБИЦА СПАСОВА, поднесена од овластениот подносител КОАЛИЦИЈА МОЖЕМЕ (СОЦИЈАЛДЕМОКРАТСКИ СОЈУЗ НА МАКЕДОНИЈА - СДСМ, ПОЛИТИЧКА ПАРТИЈА ДВИЖЕЊЕ БЕСА – БЕСА, НОВА СОЦИЈАЛДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА – НСДП, ЛИБЕРАЛНО-ДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА – ЛДП, ПАРТИЈА ЗА ЕВРОПСКА ИДНИНА – ПЕИ, ОБЕДИНЕТА ПАРТИЈА ЗА ЕДНАКВОСТ НА РОМИТЕ – ОПЕР, ПАРТИЈА ЗА ДВИЖЕЊЕ НА ТУРЦИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА – ПДТ, ДЕМОКРАТСКИ СОЈУЗ НА ВЛАСИТЕ ОД МАКЕДОНИЈА – ДСВМ, НОВА АЛТЕРНАТИВА – НА, „ПАРТИЈА ЗА ЕКОНОМСКИ ПРОМЕНИ 21г – ПЕП 21, ПАРТИЈА ЗА ОПШТЕСТВЕН И ЕКОНОМСКИ НАПРЕДОК – ПОЕН, ДЕМОКРАТСКИ СОЈУЗ – ДС, ПОЛИТИЧКА ПАРТИЈА ДОСТОИНСТВО ППД, ДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА НА ТУРЦИТЕ НА МАКЕДОНИЈА, СРПСКА СТРАНКА ВО МАКЕДОНИЈА – ССМ, БОШЊАЧКИ ДЕМОКРАТСКИ СОЈУЗ, ПАРТИЈА НА ПЕНЗИОНЕРИ – ПП, ПАРТИЈА ЗА ДЕМОКРАТСКИ ПРОСПЕРИТЕТ НА РОМИТЕ – ПДПР, ВМРО-НАРОДНА ПАРТИЈА – ВМРО-НП, ДЕМОКРАТСКА ОБНОВА НА МАКЕДОНИЈА – ДОМ, ОБЕДИНЕТИ ЗА МАКЕДОНИЈА – ОМ, ПАРТИЈА ЗА ЦЕЛОСНА ЕМАНЦИПАЦИЈА НА РОМИТЕ ОД РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – ЦЕР ОД РСМ И СОЈУЗ НА РОМИТЕ ОД МАКЕДОНИЈА), во Изборната единица број 4.

ГРАЦИЈА БАКРАЧЕСКА, од листата на кандидати за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија за Изборната единица 5, на овластениот подносител ВМРО – ДПМНЕ И КОАЛИЦИЈА „ОБНОВА НА МАКЕДОНИЈА”.

ДРАГОЉУБ ФИЛИПОСКИ, поднесена од овластениот подносител КОАЛИЦИЈА МОЖЕМЕ (СОЦИЈАЛДЕМОКРАТСКИ СОЈУЗ НА МАКЕДОНИЈА - СДСМ, ПОЛИТИЧКА ПАРТИЈА ДВИЖЕЊЕ БЕСА – БЕСА, НОВА

СОЦИЈАЛДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА – НСДП, ЛИБЕРАЛНО-ДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА – ЛДП, ПАРТИЈА ЗА ЕВРОПСКА ИДНИНА – ПЕИ, ОБЕДИНЕТА ПАРТИЈА ЗА ЕДНАКВОСТ НА РОМИТЕ – ОПЕР, ПАРТИЈА ЗА ДВИЖЕЊЕ НА ТУРЦИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА – ПДТ, ДЕМОКРАТСКИ СОЈУЗ НА ВЛАСИТЕ ОД МАКЕДОНИЈА – ДСВМ, НОВА АЛТЕРНАТИВА – НА, „ПАРТИЈА ЗА ЕКОНОМСКИ ПРОМЕНИ 21г – ПЕП 21, ПАРТИЈА ЗА ОПШТЕСТВЕН И ЕКОНОМСКИ НАПРЕДОК – ПОЕН, ДЕМОКРАТСКИ СОЈУЗ – ДС, ПОЛИТИЧКА ПАРТИЈА ДОСТОИНСТВО ППД, ДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА НА ТУРЦИТЕ НА МАКЕДОНИЈА, СРПСКА СТРАНКА ВО МАКЕДОНИЈА – ССМ, БОШЊАЧКИ ДЕМОКРАТСКИ СОЈУЗ, ПАРТИЈА НА ПЕНЗИОНЕРИ – ПП, ПАРТИЈА ЗА ДЕМОКРАТСКИ ПРОСПЕРИТЕТ НА РОМИТЕ – ПДПР, ВМРО-НАРОДНА ПАРТИЈА – ВМРО-НП, ДЕМОКРАТСКА ОБНОВА НА МАКЕДОНИЈА – ДОМ, ОБЕДИНЕТИ ЗА МАКЕДОНИЈА – ОМ, ПАРТИЈА ЗА ЦЕЛОСНА ЕМАНЦИПАЦИЈА НА РОМИТЕ ОД РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – ЦЕР ОД РСМ И СОЈУЗ НА РОМИТЕ ОД МАКЕДОНИЈА), во Изборната единица број 6.

***Меѓународна соработка и работилници***

**3 и 4 март 2021**, **Партнерството за демократија на Претставниочкиот дом на САД (House Democracy Partnership) во соработка со** Мисијата на ОБСЕ во Скопје, НДИ и Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања одржаа **Вебинар за развој и имплементација на законодавната рамка за етика.**

**28 април, 2021,** Вебинар на тема ***Парламентарни стандарди за однесување и етика во парламентите на Грузија и Албанија****,* во организација на Мисијата на ОБСЕ во Скопје во соработка со НДИ преку Програмата за Парламентарна Поддршка со поддршка на Собранието на Република Северна Македонија во исполнување на препораките на ГРЕКО.

**17 и 25 мај и 4 и 28 јуни 2021,** Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања во соработка со ***Програмата за парламентарна поддршка (Мисијата на ОБСЕ во Скопје и НДИ) организираа работилници на тема:*** *Примена на етичкиот кодекс за пратениците во Собранието на Република Северна Македонија****.***

***Работилница за финализација на Етичкиот кодекс и Упатството за примена на етичкиот кодекс***, 10-12 септември во хотел Радика, Леуново.

***Работилница за парламентарна етика и интегритет*** *во “Хотел Парк”, Скопје, во организација на Мисијата на ОБСЕ во Скопје, 9 декември 2021 година*.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 5 |
| Вкупно разгледани точки | | 8 |
| **Поднесени амандмани** | | **-** |
| Закони по области | политички систем | 1 |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | - |
| Закони | 1 читање | 1 |
| | 2 читање | - |
| | скратена и итна | - |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| информации, извештаи, програми, планови | | 7 |
| иницијативи, стратегии | | - |
| други акти | | - |
| **јавни расправи** | | **-** |
| **надзорни расправи** | | **-** |

| Комисија за | Одржани седници | Вкупно разгледани точки | Буџет, ребаланс | Закони постапка | | | Поднесени амандмани | ратификации | други акти | јавни расправи | надзорни расправи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | 1 читање | 2 читање | скратена, итна | | | | | |
| уставни прашања | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Законодавно-правна комисија | 65 | 395 | 2 | 145 | 108 | 77 | - | 19 | 44 | - | - |
| одбрана и безбедност | 17 | 42 | - | 15 | 11 | - | 1 | - | 16 | - | - |
| политички систем и односи меѓу заедниците | 27 | 45 | - | 6 | 3 | 11 | 1 | - | 24 | 1 | - |
| надворешна политика | 5 | 23 | - | - | - | - | - | 19 | 4 | - | - |
| европски прашања | 17 | 38 | - | 19 | 15 | 3 | 5 | - | 1 | - | - |
| прашања на изборите и именувањата | 8 | 39 | - | - | - | - | - | - | 38 | 1 | - |
| Постојана анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот | 1 | 3 | - | - | - | - | - | - | 3 | - | - |
| надзор над работата на Управата за безбедност и контраразузнавање и на Агенцијата за разузнавање | 3 | 10 | - | - | - | - | - | - | 10 | - | - |
| надзор над спроведувањето на мерките за следење на комуникациите од страна на МВР и МО | 8 | 24 | - | - | - | - | - | - | 24 | - | - |
| финансирање и буџет | 23 | 131 | 4 | 47 | 34 | 24 | 15 | - | 22 | - | - |
| економски прашања | 7 | 23 | - | 9 | 9 | 3 | - | - | 2 | - | - |
| земјоделство, шумарство и водостопанство | 10 | 41 | - | 17 | 15 | 8 | 2 | - | 1 | - | - |
| транспорт, врски и екологоја | 13 | 58 | - | 13 | 13 | 8 | 4 | - | 24 | - | - |
| образование, наука и спорт | 6 | 12 | - | 7 | 3 | 1 | - | - | - | 1 | - |
| култура | 2 | 5 | - | - | - | 5 | - | - | - | - | - |
| здравство | 13 | 30 | - | 19 | 5 | 6 | 3 | - | - | - | - |
| труд и социјална политика | 11 | 30 | - | 2 | 2 | 15 | 7 | - | 10 | 1 | - |
| локална самоуправа | 1 | 1 | - | - | - | - | 15 | - | 1 | - | - |
| еднакви можности на жените и мажите | 4 | 4 | - | - | 1 | - | - | - | - | 3 | - |
| деловнички и мандатно-имунитетни прашања | 5 | 8 | - | 1 | - | - | - | - | 7 | - | - |
| **Вкупно:** | **246** | **962** | **6** | **300** | **219** | **161** | **53** | **38** | **230** | **7** | **-** |

# 4.2 ПОСЕБНИ РАБОТНИ ТЕЛА

## 4.2.1. КОМИТЕТ ЗА ОДНОСИ МЕЃУ ЗАЕДНИЦИТЕ

**НАДЛЕЖНОСТИ:**
-го следи обезбедувањето на правата на припадниците на заедниците кои не се мнозинство во Републиката утврдени со Уставот и закон;
-разгледува начелни прашања од областа на односите меѓу заедниците и извршувањето на законите, другите прописи и општи акти со кои се уредуваат односите меѓу заедниците;
-укажува на потребата за донесување закони и други прописи и општи акти со кои се уредуваат односите меѓу заедниците ;
-остварувањето на правото на употреба на јазикот и писмото на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија, утврдено со Уставот и закон;
-разгледува начелни прашања од областа на односите меѓу заедниците и извршувањето на законите, другите прописи и општи акти со кои се уредуваат односите меѓу заедниците;
-укажува на потребата за донесување закони и други прописи и општи акти со кои се уредуваат односите меѓу заедниците ;
-остварувањето на правото на употреба на јазикот и писмото на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија, утврдено со Уставот и закон;
разгледува прашања во врска со односите меѓу заедниците во Република Северна Македонија, дава предлози и мислења за решавање на прашањата во врска со односите меѓу заедниците во Република Северна Македонија и предлозите и мислењата ги доставува до Собранието и
-Комитетот донесува одлука за начинот на одлучување во Собранието при донесување на закони во случај на спор во врска со спроведувањето на постапката на гласање кои се однесуваат и особено ги засегаат културата, употребата на јазиците, образованието, личните документи и употребата на симболите.

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **АРБАНА ПАШОЛИ,** претседател | |
| | **ЕНЕС ИБРАИМ,** заменик на претседателот | |
| **ЧЛЕНОВИ** | | |
| | **Од редот на пратениците Македонци** | |
| 1. | Лазе Таневски | |
| 2. | Боби Мојсоски | |
| 3. | Марија Георгиевска | |
| 4. | Даниела Марковска | |
| 5. | Дафина Стојаноска | |
| 6. | Александар Вељановски | |
| 7. | Велика Стојкова-Серафимовска | |
| | **Од редот на пратениците Албанци** | |
| 8. | Мерита Колчи Коџаџику | |
| 9. | Берат Ајдари | |
| 10. | Бедри Фазли | |
| 11. | Кастриот Реџепи | |
| 12. | Скендер Реџепи | |
| 13. | Сурија Рашиди | |
| 14. | **Од редот на заедницата на Власите**, Љупчо Балкоски | |
| 15. | **Од редот на пратениците Роми**, Љатифе Шиковска | |
| 16. | **Од редот на пратениците Срби**, Иван Стоилковиќ | |
| 17. | **Од редот на пратениците Бошњаци**, Зеќир Рамчиловиќ | |

*Комитетот за односи меѓу заедниците во текот на извештајниот период одржа* ***пет седници*** *со* ***една точка*** *на дневен ред.*

**Активности**

**Втората седница** на Комитетот за односи меѓу заедниците се одржа на 27 јануари 2021 година со дневен ред:

-презентација на Предлог на програма за работа на Комитетот за односи меѓу заедниците во текот на 2021 година
-разно

**Третата седница** на Комитетот **с**е одржа на 18 февруари 2021 година со дневен ред:

-утврдување Агенда на активности на Комитетот за односи меѓу заедниците за 2021 година и усвојување на Програма за работа на Комитетот за односи меѓу заедниците во текот на 2021 година;
-разно

**Четвртата седница** на Комитетот се одржа на 12 март 2021 година со дневен ред:

**-**презентација на Прviот Заменик на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за политички систем и односи меѓу заедниците за целите и функциите на Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците

**Петата седница** на Комитетот се одржа на 12 јули 2021 година со дневен ред:

-Презентација на г. Јетон Шаќири, министер за информатичко општество и администрација во функција на реализација на Програмата за работа на Комитетот за 2021 година со посебен осврт на остварување на принципот на соодветната и правичната застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници во органите на државната власт и во другите институции на сите нивоа

**Шестата свечена седница** на Комитетот се одржа на 29 јули 2021 година по повод одбележувањето на 20 годишнината на Охридскиот рамковен договор.

Претседателката на Комитетот за односи меѓу заедниците, г-ѓа Арбана Пашоли, во текот на извештајниот период остварила средби со:

-со евроамбасадорот, Н.Е. Дејвид Гир, и политичкиот советник, г-ѓа Јоана Штуберт, на **1 февруари 2021 година.** На средбата беше разговарано за целите, надлежностите на Комитетот и неговата улога во остварување на правата на националните заедници во Република Северна Македонија.

-со Роберт Алаѓозовски, Национален координатор за интеркултурализам, едно општество, развој на културата и меѓуресорска соработка на **3 февруари 2021 година.** На средбата се зборуваше за целта и улогата на Националната стратегија за развој на концептот за едно општество и интеркултурализмот 2020-2022 година, документ кој беше изработен од експертски тим, релевантни државни институции, и невладини организации.

-преку Zoom платформата, работна средба на претседателката на Комитетот, Арбана Пашоли и членот на Комитетот, Љатифе Шиковска , **на 7 април 2021 г.** со претставници од Здруженијата на граѓани на заедниците - Мрежа за мултикултурно општество, со претставници на Канцеларијата на Европска Унија во Република Северна Македонија, претставници на на ОБСЕ, НДИ и ИРИ. На средбата присуствуваа г. Мирољуб Орландиќ, од црногорската заедница и претседател на Мрежата за мултикултурно општество, г. Рубин Земон од Сојузот на балканските Египќани, г. Жарко Камчев од хрватската заедница и г. Андреј Тимофејев од руската заедница. Од нивна страна беа презентирани нивните потреби, идеи и

размислувања во насока на подобрување на застапеноста на припадниците на помалите заедници во Република Северна Македонија. Беше истакнато дека членовите на КОМЗ се отворени за понатамошна соработка и заеднички активности со ММО.

-со здруженијата на граѓани на заедниците - Мрежа за мултикултурно општество предводени од г. Миролуб Орландиќ. Во средбата учествуваше и директорот на Агенцијата за остварување на правата на заедниците АОПЗ, г. Еран Куртиш и заменикот на ова агенција г. Џелал Хоџиќ **на 20 мај 2021 година.** Средбата претставуваше продолжение на соработката со претставниците на заедниците вклучени во Мрежата за мултикултурно општество со што се создава простор за запознавање со нивните потреби, барања како и остварување на заедничките активности во иднина.

-со претставници на Делегацијата на Европската Унија на **03 јуни (четврток)** во просториите на Делегацијата.

- со членовите на Комитетот за односи меѓу заедниците на **8 јуни (вторник) 2021 година**. Средбата претставуваше продолжение на соработката помеѓу членовите кои се пријавени во областа на културата. Учесниците во дискусијата ги презентираа нивните предлози како да придонесуваат за развојот на културата притоа ставајќи посебен акцент на потребата за соработка со Министерството за култура и со Националниот координатор за интеркултурализам, едно општество, развој на културата и меѓуресорска соработка

- министерката за образование и наука Мила Царовска на **14 јуни (понеделник) 2021 година** во просториите на МОН. Оваа средба се реализираше во рамките на агендата на активности на работната група за соработка со МОН, со една единствена цел, а тоа е иницирањето на меѓусебната соработка во однос на прашања кои се однесуваат на зголемување на свеста за интеркултурната едукација, разгледување и поддршка на проекти кои имаат за цел зајакнување на мултиетничките амбиенти и третирање на инклузивниот концепт како една неопходна иднина во образованието во 21 век.

-со Роберт Алаѓозовски, Национален координатор за интеркултурализам, едно општество, развој на културата и меѓуресорска соработка на **30 јуни 2021 година (среда) и** со членовите на Комитетот за односи меѓу заедниците. Средбата претставуваше продолженије на соработката со Националниот координатор.

- со **Филипе Керн,** основач и директор на KEA European Affairs, меѓународен истражувачки центар за култура, спорт, едукација и млади на **03 август 2021 година.** Соговорниците разменија мислења за важноста на меѓусебната соработка притоа г. Керн изрази подготвеност и желба преку своето знаење и искуство да придонесе за потребите на Комитетот во однос на прашањата околу унапредувањето на културата.

-со директорот на ИРИ во Босна и Херцеговина, Борислав Спасојевиќ, неговата соработничка и програм офицер, Анеса Османовиќ и Џевахире Прутхи Зајази,

програмски менаџер во Канцеларијата на ИРИ во Република Северна Македонија на **14 декември 2021 година (вторник)**.

На средбата се водеше дискусија во однос на аспектите за поголема демократија и подобрување на безбедносен амбиент и хармонија во меѓуетничките односи во државата и на државата во меѓународните релации и врски, како и релациите со евро–атланската заедница.

# 4.3 СОВЕТИ

## 4.3.1 СОВЕТ НА СОБРАНИСКИ КАНАЛ

**НАДЛЕЖНОСТИ**

- донесува годишна програма за содржината на програмите што се емитуваат на Собранискиот канал, а ги обезбедува Собранието согласно со членот 32-а од овој закон, најдоцна до 1 јуни во тековната година за наредната година,
-донесува годишен план за видот и содржината на програмите од работата на Собранието со учество на пратениците, едукативните програми и програмите од информативен карактер што Собранието ги изработува самостојно или копродукциски, најдоцна до 1 јуни во тековната година за наредната година,
- ја следи релизацијата на годишниот план за видот и содржината на програмите од работата на Собранието со учество на пратениците, едукативните програми и програмите од информативен карактер што Собранието ги изработува самостојно или копродукциски,
- дава насоки на Собранискиот канал за програмската шема и ја разгледува реализацијата на програмската шема најмалку на три месеци и дава забелешки и предлози во врска со програмската шема,
-донесува финансиски и инвестиционен план на Собранискиот канал, за програмските содржини од членот 32-а од Законот за Собранието на Република Македонија,
го разгледува и дава мислење на годишниот извештај за работа на јавниот радиодифузен сервис за претходната година во делот за Собранскиот канал,
- ја разгледува програмата за работа и финансискиот план на јавниот радиодифузен сервис за наредната година во делот за Собранскиот канал,
- донесува деловник за својата работа и
- врши други работи поврзани од работата на Собранискиот канал
- донесува финансиски и инвестиционен план на Собранискиот канал, за програмските содржини од членот 32-а од Законот за Собранието на Република Македонија

Ингеренциите на Советот на Собранискиот канал се содржани во Законот за Собранието на Република Македонија (Службен весник на Република Македнија број 104/2009) и Законот за изменување и дополнување на Законот за Собранието на Република Македонија (Службен весник на Република Северна Македонија број 174/2021).

Унапредувањето на Собранискиот канал ја наметна потребата од измена и дополна на Законот за Собранието на Република Македонија во делот за Собранискиот канал и допрецизирање на одредбите што се однесуваат за емитување на програмите на Собранискиот канал, надлежностите на Советот на Собранисиот канал и неговото работење (Службен весник на Република Северна Македнија број 174/2021), кој се донесе на седницата на Собранието одржана на 29 јули 2021 година.

На Собранискиот канал се емитуваат активности од работата на Собранието и

други програмски содржини под услови и начин утврдени со закон.

Собранискиот канал ги информира и образува граѓаните за политичкиот живот, преку парламентарни, образовни и граѓански програми.

Собранискиот канал емитува програми од интерес за социјалната кохезија, меѓуетничкиот соживот, културните разлики и борбата против сите видови дискриминација и нуди програми кои ја одразуваат разноликоста на македонското општество.

Собранискиот канал се грижи за обезбедување на политичката рамноправност и соодветна јазична застапеност во емитуваните програми.

Собранието обезбедува услови за пренос на телевизиски сигнал до јавниот радиодифузен сервис, а јавниот радиодифузен сервис до крајните корисници. Собранието за Собранискиот канал може да обезбеди услови и за дополнителни услуги како електронски програмски водич, телопи и титлови.

На Собранискиот канал се емитуваат директни преноси од седниците на Собранието, директни преноси и снимки од седниците на работните тела и на другите тела на Собранието.

На Собранискиот канал може да се емитуваат:

-меѓународни активности, официјални државни посети и средби на претседателот на Собранието и на постојаните делегации во меѓународните парламентарни собранија, повремените делегации на Собранието и пратеничките групи за соработка со другите парламенти,

-свечени настани кои се одржуваат во Собранието и

- конференции, културни и други настани кои се одржуваат во Собранието или настани кои се под покровителство на Собранието.

На Собранискиот канал може да се емитуваат програми од работата на Собранието со учество на пратениците, едукативни програми и програми од информативен карактер кои Собранието ги изработува самостојно или копродукциски. Едукативните програми и програмите од информативен карактер особено се наменети за информирање на граѓаните за прашања од надлежност на Собранието. Содржините за Собранискиот канал ги обезбедува Собранието. Трошоците за создавање на овие програмски содржини се обезбедуваат од Буџетот на Собранието.

На Собранискиот канал може да се емитуваат седници на Европскиот парламент, Генералното собрание на Организацијата на Обединетите Нации, како и седници, конференции и други активности на меѓународни организации.

Собранието склучува договор со јавниот радиодифузен сервис за

емитувањето на активности на Собранието и на други програмски содржини на Собранискиот канал.

Собранието може да воспостави соработка за преземање програмски содржини, кои што ќе се емитуваат на Собранискиот канал, врз основа на одлука на Советот на Собранискиот канал.

Уредувачката одговорност на Собранискиот канал ја има јавниот радиодифузен сервис.

Јавниот радиодифузен сервис е должен да постапува согласно годишната програма за содржините на програмите на Собранискиот канал.

Програмската шема на Собранискиот канал се усогласува со Советот на Собраниски канал на начин утврден со Законот за Собранието на Република Македонија и договорот кој Собранието го склучува со јавниот радиодифузен сервис за емитувањето на активности на Собранието и на други програмски содржини на Собранискиот канал.

Собранието основа Совет на Собранискиот канал кој е составен од претседател и 10 члена од кои шест пратеници од парламентарното мнозинство и четири пратеници од парламентарната опозиција.

На предлог на претседателот на Собранието, потпретседателот на Собранието од редот на опозицијата е претседател на Советот на Собранискиот канал.

Претседателот и членовите на Советот на Собранискиот канал ги избира Собранието.

До изборот на претседателот на Советот, седниците ги свикува и со Советот претседава претседателот на Собранието, со право на одлучување.

Членовите на Советот на Собранискиот канал имаат свои заменици предложени и избрани по истиот критериум како и членовите.

Советот на Собранискиот канал работи на седници.

Седница на Советот свикува претседателот на Советот. Претседателот свикува седница и ако тоа го побара претседателот на Собранието или најмалку една третина од членовите на Советот, кои треба да доставаат материјал за прашањето што предлагаат да се стави на дневен ред на седницата.

Ако претседателот на Советот не свика седница кога е должен тоа да го стори, седницата ја свикува претседателот на Собранието и со седницата претседава членот на Советот што ќе го определи претседателот на Собранието до завршувањето на седницата.

Во работата на Советот на Собранискиот канал, присуствуваат генералниот Секретар на Собранието и раководителот на организационата единица надлежна за поддршка на Советот на Собранискиот канал или лице кое тој ќе го определи, без право на одлучување.

Во работата на Советот на Собранискиот канал учествува главниот и одговорен уредник на Собранискиот канал, а во случај на негова спреченост присуствува овластен претставник на јавниот радиодифузен сервис без право на одлучување.

Во работата на Советот на Собранискиот канал по потреба учествуваат и надворешни членови експерти од соодветна област, без право на одлучување.

Советот на Собранискиот канал одлучува со мнозинство гласови од присутните членови, а најмалку со една третина од вкупниот број членови.

Годишната програма и годишниот план Советот на Собранискиот канал ги доставува до јавниот радиодифузен сервис и ги објавува на веб-страницата на Собранието во рок од три дена од денот на донесувањето.

Советот на Собраниски канал, финансискиот и инвестиционен план го донесува најдоцна до 30 јуни во тековната за наредната година и го доставува на согласност до Буџетскиот совет на Собранието.

Буџетскиот совет е должен да ја донесе одлуката за давање на согласност на финансиски и инвестиционен план на Собранискиот канал најдоцна до 15 јули во тековната за наредната година. Доколку Буџетскиот совет не донесе одлука за давање на согласност, се смета дека согласноста е дадена.

Доколку во Собранието не е основан Совет на Собраниски канал и не е донесен финансискиот и инвестиционен план средствата за Собранискиот канал во Предлог-буџетот на Собранието за наредната година ќе бидат утврдени врз основа на последниот донесен финансиски и инвестиционен план на Собранискиот канал.

Советот на Собранискиот канал во овој мандат сеуште не е формиран.

## 4.3.2. БУЏЕТСКИ СОВЕТ НА СОБРАНИЕТО

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-утврдува стратешки приоритети на Собранието на Република Северна Македонија за наредната година и нивно вклучување во Буџетот на Република Северна Македонија со предлагање на посебни програми и потпрограми,
-дава упатства и насоки за подготвување на предлогот на буџетските барања и потребите за работа на Собранието,
-се грижи и врши усогласување на предлогот на буџетските барања и потреби на Собранието, согласно со максималните износи на одобрени средства утврдени со одлука на Владата на Република Северна Македонија,
-го следи извршувањето на расходите во Буџетот на Собранието на Република Северна Македонија и предлага прераспределба на средствата во рамките на одобрените средства со Буџетот на Република Македонија;
-донесува деловник за својата работа, и
-врши и други работи утврдени со закон.

Покрај овие надлежности, Буџетскиот совет утврдува и стратешки приоритети на Собранието на Република Северна Македонија најмалку за наредните три години.

Буџетскиот совет на Собранието на Република Северна Македонија е основан со Одлука за основање на Буџетски совет на Собранието на Република Македонија, донесена на седницата на Собранието одржана на 26 јуни 2008 година ("Службен весник на РМ" бр. 77/2008 година). Оваа одлука престана да важи со денот на влегувањето во сила на Законот за Собранието на Република Македонија (''Службен весник на Р.М'' бр.104/2009).

Буџетскиот совет има претседател, заменик претседател и 9 членови од редот на пратениците на Собранието на Република Северна Македонија. Претседател на Буџетскиот совет е еден од потпретседателите на Собранието, а заменик претседател е претседателот на Комисијата за финансирање и буџет.

На седниците на Буџетскиот совет, без право на одлучување, присуствува генералниот секретар на Собранието на Република Северна Македонија и раководителот на организационата единица надлежна за финансиски прашања или лице кое тој ќе го определи.

Со седниците на Буџетскиот совет претседаваше потпретседателот на Собранието на Република Северна Македонија и претседател на Буџетскиот совет, г.Горан Мисовски.

Во извештајниот период Буџетскиот совет одржа три седници на кои беа разгледани 6 точки.

На седницата одржана на 15 февруари 2021 година Буџетскиот совет врз основа на членот 40-њ став 1 од Законот за Собранието на Република Македонија (''Службен весник на Република Македонија број 104/2009 и ''Службен весник на Република Северна Македонија 14/2020''), ја донесе Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на собраниските службеници за 2021 година. Согласно оваа Одлука вредноста на бодот за пресметување на

платите на собраниските службеници за 2021 година изнесува 81.6 денари.

На истата седница Буџетскиот совет на Собранието на Република Северна Македонија, врз основа на членовите 27 и 40-е од Законот за Собранието на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 104/2009 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 14/20), членот 25 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ број 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 143/19 и 14/20), членовите 105 и 106 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ број 62/2005, 106/2008, 161/2008, 114/2009, 130/2009, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 110/19 и 267/20) ја донесе Одлуката за начинот на утврдување на платите на вработените во Службата на Собранието на Република Северна Македонија кои вршат помошно-технички работи и немаат статус на административни службеници.

На седницата одржана на 27 мај 2021 година Буџетскиот совет врз основа на членот 40-љ став 4 од Законот за Собранието на Република Македонија (‘’Службен весник на Република Македонија број 104/2009 и 14/2020’’), донесе Одлука за давање на финансиска согласност на Предлог-годишниот план за изменување на Годишниот план за вработување во Службата на Собранието за 2021 година.

На седницата одржана на 30 јули 2021 година Буџетскиот совет го разгледа Предлог-стратешкиот план на Собранието на Република Северна Македонија за периодот 2022-2026 година и врз основа на расправата едногласно ги усвои следните Заклучо ци:

1. Буџетскиот совет согласно членот 27 од Законот за Собранието на Република Македонија, го разгледа и го утврди Стратешкиот план на Собранието на Република Северна Македонија за периодот 2022-2026 година.

2. Буџетскиот Совет констатира дека Стратешкиот план на Собранието на Република Северна Македонија за периодот 2022-2026 година и утврдените стратешки приоритети имаат за цел зајакнување на институционалните и функционалните капацитети на Собранието како базичен предуслов за квалитетно, рационално и ефикасно остварување на надлежностите на Собранието.

3. Овие заклучоци, заедно со Стратешкиот план на Собранието на Република Северна Македонија, да се доставаат до претседателот на Собранието на Република Северна Македонија и до генералниот секретар на Собранието на Република Северна Македонија.

На истата седница Буџетскиот совет на Собранието на Република Северна Македонија го разгледа Предлог-буџетското барање на Собранието на Република Северна Македонија за 2022 година и врз основа на расправата едногласно ги усвои следните заклучоци:

Буџетскиот совет на Собранието на Република Северна Македонија го разгледа и утврди Предлог-буџетското барање на Собранието за 2022 година.

2. Буџетскиот совет смета дека финансиските средства кои се планирани во Предлог-буџетското барање на Собранието на Република Северна Македонија за 2022 година се во согласност со реалните потреби на Собранието, а со цел навремено, квалитетно и континуирано извршување на надлежностите на Собранието на Република Северна Македонија.

3. Финансиската проекција на средства во Предлог-буџетското барање на Собранието на Република Северна Македонија за 2022 година е во функција на реализација на целите и приоритетите кои се утврдени во Стратешкиот план на Собранието на Република Северна Македонија за периодот 2022-2026 година.

4. Овие заклучоци на Буџетскиот совет на Собранието на Република Северна Македонија да се достават до претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, генералниот секретар на Собранието на Република Северна Македонија и Секторот за финансиски прашања во Собранието на Република Северна Македонија.

На оваа седница Буџетскиот совет согласно надлежностите утврдени во членот 40-љ од Законот за Собранието на Република Македонија (''Службен весник на Република Македонија број 104/2009 и 14/2020'') донесе Одлука за давање на финансиска согласност на Годишниот план за вработување во Службата на Собранието за 2022 година.

## 4.3.3.НАЦИОНАЛЕН СОВЕТ ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ

Националниот совет за евроинтеграции претставува широка платформа преку која се овозможува инклузивност на сите општествени фактори во креирањето, дебатата и следењето на европската интеграција на државата.

Во извештајот за работата на Националниот совет за евроинтеграции за 2021 година презентирани се:

- правната рамка за основање, состав и работа на Советот,
- одржани седници на Националниот совет за евроинтеграции и
- остварени билатерални средби на претседателот на Националниот совет за евроинтеграции.

**ПРАВНА РАМКА ЗА ОСНОВАЊЕ, СОСТАВ И РАБОТА НА НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ**

Националниот совет за евроинтеграции (НСЕИ) е формиран со Одлука за основање на Национален совет за евроинтеграции (“Службен весник на Република Македонија” бр.140/2007) донесена на седницата на Собранието одржана на 19 ноември 2007 година. Согласно оваа Одлука, Советот е надлежен да:

-го следи и оценува текот на активностите за добивање членство на Република Македонија во Европската Унија;

-дава мислења и насоки во врска со подготовките за започнување на преговорите за добивање членство на Република Македонија во Европската Унија;

-дава мислења и насоки за преговарачките позиции на Република Македонија;

-разгледува информации за процесот на преговарањето;

-дава мислења за прашањата кои ќе се отворат во текот на преговарањето;

-ги разгледува и оценува активностите на одделни членови вклучени во преговарачките тимови;

-одржува, преку претседателот на Советот постојани консултации и размена на информации со претседателот на Република Македонија, претседателот на Владата на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија;

-одржува постојани консултации со шефот на преговарачкиот тим и министерот за надворешни работи;

-по потреба дава мислења за усогласување на законодавството на Република Македонија со правото на Европската Унија и

-најмалку двапати годишно го известува Собранието на Република Македонија за својата работа.

Актуелниот состав на Советот е определен со Одлука за именување на претседател, потпретседател, членови и заменици-членови на Националниот совет за евроинтеграции, која Собранието ја донесе на седницата одржана на 23 декември 2020 година (Службен весник

бр.310/2020 год), како и со две измени на Одлуката донесени од Собранието во текот на 2021 година (Службен весник бр.88/2021 и бр.173/2021).

Во работата на Националниот совет за евроинтеграции учествуваат претставници на законодавната и извршната власт, претставници на локалната власт, МАНУ, на граѓанското општество претставено преку членови или претставници од: Здружението на новинарите на Македонија, стопанските комори, синдикатите, верските заедници. Составот на Националниот совет за евроинтеграции ги рефлектира различните политички, етнички, верски и интересни групи во македонското општество обединети во заедничката цел – членството во Европската Унија.

Согласно Одлуката за основање на НСЕИ ("Службен весник на Република Македонија" бр.140/2007), претседателот на Советот се именува од редот на пратениците кои се во опозиција, а потпретседателот од редот на пратениците кои се во позиција.

Во членот 3 од Одлуката за основање на НСЕИ, утврден е составот на Советот: претседател и потпретседател, 15 члена и тоа: девет члена од редот на пратениците во Собранието и шест члена од други институции: заменикот на претседателот на Владата задолжен за европски прашања, претставник од Кабинетот на претседателот на државата, претставник од Кабинетот на претседателот на Владата, претставник од Македонската академија на науките и уметностите, од Заедницата на единиците на локалната самоуправа (ЗЕЛС) и од Здружението на новинарите на Македонија (ЗНМ). Овие шест членови учествуваат во работата на Советот без право на одлучување.

Претседателот на НСЕИ, согласно членот 5 од Одлуката за основање на НСЕИ, на 14 јануари 2021 год. достави дописи до 11 организации со цел да номинираат претставник за учество во работата на НСЕИ. Во текот на 2021 година, во работата на НСЕИ учествува 8 номинирани претставници од: Стопанската комора на Северна Македонија, Сојузот на стопанските комори на Македонија, Сојузот на синдикати на Македонија, Конфедерацијата на слободни синдикати на Македонија, Македонската православна црква-Охридска Архиепископија, Исламската верска заедница, Католичката црква и Евангелско-методистичката црква.

Начинот на работа на Советот, одлучувањето, правата и обврските на претседателот, потпретседателот, членовите на Советот, замениците членови како и претставниците, нивното присуство и учество во работата на Советот, јавноста во работата и вршењето на стручните, административните и другите работи за потребите на Советот, се уредени со Деловник донесен консензуално на седница одржана на 25 октомври 2011 година.

Согласно членот 7 став 2 од Деловникот, Советот одлучува со консензус на присутните членови што имаат право на одлучување.

## СЕДНИЦИ НА НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ

Националниот совет за евроинтеграции во текот на 2021 година одржа 4 седници.

**Првата седница на НСЕИ се одржа на 7 јуни 2021 година, на која се расправаше за Перспективите за европската интеграција на државата во пресрет на јунскиот самит на**

**Европскиот совет, како и за Планот на активности на НСЕИ за периодот јуни 2021-јуни 2022 година.** На седницата свои обраќања имаа претседателот на НСЕИ Александар Николоски, потпретседателката на НСЕИ Соња Мираковска како и заменикот на претседателот на Владата задолжен за европски прашања и член на Советот, Никола Димитров.

Вицепремиерот Никола Димитров истакна дека "државата ги исполни сите предуслови и според многу земји членки и претставници на институциите на ЕУ, ние сме веројатно најдобро подготвената земја за почеток на преговорите. За отстранување на пречките потребно ни е квалитетно и одржливо решение кое не навлегува во нашите идентитетски прашања и кое ќе биде еден вид инвестиција за градење односи на пријателство врз основа на заемна почит. Процесот на европеизација мора одлучно и посветено да продолжи со исполнување на реформската агенда пред сè поради подобрување на животот на граѓаните". Вицепремиерот Димитров ја истакна улогата на Националниот совет за евроинтеграции како директен учесник и важен чинител во процесот на интеграцијата во ЕУ и дека ова тело треба да генерира синергија за надминување на разликите низ отворен дијалог бидејќи европската агенда е заедничка и обединувачка кауза и мисија.

Претседателот на НСЕИ, Александар Николоски, потенцираше дека за значајно тело како Националниот совет, неопходна е тесна соработка на сите членови и претставници заради остварување на неговата клучна улога. Во оваа насока од сите политички партии застапени во Собранието се очекува активно учество и создавање клима за конструктивна работа која ќе придонесе за напредок на европската интеграција на државата. Николоски нагласи дека консезусот во државата за членство во ЕУ е неподелен, потребна е сериозна надворешна политика. Владеењето на правото, реформата во јавната администрација, реформите во безбедносно разузнавачките структури и засилувањето на економската активност, остануваат клучни приоритети на кои интензивно треба да се посвети внимание.

Потпретседателката на НСЕИ Соња Мираковска, истакна дека членството во ЕУ е стратешка цел и повика што поскоро земјата да ги започне преговорите за членство и без одложување, имајќи ја предвид сложеноста на процесот и реформите кои треба да бидат исполнети. Доколку исклучокот стане правило, ЕУ ќе го загуби кредибилитетот за ветување што го има дадено кон земјите кандидати.

На седницата на НСЕИ со свои дискусии и сугестии учествуваа: Љупчо Пренџов, Гордана Силјановска Давкова, Арбер Адеми - членови на Советот; Тимчо Муцунски, заменик-член; Данела Арсовска претставник од Сојузот на стопанските комори на Македонија; Александар Наумоски, претставник од Заедницата на единиците за локалната самоуправа; Антони Пешев, претставник од Стопанската комора на Македонија и Дриљон Исени од Стопанската комора на Северозападна Македонија. Во дебата на седницата беа покренати повеќе прашања за: важноста од политичката волја за напредок во евроинтеграциите; потребата што побрзо да започнат преговорите; потребата за известување за степенот на реализација на активностите предвидени во клучните планови и документи во процесот на евроинтеграцијата; степенот на подготвеност на администрацијата за водење на преговорите; за динамиката на користење на финансиските инструменти и за потребата за почитување на законодавната постапка при донесување на закони со ЕУ знаменце. Претставниците од стопанските комори укажаа дека постигнувањето консензус меѓу политичките чинители е многу важно за стопанството, за да се

почуствува стабилност и сигурност во борбата против сивата економија и против корупцијата. Се повика на потребата стопанствениците да бидат консултирани за законодавните реформи, да се избегнат скратените постапки при донесување на законите и за квалитетна имплементација на законите во праксата. Беше потенцирано на потребата локалната самоуправа, општините и градот Скопје да се вклучат во деталната агенда и транспонирањето на законодавството, како и за конкретни насоки за општините за да бидат спремни за процесот на преговорите.

Националниот совет за евроинтеграции на Првата седница одржана на 07 јуни 2021 година по повод расправата по вПерспективите за европската интеграција на државата во пресрет на јунскиот самит на Европскиот Советг, со консензус ги усвои следните **заклучоци:**

1. “Националниот совет за евроинтеграции потенцира дека европската интеграција останува врвен стратешки приоритет за државата. Донесувањето на одлука да се отворат пристапните преговори ќе претставува придобивка за натамошен напредок во процесот на пристапување, одржливост на реформите, поттик за нови реформи, за зајакнување на меѓуетничките односи и веродостојна европска перспектива.

   Во оваа насока, Националниот совет за евроинтеграции ја очекува Преговарачката рамка од страна на Европскиот Совет и првата меѓувладина конференција, што е можно поскоро и без натамошно одлагање. Потребна е јасна перспектива за државата во пристапувањето во Европската Унија и временска рамка за идните преговори согласно новата Методологија за преговарање.
2. Националниот совет за евроинтеграции констатира дека зајакнувањето на добрососедските односи врз основа на заемната почит, регионалната стабилност и соработка е исклучително важна во пристапувањето во Европската Унија.

   Советот повикува процесот за пристапување на државата во Европската Унија да не се блокира или одложува, а билатералните прашања да не се дел од Преговарачката рамка.
3. Националниот совет за евроинтеграции ги поздравува заложбите на Португалското претседателство со Советот на Европската Унија, за политиката за проширувањето како и напорите за интеграција на регионот во ЕУ.

   Истовремено, се повикува следното претседателство со Советот на ЕУ - Република Словенија да даде приоритет на усвојување на Преговарачката рамка и конечен почеток на пристапните преговори со Република Северна Македонија со одржување на меѓувладина конференција, доколу тоа не се случи за време на Португалското претседателство.
4. Националниот совет повикува на одржување на конструктивен политички дијалог во Собранието и продолжување на активностите за зајакнување на неговата надзорна и законодавна функција.
5. Националниот совет за евроинтеграции ја потенцира потребата за спроведување на клучните реформи со цел државата да се прилагоди на стандардите и вредностите на Европската Унија за владеењето на правото, почитување на човековите права, независноста на судството, борбата против корупцијата, слободата на медиумите и заштита на малцинствата.

6. Националниот совет за евроинтеграции повикува на поширока дебата за следната фаза од процесот на европската интеграција, меѓу извршната власт, Собранието, граѓанскиот сектор, локалната самоуправа и стопанството, особено за процесот на преговорите и улогата на Собранието во процесот на пристапување во Европската Унија.
7. Националниот совет за евроинтеграции го повикува Собранието во рамки на Дијалогот Жан Моне, да ги продолжи активностите за усогласување на деловниците за работа на Собранието и на Владата, во насока на одредбите за транспонирање на правото на ЕУ како и меѓуинституционалната соработка за европските прашања.
8. Советот ја поздравува заедничката Декларација на Европскиот парламент, Европската комисија и Советот на ЕУ од мај годинава, за Конференцијата за иднината на Европа. Во оваа насока Советот повикува во Конференцијата за иднината на Европа да се даде можност за вклучување и на земјите и граѓаните од Западен Балкан, во заедничката визија за иднината на Европа.
9. Со овие заклучоци од седницата на Националниот совет за евроинтеграции, да бидат запознати Собранието, Владата и Делегацијата на Европската Унија во Република Северна Македонија.
10. Заклучоците да се објават на интернет страницата на Собранието за да бидат достапни до пошироката јавност".

На Првата седницата НСЕИ со консензус усвои План на активности на Националниот совет за евроинтеграции за периодот јуни 2021-јуни 2022 година .

**Втората седница на Националниот совет за евроинтеграции се одржа на 15 јули 2021 година и истата беше заедничка седница со Комисијата за европски прашања на која беше презентирана Програмата и приоритетите за работата на Словенечкото претседателство со Советот на Европската Унија за периодот јули - декември 2021 година, од страна на словенечкиот амбасадор, Н.Е. Милан Предан.**

На заедничката седница учествуваа министерот за надворешни работи, членови на Комисијата за европски прашања, Комисијата за надворешна политика и МПК РСМ-ЕУ, претставници од Секретаријатот за европски прашања, граѓански организации, претставници од државни институции и амбасадори на земји членки на ЕУ во земјата.

Во обраќањето Словенечкиот амбасадор Н.Е. Милан Предан истакна дека проширувањето на ЕУ со земјите од Западен Балкан останува високо на агендата на Словенечкото претседателство и во таа насока е и Самитот ЕУ - Западен Балкан, во Брдо. Амбасадорот Предан изрази надеж дека до самитот во Брдо, ќе се добие јасна слика за решавање на спорот меѓу Скопје и Софија. „Клучното прашање не е кој е во право во овој спор, туку како да се дојде до решениег во овој контекст амбасадорот додаде дека е потребна политичка волја и прагматизам од двете страни,

Амбасадорот Предан ги презентираше клучните приоритети на шестмесечното претседателство на Словенија: издржливост, закрепнување и стратешка автономија на ЕУ, вклучително предизвиците на пандемијата, сајбер безбедноста, економско закрепнување,

зелена транзиција и дигитална трансформација; Конференција за иднината на Европа; Унија на европски начин на живот, владеење на правото и еднакви критериуми за сите; Кредибилна и безбедна ЕУ. Во рамки на претседателството со ЕУ се и конференциите за сајбер безбедност и за климатски промени, како и две пленарни дебати за иднината на Европа, со покана и на претставници од Западен Балкан.

Шефот на Делегацијата на Европската унија Н.Е. Дејвид Гир истакна дека нема друга алтернатива од влезот во ЕУ и за остварување на таа цел, потребна е заедничка работа за решавање на отворените прашања. „Секој чекор во имплементација на реформите поврзани со ЕУ, е чекор поблизу до Унијата", истакна амбасадорот Гир.

Во обраќањето министерот за надворешни работи, Бујар Османи го потенцираше максималниот ангажман за решавање на спорот со Бугарија и дека за нас е значајно решението да се базира на европски вредности и добрososедски односи. Битна е константноста на ЕУ во изнаоѓањето на решението која започна од Германија, преку Португалското претседателство и Словенија.

Во дебатата на Втората седница на Советот од редот на пратеници учествуваа потпретседателката на НСЕИ Соња Мираковска, претседателот на Комисијата за европски прашања Арбер Адеми, претседателот на Мешовитиот парламентарен комитет РСМ-ЕУ Биљал Касами, државната секретарка во Секретаријатот за европски прашања Калинка Габер, членот на Националниот совет Рина Ајдари, членот на Комисијата за европски прашања Халил Снопче, претседателката на Сојузот на стопански комори на Македонија Данела Арсовска, претставникот од Конфедерацијата на слободни синдикати на Македонија Благоја Ралповски и претставникот од Стопанската комора на Северозападна Македонија, Неби Хоџа.

**Третата седница на НСЕИ се одржа на 21.11.2021 год. и 03.12.2021 год. со точка на дневен ред - Извештај на Европската комисија за Република Северна Македонија за 2021 година.** На седницата на 21.11.2021 год. присуствуваа Шефот на Делегацијата на ЕУ во Република Северна Македонија, Н.Е.Дејвид Гир, амбасадорот на Република Словенија Н.Е.Милан Предан, амбасадорот на Република Франција, Н.Е.Сирил Бомгартнер и амбасадорката на Сојузна Република Германија Н.Е. Анке Холштајн.

Шефот на Делегацијата на Европската Унија Н.Е. Дејвид Гир на седницата на 21 ноември 2021 год. истакна дека презентацијата на Извештајот во Собранието пред Националниот совет за евроинтеграции е од особена важност затоа што Собранието е основниот форум за јавна политичка дебата во земјата, а НСЕИ игра важна улога во вклучувањето на преставници од политичкиот спектар во поддршка на реформската агенда за европските интеграции. Амбасадорот Гир даде силен поттик за преземање иницијативи за промовирање на консензус меѓу релевантните чинители во процесот на европската интеграција. Извештајот за 2021 година за првпат е конципиран согласно новата методологија за проширување на ЕУ и препораките се поделени според кластерите. Амбасадорот Гир истакна дека Извештајот повикува на зајакнување на Собранието како форум за конструктивен политички дијалог особено во насока на реформската агенда за европските интеграции, но и потребата да се обрне големо внимание на забрзаните постапки кои што треба да бидат ограничени за да се обезбеди ефективен надзор и процес на консултации. Извештајот нотира дека предлозите за внатрешните реформи на

Собранието усогласени на третиот циклус на Дијалог “Жан Моне” на почетокот од 2020 година, сеуште не се спроведени. Соработката со граѓанското општество особено во цивилните и надворешните механизми за надзор на полицијата и разузнавачките служби е од особено значење. Амбасадорот Гир потенцираше дека Собранието има клучна улога во унапредувањето на европската агенда и испрати јасна порака до институциите и законодавниот дом, да соработуваат заедно со ЕУ во спроведувањето на реформите.

Продолжението на Третата седница на НСЕИ се одржа на 3 декември 2021 год. на која присуствуваа: Џулиан Васало, заменик-шеф на Делегацијата на ЕУ; Н.Е.Милан Предан, амбасадор на Република Словенија и Ото Граф, заменик-амбасадор на Сојузна Република Германија. На седницата на Националниот совет за евроинтеграции со свои дискусии и сугестии учествуваа: Александар Николоски претседател на Советот, Соња Мираковска потпретседателка на Советот, вицепремиерот задолжен за европски прашања Никола Димитров, Џулиан Васало заменик шеф на Делегацијата на Европската унија како и членовите на Советот Рина Ајдари, Зекир Рамчиловиќ, Љупчо Пренџов и Гордана Силјановска Давкова.

Заменик шефот на Делегацијата на ЕУ, г.Џулијан Васало го поздрави нивото на дебатата која се води во НСЕИ и истакна дека Европската унија го очекува усвојувањето на преговарачката рамка врз чија основа ќе се водат преговорите со земјата. Во оваа насока европските институции работат силно и посветено за да се разрешат процесите и разговорите меѓу двете држави. Во однос на работата на Собранието се укажа на фактот нотиран во Извештајот на Европската комисија за 2021 год., за соработката на позицијата и опозицијата во донесувањето на одредени закони кои се значајни за пристапувањето кон ЕУ.

Заменик-претседателот на Владата задолжен за европски прашања, Никола Димитров истакна дека европската интеграција на земјата го обединува македонското општество и процесот го гледа како шанса за заедничка работа и обединување на позицијата и опозицијата по примерот на Словенија, Хрватска и Шпанија. Според анализата на Секретаријатот за европски прашања, 57% од наодите во Извештајот на Европската комисија за 2021 год. претставуваат напредок, додека 43% се препораки каде се потребни конкретни чекори за подобрување. Во насока на усогласувањето на законодавството со правото на ЕУ, вицепремиерот Димитров апелираше да се донесат европските закони кои се во Собраниска процедура, и укажа на важноста на Дијалогот Жан Моне и спроведување на реформите во Собранието.

Претседателот на НСЕИ Александар Николовски, информираше дека по состанокот на Советот на ЕУ планиран за 14 декември и состанокот на Европскиот совет, без оглед на донесената одлука, ќе се одржи седница на Националниот совет фокусирана на европските интеграции на државата. Николоски изрази надеж дека одлуката на Европскиот совет ќе биде позитивна - дека ќе се определи датум за почеток на преговорите со ЕУ. Николоски се освrна на позиционирањето на државата во регионот и во европските интеграции, внатрешните односи и економската состојба. Клучна придобивка од членството во ЕУ се владеење на правото и подобар животен стандард.

Потпретседателката на НСЕИ Соња Мираковска истакна дека Извештајот на Европската Комисија за 2021 год. јасно покажува дека предвидената агенда е спроведена и дека земјата продолжува да ги исполнува критериумите за почеток на преговорите за членство во ЕУ.

Мираковска укажа дека не треба да бидат дозволени историски вета кои ќе ги обесхрабрат интеграциските процеси на земјите кандидати, партнери од Западниот Балкан.

На Третата седница на НСЕИ со свои дискусии и сугестии учествуваа и членовите на Советот: Рина Ајдари, Зеќир Рамчиловиќ, Љупчо Пренџов и Гордана Силјановска-Давкова. На седницата присуствуваа и претставници од: Сојузот на стопанската комора, Сојузот на стопанските комори, Стопанската комора на Северозападна Македонија, Конфедерацијата на слободни синдикати, Сојузот на синдикати на Македонија, Македонска православна црква – ОА.

**Четвртата седница на Националниот совет за евроинтеграции се одржа на 21 декември 2021 година со точка на дневен ред - Заклучоци на Советот за општи работи на ЕУ за проширувањето и Процесот на стабилизација и асоцијација, одржан на 14 декември 2021 година.**

На седницата на НСЕИ присуствуваше Н.Е. Дејвид Гир, шеф на Делегацијата на Европската Унија како и Заменикот на претседателот на Владата задолжен за европски прашања Никола Димитров.

Во дебатата на седницата учествуваа: Александар Николоски претседател на Советот, Соња Мираковска потпретседателка на Советот, Никола Димитров заменик-претседател на Владата задолжен за европски прашања, Дејвид Гир Шеф на Делегацијата на ЕУ, и членовите на Советот Антонијо Милошоски, Арбер Адеми, Љупчо Пренџов, Фисникe Бектеши Шаќири и Гордана Силјановска-Давкова. Во дебатата учествуваа и пратеничките Жаклина Пешевска и Бисера Костадиновска Стојчевска. На седницата присуствуваа и претставници од Стопанската комора на Северозападна Македонија, Конфедерацијата на слободни синдикати, Сојузот на синдикати на Македонија и Македонската православна црква - ОА.

На седницата учесниците дебатираа за процесот на проширување на ЕУ и перспективите за Западен Балкан, добрососедските односи во регионот, за процесот на европската интеграција на државата, за билатералните спорови и можни решенија за надминување, за потребата за национално единство и недвосмислена поддршка на институциите во процесот на интеграцијата. На седницата се дебатираше за актуелните реформи во државата, соработката меѓу опозицијата и позицијата, беа отворени прашања во врска со иницијативата Отворен Балкан, за родовото сензитивно буџетирање и др. Од говорниците беше изразена надеж и очекување дека државата конечно ќе ги започне пристапните преговори за членство во Европската унија.

Претседателот на НСЕИ Александар Николоски, укажа дека јасна и неподелена е одлуката на власта, на опозицијата, на клучните политички партии во државата, граѓаните за поддршка на членството во ЕУ. Доколку пристапниот процес е замрзнат актуелни се најмалку две прашања кои заслужуваат одговор: дали постои јасна визија и стратегија за државата и за регионот; и дали постои план за идно дејствување. Претседателот на Советот се осврна на здравствената, енергетската и економската криза - како предизвици со кои државата се соочува и кои што делумно се производ на неуспешни политики на Владата, но делумно се и регионални и глобални феномени за кои што се очекуваат одговори како државата може да се движи понатаму. Во дискусијата беше нагласено дека недостасува здрава дебата меѓу политичката и општествена елита, коморите, синдикатите, граѓанскиот сектор, религиозните заедници во однос на клучните перспективи за регионот и процесот на европската интеграција.

Заменикот на претседателот на Владата задолжен за европски прашања и член на НСЕИ, Никола Димитров во своето обраќање укажа дека иако заклучоците на Советот за општи работи на ЕУ не утврдуваат јасна временска рамка за почеток на пристапните преговори, сепак се нотира дека Унијата со нетрпение очекува, што е можно поскоро, нивно отпочнување – факт нотиран и во март 2020 година, кога беше донесена политичката одлука за пристапни преговори. Димитров укажа дека прашањето со Бугарија е прашање на нацијата и државата и ги надминува интересите на една или друга Влада. Според Димитров, имајќи ја во предвид Резолуцијата која што беше донесена во Собранието, каде што се утврдуваат црвените линии по ова прашање од највисок национален интерес, логички и легитимно е да се изгради политичка атмосфера во насока дека било какво решение, што мора да биде европско и достоинствено, биде на валидација во Парламентот.

Потпретседателката на НСЕИ Соња Мираковска истакна дека во заклучоците, Европската унија декларативно стои на ставот дека европската перспектива за Западен Балкан е приоритет и дека ЕУ максимално ќе се вложи за нивна реализација. Во однос на спорот со Бугарија, исклучително е важно ЕУ да вклучи свои механизми кој ќе го помогнат процесот. Во решавање на спорот, од ЕУ се бара да бидат изричито почитувани човековите права и правото на самоопределување, права кои ОН им ги гарантира на сите нации. Во Собранието треба да се донесуваат важните одлуки и ќе мора да се расправа за идните чекори, процесот да биде потранспарентен и да бидат вклучени и пратениците.

Шефот на Делегацијата на Европската Унија, Н.Е. Дејвид Гир, истакна дека заклучоците на Советот, носат многу важни пораки и ја потврдуваат заложбата на ЕУ за проширувањето, опишувајќи ја како клучна политика и стратешка инвестиција за мирот, демократијата, просперитетот, безбедноста и стабилноста во Европа. Советот на ЕУ ја повторува недвосмислената поддршка на ЕУ за европската перспектива на Западен Балкан. Амбасадорот Гир истакна дека во октомври 2021 година, кога беше презентиран Извештајот на Европската комисија од страна на комесарот Вархеји, беше констатирано дека земјата ги има исполнето условите за отворање на преговорите. Амбасадорот Гир порача дека реформите се во срцта на заклучоците, реформите се најважни и треба да земат место во сите делови на општеството, преку целата политичка елита, при што ја пренесе пораката од ЕУ за нивната подготвеност и поддршка на земјата на патот кон ЕУ.

**Остварени билатерални средби на претседателот на НСЕИ**

Претседателот на Националниот совет за евроинтеграции во текот на 2021 година оствари 19 средби од меѓународен карактер**:**

- на 12. 1.2021 г. со Н.Е. Војциех Тицињски, амбасадор на Република Полска;
- на 13. 1.2021г. со Н.Е. Анке Холштајн, амбасадор на Република Германија;
- на 14. 1.2021г. и на 23.11.2021 со Н.Е. Дејвид Гир амбасадор и шеф на Делегацијата на ЕУ;
- на 15. 1.2021г. со Н.Е. Милан Предан, амбасадор на Република Словенија;
- на 15. 1.2021г. со Н.Е. Нивес Тигањ, амбасадор на Република Хрватска;
- на 22. 1.2021г. со Н.Е. Георг Вуцас, амбасадор на Република Австрија;

- на 25. 1.2021г. со Н.Е. Мирослав Томан, амбасадор на Република Чешка;
- на 26. 1.2021г. со Н.Е. Сибил Бомгартнер, амбасадор на Република Франција;
- на 27. 1..2021г. со Н.Е. Емилио Лоренцо Сера, амбасадор на Кралство Шпанија;
- на 2. 2.2021г. со Н.Е. Мариа Вирџинија Мендес да Силва Пина, амбасадор на Република Португалија;
- на 3. 2.2021г. со Н.Е. Дирк Јан Коп, амбасадор на Кралство Холандија,
- на 9. 2.2021г. со Н.Е. Кристин Форсгрен Бенгтсон, амбасадор на Кралство Шведска;
- на 15. 2.2021 г. со Н.Е. Ангел Ангелов, амбасадор на Република Бугарија;
- на 15. 2.2021 г. со Н.Е. Ласло Иштван Дукс, амбасадор на Република Унгарија;
- на 24. 2.2021 г. со Н.Е. Адела Моника Аксинте, амбасадор на Република Романија;
- онлајн состанок на 4. 3.2021г. со Андреас Шидер, европратеник и претседател на Делегацијата во Мешовитиот парламентарен комитет ЕУ-Република Северна Македонија;
- на 30.07.2021г. со Кристијан Сагарц, пратеник во Европскиот парламент и известител во сенка на Европската народна партија за Република Северна Македонија;
- на 09.09.2021г. со Н.Е. Андреа Силвестри, амбасадор на Република Италија.

# 4.4 ДРУГИ ТЕЛА

## 4.4.1 КЛУБОВИ НА ПРАТЕНИЦИ

### 4.4.1.1 КЛУБ НА ЖЕНИ ПРАТЕНИЦИ

**Клубот на пратенички на Собранието на Република Северна Македонија во периодот од 1 јануари 2021 до 31 декември 2021 година. работеше на работни состаноци, средби, работилници, а се вклучи и во одбележување на кампањата „16 дена активизам против родово базирано насилство”**

На 15 јануари 2021 година Клубот на пратенички заедно со Комисијата за еднакви можности на жените и мажите на Собранието на Република С. Македонија, а во соработка со Мисијата на ОБСЕ во Скопје одржа **онлајн презентација** на наодите од анализата на Деловникот и Законот за собрание од аспект на родот и различностите изработена од експерти на ОДИХР.

На 22 февруари 2021 година Претседателката на Клубот на пратенички, Лолита Ристова, оствари **средба со шефот на Делегацијата на Европската Унија** во Република Северна Македонија, Дејвид Гир.

На 16 април 2021 година Претседателките на Клубот на пратенички и на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите и Лолита Ристова и Гордана Силјановска Давкова како и пратнички од двете собраниски тела остварија **работна средба со Националната Федерација на Фармери (НФФ).**

На 27 април 2021 година Клубот на пратенички заедно со Комисијата за еднакви можности на жените и мажите на Собранието на Република С. Македонија, а во соработка со НДИ **организираше презентација на наодите од телефонската анкета за** „Влијанието на Ковид-19 пандемијата врз жените и девојчињата во Република Северна Македонија.”

На 18 мај 2021 година **Претседателството на Клубот** на пратенички на Собранието на Република Северна Македонија одржа состанок, на кој се дискутираше за активностите од неговото формирање, барањата од НВО и идните активности.

**Прва тематска средба за родово сензитивни политики и процедури во Собранието** на Клубот на пратенички и Комисијата за еднакви можности на жените и мажите се одржа на 21 мај 2021 година со поддршка на Мисијата на ОБСЕ во Скопје, на тема: „Репрезентативност во раководството, работните тела, делегациите и службата”.

**Втората тематска сесија** „Вознемирување и сексуално вознемирување” се одржа на 2 јули 2021, а беше дел од циклусот работни состаноци чија цел е подобрување на Деловникот и другите процедури и политики во Собранието од аспект на родот и различностите.

На 29 јули 2021 **Претседателството на Клубот на пратенички** одржа состанок на кој беа разгледани предлог на измените на Изборниот законик. На состанокот се дискутираше за изнаоѓање решенија кои ќе овозможат заштитни механизми за почитување на принципот на родова еднаквост.

На 24 септември 2021 година се одржа **Третата тематска сесија** за родово сензитивни политики и процедури во Собранието на која воведни излагања имаа Гордана Сиљановска Давкова, претседателка на Комисија за еднакви можности на жените и мажите и Лолита Ристова, претседателка на Клубот на пратенички.

Претседателката на Клубот на пратенички, Лолита Ристова на 15 септември 2021 година учествуваше на панелот **„Улогата на парламентите во унапредувањето на родовата еднаквостг во рамките на КОНФЕРЕНЦИЈА „ЖЕНИТЕ ВО НАДВОРЕШНАТА ПОЛИТИКА**” во организација на Министерството за надворешни работи. Конференцијата беше под покровителство на Првата дама на Република Северна Македонија. Целта на оваа конференција беше да се создаде платформа за размена на гледишта за актуелни прашања поврзани со родовата еднаквост преку учество на високи политички претставници, експерти и дипломати од регионот, претставници на меѓународните организации и на граѓанското општество.

На 20 септември 2021 година Претседателката на Клубот на пратенички Лолита Ристова зеде учество на **вебинарот на тема „Родовите социоекономски влијанија на КОВИД-19 врз жените”**, кој беше организиран во рамките на Програмата за парламентарна поддршка на НДИ во соработка со Регионалната иницијатива на НДИ за законодавно зајакнување.

Клубот на пратенички на 4 ноември 2021 година одржа **работна средба со НДИ и со претставнички на Националната мрежа против насилство врз жените и семејно насилство**, која подготви документ за дополнување и изменување на Предлогот кој Владата го усвои на 26 јули и го достави до Собранието на Република Северна Македонија, а се однесува на измени и дополнувања на Кривичниот законик и негово усогласување со одредбите на Истанбулската конвенција.

Клубот на пратенички и Комисијата за еднакви можности на жените и мажите со поддршка од Мисијата на ОБСЕ во Скопје организираа **работилница за родово сезнитивни парламенти**, која се одржа од 16-18 ноември. Работилницата беше составена од неколку тематски сесии на кои се дискутираше за концептот на родово сензитивни парламенти, интегрирање на родот во процедурите и работењето на законодавниот дом, родово сензитивно законодавство, а посебен осврт се даде и на постигнувањата и предизвиците од

имплементацијата на Планот на активности за унапредување на родовата сензитивност на Собранието 2020-2021.

Во организација на НДИ претседателката Лолита Ристова и Заменик претседателката Благица Ласовска на **4ти октомври 2021** учествуваа со видео обраќање (social video media). Идејата на овој концепт беше да се создаде мост помеѓу политичарките и да се поврзат жените од различни политички партии за да се обединат под едно заедничко мото „Заокружи НЕ за насилство врз жени во политиката" – од кампањата за елиминација на насилството врз жените во политиката и охрабрување на другите жените активно да се вклучат во политичкиот живот.

На 9 декември 2021 годнина Собранието на Република Северна Македонија во организација на Клубот на пратенички, а со поддршка на UnWomen се вклучи во одбележување на кампањата „16 дена активизам против родово базирано насилствог. **„Не молчи, не трај, СТАВИ КРАЈ!"** Преку годинешното мото Северна Македонија се приклучи на глобалната кампања „Обој го светот во портокалово за крај на насилството врз жени и девојчиња, сега!".

***

Меѓународни активности

На 29 јануари 2021 година Клубот на пратенички заедно со Комисијата за еднакви можности на жените и мажите и Комисијата за европски прашања, одржа **состанок со европратеници од Комисијата за права на жените** во Европскиот Парламент на тема: „Јакнење на лидерството на жените во време на глобална здравствена кризаг.

На 12, 19 и 26 февруари 2021 година се одржа виртуелна програма **Глобалната размена: зајакнување, омоќнување и интегрирање на учеството на жените во парламентите. На истата учествуваа** пратеничките Арта Биљали-Зендели, Лолита Ристова и Марија Петрушевска . Оваа размена на искуства на пратенички од Гамбија, Грузија, Ерменија, Либерија, Кенија, Северна Македонија и Украина, беше организирана од страна на Партнерството за демократија на Претставничкиот дом на САД (ХДП) и Националниот демократски институт (НДИ). На оваа размена беа претставени стратегии за зголемување на политичкото учество на жените во парламентот и интеграција на родот во парламентарната структура , внатрешни процедури за работа, родово одговорно буџетирање, како и за справување со национални кризи и улогата на жените во одлучувањето.

На 1 јуни 2021 година членови на Клубот на пратенички заедно со Комисијата за еднакви можности на жените и мажите со посредство на Министерството за труд и социјална политика одржаа **состанок со претставници од Венецијанска комисија** во врска со нацрт верзијата Законот за родова еднаквост.

На **7ми октомври 2021**,во организација на ОБСЕ и ОДИХР претседателката Лолита Ристова учествуваше на онлајн округла маса на тема ,,Алијанса на жени парламентарки на

Република Таџикистан, развој на регулатива, акциски план и активности за градење на капацитети,, .Претседатеката Лолита Ристова говореше во панелот ,,Клубот на пратенички на Република Северна Македонија-споделување на најдобри практики,,.

На покана на Германската амбасадорка Анике Холстеин на 02 декември 2021 претседателата на Клубот на пратенички Лолита Ристова учествуваше на приемот под мото ,,Women belong in all places where decisions are being made. It shouldn’t be that women are the exception.” На настанот се оствария меѓусебни контакти и размена со жени од разни сфери на општествено политичкиот живот, претставнички од бизнис секторот и од други меѓународни организации.

На 17 декември 2021 година Претседателката на Клубот на пратенички, Лолита Ристова учествуваше на **состанок за координација и планирање за пратенички, а во врска со основање на алијанса на пратенички во Парламентот на Република Албанија**. Ристова учествуваше во сесијата за размена на искуства со Клубовите на пратенички на земјите од регионот.

Во месец декември 2021 година координирана е средба за размена на искуствува помеѓу Клубот на пратенички на Собранието на Република Северна Македонија и алијансата на пратенички во парламентот на Косово која е во фаза на конституирање со цел размена на искуства и позитивни практики.

## 4.4.1.2 КЛУБ НА МЛАДИНСКИ ПРАШАЊА И ПОЛИТИКИ

Клубот за младински прашања и политики кој беше формиран на крајот на 2020 година, во текот на 2021 година работеше на изработка на план за работа, консултации и дебати со млади и младински организации и поголема видливост на младинските прашања во Собранието.

Координатор на клубот за овој период беше пратеникот Јован Јаулески. Во клубот членуваа 13 пратеници кои се помлади од 35 години (Артина Ќазими, Бојан Стојаноски, Дарко Каевски, Дарко Костовски, Иван Јорданов, Кирил Пецаков, Костадин Костадинов, Јован Јаулески, Марија Петрушевска, Моника Зајкова, Сафије Садики-Шаини, Тимчо Муцунски и Фисникe Бектиши-Шаќири).

По локалните избори во октомври 2021 година, имаше промени во дел од составот на клубот, по што клубот брои девет членови: Артина Ќазими, Бојан Стојаноски, Дарко Каевски, Јован Јаулески, Марија Петрушевска, Моника Зајкова, Мухамед Кадриов, Сафије Садики-Шаини, Фисникe Бектиши-Шаќири. На крајот на 2021 започна постапката за предавање на координацијата на клубот, која е предмет на ротирачко координаторство, на пратеничката Моника Зајкова која беше избрана на почетокот на 2022 година.

**Активностите на клубот во 2021 беа**

**Стратешко планирање и план за работа на Клубот за младински прашања и политики**

На 28-ми и 29-ти јануари 2021, пратениците членови на Клубот за младински прашања и политики одржаа работна средба за стратешко планирање и дефинирање план за работа, во Скопје. Пратениците на клубот се согласија околу приоритетните прашања и изработија *Сратешки план за работа*, во кој се истакнуваат следните области: имплементација на *Законот за младинско учество и младински политики,* спроведување политики за млади на локално ниво, воспоставување соработка со млади, пријавување млади невработени, обезбедување поддршка за работата на клубот и други прашања кои не се доволно видливи. Настанот беше организиран со поддршка од Фондацијата за демократија на Вестминстер.

На овој настан, пратениците од клубот одржаа и онлајн средби со:

- Претставници на институции кои работат во областа на младински прашања – Влада на РСМ, Министерство за образование и наука, Министерство за труд и социјална политика, Агенција за млади и спорт
- Онлајн средба со претставници на младинските организации: Центар за интеркултурен дијалог – Куманово, Х.Е.Р.А., Младински образовен форум, Национален младински совет, Коалиција СЕГА, Младинско здружение на глуви и наглуви Млад знак и Сојуз за младинска работа.

**Средба на координаторот на Клубот за младински прашања Јован Јаулески и политики со амбасадорот и шеф на Делегацијата на ЕУ, Н.Е. Дејвид Гир.**

На 1 февруари 2021 година координаторот на Клубот за младински прашања Јован Јаулески оствари средба со Н.Е. Дејвид Гир каде што разговараа за актуелната ситуација во собранието, тековните активности на Клубот за младински прашања и политики, како и ситуацијата во државата со посебен осврт на квалитетот на живот на младите. На средбата исто така се разговараше и за идната соработка помеѓу Клубот за младински прашања и политики, собранието и делегацијата на ЕУ во земјава.

**Јавна дебата за концептот за полагање на државна матура**

На 12-ти февруари 2021, Клубот за младински прашања и политики организираше јавна дебата во Собранието на која се дискутираше за концептот за полагање на државната матура во учебната 2020/2021 година. На дебатата учествуваа претставници на Сојузот на средношколци, кои ги аргументираа своите барања и на средбата се разговараше и за можни решенија со претставниците на Министерството за образование и наука. Како резултат на оваа средба и овозможувањето на оваа дискусија беше постигнат консензус околу начинот на полагање на матура, при што беа уважени и препораките на учениците. На овој начин Клубот успеа да придонесе кон обезбедување простор за дискусија и соработка меѓу младите и институциите и креирање на препораки со учество на младите.

**Тркалезна маса за менталното здравје на младите**

На 31-ви март 2021 пратениците од Клубот за младински прашања и политики организираа тематска тркалезна маса посветена на менталното здравје и добросостојба на младите. Настанот беше организиран со поддршка од Фондацијата за демократија на Вестминстер.

Настанот служеше за пратениците подобро да се запознаат со темата и да можат да работат на подобри политики во областа. На настанот, покрај пратениците од Клубот, присуствуваа претставници на младински и граѓански организации, како и претставници на Владата, Министерството за образование и наука, Министерството за здравство и Агенцијата за млади и спорт. Од настанат произлезе документот *Препораки за подобрување на политиките за грижа на менталното здравје*, кој се однесува на националните политики и правната рамка, грижа за менталното здравје во образовниот процес, меѓу-секторска соработка и делување во други поврзани области.

**Учество на дискусија „Клуб на млади или клуб за млади"**

Во организација на Клубот за младински прашања и политики заедно со Фондацијата Конрад Аденауер, на 16-ти април се одржа дискусија која имаше за цел да ја запознае јавноста со работата на Клубот и се отвори дебата за приоритетите и целите во периодот што следува. На дискусијата која се одржа преку ,,ZOOMг платформата се обратија младите претставници од

сите парламентарни партии како и претставникот од Фондацијата Конрад Аденауер, Даниел Браун.

**Извештај за спроведување на Законот за младинско учество и младински политики од страна на Агенцијата за млади и спорт**

Со цел да се добие информација за степенот на имплементација на Законот за младинско учество и младински политики, која би ги придонела кон тоа да се анализира спроведувањето на овој пропис од страна на државните институции. Информациите беа побарани и доставени до Јован Јаулески како координатор на Клубот. Целта на овој процес е пратениците добијат увид во степенот на спроведување на законот усвоен во 2020-та, предизвиците при неговото спроведување и препораки за подобрување на оваа и други младински политики.

**Почеток на соработка за изработка за Стратегија за ментално здравје на млади**

Како резултат од тркалезната маса посветена на менталното здравје на младите, пратеници членови на клубот продолжија да спроведуваат консултации и средби на темата. Беа одржани средби со УНИЦЕФ на кои се разгледуваше потенцијалот за соработка и изработка на првата стратегија за ментално здравје за младите во земјата.

**Средби со засегнати страни**

Во текот на оваа година, пратениците членови на клубот одржаа повеќе средби со младински и граѓански организации. Дел од средбите кои беа организирани се:

- 28-ми април 2021, средба со претставници од **неформалната мрежа на младински организации „Млади во криза"** која презентираше анализа за ефектите од пандемијата врз младите и препораки до институциите. На средбата учествуваа претставници од Х.Е.Р.А., Национален младински совет, Младински образовен форум, Здружение за истражување и анализа – ЗМАИ, Центар за интеркултурен дијалог.
- 16-ти ноември 2021, средба со претставници од **European Democracy Youth Network (EDYN)**, Меѓународниот републикански институт (IRI) и Националниот демократски институт (NED) на која се разговараше за потенцијална соработка околу младинските политики.

Пратениците членови на клубот во текот на годината често даваа изјави и интервјуа за повеќе медиуми, преку кои ги споделуваа своите препораки и впечатоци околу потребите на младите во земјата и спроведувањето на квалитетни младински политики.

## 4.4.2 ИНТЕРПАРТИСКИ ПАРЛАМЕНТАРНИ ГРУПИ

### 4.4.2.1 ИППГ ЗА ПРАВАТА НА ЛИЦАТА СО ПОСЕБНИ ПОТРЕБИ

**Вовед**

Интерпартиската парламентарна група за правата на лицата со хендикеп (понатаму ИППГ) е неформална група во Собранието на Република Северна Македонија, составена од пратеници од сите претставени политички партии. Нејзината главна улога е да ги активира потребите на лицата со посебни способности во законодавниот дом, пред претставници на извршната власт, како и да го издигне прашањето на хендикепот во законодавните решенија.

ИППГ е воспоставена на 19 мај 2003 година на иницијатива на Полио Плус – движење против хендикеп. Од тогаш Полио Плус ја има улогата на Технички Комитет на групата и е суштионскиот линк помеѓу останатите организации на лица со посебни способности во Република Северна Македонија и ИППГ. Со својата работа, ИППГ стана препознатлив синоним за промовирање и унапредување на правата на лицата со посебни способности.

Визијата за формирање и постоење на ваква група беше таа да претставува спрега меѓу организациите на лица со посебни способности и власта; да биде гласноговорник кој ќе ги артикулира потребите на лицата со посебни способности пред народните избраници; како и да помогне тие потреби да се преточат во конкретни законски решенија кои ќе гарантираат остварување права и ќе креираат еднакви можности.

Мотивите за вклучување на пратениците во ИППГ се различни, но се водени од желбата и согледаната потреба за унапредување на состојбата на лицата со посебни способности. Без оглед дали се работи за филантропија, лична засегнатост или обид за самопромоција, основниот постулат на кој почива оваа група е тие да не бидат нечесни и да не ја претворат групата во инструмент за надмудрување и меѓупартиска борба во која прашањето на хендикеп би било искористено и злоупотребено.

**Визија и мисија**

**Визија**

Визијата за формирање на оваа група - Општество во кое сите лица со посебни способности ќе учествуваат целосно како еднакви граѓани.

**Мисија**

Остварување и уживање на човековите права на лицата со посебни способности, создавајќи еднакви можности за сите и овозможувајќи инклузија на овие лица во сите општествени текови. Вклучување на прашањето на хендикеп во сите законодавни процеси ќе го поддржи процесот на еволуција на целокупното општество и ќе биде двигател кон неопходни промени.

**Структура и работа на ИППГ**

**Пратеници**

Јадрото на ИППГ го сочинуваат членовите-пратеници во Собранието. Членовите на ИППГ се претставници на сите политички партии кои се претставени во Собранието, но заедно придонесуваат кон остварување на визијата и мисијата на групата. ИППГ не поседува строга и ригидна формална структура, ниту таква работна агенда. Тоа е така бидејќи истата мора да е флексибилна и способна за брзи реакции.

Сепак, ИППГ има минимална организациска структура – претседавач со ИППГ, негов/нејзин заменик/ци, координатор и Технички Комитет. Бројот на останатите членови не е фиксен и варира во зависност од составот на Собранието во секој мандат – пратениците доброволно и самостојно одлучуваат да се придружат на ИППГ согласно личните убедувања и интереси.

**Технички Комитет**

Сочинет од мала, професионална и ефективна група индивидуи, Техничкиот комитет има главна задача да овозможи практична поддршка на јадрото на ИППГ, примарно во легислативните аспекти од работата на ИППГ, како и во промоција и подигнување на свеста за човековите права на лицата со спесебни способности. Техничкиот Комитет е сместен во Полио Плус – движење против хендикеп. Комитетот е во постојана комуникација со координаторот на ИППГ во Собранието на Република Северна Македонија со кого заеднички ги имплементираат активностите на групата како целина.

Исто така, Комитетот ја фацилитира работата на пратениците овозможувајќи работни материјали; спроведувајќи анализи и истражувања; изготвувајќи законодавни иницијативи; овозможувајќи различни настани за градење на капацитетите на членовите на групата; како и останата техничка поддршка.

Советодавен Комитет

Советодавниот Комитет претставува функционален форум кој ги координира и канализира напорите на членовите на Надворешната Група. Во суштина, овој Комитет е алката која ја поврзува Надворешната Група, од една страна, со Техничкиот Комитет и јадрото на ИППГ, од друга страна. Комитетот е составен од претставници од секој сегмент на Надворешната Група.

Граѓанското општество ги номинира своите најважни чинители за членови на овој Комитет. Организациите на лица со посебни способности, пак, водени од мотот „Ништо за нас без нас!г даваат најголем придонес, посебно имајќи предвид дека лицата со посебни способности се тие кои директно ги чувствуваат последиците од нарушувањето и негирањето на нивните права.

**Надворешна група**

Надворешната група е составена од претставници на сите чинители во општеството, вклучувајќи: централна и локална власт, бизнис заедница, безбедноста, граѓанското општество, медиумите, како и меѓународната заедница. Оваа Група овозможува поддршка и експертиза за прашања поврзани со хендикепот и човековите права во сите општествени сфери.

**Преглед на активности на ИППГ**

1. Редовни месечни состаноци
2. Семинари – обуки за членовите на ИППГ, како и обуки имплементирани од членови на ИППГ
3. Подигнување на свест – работа на терен, кампањи, јавни појавувања и прес конференции
4. Студиски посети – трансфер на знаења и добри практики
5. Работни групи и јавни дебати – унапредување на правата на лицата со посебни способности
6. Истражување – студии, анализи, мапирања, анкети...
7. Документација – архивирање и креирање дата бази.

**Оправданост**

Феноменот на хендикеп во Република Северна Македонија сеуште се доживува едно димензионално и во рамките на медицинскиот и/или религиозниот пристап кон истиот. Токму ова е и најголемиот предизвик: менување на парадигмата од овие два пристапи кон социјалниот пристап и човековите права на лицата со хендикеп, прокламирани со Конвенцијата за правата на лицата со хендикеп на ООН.

Република Северна Македонија е земја во која силно се чувствуваат последиците кои ги оставија (и сеуште оставаат) медицинскиот и религиозниот пристап кон хендикепот. Овие последици се видливи во сите полиња и сфери на живеење – сеуште постои законска и институционална сегрегација на децата со хендикеп во „специјални училишта", како и на лицата со хендикеп вработени во „заштитни компании". Образованието и вработувањето се клучните области за лична реализација и придонес кон општеството и токму овие две сфери треба да се тие кои ќе овозможат еднакви можности за сите лица, без разлика на тоа дали лицето има хендикеп или не. Во рамки на социјалната заштита, на лицата со хендикеп им се овозможени само финансиски бенефиции, без ниту еден сервис за поддршка на нивното независно живеење. Дури постојат и институции во кои се сместуваат лица со хендикеп, сегрегирани од општеството во целина и целосно невидливи – дури и пристапот до овие институции е екстремно ограничен или забранет за јавноста. Пристапноста на архитектонската околината е на неверојатно ниско ниво – дури и новоизградените објекти многу често се непристапни и недостапни за лицата со хендикеп. Пристапот до добра и услуги е уште поограничен, оневозможувајќи ги лицата со хендикеп под еднакви услови да ги користат и уживаат. Дискриминацијата врз основа на хендикеп е третиот најзастапен вид на дискриминација во Република Македонија, веднаш зад политичката и етничката дискриминација. Уште повеќе, во случаи на повеќекратна дискриминација, хендикепот е водечка основа за дискриминација. Целокупната поставеност на

системот за пензиско, инвалидско и здравствено осигурување е во многу наврати дискриминаторски поставен, наметнувајќи непотребни барања и услови за лицата со хендикеп да остварат одредени права – услови кои на лицата без хендикеп не им се поставуваат.

Од друга страна, после предвремените парламентарни избори во 2014 година, за прв пат се ангажираше и лице од Собранието на Република Македонија како точка за поврзување помеѓу јадрото и Техничкиот комитет на ИППГ. Ефектот од овој пристап е многу видлив, придонесувајќи кон повеќекратно зголемување на активностите и успесите на ИППГ. Сепак, потенцијалот кој постои во ваквиот пристап е уште поголем – негово потполно искористување значително ќе придонесе кон подигнување на прашањето на хендикеп во целокупното законодавство, како и во подобрена координација кон подигнување на јавната свест. Имено, пратениците-членови на ИППГ по сопствена волја и убедување пристапуваат кон оваа пратеничка група која се бори за промоција и унапредување на правата на лицата со хендикеп.

**СОСТАВ НА ИППГ во периодот 2020-2024**

**Претседателство**
г. Јован Митрески – претседавач со ИППГ
г-ѓа Мерита Колчи Коџаџику – потпретседавач со ИППГ
г-ѓа Ели Панова – потпретседавач со ИППГ
г. Никола Мицевски – потпретседавач со ИППГ
г. Халил Снопче – потпретседавач со ИППГ

**Членови**
45 пратеници од пратенички состав 2020-2024 година

**Технички комитет на ИППГ**
Полио Плус – движење против хендикеп
Марија Вељовска-Кондовска – Собрание на Република Северна Македонија

**Широка лоби група**
Претседател на Комисијата за образование,
Претседател на Комисијата за труд и социјална политика,
Претседател на Комисијата за здравство,
Претседател на Комисија за еднакви можности на жените и мажите,
Претседател на Комисијата за транспорт врски и екологија,
Претседател на Комисија за финансирање и буџет,
Потпретседатели на Собранието на Република Северна Македонија,
Координатори на пратеничка група,
Организации кои работат за правата на лицата со хендикеп,
Претставници на медиуми,
Претставници од Завод за социјални дејности,
Претставници од Делегацијата на Европската Унија,

Претставници од НДИ.

Говорниците на настанот ги споделија своите искуства, погледи и сугестии за тоа како да се зголеми учеството и влијанието на лицата со попреченост во изборните процеси во земјата.

**Активности на ИППГ во текот на 2021-та**

- На 21 јули 2022 година членови на ИППГ учествуваа на настан на тема „Презентација на наодите од кварталниот извештај на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација за период јануари-мај 2021 година в во организација на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација. На настанот учествуваа членови на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација и Интерпартиската парламентарна група за правата на лицата со посебни способности; претставници на политичките партии и на академската заедница и локални претставници на меѓународни организации кои работат во областа. На овој настан се презентираше работата и реализираните активности од страна на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација во периодот јануари-мај 2021 година, односно се претстави Кварталниот извештај кој претставува сублимат на претставките, приоритетите, активностите и предизвиците со кои се соочува Комисијата.
- На 23 септември 2021 година по повод Денот на знаковниот јазик, ИППГ и Полио Плус – Движење против хендикеп како технички комитет на ИППГ во Собранието на Република Северна Македонија одржаа Едукативен настан на тема „Анализа за практиките на парламентите во однос на заедницата со хендикеп", подготвена од Полио плус – Движење против хендикеп и Парламентарниот институт. На настанот свои обраќања имаа Цветанка Иванова, генерална секретарка на Собранието и Јован Митрески, претседавач на Интерпартиската парламентарна група (ИППГ) за правата на лицата со хендикеп. Елена Кочоска од Полио плус изврши презентација на „Анализата на практиките на парламентите во однос на заедницата со хендикеп" и истакна дека оваа анализа има за цел да даде компаративен приказ на практиките на парламентите во неколку земји во насока на согледување на состојбата и на практиките кои постојат кај нас и во светот за спроведувањето на дел од одредбите од Конвенцијата од страна на парламентите. Имено, приказот на состојбата во тие парламенти е проследен со заклучоци и препораки што се значајни за ефективна имплементација на Конвенцијата во нашето Собрание и Парламентарниот институт. Спроведувањето на препораките ќе придонесе Парламентот да стане инклузивен законодавен дом кој ќе ги претставува, застапува, промовира, но и штити правата на сите граѓани со и без хендикеп.

## 4.4.2.2 ИППГ ЗА ПРАВАТА НА РОМИТЕ

Иницијативата за формирање на неформална Интерпартиска парламентарна група за поддршка на правата на Ромите, нивна инклузија и интеграција во Република Северна Македонија,произлезе од група пратеници од различни политички партии застапени во Собранието на Република Северна Македонија. Формирањето на Интерпартиската парламентарна група (ИППГ) за поддршка на правата на Ромите, нивна инклузија и интеграција во Република Северна Македонија е израз за безрезервна поддршка за иницирање на активности во Собранието на Република Северна Македонија кој ќе придонесат за забрзување на процесите на инклузија и интеграција во Република Северна Македонија за заштитата и унапредувањето на правата на Ромите во земјава.

Низ работни седници и други активности членовите на оваа група ќе застапуваат носење на препораки, декларации и законски решенија кои ќе влијаат за интеграцијата на Ромската заедница.

Интерпартиска парламентарна група за поддршка на правата на Ромите, нивна инклузија и интеграција во Република Северна Македонија на **11 февруари 2021 година**, одржа конститутивна седница. За координаторка едногласно беше избрана пратеничката Љатифе Шиковска, а за заменици координатори пратениците Љупчо Балковски и Игор Здравковски.

**Активности:**

На **2 јуни 2021 година**, Интерпартиска парламентарна група за поддршка на правата на Ромите, нивна инклузија и интеграција во Република Северна Македонија одржа работна средба за презентирање на акцискиот план на групата за период 2021-2022 година.

Овој акциски план се однесува на плановите за работа на Интерпартиската парламентарна група (ИППГ) за поддршка на правата на Ромите, нивна инклузија и интеграција во Република Северна Македонија за периодот 2021 година.

Претставување на проблемите и потребите на ромската заедница во собраниските комисии и отварање на дебати за прашања поврзани за Ромите во Собранието на Република Северна Македонија. Иницирање активности за системски и трајни решенија за подобрување на условите за интеграција и остварување на правата на ромите во општеството.

На **30 јули 2021 година** Интерпартиска парламентарна група за поддршка на правата на Ромите, нивна инклузија и интеграција во Република Северна Македонија одржа работна средба по повод „Одбележување на денот на холокаустот врз Ромите",на која седница свое обраќање имаше координаторката Љатифе Шиковска.

На **22 септември 2021 година** се одржа работна средба со тема „Ковид кризата и предизвиците во Ромската заедница - Потенцијална поддршка и помош за намалување на последиците предизвикани од Ковид кризата" на која беше истакнато дека кај ромската заедница потребно е да има поголема едукација во врска со вакцинацијата и последиците предизвикани од КОВИД кризата.

На **5 ноември 2021година** Интерпартиска парламентарна група за поддршка на правата на Ромите, нивна инклузија и интеграција во Република Северна Македонија одржа работна средба по повод „Светскиот ден на јазикот на Ромите". На средбата беше истакнато дека на 5 ти ноември УНЕСКО го прогласи како Светски ден на ромскиот јазик во 2015 година. Тоа е чин со кое е дадена уште една причина повеќе да се одбележува и чува ромскиот јазик и култура, за да се препознае важноста и еднаквоста на сите јазици. Ромскиот јазик е официјален јазик на сите Роми во светот, збогатен со историски и културни процеси и широк спектар на влијанија и општествени заложби. Одбележувањето на Светскиот ден на ромскиот јазик е чин кога сите ја одбележуваме културата на Ромите како дел од богатството на целото човештво.

## 4.4.2.3 ИППГ ЗА ПРАВАТА НА ЛГБТИ ЛИЦАТА

Во “Интерпартиската парламентарна група за правата на ЛГБТИ лицата” на Собранието на Република Северна Македонија членуваат пратеници од постоечкиот собраниски состав од различни политички партии.

| ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **МАЈА МОРАЧАНИН,** координатоор | |
| | , заменик на координатор | |
| **ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Снежана Калеска Ванчева | |
| 2. | Драгица Ѓавочанова | |
| 3. | Љњупчо Пренџов | |
| 4. | Гордана Силјановска Давкова | |
| 5. | Љатифе Шикоска | |
| 6. | Марија Костадинова | |
| 7. | Бисера Костадинова Стојчева | |
| 8. | Моника Зајкова | |
| 9. | Велика Стојкова Серафимова | |
| 10. | Рашела Мизрахи | |
| 11. | Марија Петрушевска | |
| 12. | Даниела Николова | |
| 13. | Арта Биљали Зендели | |
| 14. | Мерита Колџу Коџаџику | |

**На пратеникот Тимчо Муцунски,кој беше избран за заменик координатор, му беше констатиран престанок на мандат на 51-та Седница на Собранието на Република Северна Македонија, одржана на 5 ноември 2021 година.*

Интерпартиската парламентарна група за правата на ЛГБТИ лицата оствари повеќе средби, учествуваше на дебати и дискусии, организираше тркалезна маса, соработуваше со граѓанските организации, воспостави меѓународна соработка и одржуваше состаноци и се бореше против говорот на омраза во медиумите. За своите активности Групата редовно ја информираше јавноста преку објави на интернет страната на Собранието и соопштенија до медиумите

На 4 февруари 2021 година, координаторката на Интерпартиската парламентарна група за унапредување на правата на ЛГБТИ луѓето, Маја Морачанин оствари **средба со евроабасадорот Н.Е. Дејвид Гир**.

Интерпартиската парламентарна група за правата на ЛГБТИ лицата на 9 април 2021 година одржа **онлајн состанок со претставници на Советот на Европа**, во рамките на заедничката програма на Европската Унија и Советот на Европа „Horizontal Facility II” и Проектот за промоција на еднаквоста и различноста. Учесниците на состанокот меѓусебно се запознаа и се информираа за досегашната работа и активности, како и за планираните активности, а дискутираа и за можностите за идна соработка.

На 23 април 2021 година Интерпартиската парламентарна група за унапредување на правата на ЛГБТИ луѓето **го осуди** хомофобичниот и трансфобичниот говор на омраза кој се појави во јавноста по емисијата „Моја Сторија” на МРТВ. Говорот на омраза

кон ЛГБТИ луѓето го повредува нивното достоинство, креира застрашувачка и непријателска средина, оневозможува да живеат слободно и без предрасуди, а многу често директно може да придонесе кон зголемувањето на насилството и делата од омраза мотивирани од сексуалната ориентација или родовиот идентитет на жртвите.

На 25 мај 2021 година членовите на Интерпартиската парламентарна група за правата на ЛГБТИ лицата учествуваа на **онлајн дискусија** за спроведувањето на пресудата на Европскиот суд за човекови права за случајот „Х против Северна Македонија" и **измените во Законот за матична евиденција кои се однесуваат на правното признавање на родот.**

На 28 мај 2021 година во соработка со Коалиција Маргини, Хелсиншкиот комитет за човекови права и Националната мрежа против хомофобија и трансофбија се одржа работна средба за изработка на **Акциски план 2021-2022**, се конкретизираа активности во повеќе области, кои имаат за цел заедничко делување и соработка за унапредување на состојбата со правата на ЛГБТИ луѓето.

На 7 јуни 2021 година Маја Морачанин координаторка на Интерпартиската парламентарна група за правата на ЛГБТИ лицата оствари **средба со Н.Е.Рејчел Галовеј** амбасадорка на Британија во Република Северна Македонија.

Во јуни 2021 се одржа втора парада на гордоста, на која учествуваа пратеници од ИППГ, а координаторката Маја Морачанин беше еден од говорниците на настанот.

На 28 јули 2021 година Интерпартиската парламентарна група за правата на ЛГБТИ лицата во Собранието на Република Северна Македонија одржа **презентација на тема „Наодите од регионалното истражување на јавното мислење за правата на ЛГБТИ луѓето"** во соработка со Меѓународната организација Civil Right Defenders и Националната мрежа против хомофобија и трансфобија.

Интерпартиската парламентарна група за унапредување на правата на ЛБТИ заедницата на Собранието, предводена од координаторката Маја Морачанин, заменик-координаторот Тимчо Муцунски и членовите Снежана Калеска-Ванчева, Љупчо Пренџов и Моника Зајкова, **учествуваше на Светскиот настан за правата на ЛГБТИ луѓето** што се одржа од 18 до 21 август 2021 година во Копенхаген, Данска. На Форумот за човекови права свое обраќање како панелист имаше координаторката на Групата, пратеничката Маја Морачанин, која зборуваше за улогата на

Интерпартиската група во унапредување на правата на ЛГБТИ луѓето и нејзините активности.

На 27 октомври 2021 година координаторката на ИППГ за ЛГБТИ, Маја Морачанин, беше **поканета да се приклучи и стана член на Управниот комитет на Групата за глобална еднаквост**, чија цел е да ги поврзе избраните народни претставници ширум светот за да заеднички се справиме со ЛГБТ+ дискриминацијата.

На 17 ноември 2021 година во организација на Интерпартиската парламентарна група за правата на ЛГБТИ лицата на Собранието на Република Северна Македонија се одржа **"Тркалезна маса за правно признавање на родот во Северна Македонија"**. Овој настан е „Дел од тематскиот преглед на Препораката (2010)5 на Комитетот на министри на Советот на Европа до земјите-членки за мерките за борба против дискриминацијата врз основа на сексуална ориентација или родов идентитет", а во соработка со Советот на Европа.

# 5. ПРЕТСЕДАТЕЛ И ПОТПРЕТСЕДАТЕЛИ НА СОБРАНИЕТО

# 5.1. ПРЕТСЕДАТЕЛ

Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија се избира од редот на пратениците со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници (62 пратеника). Мандатот на претседателот на Собранието трае четири години.

Претседателот на Собранието го претставува Собранието, ги свикува седниците и раководи со нив, се грижи за примена на Деловникот на Собранието и врши други работи утврдени со Уставот на Република Северна Македонија и со Деловникот на Собранието.

Функцијата претседател на Собранието е неспојлива со вршење на друга јавна функција, професија или функција во политичка партија.

За време на извршувањето на функцијата претседател на Собранието на Република Северна Македонија г. Талат Хафери дејствуваше во насока на успешно и ефикасно остварување на законодавната власт на Собранието на Република Северна Македонија и остварување на една од темелните вредности владеењето на правото во Република Северна Македонија, притоа следејќи ја стратешката определба за приближување кон Европската Унија.

Во остварувањето на неговите бројни со Уставот и со Деловникот утврдени надлежности, како позначајни можат да се истакнат:

- константната потреба за испитувањето и оценувањето на уредноста на предлозите за донесување на закони и други акти, како и планирањето на динамиката на седниците на Собранието според значењето, природата и времето на поднесувањето на предлозите на акти и други материјали
- грижата за усогласување на активностите на Собранието со претседателот на Република Северна Македонија и со Владата на Република Северна Македонија,
- продолжување на практиката на соработка со координаторите на пратеничките групи во врска со прашањата за унапредување и поефикасно работење на Собранието,
- грижата за остварувањето на правата на пратениците и за обезбедување услови за нивната работа,
- продолжување на практиката на одлучување по прашања за прием на претставници и делегации на параламенти и други органи и организации од странство, како и за испраќање на постојани и повремени собраниски делегации во органите и организациите во странство и
- прифаќање на бројни лични и покровителства на Собранието за одделни прослави и на настани од значење за Републиката и определување претставници на Собранието на тие прослави.

Со нагласен интерес и интензитет претседателот ја следи работата на Службата на Собранието и се грижи за унапредување на нејзината работа и за создавање услови за нејзино посовремено и поефикасно работење, со примена на современата информатичка технологија, за што се користени искуствата од парламентите на повеќе држави.

Собранието на Република Северна Македонија, покрај неговата примарна законодавна функција, продолжи да биде и значаен субјект и партиципиент во остварување на интересите на нашата држава во надворешната политика и односите со странство на билатерален и мултилатерален план.

Претседателот на Собранието во овој период оствари динамична меѓународната соработка со парламентарните, дипломатско-конзуларните и други претставници на странски држави, на меѓународни организации, како и со други видни странски личности.

## ЈАНУАРИ 2021

### Надворешно - политички билатерални активности на Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија Талат Џафери

- **Работна средба** со амбасадорот на САД, Н.Е. Кејт Мари Брнз (20 јануари 2021 година);
- **Работна средба** со амбасадорот на Австрија, Н.Е. Георг Вуцас (21 јануари 2021 година);
- **Работна средба** со амбасадорот на Кралството Холандија, Н.Е. Дирк Јан Коп (26 јануари 2021 година);
- **Протоколарна средба** со новоименуваниот амбасадор на Државата Катар, Н.Е. Јасим Бин Хамад Ал-Тани, (26 јануари 2021 година).

### Надворешно - политички мултилатерални активности на Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија Талат Џафери

- **Работна средба** со амбасадорот на ЕУ, Н.Е Дејвид Гир, (13 јануари 2021 година);
- **Работен состанок - онлајн** со претставници на Бундестаг (15 јануари 2021 година).

### Други активности на Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија Талат Џафери

- **Свечено отворање** на новиот објект на Министерството за политички систем (04 јануари 2021 година)
- **Божиќен ручек** во резиденцијата на МПЦ на покана од г. г. Стефан (9 јануари 2021 година);
- **Работен состанок** со Генералниот секретар, државните советници и раководителите на сектори на Собранието на Република Северна Македонија (14 јануари 2021 година);
- **Работен состанок** на Управувачки совет - Програма за Парламентарна поддршка ( 14 јануари 2021 година);
- **Свечени изјави** на новоизбраните членови на Државната изборна комисија (15 јануари 2021 година);
- **Обраќање** на Претседателот Џафери на Обуката за комуникација со граѓани (28 јануари 2021 година);
- **Брифинг** со новинари (28 јануари 2021 година);
- **Учество** на настанот Планински разговори (ПСП-НДИ) на тема Собраниски Канал (29 јануари 2021 година);
- **Обраќање** на Претседателот Џафери на Работната средба организирана од Државниот завод за статистика (29 јануари 2021 година).

## СЕДНИЦИ

1. Вторник, 12 јануари 2021 година, 12:00ч - Седница бр. 31
2. Среда, 13 јануари 2021 година, 12:00ч - Седница бр. 29
3. Четврток, 14 јануари 2021 година, 12:00ч - Седница бр. 29
4. Петок 15 јануари 2021 година, 12:00ч - Седница бр. 29
5. Понеделник, 18 јануари 2021 година, 11:00ч - Седница бр. 30
6. Четврток, 21 јануари 2021 година, 12:00ч - Седница бр. 29
7. Понеделник, 25јануари 2021 година, 11:00ч - Седница бр. 32
8. понеделник, 25 јануари 2021 година, 12:30ч - Седница бр. 30
9. Понеделник, 25 јануари 2021 година,17:30ч - Седница бр. 31
10. Понеделник, 25 јануари 2021 година, 17:40ч - Седница бр. 29
11. Вторник, 26 јануари 2021 година, 12:00ч - Седница бр. 32
12. Среда, 27 јануари 2021 година, 12:00ч - Седница бр. 32
13. Четврток, 28 јануари 2021 година, 11:00ч - Седница бр. 33

## КООРДИНАЦИИ

1. Понеделник, 11 јануари 2021 година, 10:00 - Координација бр. 21
2. Понеделник, 18 јануари 2021 година, 10:00 - Координација бр. 22
3. Понеделник, 25 јануари 2021 година, 10:00 - Координација бр. 23

## СУМАРЕН ПРЕГЛЕД НА АКТИВНОСТИ

| Активности | Вкупно |
|---|---|
| Билатерални активности | 4 |
| Мултилатерални активности | 2 |
| Други активности | 9 |
| Координации | 3 |
| Претседателства | 0 |
| Седници | 13 |

## ФЕВРУАРИ 2021
### Надворешно - политички билатерални активности на Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија Талат Џафери

- **Работна средба** со амбасадорката на Република Хрватска, Н.Е. Нивес Тигањ (9 февруари 2021 година);
- **Работна средба** со амбасадорката на Романија , Н.Е. Адела Моника Аксинте (10 февруари 2021 година);
- **Работна средба** со новоименуваниот вонреден и ополномоштен амбасадор на Република Грција, Н.Е. Русос Кундурос (17 февруари 2021 година).

### Надворешно - политички мултилатерални активности на претседателот на Собранието на Република Северна Македонија Талат Џафери

- **Работна средба** со Известителот за Република Северна Македонија во Европскиот парламент, Илхан Кјучук (18 февруари 2021 година)

**Други активности на Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија Талат Џафери**

- **Свечена изјава** на новиот Народен правобранител, г. Насер Зибери (1 февруари 2021 година);
- **Интервју во Утрински брифинг** (1 февруари 2021 година);
- **Обраќање** на Претседателот Џафери на Работниот состанок на Интерпартиската парламентарна група (ИППГ) (2 февруари 2021 година);
- **Интервју** за **МИА** (3 февруари 2021 година);
- **Работен состанок** со Управувачки одбор на **ПБК** (4 февруари 2021 година);
- **Гостин** во емисијата **Клан дебата** (9 февруари 2021 година);
- **Средба** со директорот на Центарот за управување со кризи, г. Стојанче Ангелов (10 февруари 2021 година);
- **Средба** со вицепремиерот за економски прашања, г. Фатмир Битиќи (11 февруари 2021 година);
- **Обраќање** на Претседателот Џафери на основањето и промовирањето на Интерпартиската парламентарна група за поддршка на правата на ромите, нивна инклузија и интеграција во Република Северна Македонија (11 февруари 2021 година);
- **Средба** со Стопанска комора за фотографска и видео дејност (15 февруари 2021 година);
- **Прием** по повод Годишнината од осамостојувањето на Република Косово (17 февруари 2021 година);
- **Ручек** на покана на Амбасадата на Република Косово (17 февруари 2021 година);
- **Средба** со Здружението на ликовни педагози (18 февруари 2021 година);
- **Интервју** во ТВ Сител - Магазин (19 февруари 2021 година);
- **Брифинг** со новинари (25 февруари 2021 година);
- **Презентација** на реформите на Собранискиот канал - Парламентарен институт (26 февруари 2021 година).

**СЕДНИЦИ**

14. Понеделник, 01 февруари 2021 година, 11:00ч - Седница бр. 30
15. Вторник, 02 февруари 2021 година, 12:00ч - Седница бр. 28
16. вторник, 02 февруари 2021 година, 12:30ч - Седница бр. 29
17. Вторник 16 февруари 2021 година, 11:00 ч- Седница бр. 34
18. Четврток , 25 февруари 2021 година, 11:00ч - Седница бр. 35

**КООРДИНАЦИИ**

4. Понеделник, 01 февруари 2021 година, 10:00 - Координација бр. 24
5. Понеделник, 08 февруари 2021 година, 10:00 - Координација бр. 25
6. Петок, 15 февруари 2021 година, 10:00 - Координација бр. 26
7. Понеделник, 22 февруари 2021 година, 10:00- Координација бр. 27

## СУМАРЕН ПРЕГЛЕД НА АКТИВНОСТИ

| Активности | Вкупно |
|---|---|
| Билатерални активности | 3 |
| Мултилатерални активности | 1 |
| Други активности | 16 |
| Координации | 4 |
| Претседателства | 0 |
| Седници | 5 |

## МАРТ 2021

### Надворешно - политички билатерални активности на претседателот на Собранието на Република Северна Македонија Талат Џафери

- **Работна средба** со советникот од Парламентот на Босна и Херцеговина, г. Желко Грубешиќ (5 март 2021 година);
- **Протоколарна средба** со вицепремиерот за борба против корупција, г. Љупчо Николовски (8 март 2021 година);
- **Работна средба** со потпретседателот на Владата на Црна Гора, г. Дритан Абазовиќ (10 март 2021 година).

### Надворешно - политички мултилатерални активности на Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија Талат Џафери

- **Прва работна средба** на Работната група за учество во Дијалогот Жан Моне (1 март 2021 година);
- **Втора работна средба** на Работната група за учество во Дијалогот Жан Моне (15 март 2021 година);
- **Средба** со Росана Дуџак, постојана претставничка на Обединетите нации (ОН) (16 март 2021 година);
- **Проштална средба** со началникот на Канцеларијата на НАТО за врски во Скопје, полковник Зоран Јанковиќ (29 март 2021 година).

### Други активности на Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија Талат Џафери

- **Воведно** обраќање на ХДП - онлајн (3 март 2021 година);
- **Учество** на едукативна активност Детски парламент (5 март 2021 година);
- **Делење** на ружи на пратеничките и службата по повод 8 Март (8 март 2021 година);
- **Гостин** во емисијата Топ Тема, ТВ Телма (10 март 2021 година);
- **Состанок** на Советот за безбедност, Вила Водно (12 март 2021 година);
- **Работен состанок** за Собраниски канал (15 март 2021 година)
- **Средба** на Управувачкиот одбор на Парламентарната буџетска канцеларија (24 март 2021 година);
- **Брифинг** со новинари (25 март 2021 година);
- **Состанок** на Советот за безбедност, Вила Водно (30 март 2021 година)

## СЕДНИЦИ

19. Вторник , 02 март 2021 година, 12:00ч - Седница бр. 21
20. Вторник, 02 март 2021 година, 12:15ч - Седница бр. 22
21. Вторник, 02 март 2021 година, 12:45ч - Седница бр. 26
22. Среда 03 март 2021 година, 12:00ч - Седница бр. 34
23. Среда 03 март 2021 година, 15:30ч - Седница бр. 21
24. Среда 03 март 2021 година, 15:40ч - Седница бр. 22
25. Среда 03 март 2021 година, 15:50ч - Седница бр. 28
26. Среда 03 март 2021 година, 16:00ч - Седница бр. 29
27. Среда 03 март 2021 година, 16:10ч - Седница бр. 30
28. Среда 03 март 2021 година, 12:20ч - Седница бр. 32
29. Четврток, 04 март 2021 година, 12:00ч - Седница бр. 34
30. Вторник 09 март 2021 година, 11:00ч - Седница бр. 26
31. Вторник 09 март 2021 година, 12:00ч - Седница бр. 34
32. Среда 10 март 2021 година, 12:00ч - Седница бр. 26
33. Среда 10 март 2021 година, 12:15ч - Седница бр. 20
34. Четврток 11 март 2021 година, 12:00ч - Седница бр. 20
35. Четврток 11 март 2021 година, 12:15ч - Седница бр. 25
36. Четврток 11 март 2021 година, 12:30ч - Седница бр. 29
37. Вторник 16 март 2021 година, 12:00ч - Седница бр. 29
38. Среда 17 март 2021 година, 12:00ч - Седница бр. 29
39. Среда 17 март 2021 година, 16:00ч - Седница бр. 25
40. Четврток 18 март 2021 година, 12:00ч - Седница бр. 25
41. Четврток 18 март 2021 година, 13:30ч - Седница бр. 30
42. Четврток 25 март 2021 година, 11:00ч - Седница бр. 37
43. Четврток 25 март 2021 година, 11:30ч - Седница бр. 36

## КООРДИНАЦИИ

8. Понеделник, 01 март 2021 година, 10:00 - Координација бр. 28
9. Понеделник, 08 март 2021 година, 10:00 - Координација бр. 29
10. Понеделник, 15 март 2021 година, 10:00 - Координација бр. 30
11. Понеделник, 22 март 2021 година, 10:00- Координација бр. 31
12. Понеделник, 29 март 2021 година, 10:00- Координација бр. 32

## СУМАРЕН ПРЕГЛЕД НА АКТИВНОСТИ

| Активности | Вкупно |
|---|---|
| Билатерални активности | 3 |
| Мултилатерални активности | 4 |
| Други активности | 9 |
| Координации | 5 |
| Претседателства | 0 |
| Седници | 25 |

**АПРИЛ 2021**
**Надворешно - политички билатерални активности на Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија Талат Џафери**

- **Средба** со амбасадорот на Република Косово, Н.Е. Ѓерѓ Дедај (6 април 2021 година);
- **Протоколарна средба** со новоименуваната амбасадорка на Грузија, Н.Е. Тамара Лилуашвили (8 април 2021 година).

**Надворешно - политички мултилатерални активности на Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија Талат Џафери**

- **Видео - средба** со известувачите од Конгресот на локални и регионални власти на Советот на Европа за локална демократија во Северна Македонија, г. Харалд Бергман од Холандија и г. Зденек Броз од Чешката Република (20 април 2021 година).

**Други активности на Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија Талат Џафери**

- **Виртуелен** состанок со НДИ (1 април 2021 година);
- **Средба** со Љатифе Шиковска, пратеничката од ромската заедница, Зоран Димов, претседател на Интернационалната ромска група, Ферат Асан, стопанственик од општина Шуто Оризари и Мухамед Точи, претставник од НВО „Месечина“од Гостивар (8 април 2021 година);
- **Обраќање** на Претседателот Џафери на 17. Конференција на претседатели на парламенти на Јадранско - Јонската иницијатива на тема „Кон дигитално општество – можности и ризици за помладата генерација што влегува на пазарот на трудот“ (15 април 2021 година);
- **Снимање** документарен филм за поранешниот пратеник Амди Бајрам (16 април 2021 година);
- **Состанок** со директорот на Македонска опера и балет, г Васо Ристов (19 април 2021 година);
- **Прес конференција** (19 април 2021 година);
- **Интервју** за емисијата **10 минути** (21 април 2021 година);
- **Гостин** во емисија на **ТВ 24** (22 април 2021 година);
- **Гостин** во емисијата **Само вистина** (23 април 2021 година);
- **Гостин** во емисија со Селајдин Џезаири - **ТВ Клан** (26 април 2021 година);
- **Интервју** со Стојан Трпчевски - **МТВ1** (27 април 2021 година);
- **Средба** со поранешниот пратеник Ферид Мухиќ (27 април 2021 година);
- **Брифинг** со новинари (28 април 2021 година);
- **Средба** со министерот за правда, г. Бојан Маричиќ и претставници на судовите (28 април 2021 година).

## СЕДНИЦИ

44. Четврток, 01 април 2021 година, 13:00ч - Седница бр. 38
45. Петок, 02 април 2021 година, 15:00ч - Седница бр. 38
46. Петок, 02 април 2021 година, 15:10ч - Седница бр. 20
47. Петок, 02 април 2021 година, 15:20ч - Седница бр. 25
48. Петок, 02 април 2021 година, 15:30ч - Седница бр. 26
49. Петок, 02 април 2021 година, 15:40ч - Седница бр. 29
50. Петок, 02 април 2021 година, 15:50ч - Седница бр. 30
51. Петок, 02 април2021 година, 16:00ч - Седница бр. 34
52. Вторник, 06 април 2021 година, 12:00ч - Седница бр. 30
53. Среда, 07 април 2021 година, 12:00ч - Седница бр. 30
54. Среда, 07 април 2021 година, 12:15ч - Седница бр. 32
55. Четврток, 08 април 2021 година, 12:00ч - Седница бр. 32
56. Вторник, 13 април 2021 година, 12:00ч - Седница бр. 32
57. Среда, 14 април 2021 година, 12:00ч - Седница бр. 32
58. Четврток, 15 април 2021 година, 13:00ч - Седница бр. 32
59. Недела, 18 април 2021 година, 14:00ч - Седница бр. 32
60. Недела, 18 април 2021 година, 14:15ч - Седница бр. 36
61. Вторник, 20 април 2021 година, 12:00ч - Седница бр. 34
62. Среда, 21 април 2021 година, 11:00ч - Седница бр. 39
63. Четврток, 22 април 2021 година, 12:00ч - Седница бр. 39
64. Четврток, 28 април 2021 година, 11:00ч - Седница бр. 40

## КООРДИНАЦИИ

13. Понеделник, 01 април  2021 година, 10:00 - Координација бр. 33
14. Понеделник, 12 април 2021 година, 10:00 - Координација бр. 34
15. Понеделник, 19 април 2021 година, 10:00 - Координација бр. 35
16. Понеделник, 26 април 2021 година, 10:00- Координација бр. 36

## ПРЕТСЕДАТЕЛСТВА

1. Петок, 16 април 2021 година, 10.00 - Работен состанок бр. 1

## СУМАРЕН ПРЕГЛЕД НА АКТИВНОСТИ

| Активности | Вкупно |
|---|---|
| Билатерални активности | 2 |
| Мултилатерални активности | 1 |
| Други активности | 14 |
| Координации | 4 |
| Претседателства | 1 |
| Седници | 21 |

## МАЈ 2021

## Надворешно - политички билатерални активности на Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија Талат Џафери

- **Средба** со амбасадорката на Швајцарска Конфедерација Н.Е. Сибил Зутер Техада и програмскиот директор на НДИ, г. Роберт Скот (7 мај 2021 година);
- **Средба и работен ручек** со Претседателката на Грузија, Саломе Зурабишвили (10 мај 2021 година);
- **Виртуелно учество** на Конференцијата на претседатели на парламенти на земјите членки на ЕУ, во организација на Бундестагот на Сојузна Република Германија (10 мај 2021 година);
- **Средба** со министерот за одбрана на Чешката Република, г. Лубомир Метнар (11 мај 2021 година);
- **Средба** со главниот преговарач за пристапување на Република Албанија во ЕУ, Зеф Мази (14 мај 2021 година);
- **Средба** со амбасадорот на Република Полска, Н.Е. Војциех Тицињски (20 мај 2021 година);
- **Средба** со амбасадорот на Република Казахстан, Н.Е. Жанибек Абдрашов (26 мај 2021 година).

## Надворешно - политички мултилатерални активности на Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија Талат Џафери

- **Средба** со европратеникот Андреас Шидер, (5 април 2021 година);
- **Виртуелна средба** со европратениците од Дијалогот Жан Моне: Илхан Кјучук, Андреас Шидер и Марион Валсман (12 мај 2021 година).

## Други активности на Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија Талат Џафери

- **Свечена академија** организирана од Демократска унија за интеграција (5 мај 2021 година);
- **Средба** со министерот за правда, г. Бојан Маричиќ (6 мај 2021 година);
- **Средба** со директор на МРТВ (6 мај 2021 година);
- **Обраќање** на Претседателот Џафери на продолжувањето на обуката за превод и толкување организирана од Агенцијата за примена на јазикот (6 мај 2021 година);
- **Виртуелен настан:** „Поглед на Собрание: Резултати од теренска анкета за перцепциите на граѓаните за работата на Собранието на Република Северна Македонија во 2021 година“ (7 мај 2021 година);
- **Обраќање** на Претседателот Џафери на Конференцијата на претседатели на парламенти на Европската унија на тема: „Предизвиците и можностите за репрезентативната демократија што ги носи јавната сфера која е променета со дигитализација“ (10 мај 2021 година);
- **Доделување** на пехар на улениците од Средното училиште „Кочо Рацин“ од Велес, победници на онлајн натпреварот „Имам став" (11 мај 2021 година);

- **Средба** со градоначалник на Крушево, Томе Христоски (17 мај 2021 година);
- **Средба** со народниот правобранител Насер Зибери (17 мај 2021 година);
- **Средба** со Тутунското здружение „Тутунска надеж“ од Прилеп (19 мај 2021 година);
- **Средба** со министерот за транспорт и врски, г. Благој Бочварски (19 мај 2021 година);
- **Виртуелно** предавање на Претседателот Џафери пред студентите од Правниот факултет при УЈИЕ (25 мај 2021 година);
- **Обраќање** на претседателот Џафери на 142. Собрание на Интерпарламентарната унија на Генералното собрание на тема: „Надминување на пандемијата денес и градење подобро утре: улогата на парламентите“ (26 мај 2021 година);
- **Брифинг** со новинари (27 мај 2021 година);
- **Средба** со омбудсманите на Република Северна Македонија, г. Насер Зибери, на Република Албанија, г-ѓа Еринда Баланца и на Република Косово, г. Наим Ќелај (27 мај 2021 година);
- **Проштална** средба со претседателот на Уставниот суд, г. Сали Мурати (27 мај 2021 година);
- **Обраќање** на Претседателот Џафери на онлајн симулацијата на тема „Подготовка за идна криза: развивање поефективен систем за управување со кризи“(27 мај 2021 година);
- **Присуство** на Денот на високи гости на армискиот полигон Криволак – одвивање на воената вежба „Одлучен удар 21"(31 мај 2021 година)

**<u>СЕДНИЦИ</u>**

65. <u>Среда, 05 мај 2021 година, 12:00ч</u> - Седница бр. 30
66. <u>Среда, 05 мај 2021 година, 12:10ч -</u> Седница бр. 34
67. <u>Среда, 05 мај 2021 година, 12:20ч -</u> Седница бр. 39
68. <u>Четвrток, 06 мај 2021 година, 12:00ч -</u> Седница бр. 29
69. <u>Четвrток, 06 мај 2021 година, 12:10ч -</u> Седница бр. 30
70. <u>Четвrток, 06 мај 2021 година, 12:20ч -</u> Седница бр. 34
71. <u>Четвrток, 06 мај 2021 година, 12:30ч -</u> Седница бр. 36
72. <u>Вторник, 11 мај 2021 година, 12:00ч -</u> Седница бр. 18
73. <u>Вторник, 11 мај 2021 година, 12:15ч -</u> Седница бр. 26
74. <u>Вторник, 11 мај 2021 година, 12:30ч -</u> Седница бр. 29
75. <u>Вторник, 11 мај 2021 година, 12:45ч -</u> Седница бр. 34
76. <u>Вторник, 11 мај 2021 година, 13:00ч -</u> Седница бр. 39
77. <u>Вторник 18 мај 2021 година, 12:00ч -</u> Седница бр. 41
78. <u>Вторник 18 мај 2021 година, 16:00ч -</u> Седница бр. 40
79. <u>Четвrток 20 мај 2021 година, 12:00ч -</u> Седница бр. 41
80. <u>Четвrток 27 мај 2021 година, 11:00ч -</u> Седница бр. 42

**<u>КООРДИНАЦИИ</u>**

17. Вторник, 02 мај 2021 година, 10:00 - Координација бр. 37
18. Понеделник, 10 мај 2021 година, 12:30 - Координација бр. 38

19. Понеделник, 17 мај 2021 година, 10:00 - Координација бр. 39
20. Понеделник, 25 мај 2021 година, 10:00 - Координација бр. 40
21. Понеделник, 31 мај 2021 година, 10.00 - Координација бр. 41

**ПРЕТСЕДАТЕЛСТВА**

1.Петок, 28 мај 2021 година, 10.00- Работен состанок бр. 2

**СУМАРЕН ПРЕГЛЕД НА АКТИВНОСТИ**

| Активности | Вкупно |
|---|---|
| Билатерални активности | 7 |
| Мултилатерални активности | 2 |
| Други активности | 18 |
| Координации | 5 |
| Претседателства | 1 |
| Седници | 16 |

**ЈУНИ 2021**
**Надворешно - политички билатерални активности на претседателот на Собранието на Република Северна Македонија Талат Џафери**

- **Средба** со новоименуваниот нерезидентен амбасадор на Исламската Република Иран, Н.Е. Сејед Мохамад Џавад Расули (2 јуни 2021 година);
- **Проштална средба** со амбасадорката на Австралија, Н.Е. Рут Карис Стјуарт (2 јуни 2021година);
- **Средба** со ко-претседателот и Делегацијата на Пратеничката група за меѓупарламентарни односи со Република Северна Македонија на Врховната Рада на Украина, г. Валериј Зуб (10 јуни 2021 година);
- **Протоколарна** средба со новоименуваната амбасадорка на Република Србија, Н.Е. Невена Јовановиќ.,(15 јуни 2021 година)
- **Билатерална** средба со г. Алекса Бечиќ, претседател на Собранието на Црна Гора во Анталија, Турција (21 јуни 2021 година);
- **Билатерална средба** со г. Мустафа Шентоп, Претседател на Големото национално собрание на Турција во Анталија, Турција (23 јуни 2021 година);
- **Средба** со градоначалничката на Прешево, г-ѓа Ардита Синани (24 јуни 2021 година);
- **Средба** со Претседателот на Националното собрание на Република Словенија, г. Игор Зорчиќ во Брисел, Белгија (28 јуни 2021 година)

**Надворешно - политички мултилатерални активности на Претседателот на Собранието на Република Македонија Талат Џафери**

- **Средба** со шефот на Делегацијата на Парламентарното собрание на организацијата за Црноморска економска соработка, г. Џемал Озтурк и генералниот секретар на ПАБСЕК, г. Асаф Хаџиев (10 јуни 2021 година);

- **Работен ручек** со амбасадорот на ЕУ, Н.Е. Дејвид Гир (16 јуни 2021 година);
- **Учество** на Осмата пленарна сесија на ПС на ПСЈИЕ во Анталија, Турција (21-23 јуни 2021 година);
- **Средба** со генералниот секретар на ПАБСЕК, г. Асаф Хаџиев во Истанбул, Турција ( 23 јуни 2021 година)
- **Учество** на Самитот на претседатели на парламенти: Европски парламент – Западен Балкан во Брисел, Белгија ( 28-29 јуни 2021 година);
- **Средба** - виртуелна, со пратениците од Европскиот парламент, г. Андреас Шидер, г. Илхан Ќучук и г-ѓа Марион Валсман во Брисел (29 јуни 2021 година).

**Други активности на Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија Талат Џафери**

- **Виртуелен прием** во организација на Амбасадата на Италија по повод Националниот ден на Италија (2 јуни 2021 година);
- **Средба** со ректорот на УКИМ, г. Никола Јанкуловски (2 јуни 2021 година);
- **Состанок** на советодавниот одбор - Поддршка на изборните реформи во Северна Македонија (3 јуни 2021 година);
- **Прием** во резиденцијата на Амбасадата на Швајцарија (4 јуни 2021 година);
- **Присуство** на изложбата со мото Дигитализирани душевни вибрации (8 јуни 2021 година);
- **Обраќање** на Претседателот Џафери на примопредавањето на донацијата од Народна Република Кина (09 јуни 2021 година);
- **Интервју** за **АБЦ Њуз** (10 јуни 2021 година);
- **Обраќање** на Претседателот Џафери на Церемонијата за промоција на седумнаесеттата генерација апсолвенти на УЈИЕ (12 јуни 2021 година);
- **Средба** со професор доктор Валтер Мемиша ( 15 јуни 2021 година)
- **Учество** на презентација од ИРИ (17 јуни 2021 година);
- **Следење** на фудбалски натпревар со амбасадорката на Украина, Н.Е Наталија Задорожњук (17 јуни 2021 година);
- **Обраќање** на Претседателот Џафери на тема: „Соседите во Југоисточна Европа обединети: јакнење на механизмите за соработка за иднината на регионалната безбедност“ во Анталија, Турција (22 јуни 2021 година);
- **Брифинг** со новинари (24 јуни 2021 година)
- **Обраќање** на Претседателот Џафери на изложбата на Вишеградската група В4 (24 јуни 2021 година)
- **Снимање** на спот за Твининг проектот „Подобрување на надворешната ревизија и собранискиот надзор“ (25 јуни 2021 година);
- **Обраќање** на Претседателот Џафери пред членовите на Комитетот за надворешни работи (АФЕТ) на Европскиот парламент во Брисел (28 јуни 2021 година);
- **Обраќање** на Претседателот Џафери на Самитот на спикери на парламенти од Западен Балкан на тема „Фундаменталната улога на парламентите во процесот на проширување на ЕУ во пост-ковид ерата“ во Брисел (28 јуни 2021 година);

- **Обраќање** на Претседателот Џафери по повод Свеченото промовирање на првата генерација на апсолвенти на Универзитетот Мајка Тереза (30 јуни 2021 година);
- **Прием** во резиденцијата на Амбасадата на САД ( 30 јуни 2021 година)

## СЕДНИЦИ

81. Вторник, 01 јуни2021 година, 12:00ч - Седница бр. 29
82. Вторник , 01 јуни 2021 година, 12:15ч - Седница бр. 30
83. Вторник, 01 јуни 2021 година, 12:30ч - Седница бр. 34
84. Вторник, 01 јуни 2021 година,12:45ч - Седница бр.39
85. Вторник, 01 јуни 2021 година, 13:00ч - Седница бр.41
86. Среда, 02 јуни2021 година, 12:00ч - Седница бр.3
87. Среда, 02 јуни 2021 година, 12:15ч - Седница бр. 4
88. Среда, 02 јуни 2021 година, 12:30ч - Седница бр. 6
89. Среда, 02 јуни 2021 година, 12:45ч - Седница бр.7
90. Вторник, 08 јуни 2021 година, 11:00ч - Седница бр.43
91. Среда, 09 јуни 2021 година, 12:00ч - Седница бр.43
92. Четврток, 10 јуни 2021 година, 12:00ч - Седница бр.43
93. Среда, 30 јуни 2021 година, 14:45ч - Седница бр.43
94. Среда, 30 јуни 2021 година, 15:30ч - Седница бр.39
95. Среда, 30 јуни 2021 година, 15:30ч - Седница бр.43

## КООРДИНАЦИИ

1. Понеделник, 07 јуни 2021 година, 10:00ч - Координација бр. 49
2. Понеделник, 14 јуни 2021 година, 10:00ч - Координација бр. 50
3. Четврток, 17 јуни 2021 година, 12:00ч - Координација бр. 51

## ПРЕТСЕДАТЕЛСТВА

1. Петок, 11 јуни 2021 година, 10:00ч - Работен состанок бр. 3

## СУМАРЕН ПРЕГЛЕД НА АКТИВНОСТИ

| Активности | Вкупно |
|---|---|
| Билатерални активности | 8 |
| Мултилатерални активности | 6 |
| Други активности | 18 |
| Координации | 3 |
| Претседателства | 1 |
| Седници | 15 |

## ЈУЛИ 2021

### Надворешно - политички билатерални активности на Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија Талат Џафери

- **Средба** со британската амбасадорка во Република Северна Македонија Н.Е Рејчел Галовеј (14 јули 2021 година);
- **Проштална средба** со амбасадорот на Израел во Република Северна Македонија, Н.Е. Дан Орјан (19 јули 2021година);
- **Средба** со г. Бенедето Дела Ведова, заменик-министер за надворешни работи на Италијанската Република (26 јули 2021 година);
- **Средба** со новоименуваниот амбасадор на Кралството Јапонија во Република Северна Македонија, Н.Е. Хиронори Савада, (29 јули 2021 година);
- **Средба** со вториот заменик - премиер и министер за надворешни работи на Република Косово, г-ѓа Доника Грвала Шварц (30 јули 2021 година).

### Надворешно - политички мултилатерални активности на Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија Талат Џафери

- **Средба** со европратеникот Кристијан Сагарц, известител во сенка за Северна Македонија од Европските народни партии во Европскиот парламент (30 јули 2021 година)

### Други активности на Претседателот на Собранието на Собранието на Република Северна Македонија Талат Џафери

- **Обраќање** на Преспа Форум Дијалог – Охрид (1 јули 2021 год.);
- **Обраќање** на Охридски Балкански Фестивал –Охрид (5 јули 2021 година);
- **Обраќање** на експертската размена со косовското собрание, организирано од ДКАФ (7 јули 2021 година);
- **Средба** со претставници од Државниот завод за ревизија (7 јули 2021 година);
- **Обраќање** на Промотивниот настан на ИПА Твининг проектот за „Подобрување на надворешната ревизија и парламентарниот надзор“ (8 јули 2021 година);
- **Гостин** на емисија на **ТВ24** (08 јули 2021 година);
- **Средба** со Ферид Мухиќ, Илија Николовски и Зеќир Рамчиловиќ (9 јули 2021 година);
- **Работен ручек** со Здружение на Новинари на Македонија –хотел Солун (9 јули 2021 година);
- **Присуство** на Свеченото отворање на Албанскиот театар (10 јули 2021 година);
- **Средба** со Марк Ремилард, директор на ДКАФ (12 јули 2021 година);
- **Состанок** со Управувачки совет - НДИ (13 јули 2021 година);
- **Присуство на прием** по повод Национален ден на Франција (14 јули 2021 година);

- **Средба** со Емил Златков и Томас Кент (15 јули 2021 година);
- **Средба** со Александар Николоски, градоначалник на Општина Ѓорче Петров (14 јули 2021 година);
- **Присуство на прием** по повод Национален Ден на Швајцарија (14 јули 2021 година);
- **Учество** на дискусијата за Стратегијата за надворешна политика на Република Северна Македонија „Рефлексија 2030" (21 јули 2021 година);
- **Присуство на** Промоција на Елитна Населба Комплекс - ПЛАНЕТ (22 јули 2021 година)
- **Телефонски разговор** со Н.Е Мустафа Шентоп, претседател на Националното Собрание на Турција (23 јули 2021 година);
- **Учество** на седница на Комисијата за политички систем ( 26 јули 2021 година);
- **Средба** на Управувачки совет на Парламентарна буџетска канцеларија (27 јули 2021 година);
- **Обраќање** на Свечената седница на Комитетот за односи меѓу заедниците по повод Одбележувањето на 20 - годишнината на Охридскиот рамковен договор (29 јули 2021 година);
- **Брифинг** со новинари (30 јули 2021 година);
- **Присуство** на прикажувањето на документарниот филм „Охрид и потоа" - ТВ21 (30 јули 2021 година).

## СЕДНИЦИ

96. Четврток, 14 јули2021 година, 11:00ч – Седница бр. 46
97. Четврток , 14 јули 2021 година, 13:00ч - Седница бр. 45
98. Четврток, 14 јули 2021 година, 13:15ч - Седница бр. 41
99. Четврток, 22 јули 2021 година,11:00ч - Седница бр.47
100. Петок, 23 јули 2021 година, 12:00ч - Седница бр.47
101. Понеделник, 26 јули 2021 година, 11:00ч - Седница бр.47
102. Вторник, 27 јули 2021 година, 12:00ч - Седница бр. 47
103. Среда, 28 јули 2021 година, 12:00ч - Седница бр. 47
104. Среда, 28 јули 2021 година, 15:00ч - Седница бр.49
105. Среда, 28 јули 2021 година, 15:00ч - Седница бр.46
106. Четврток, 29 јули 2021 година, 12:00ч - Седница бр.47
107. Петок, 30 јули 2021 година, 11:00ч - Седница бр.48

## КООРДИНАЦИИ

4. Вторник, 06 јули 2021 година, 10:00ч - Координација бр. 45
5. Понеделник, 12 јули 2021 година, 10:00ч - Координација бр. 46
6. Понеделник, 19 јули 2021 година, 10:00ч - Координација бр. 47
7. Понеделник, 26 јули 2021 година, 10:00ч - Координација бр. 48

## ПРЕТСЕДАТЕЛСТВА

2. Петок, 09 јули 2021 година, 10:00ч - Работен состанок бр. 4
3. Петок, 23 јули 2021 година, 10:00ч - Работен состанок бр. 5

**СУМАРЕН ПРЕГЛЕД НА АКТИВНОСТИ**

| Активности | Вкупно |
|---|---|
| Билатерални активности | 5 |
| Мултилатерални активности | 1 |
| Други активности | 23 |
| Координации | 4 |
| Претседателства | 2 |
| Седници | 12 |

## АВГУСТ 2021

### Надворешно - политички билатерални активности на Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија Талат Џафери

- **Средба** со министерот за надворешни работи на Република Грција, Никос Дендиас (31 август 2021 година)

### Други активности на Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија Талат Џафери

- **Обраќање** на Претседателот Џафери на Одбележувањето на 2 Август - Денот на Републиката (2 август 2021 година);
- **Изјава** на Претседателот Џафери по повод Распишувањето на локалните избори (2 август 2021 година);
- **Средба** со генералниот секретар на Муслиманската светска лига, д-р Мохамад бин Абдул Карим Ал-Иса (12 август 2021 година);
- **Учество** на Панел дискусија по повод 20 години Рамковен договор (13 август 2021 година)

**КООРДИНАЦИИ**

22. Понеделник, 30 август 2021 година, 10:00 - Координација бр. 49

**ПРЕТСЕДАТЕЛСТВА**

4. Петок, 11 јуни 2021 година, 10:00ч - Работен состанок бр. 6

**СУМАРЕН ПРЕГЛЕД НА АКТИВНОСТИ**

| Активности | Вкупно |
|---|---|
| Билатерални активности | 1 |
| Мултилатерални активности | 0 |
| Други активности | 4 |
| Координации | 1 |
| Претседателства | 1 |
| Седници | 0 |

## СЕПТЕМВРИ 2021

### Надворешно - политички билатерални активности на Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија Талат Џафери

- **Средба** со делегација на Литванскиот Парламент предводена од Аудрониус Ажубалис (6 септември 2021 година);
- **Средба** со Претседателот на Парламентот на Грузија, Каха Кучава во Виена (8 септември 2021година);
- **Средба** со Волфганг Соботка, Претседател на Австрискиот национален совет во Виена (8 септември 2021 година);
- **Средба** со Денис Звиздиќ, Претседател на Претставничкиот дом на Парламентот на Босна и Херцеговина во Виена (8 септември 2021 година);
- **Средба** со сенаторката Марта де Сидрак (13 септември 2021 година);
- **Проштална средба** со амбасадорот на Кралството Шпанија, Н.Е Емилио Лоренцо Сера (20 септември 2021 година);
- **Средба** со Претседателот на Парламентот на Унгарија, г. Ласло Ковер во Будимпешта (24 септември 2021 година);
- **Средба** со членот на претседателството на Босна и Херцеговина, Шефик Џаферовиќ ( 28 септември 2021 година).

### Надворешно - политички мултилатерални активности на Претседателот на Собранието на Република Македонија Талат Џафери

- **Учество** на Петтата светска конференција на претседатели на парламенти, Виена, Австрија (6-9 септември 2021 година);
- **Учество** на Работилницата за демократија во австрискиот парламент во Виена (7 септември 2021 година);
- **Работен состанок** со европратениците за Дијалогот Жан Моне (10 септември 2021 година);
- **Учество** на Десеттиот состанок на претседатели на парламенти на земјите од Југоисточна Европа, Унгарија (24-25 септември 2021 година);
- **Учество** на Состанокот на претседатели на парламенти на земјите од Западен Балкан, Љубљана, Словенија (25-27 септември 2021 година).

### Други активности на Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија Талат Џафери

- **Средба** со Младен Чадиковски, претседател на Здружението на новинари на Македонија (2 септември 2021 година);
- **Обраќање** на Претседателот Џафери на Петтата светска конференција на претседатели на парламенти во Виена (8 септември 2021 година);
- **Состанок** на Советот за безбедност, Вила Водно(13 септември 2021 година);
- **Проштална вечера** со амбасадорката на Швајцарија, Н.Е. Сибил Зухер Техада (14 септември 2021 година);

- **Обраќање** на Претседателот Џафери на 10. Состанок на спикери на парламенти од земјите од Југоисточна Европа за проширувањето, Унгарија (24 септември 2021 година);
- **Обраќање** на Претседателот Џафери на Состанокот на спикери на парламенти од земјите на Западен Балкан во Љубљана, Словенија (27 септември 2021 година);
- **Брифинг** со новинари (28 септември 2021 година);
- **Средба** со Марк Ремилард, директор на ДКАФ (30 септември 2021 година).

## СЕДНИЦИ

108. Среда, 01 септември 2021 година, 12:00ч - Седница бр. 45
109. Вторник, 07 септември 2021 година, 12:00ч - Седница бр. 45
110. Вторник, 07 септември 2021 година, 12:15ч - Седница бр. 43
111. Вторник, 14 септември 2021 година,11:00ч - Седница бр. 50
112. Среда, 15 септември 2021 година, 12:00ч - Седница бр. 50
113. Среда,15 септември 2021 година, 13:00ч - Седница бр. 52

## КООРДИНАЦИИ

8. Понеделник, 06 септември 2021 година, 10:00ч - Координација бр. 50
9. Понеделник, 13 септември 2021 година, 10:00ч - Координација бр. 51
10. Понеделник, 20 септември 2021 година, 10:00ч - Координација бр. 52

## ПРЕТСЕДАТЕЛСТВА

5. Петок, 17 септември 2021 година, 10:00ч - Работен состанок бр. 7

## СУМАРЕН ПРЕГЛЕД НА АКТИВНОСТИ

| Активности | Вкупно |
|---|---|
| Билатерални активности | 8 |
| Мултилатерални активности | 5 |
| Други активности | 8 |
| Координации | 3 |
| Претседателства | 1 |
| Седници | 6 |

## ОКТОМВРИ 2021

### Надворешно - политички билатерални активности на Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија Талат Џафери

- **Средба** со новата амбасадорка на Швајцарија во Република Северна Македонија, Н.Е. Вероник Улман Марти (14 октомври 2021 година);
- **Средба** со новоизбраната Претседателка на Собранието на Република Албанија, Линдита Никола, во Атина, Грција (21 октомври 2021година);

- **Средба** со потпретседателката на шведскиот Риксдаг, Лота Џонсон Форнаве во Атина, Грција (21 октомври 2021 година);
- **Средба** со Претседателот на Парламентот на Република Грција, Константинос Тасулас во Атина, Грција(22 октомври 2021 година);

**Надворешно - политички мултилатерални активности на Претседателот на Собранието на Собранието на Република Северна Македонија Талат Џафери**

- **Учество** на Европската конференција на претседатели на парламенти, Атина Грција (21-22 октомври 2021 година)
- **Средба** со амбасадорот на Европската унија, Н.Е. Дејвид Гир (25 октомври 2021 година)

**Други активности на Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија Талат Џафери**

- **Обраќање** на Претседателот Џафери на вебинарот на тема: „Подобрување на соработката меѓу парламентите и новинарите за поголема отчетност и транспарентност“ (1 октомври 2021 година);
- **Гостин** во емисијата **Утрински брифинг** (1 октомври 2021 година);
- **Состанок** со Џо Пауел, заменик извршен директор на ОГП, САД (6 октомври 2021 година);
- **Присуство** на Одбележувањето на 5-годишнината од основањето на Универзитетот „Мајка Тереза“ (8 октомври 2021 година)
- **Снимање** на документарен филм за НАТО (18 октомври 2021 година);
- **Учество** на Панел дискусијата на Управувачкиот совет на ПСП (19 октомври 2021 година);
- **Обраќање** на Претседателот Џафери на Конференцијата на претседатели на парламенти на ПС на СЕ на тема: „Заедничката иднина на сите европски граѓани“ (22 октомври 2021 година);
- **Снимање** на документарен филм за Енвер Малиќи ( 26 октомври 2021 година);
- **Присуство** на свеченото отворање на новиот трговски центар Ист Гејт Мол (28 октомври 2021 година).

**СУМАРЕН ПРЕГЛЕД НА АКТИВНОСТИ**

| Активности | Вкупно |
|---|---|
| Билатерални активности | 8 |
| Мултилатерални активности | 2 |
| Други активности | 9 |
| Координации | / |
| Претседателства | / |
| Седници | / |

## НОЕМВРИ 2021

### Надворешно - политички билатерални активности на Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија Талат Џафери

- **Протоколарна средба** со новоименуваниот амбасадор на Кралството Шпанија Н.Е. Г. Хозе Луис Лозано Гарсија (2 ноември 2021 година);
- **Средба** со министерот за одбрана на Република Албанија. г. Нико Пелеши (5 ноември 2021година);
- **Официјална посета** на Обединетите Арапски Емирати (14-18 ноември 2021 година);
- **Средба** со Н.Е. Сакр Ал-Гобаш, Спикер на Федералниот национален совет на Обединетите Арапски Емирати**,** Абу Даби (16 ноември 2021 година);
- **Средба** со Н.Е. Шеик Нахјан Бин Мубарак Ал-Нахјан, министер за толеранција и соживот во Владата на Обединетите Арапски Емирати (18 ноември 2021 година);
- **Средба** со Претседателот на Република Полска, Анджеј Дуда (19 ноември 2021 година);
- **Протоколарна средба** со амбасадорката на Израел, Н.Е Симоне Франкел (24 ноември 2021 година);
- **Средба** со Претседателот на Собранието на Црна Гора, Алекса Бечиќ (26 ноември 2021 година);
- **Протоколарна средба** со новоименуваниот нерезидентен амбасадор на Малезија, Н.Е. Франциско Мунис (30 ноември 2021 година);
- **Протоколарна средба** со новоименуваниот амбасадор на Мексико, Н.Е. Карлос Исауро Феликс Корона (30 ноември 2021 година).

### Надворешно - политички мултилатерални активности на претседателот на Собранието на Собранието на Република Северна Македонија Талат Џафери

- **Средба** со европратеникот ТијсРојтен, (3 ноември 2021 година);
- **Учество** на 143. Собрание на Интерпарламентарната унија (ИПУ) во Мадрид, Шпанија (26-29 ноември 2021 година).

### Други активности на Претседателот на Собранието на Собранието на Република Северна Македонија Талат Џафери

- **Работен** ручек со делегација на НДИ од Вашингтон (4 ноември 2021 година);
- **Обраќање** на Претседателот Џафери на Парламентарниот дијалог за управување и надзор на разузнавањето во организација на ДКАФ (10 ноември 2021 година);
- **Посета** на Павилјонот на Република Северна Македонија на ЕКСПО 2020 Дубаи (17 ноември 2021 година);

- **Потпишување** на Меморандум за разбирање помеѓу ДКАФ - Женевскиот центар за управување со безбедносниот сектор и Собранието на Република Северна Македонија (19 ноември 2021 година);
- **Присуство на прием** во организација на ЗНМ (25 ноември 2021 година);
- **Обраќање** на Претседателот Џафери на Регионалната конференција на темата „Подобрување на дијалогот меѓу парламентите и новинарите од Западен Балкан", во организација на Собранието на Република Северна Македонија и Здружението на Новинари на Македонија (ЗНМ) (26 ноември 2021 година);
- **Обраќање** на Претседателот Џафери на Генералната дебата на 143. Собрание на ИПУ на тема: „Современи предизвици за демократијата: надминување на поделеноста и градење заедница"(28 ноември 2021 година);
- **Присуство** на Доделувањето на јубилејната награда од Филозофски факултет за Собранието на Република Северна Македонија (30 ноември 2021 година).

**СЕДНИЦИ**

114. Петок, 05 ноември 2021 година, 12:00ч – Седница бр. 51
115. Четврток , 11 ноември 2021 година, 11:00ч - Седница бр. 53

**КООРДИНАЦИИ**

11. Понеделник, 01 ноември 2021 година, 10:00ч - Координација бр. 53
12. Понеделник, 08 ноември 2021 година, 10:00ч - Координација бр. 54
13. Понеделник, 23 ноември 2021 година, 10:00ч - Координација бр. 55

**ПРЕТСЕДАТЕЛСТВА**

Понеделник, 01 ноември 2021 година, 10:00ч - Работен состанок бр.8

**СУМАРЕН ПРЕГЛЕД НА АКТИВНОСТИ**

| Активности | Вкупно |
|---|---|
| Билатерални активности | 10 |
| Мултилатерални активности | 2 |
| Други активности | 8 |
| Координации | 3 |
| Претседателства | 1 |
| Седници | / |

**ДЕКЕМВРИ 2021**

**Надворешно - политички билатерални активности на Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија Талат Џафери**

- **Средба** со Претседателката на Собранието на Република Албанија, Линдита Никола во Тирана, Албанија (10 декември 2021 година);

- **Проштална** средба со Н.Е. Мирослав Томан, амбасадор на Чешката Република (13 декември 2021година);
- **Средба** со новоименуваниот амбасадор на Австралија, Н.Е. Даниел Џозеф Емери (14 декември 2021 година);
- **Средба** со Н.Е. Мустафа Шентоп, Спикер на Големото национално собрание на Република Турција (21 декември 2021 година).

**Други активности на Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија Талат Џафери**

- **Работна средба** со претставници на УКИМ (2 декември 2021 година);
- **Средба** со потпретседателот на Владата на Република Северна Македонија, Љупчо Николовски (2 декември 2021 година);
- **Државен пречек** на пристигнувањето на посмртните останки на загинатите од автобуската несреќа во Аеродромот во Скопје (3 декември 2021 година);
- **Работен состанок** на Управувачкиот совет за имплементација на ПСП, (6 декември 2021 година);
- **Виртуелен состанок** на Советодавниот комитет на ПСП (7 декември 2021 година);
- **Доделување** на Државната награда „Св. Климент Охридски“ (8 декември 2021 година);
- **Обраќање** на Претседателот Џафери на меѓународниот ден за борба против корупцијата (9 декември 2021 година);
- **Доделување** на титула „Почесен граѓанин“ од Општина Лежа (10 декември 2021 година);
- **Доделување** на пехар на учениците од СЕПУГУС „Васил Антевски-Дрен“ (13 декември 2021 година);
- **Средба** со невладината организација за лица со посебни потреби „Миресиа“ од Чаир (15 декември 2021 година);
- **Обраќање** на Свечената академија по повод 27 годишнината од основањето на Универзитет во Тетово (17 декември 2021 година);
- **Обраќање** на настан по повод Денот на турската настава (21 декември 2021 година);
- **Брифинг со новинари** (23 декември 2021 година);
- **Доделување на новогодишни пакетчиња** (27 декември 2021 година);
- **Завршна годишна изјава за медиумите** на Претседателот Џафери (28 декември 2021 година)

**СЕДНИЦИ**

116. Четврток, 09 декември 2021 година, 12:00ч - Седница бр. 54
117. Петок, 10 декември 2021 година, 11:00ч - Седница бр. 54
118. Понеделник, 13 декември 2021 година, 12:00ч - Седница бр. 54
119. Вторник, 14 декември 2021 година, 12:00ч - Седница бр. 54

120. Среда, 15 декември 2021 година, 12:00ч - Седница бр. 54
121. Вторник, 21 декември 2021 година, 12:00ч - Седница бр. 58
122. Среда, 22 декември 2021 година, 12:00ч - Седница бр. 56
123. Четврток, 23 декември 2021 година, 11:00ч - Седница бр. 53
124. Понеделник, 27 декември 2021 година, 11:00ч - Седница бр. 59

## КООРДИНАЦИИ

Понеделник, 01 декември 2021 година, 10:00ч - Координација бр. 57
14. Понеделник, 13 декември 2021 година, 10:00ч - Координација бр. 58
15. Понеделник, 20 декември 2021 година, 10:00ч - Координација бр. 59
16. Понеделник, 27 декември 2021 година, 10:00ч - Координација бр. 60

## ПРЕТСЕДАТЕЛСТВА

6. Петок, 17 декември 2021 година, 10:00ч - Работен состанок бр. 9

## СУМАРЕН ПРЕГЛЕД НА АКТИВНОСТИ

| Активности | Вкупно |
|---|---|
| Билатерални активности | 4 |
| Мултилатерални активности | / |
| Други активности | 16 |
| Координации | 4 |
| Претседателства | 1 |
| Седници | 8 |

## ВКУПЕН СУМАРЕН ПРЕГЛЕД НА АКТИВНОСТИТЕ ЗА 2021 ГОДИНА

| Активности | Вкупно |
|---|---|
| Билатерални активности | 63 |
| Мултилатерални активности | 63 |
| Други активности | 152 |
| Координации | 60 |
| Претседателства | 9 |
| Седници | 123 |

# 5.2.ПОТПРЕТСЕДАТЕЛИ

Собранието на Република Северна Македонија е претставнички орган на граѓаните и носител на законодавната власт на Републиката.

Собранието од редот на пратениците избира претседател и потпретседатели на Собранието.

Бројот на потпретседателите го утврдува Собранието по предлог од претседателот на Собранието. Потпретседателите се избираат од редот на пратениците кои припаѓаат на различни политички партии застапени во Собранието.

Еден од потпретседателите се избира од редот на пратениците кои припаѓаат на политичката партија застапена во Собранието која е најголема опозициска партија.

Процедурата за предлагање на кандидати за потпретседатели е ист како и предлагањето на претседателот.

За потпретседател на Собранието е избран кандидатот кој добил мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Ако за потпретседател се предложени повеќе кандидати од бројот кој се избира, а не е избран предвидениот број, ќе се повтори гласањето за избор на оној број потпретседатели кои не се избрани и тоа меѓу кандидатите кои добиле најголем број гласови.

Ако и при повторното гласање не е избран предвидениот број на потпретседатели, се повторува постапката за избор на оној број потпретседатели кои не се избрани.

Ако се предложени онолку кандидати колку што е потребно да се изберат, а не е избран предвидениот број, се повторува целата изборна постапка за оној број потпретседатели кои не се избрани.

Со утврдување на одлуката за бројот на потпретседателите на Собранието на Република Северна Македонија на втората седница на Собранието на Република Северна Македонија одржана на 14 октомври 2020 година, се започна процедурата за избор на потпретседатели на Собранието. На 26 ноември 2020 година на 22-та седница се избраа двајца потпретседатели и тоа Горан Мисовски од НСДП и Фадил Зендели од Движењето БЕСА.

## ➢ Потпретседател Горан Мисовски

### *1.Учество во работата на работните тела на Собранието на Република Северна Македонија и во пратеничките групи за билатерална соработка*

Горан Мисовски потпретседател на Собранието на Република Северна Македонија, доаѓа од редовите на Нова Социјалдемократска партија (НСДП). Реизбран е за потпретседател на Собранието на Република Северна Македонија на дваесет и втората собраниска седница на 26 ноември 2020 година.

Како потпретседател на Собранието на Република Северна Македонија има реализирано бројни активности кои се однесуваат на редовното учество на координациите на Собранието, на кои се разгледува и одлучува по прашања поврзани со тековните активности и обврски на Собранието, како и прашања поврзани со меѓународните активности. Како потпретседател, учествува и на состаноците на Претседателството на Собранието, со кои раководи претседателот на Собранието на Република Северна Македонија.

Како пратеник редовно учествува на пленарните седници на Собранието, (каде активно зема учество во расправа по точки од утврдените дневни редови).

Од позиција на пратеник учествува во работата на работните тела и тоа како член на Комисија за одбрана и безбедност и Комисија за прашања на изборите и именувањата, Комисија за надзор над спроведувањето на посебната истражна мерка следење на комуникациите од страна на Министерството за внатрешни работи, Управата за финансиска полиција, Царинската управа и Министерството за одбрана, заменик-член, Комисија за деловнички и мандатно-имунитетни прашања, заменик-член, Делегација на Собранието на Република Северна Македонија во Парламентарната димензија на Централноевропската иницијатива (ПД ЦЕИ), заменик-член, Пратеничка група на Собранието на Република Северна Македонија за соработка со Парламентот на Република Бугарија, член, Пратеничка група на Собранието на Република Северна Македонија за соработка со Парламентот на Јапонија, член, Пратеничка група на Собранието на Република Северна Македонија за соработка со Парламентот на САД, член и претседава со Управувачкиот совет на Парламентарниот институт и е претседател на Буџетскиот совет на Собранието на Република Северна Македонија.

**2. Средби со амбасадори и други дипломатски претставници**

- Средба на КОБ со министерот за одбрана на Република Чешка (13 мај 2021);
- Средба со Потпретседателот на Хрватскиот Сабор Жељко Реинер (2 октомври 2021);
- Средба со претседателката на одборот за финансирање и буџет во Хрватското Собрание (8 октомври 2021);
- Посета на претседателот на Големото Национално Собрание на Република Турција Н.Е. Професор Д-р Мустафа Шентоп (21 декември 2021);

**3. Учество на конференции и други меѓународни средби и свечености по повод значајни датуми**

- Собраниска делегација по повод 118 год загинување на Гоце Делчев (4 мај 2021);
- 9 Мај - Ден на Европа и Ден на победата над фашизмот (9 мај 2021);
- 24 Мај Одбележување на Денот на сесловенските просветители Св.Кирил и Методиј (24 мај 2021);

- Учество на Организацијата за Црноморска економска соработка (22 јуни 2021);
- 25 годишен јубилеј на фондацијата Фридрих Еберт (29 јуни 2021);
- Денот на Републиката, 2 Август Илинден (2 август 2021);
- По повод 18 Август Ден на Армијата (18 август 2021);
- 8-ми Септември 30 години независност во организација на на АД Пошта на РСМ (6 септември 2021);
- Учество на петтиот Македонски форум "30 години независност" (24 септември 2021);
- Одбележување на јубилејот 80 години од денот на народно востание - 11 Октомври (11 октомври 2021);
- Положување на цвеќе по повод празникот Св.Климент Охридски (8 декември 2021);

## Потпретседател Фадил Зендели

### *1.Учество во работата на работните тела на Собранието на Република Северна Македонија и во пратеничките групи за билатерална соработка*

Фадил Зендели потпретседател на Собранието на Република Северна Македонија, доаѓа од редовите на Движењето БЕСА. Избран е за потпретседател на Собранието на Република Северна Македонија на дваесет и втората собраниска седница на 26 ноември 2020 година.

Како потпретседател на Собранието на Република Северна Македонија има реализирано бројни активности кои се однесуваат на редовното учество на координациите на Собранието, на кои се разгледува и одлучува по прашања поврзани со тековните активности и обврски на Собранието, како и прашања поврзани со меѓународните активности. Како потпретседател, учествува и на состаноците на Претседателството на Собранието, со кои раководи претседателот на Собранието на Република Северна Македонија.

Како пратеник редовно учествува на пленарните седници на Собранието каде активно зема учество во расправа по точки од утврдените дневни редови.

Како пратеник учествува во работата на работните тела, и тоа како член на Комисија за одбрана и безбедност, Комисијата за уставни прашања, Комисија за прашања на изборите и именувањата и Постојаната анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот, а како заменик-член во Комисија за политички систем. Член е на Пратеничките групи на Собранието на Република Северна Македонија за билатерална соработка со парламентите на други држави и тоа на Република Грција, Кралството Данска, Канада, Република Косово и Кралството Шпанија.

**2. *Учество на конференции и други меѓународни средби и свечености по повод значајни датуми***

- Средба со Ахмед бин Мохамед ал-Јарван, претседател на Глобалниот совет за толеранција и мир (18 март 2021);
- Дигитален состанок на пратениците на Собранието на Република Северна Македонија и Рикстагот - Шведскиот парламент за демократска развојна соработка (26 април 2021);
- Онлајн состанок на управувачките групи на Собранието на Република Македонија и Швескиот парламент (11 јуни 2021);
- Конференција на парламентарниот разузнавачки безбедносен форум во Будимпешта (7 септември 2021);
- Демократска развојна соработка меќу Рикстагот на Шведска и Собранието на Република Северна Македонија (19 ноември 2021);
- Студиска посета на Стокхолм (од 1 до 4 декември 2021).

# 6. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

# 6.МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Секторот за меѓународна соработка на Собранието на Република Северна Македонија својата активност ја остварува преку работата на двете одделенија: Одделение за меѓународни парламентарни собранија и мултилатерална соработка и Одделение за билатерална соработка. Во Секторот се вработени девет државни службеници, од кои осум се со високо и еден е со средно образование.

Согласно Правилникот за внатрешна организација и делокруг на Службата на Собранието на Република Северна Македонија и Правилникот за систематизација на работните места во Службата на Собранието на Република Северна Македонија (бр.01-565/1 од 29.01.2021 г.), во Секторот за меѓународна соработка се извршуваат следните активности:

- професионално и навремено реализирање на активностите на пратениците-членови на делегациите на Собранието на Република Северна Македонија од аспект на претставувањето на Собранието во парламентарната димензија на меѓународните мултилатерални организации;
- стручна поддршка на работата на делегациите на Собранието во меѓународните парламентарни собранија, пратеничките групи на Собранието за билатерална парламентарна соработка и останатите ад -хок делегации, кои се реализираат во традиционален или виртуелен формат;
- меѓународна кореспонденција и стручна подготовка на претседателот на Собранието за учество на меѓународни настани и за средби во земјата со меѓународни претставници;
- подготовка на потсетници, извештаи, белешки и соопштенија од учества на меѓународни настани, како и годишни и мандатни извештаи од работата на Секторот;
- стручна подготовка на меѓународни средби, состаноци, конференции и семинари кога Собранието на Република Северна Македонија е домаќин или ко-организатор на настанот.

**Правна рамка за меѓународната соработка на Собранието**

- Деловник на Собранието на Република Македонија
- Одлука за основање делегации, пратенички групи и други облици на остварување на меѓународната соработка на Собранието на Република Македонија
- Одлуки за персонален состав на делегациите и пратеничките групи за билатерална соработка

На седницата одржана на 30 септември 2020 година, Собранието донесе „Одлука за основање делегации, пратенички групи и други облици на остварување на меѓународната

соработка на Собранието на Република Северна Македонијаг (“Службен весник на РСМ” број 237/2020). Со оваа Одлука се создаде правна рамка за постапката на формирањето, активноста и надлежноста на делегациите на Собранието во мултилатералните меѓународни организации.

Согласно оваа Одлука, Собранието формираше постојани делегации во следните меѓународни организации: Парламентарното собрание на Советот на Европа, Парламентарното собрание на ОБСЕ, Интерпарламентарната унија, Парламентарната димензија на ЦЕИ, Парламентарното собрание на НАТО, ПС на Медитеранот и ПС на ПСЈИЕ. Персоналниот состав на делегациите беше избран на седницата одржана на 23 декември 2020 г. (“Службен весник на РСМ“ број 310/20).

Согласно “Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за основање делегации, пратенички групи и други облици на остварување на меѓународната соработка на Собранието на Република Северна Македонија“ (“Службен весник на РСМ“ број 310/2020), со официјално писмо на претседателот на Собранието, се номинираат двајца пратеници од православна вероисповест во Интерпарламентарното собрание на Православието (ИПС на Православието).

Врз основа на „Одлуката за основање на Делегација на Собранието на Република Македонија во Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација“ (Службен весник на РМ број 88/04) и Одлуката за измена на Одлуката за основање на Делегација на Собранието на Република Македонија во Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијацијаг (“Службен весник на РСМ“ број 289/20), се основа и Делегација во Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација.

Во Собранието на Република Северна Македонија, врз основа на Правило 6 од Правилата за работа на Секцијата на Собранието на Република Северна Македонија во Парламентарното собрание на Франкофонијата (ПСФ), и во овој мандат е формирана Секција во Парламентарното собрание на Франкофонијата, од чии редови е избрана и делегација на Собранието на Република Северна Македонија во Парламентарното собрание на Франкофонијата.

Делегацијата на Собранието во ИПС на Православието се утврдува со официјално писмо од претседателот на Собранието упатено до претседателот на Организацијата.

Согласно вОдлуката за изменување и дополнување на Одлуката за основање делегации, пратенички групи и други облици на остварување на меѓународна соработка на Собранието на Република Северна Македонијаг (“Службен весник на РСМ” број 310/20), се формираше Делегација во Парламентарното собрание на Црноморската економска соработка (ПАБСЕК). Персоналниот состав на оваа делегација се утврди на седницата на Собранието на република Северна Македонија одржана на 29 јули 2021 г. (“Службен весник на РСМ” број 173/21).

**Вкупниот број на делегации изнесува 11 (единаесет).**

На седницата одржана на 26 ноември 2020 година, Собранието донесе Одлука за основање на пратенички групи на Собранието на Република Северна Македонија за соработка со парламенти на други држави (“Службен весник на РСМ” број 284/20). Во Собранието на Република Северна Македонија во овој пратенички мандат се формирани **вкупно 51 пратенички групи за соработка** со парламенти на други држави и тоа со: Исламска Република Авганистан; Австралија и Нов Зеланд; Република Австрија; Република Албанија; Република Азербејџан; Балтичките земји: Република Естонија, Република Латвија и Република Литванија; Кралството Белгија; Босна и Херцеговина; Република Бугарија; земјите од Блискиот Исток и Арапскиот залив; Сојузна Република Германија; Република Грција; Република Грузија, Кралството Данска; Индија, Република Индонезија; Државата Израел; Исламската Република Иран; Ирска, Република Исланд и Кралството Норвешка; Италија; Јапонија; Канада; Република Казахстан, Киргистанска Република, Република Таџикистан, Република Узбекистан и Туркменистан; Народна Република Кина; Република Косово; земјите од Латинска Америка и од Карибите; Големото Војводство Луксембург; Република Малта и Република Кипар; Монголија; Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска; Република Полска; Португалската Република; Романија; Руската Федерација; САД; Словачката Република; Република Словенија; Република Србија; Република Турција; Украина; Унгарија; Република Финска; Француската Република; Кралството Холандија; Република Хрватска; Црна Гора; Чешката Република; Швајцарската Конфедерација; Кралството Шведска и Кралството Шпанија.

# 6.1. Мултилатерална соработка

## ПАРЛАМЕНТАРНО СОБРАНИЕ НА СОВЕТОТ НА ЕВРОПА

**Шеф на Делегацијата:** г. Костадин Костадинов
**Членови:** г. Александар Николовски и г-ѓа Арта Биљали Зендели
**Заменици-членови:** г-ѓа Бисера Костадиновска Стојчевска, г. Владо Мисајловски и г-ѓа Артина Ќазими.

**Советот на Европа е меѓувладина организација формирана на 5 мај 1949 година од десет земји, а денес има 47 земји членки. Основните цели на Советот на Европа се:**

- заштита на човековите права, плуралистичка демократија и владеење на правото,
- унапредување на свеста и охрабрување на развојот на европскиот културен идентитет и разновидност,
- барање на решенијата за проблемите со кои се соочува европското општество (ксенофобија,нетолеранција, заштита на човековата околина, клонирањето, сидата, дрогите и наркоманијата, организираниот криминал и сл.) и
- помагање на консолидацијата на демократската стабилност во Европа преку политички, законодавни и уставни промени.

Најстарото парламентарно собрание креирано на европската почва е Парламентарното собрание на Советот на Европа, кое е еден од двата главни органи на Советот на Европа. Тоа има советодавна функција во однос на Комитетот на министрите каде што се расправа за проблемите со кои се соочува европското општество. Неговата активност е фокусирана на прашања од тековна политичка важност, вклучувајќи ги и проблемите на модерното општество и аспекти на меѓународната политика.

Собранието заседава четири пати годишно (јануари, април, јуни и октомври), на јавни седници кои траат една работна седмица. Тоа има Постојан комитет, кој меѓу двете сесии делува во негово име, како и осум постојани комисии, како и пет политички групи. ПС на Советот на Европа има вкупно 648 членови, од кои 324 се членови, а 324 заменици на членови, 18 членови набљудувачи и извесен број членови од Палестина и Мароко со статус на партнери за демократија.

Собранието на Република Северна Македонија учествува во работата на ПС на СЕ од 1993 година кога се стекна со статус на специјален гостин, а Република Македонија е член на СЕ од 1995 година. Делегацијата на Собранието на Република Северна Македонија во ПС на СЕ ја сочинуваат 6 члена, кои на пленарните сесии располагаат со три гласа. Членовите на делегациите по правило учествуваат на пленарните сесии, а зависно од прашањата кои се разгледуваат и на седниците на комисиите.

**Активности во периодот од 1 јануари 2021 година до 31 декември 2021 година**

Шефот на Делегацијата во Парламентарното собрание на Советот на Европа (ПССЕ), Костадин Костадинов, на 20 јануари 2021 г. оствари средба со амбасадорот на Република Полска, Н.Е. г.Војциех Тицињски. На средбата присуствуваа и г-ѓа Марија Стефанова, секретар на Делегацијата и г.Реџеп Прекопуца, ко-секретар на Делегацијата.

Шефот на Делегацијата на Собранието на Република Северна Македонија во Парламентарното собрание на Советот на Европа, г. Костадин Костадинов, на 24 февруари 2021 г. оствари средба со амбасадорката на Украина, Н.Е. г-ѓа Наталија Задорожњук. На средбата присуствуваше и г-ѓа Марија Стефанова, секретар на Делегацијата.

Г-ѓа Бисера Костадиновска-Стојчевска, член на Делегацијата на Собранието на Република Северна Македонија во Парламентарното собрание на Советот на Европа (ПС СЕ), на 11 мај 2021 г. учествуваше на онлајн состанокот на Комисијата на ПС на СЕ за политички прашања и демократија.

Делегација на Собранието на Република Северна Македонија во состав од пратениците: г-ѓа Бисера Костадиновска Стојчевска, заменик шеф, г.Александар Николоски и г-ѓа Арта Биљали Зендели, членови, во придружба на г-ѓа Марија Стефанова, секретар на делегацијата, учествуваа на летната сесија на Парламентарното собрание на Советот на Европа која се одржа во Стразбур, Франција од 21 до 24 јуни 2021 година.

Делегацијата на Собранието во ПС на СЕ, во состав од пратеничките г-ѓа Бисера Костадиновска Стојчевска и г-ѓа Арта Биљали Зендели, членови на Делегацијата, во придружба на г.Реџеп Прекопуца, ко-секретар на Делегацијата, учествуваше на есенската сесија на ПС на СЕ што се одржа од 27 до 30 септември 2021 г. во Стразбур, Франција.

Г-ѓа Бисера Костадиновска-Стојчевска, член на Делегацијата на Собранието на Република Северна Македонија во Парламентарното собрание на Советот на Европа (ПС СЕ), учествуваше на состанокот на Комисијата на ПС на СЕ за политички прашања и демократија, што се одржа на 3 и 4 ноември 2021 г. во Будимпешта, Унгарија, во придружба на г.Реџеп Прекопуца, ко-секретар на Делегацијата.

Г-ѓа Бисера Костадиновска-Стојчевска, член на Делегацијата на Собранието на Република Северна Македонија во Парламентарното собрание на Советот на Европа (ПС СЕ), учествуваше на состанокот на Постојаниот комитет на ПС на СЕ, што се одржа на 25 и 26 ноември 2021 г. во Рим, Италија, во придружба на г-ѓа Марија Стефанова, секретар на Делегацијата. Овој состанок се одржа по повод почетокот на шестмесечното ротирачко претседавање на Италија со Комитетот на министрите на Советот на Европа.

Г-ѓа Бисера Костадинова-Стојчевска, заменик-шеф на Делегацијата на Собранието на Република Северна Македонија во Парламентарното собрание на Советот на Европа учествуваше на седницата на Комисијата за политички прашања и демократија, г.Александар Николоски, член, учествуваше на седницата

на Комисијата за правни прашања и човекови права, што се одржаа на 6 и 7 декември 2021 г. во Париз, Франција, во придружба на г. Реџеп Прекопуца, ко-секретар на Делегацијата.

На редовниот годишен состанок на секретари на делегации во ПС на СЕ, што се одржа на 10 декември 2021 г. во Париз, Француската Република, учествуваше г-ѓа Марија Стефанова, секретар на Делегацијата.

OSCEPA

## ПАРЛАМЕНТАРНО СОБРАНИЕ НА ОБСЕ

**Шеф на Делегацијата:** г. Игор Јанушев
**Членови:** г-ѓа Моника Зајкова и г. Халил Снопче
**Заменици-членови:** г. Диме Велковски, г-ѓа Гордана Силјановска Давкова и г. Берат Ајдари.

Парламентарното собрание на Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ПС на ОБСЕ) ја претставува парламентарната дименизија на ОБСЕ. Во него членуваат 323 членови на парламентите од 57 држави членки на ОБСЕ, што ја покриваат географската област од Ванкувер до Владивосток. Тоа е единствена парламентарна организација во структурата на ОБСЕ и врши улога на витална врска меѓу владиниот дел на ОБСЕ и претставниците кои се директно избрани од граѓаните.

Главни задачи на Парламентарното собрание на ОБСЕ се промовирање на парламентарното учество во активностите на ОБСЕ и олеснување на интерпарламентарниот дијалог и соработка. Собранието, исто така се стреми кон остварување на следниве цели, кои се наведени во преамбулата на Деловникот на ПС на ОБСЕ: процена на остварувањето на основните принципи на ОБСЕ од страна на земјите членки, поттикнување на расправа за прашања кои се разгледуваат на средбите на Министерскиот совет и на Самитите на шефовите на држави или влади, развивање и промовирање на механизми за превенција и решавање на конфликтите, поддршка на јакнењето и консолидацијата на демократските институции во државите членки и придонес во развојот на институционалните структури и соработката меѓу постојните институции на ОБСЕ.

Во рамките на ПС на ОБСЕ функционираат **три генерални комисии,** кои кореспондираат со трите кошнички на ОБСЕ: Генерална комисија за политички прашања и безбедност (Прва комисија); Генерална комисија за економски прашања, наука, технологија и животна средина (Втора комисија) и Генерална комисија за демократија, човекови права и хуманитарни прашања (Трета комисија).

Членовите на Делегацијата на Собранието на Република Северна Македонија во ПС на ОБСЕ редовно учествуваат во работата на сесиите на Парламентарното собрание, на Постојаниот комитет, како и на другите состаноци организирани од ПС на ОБСЕ.

**Активности во периодот од 1 јануари 2021 година до 31 декември 2021 година**

Пратеникот г. Игор Јанушев, шеф на Делегацијата во Парламентарното собрание на ОБСЕ (ПС на ОБСЕ) на 28 јануари 2021 г. учествуваше на Тркалезната маса на ПС на ОБСЕ: „Кон Хелсинки + 50: потврдување на заедничката цел“, што се одржа во

виртуелен формат. Ова беше прв состанок на „Работната група Повик за акција”, која ја сочинуваат членовите на Бирото на ПС на ОБСЕ, шефовите на националните делегации и потписниците на иницијативата „Хелсинки + 50г. Настанот го следеа и г-ѓа Билјана Огненовска, секретар на Делегацијата и г-ѓа Лидија Каракамчева, ко-секретар на Делегацијата.

Собраниска делегација во состав: г.Игор Јанушев, шеф на Делегацијата во Парламентарното собрание на ОБСЕ (ПС на ОБСЕ), г-ѓа Моника Зајкова и Халил Снопче, членови на Делегацијата и Берат Ајдари, заменик-член на Делегацијата, г-ѓа Билјана Огненовска, секретар на Делегацијата, г-ѓа Лидија Каракамчева, ко-секретар на Делегацијата, учествуваа на редовната Зимска сесија ПС на ОБСЕ, што се одржува од 24 до 26 февруари 2021 година во виртуелен формат. На јубилејната 20. Зимска сесија учествуваат околу 270 парламентарци - членови на ПС на ОБСЕ, како и високи претставници на владите на земјите учеснички и на ОБСЕ.

Пратениците г. Игор Јанушев, шеф на Делегацијата во Парламентарното собрание на ОБСЕ, г. Моника Зајкова и г. Халил Снопче, членови на Делегацијата, во придружба на г-ѓа Билјана Огненовска, секретар на Делегацијата, учествуваат во Мисијата на ПС на ОБСЕ за набљудување на парламентарните избори во Република Бугарија, што се одржаа на 4 април 2021 година.

Пратеничката г-ѓа Моника Зајкова, член на Делегацијата во ПС на ОБСЕ, на 27 мај 2021 г. учествуваше на Состанокот со млади политички лидери, во рамките на иницијативата „Хелсинки + 50г. Госпоѓа Зајкова беше воведничар на завршната сесија на состанокот. Настанот го следеше и г-ѓа Лидија Каракамчева, ко-секретар на Делегацијата.

Делегацијата во Парламентарното собрание на ОБСЕ: г. Игор Јанушев, шеф на Делегацијата, г. Моника Зајкова и г. Халил Снопче, членови на Делегацијата, г. Диме Велковски, г-ѓа Гордана Siљановска-Давкова и г. Берат Ајдари, како и г-ѓа Билјана Огненовска, секретар на Делегацијата, на 22 јуни 2021 г. оствари средба во Собранието со Ан Линде, министерка за надворешни работи на Кралството Шведска и претседавач со ОБСЕ.

Делегацијата во Парламентарното собрание на ОБСЕ (ПС на ОБСЕ) во состав: г.Игор Јанушев, шеф на делегацијата, г-ѓа Моника Зајкова и г.Халил Снопче, членови на делегацијата, како и г-ѓа Билјана Огненовска, секретар на Делегацијата и г-ѓа Лидија Каракамчева, ко-секретар на делегацијата, учествуваа на 29-та годишна сесија на ПС на ОБСЕ, што се одржа од 30 јуни до 6 јули 2021 година во хибриден формат, онлајн и во Виена, Астрија.

Пратениците г.Игор Јанушев, шеф на Делегацијата во Парламентарното собрание на ОБСЕ (ПС на ОБСЕ) и г.Халил Снопче, член на Делегацијата, во придружба на г-ѓа Билјана Огненовска, секретар на Делегацијата, учествуваа во Мисијата на ПС на ОБСЕ за набљудување на парламентарните избори во Република Бугарија, што се одржаа на 11 јули 2021 година.

Пратениците г-ѓа Моника Зајкова и г. Халил Снопче, членови на Делегација на Собранието на Република Северна Македонија во Парламентарното собрание на ОБСЕ (ПС на ОБСЕ), учествуваа на 19. Есенска сесија на ПС на ОБСЕ, што се

одржа на 3 и 4 ноември 2021 година, во виртуелен формат. Настанот го следеше и г-ѓа Билјана Огненовска, секретар на Делегацијата и г-ѓа Лидија Каракамчева, ко-секретар на делегацијата

## ИНТЕРПАРЛАМЕНТАРНА УНИЈА

**Шеф на Делегацијата:** г. Талат Џафери
**Членови:** г. Диме Велковски,
г. Јован Митревски, г. Никола Мицевски,
г-ѓа Ели Панова, г. Изет Меџити
г. Скендер Реџепи и
г-ѓа Цветанка Иванова.

**Интерпарламентарната унија (ИПУ)** е меѓународна организација на парламентите на суверените држави. ИПУ е најстарата меѓународна организација од политички карактер, основана во 1889 година.

Како централна точка за светски парламентарен дијалог, Интер-парламентарната унија работи за мир и соработка меѓу народите и за цврсто воспоставување на претставничките институции. За таа цел, ИПУ поттикнува контакти, координација и размена на мислења меѓу парламентите и членовите на парламентите на сите земји; разгледува прашања од меѓународен интерес и ги изразува своите ставови за тие прашања, со цел да ја поттикне активноста од страна на парламентите и нивните членови; придонесува за заштита и унапредување на човековите права, како суштествен фактор на парламентарната демократија и развој и придонесува за подобро запознавање со работата на претставничките институции и јакнењето и развојот на нивните средства за акција. Во оваа насока, ИПУ настојува да се обезбеди што поактивно учество на членовите на парламентите во меѓународната политика.

Унијата ги споделува целите на Организацијата на Обединетите нации, ги поддржува нејзините напори и остварува тесна соработка со неа. Таа соработува и со регионални интерпарламентарни организации, како и со меѓународни владини и невладини организации кои се мотивирани од истите идеали.

Во Интерпарламентарната унија членуваат 179 национални парламенти, а 13 меѓународни парламентарни собранија се придружни членови.

Собранието на Република Северна Македонија е член на Интерпарламентарната унија од 1994 година. Со Одлуката за основање делегации, пратенички групи и други облици на остварување на меѓународната соработка на Собранието на Република Македонија се основа Делегација на Собранието на Република Северна Македонија во ИПУ, која се состои од претседателот на Собранието на Република Северна Македонија и шест члена.

**Активности во периодот од 1 јануари 2021 година до 31 декември 2021 година**

Заменикот на генералниот секретар на Собранието на Република Северна Македонија, г. Мики Милковски, на 25 февруари 2021 г.учествуваше на онлајн Конференција организирана од страна на Интерпарламентарната унија (ИПУ) и Здружението на генералните секретари на Парламентите (АСГП) на тема: „Адаптацијата на парламентите кон

пандемијата.” На настанот учествуваше и г.Реџеп Прекопуца, секретар на Делегацијата.

Делегацијата на Собранието на Република Северна Македонија во Интерпарламентарната унија (ИПУ) во состав: г.Талат Џафери, претседател на Собранието и шеф на Делегацијата, пратениците: г.Диме Велковски, г.Никола Мицевски, г-ѓа Ели Панова и г.Арбер Адеми, членови на Делегацијата и г-ѓа Цветанка Иванова, генерален секретар на Собранието, учествува на 142. Собрание на ИПУ, што се одржува од 24 до 28 мај 2021 година во виртуелен формат. Настанот го следеа и: г.Реџеп Прекопуца, секретар на Делегацијата и г-ѓа Билјана Огненовска, ко-секретар на Делегацијата.

Генералната секретарка на Собранието на Република Северна Македонија, г-ѓа Цветанка Иванова, учествуваше на Заседанието на Здружението на генералните секретари на парламентите (ЗГСП), што се одржува на 26 и 27 мај 2021 во виртуелен формат, во рамките на 142. Собрание на Интерпарламентарната унија.

Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија и шеф на Делегацијата во ИПУ г. Талат Џафери учествуваше на Петтата светска конференција на претседатели на парламенти и Првиот парламентарен самит за борба против тероризмот, што се одржаа од 7 до 9 септември 2021 година во Виена, Република Австрија.

Пратениците г.Диме Велковски и г.Никола Мицевски учествуваат на Парламентарниот состанок пред 26. Конференција на ОН за климатски промени (COP26), што се одржува на 8 и 9 октомври во Рим, Италија, во заедничка организација на Интерпарламентарната унија (ИПУ) и Италијанскиот парламент. Делегацијата ја придружуваше г-ѓа Билјана Огненовска, секретар на Делегацијата.

На 143. Собрание на Интерпарламентарната унија (ИПУ), што се одржува од 26 до 30 ноември 2021 година во Мадрид, Шпанија учествува Делегацијата на Собранието на Република Македонија во ИПУ, во состав: Талат Џафери, претседател на Собранието и шеф на Делегацијата, Диме Велковски, Никола Мицевски, Ели Панова, Арбер Адеми и Скендер Реџепи, членови на Делегацијата, во придружба на г-ѓа Билјана Огненовска, секретар на Делегацијата.

## ПАРЛАМЕНТАРНА ДИМЕНЗИЈА НА ЦЕИ

**Шеф на Делегацијата:** г-ѓа Рашела Мизрахи
**Членови:** г.Кастриот Реџепи и г.Арбен Зибери
**Заменици-членови:** г. Љупчо Балковски, г-ѓа Благица Ласовска и г-ѓа Илире Даути.

Централноевропската иницијатива е регионална организација во која членуваат 18 земји членки: Албанија, Австрија, Белорусија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Хрватска, Чешката Република, Унгарија, Италија, Македонија, Молдавија, Полска, Романија, Словачка, Словенија, Србија, Украина и Црна Гора. Иницијативата е основана во 1989 година, под името *Квадрагонала*, од страна на четири земји: Италија, Унгарија, Австрија и СФР

Југославија. Во 1990 година кон иницијативата се приклучува Чехословачка, со што таа станува *Пентагонала*. Следи Полска во 1991 година и групата прераснува во *Хексагонала*, а во 1992 година членки стануваат Босна и Херцеговина, Хрватска и Словенија, по што иницијативата го менува името во *Централноевропска иницијатива*. Република Северна Македонија е член на ЦЕИ од 1993 година. Централноевропската иницијатива се стреми кон: зацврстување на соработката меѓу земјите членки, забрзување на процесот на европската интеграција преку поддршка на најнеразвиените членки и оние на кои им е најпотребен забрзан економски развој, зацврстување на економските, социјалните, правните и другите аспекти на процесите на транзиција и сл.

Парламентарната димензија на ЦЕИ ја сочинуваат Парламентарното собрание, Парламентарниот комитет и генералните комитети на Парламентарното собрание. Двајца членови на парламентот од секоја земја членка учествуваат во работата на Парламентарниот комитет, кој се одржува напролет, а на Парламентарното собрание, кое се состанува во текот на есента, учествуваат делегации составени од три до седум члена. Делегацијата на Собранието на Република Северна Македонија се состои од три члена и три заменици.

**Активности во периодот од 1 јануари 2021 година до 31 декември 2021 година**

Во рамките на видео-конференцијата на Парламентарниот комитет при Парламентарната димензија на Централноевропската иницијатива (ПД ЦЕИ), која се одржа на 15 јуни 2021 г. во Подгорица, Црна Гора (која воедно е и претседавач со ПД ЦЕИ за оваа година), свое учество имаа и пратениците од Собранието на Република Северна Македонија – г-ѓа Рашела Мизрахи, шеф на Делегацијата и г.Кастриот Реџепи, член на Делегацијата. Настанот го следеше и г.Глигор Стоименов, секретар на Делегацијата

На Годишното Парламентарно собрание на ЦЕИ, што се одржа во хибриден формат на 14 и 15 октомври 2021 г. во Будва, Црна Гора, учествуваше г. Глигор Стоименов, секретар на Делегацијата.

## ПАРЛАМЕНТАРНО СОБРАНИЕ НА НАТО

**Шеф на Делегацијата:** г-ѓа Арта Биљали Зендели

**Членови:** г. Илија Николовски и г. Антонио Милошоски

**Заменици-членови:** г. Миле Талевски, г-ѓа Марија Петрушевска и г. Елми Азири.

ПС на НАТО има 269 делегати од 30 земји членки на НАТО, делегати од 12 асоцијативни земји членки, од Европскиот парламент, од 4 регионални партнери и од Медитеранските асоцијативни земји членки, како и парламентарни набљудувачи од 7 други земји и 3 меѓупарламентарни собранија, кои исто така, земаат учество во активностите на Собранието. Делегатите на ПС на НАТО се номинираат од националните парламенти, во согласност со нивните процедури, врз основа на партиската застапеност, така што ПС на НАТО

застапува широк спектар на политички мислења.

Собранието претставува критички форум за меѓународен дијалог на парламентарци од Европа и од Северна Америка, кои дискутираат за теми од заеднички интерес.

Основна задача на Собранието е да ги надмине националните интереси и да се обиде преку дискусии и семинари за безбедносни прашања да постигне консензус меѓу земјите. Основен елемент во работата на Собранието е да се разменуваат информации и влијание врз националните ставови и интереси, при што се тестираат и проценуваат прашањата од актуелен интерес за НАТО.

Во оваа смисла, Собранието индиректно игра значајна улога во формирањето на политичките мислења. Препораките и резолуциите на Собранието се доставуваат до националните влади и парламенти, како и до генералниот секретар на НАТО и другите релевантни меѓународни организации.

Собранието е целосно независно од НАТО, но е врска меѓу националните парламенти на земјите членки и НАТО и придонесува за јакнење на заедничкото разбирање во Алијансата. Всушност, Собранието континуирано проверува дали донесените одлуки на меѓудржавно ниво во рамките на НАТО имаат политички одговори на препораките и резолуциите на Собранието.

Целите на ПС на НАТО се: охрабување на дијалогот меѓу парламентарците за важните безбедносни прашања; привлекува парламентарното внимание за централните безбедносни прашања за политиката на Алијансата и поголемо разбирање за неа; пренесување колективните парламентарни ставови изградени во ПС на НАТО во НАТО и во неговите земји членки; подобро разбирање за политиката на НАТО и да се промовира повисоко ниво на колективна одговорност и зајакнување на трансатлантските односи.

**ПС на НАТО брои 269 члена,** има пет постојани комитети, осум поткомитети и три работни форуми (Русија, Украина и Медитеранот).

Делегацијата на Собранието на Република Северна Македонија во ПС на НАТО има статус на полноправен член од 27 март 2020 г. (после 25 години статус на асоцијативен член кој го имаше уште од 1995 година) и брои тројца членови и тројца заменици-членови.

**Активности во периодот од 1 јауари 2021 година до 31 декември 2021 година**

Во виртуелен формат:

* Специјална Конференција на тема: "Клучни исходи од Самитот на НАТО" во Брисел и посетата на Европа на американскиот претседател Џо Бајденг, се одржа на **25 јуни 2021** во виртуелен формат. На настанот учествуваше Секретаријатот на Делегацијата (Ана Качакова и Маријана Опашинова Шундовска).
* Пролетната сесија на ПС на НАТО се одржа во организација на Шведскиот парламент во виртуелен формат од **14 до 17 мај 2021 г.** Сесијата ја следеше

Секретаријатот на Делегацијата (Ана Качакова и Маријана Опашинова Шундовска).

* Во текот на м.март, се одржаа следните виртуелни состаноци: Вебинар посветен на 10-годишнината од “Арапската пролет” **(18 март);** состанок на секретари на делегации **(24 март)** и Седница на Постојаниот комитет **(29 март),** на кои учествуваше Сектретаријатот на Делегацијата (Ана Качакова и Маријана Опашинова Шундовска).

* Во организација на ПС на НАТО и НАТО, на **1 и 2 март 2021** г. преку платформата KUDO, се одржаа традиционалните Февруарски заеднички состаноци на повеќе комитети на ПС НАТО и Специјален состанок со Северноатлантскиот совет, на кои домаќин секогаш е белгиската делегација во ПС на НАТО. На состаноците учествуваа пратениците Арбер Адеми, Шеф на Делегацијата на Собранието во ПС на НАТО и Илија Николовски, член на Делегацијата, како и Секретаријатот на Делегацијата (Ана Качакова и Маријана Опашинова Шундовска).

* На Трансатлантскиот парламентарен форум (**03.02.2021**), Заедничкиот состанок на UNIC и Политичкиот комитет (**08.02.2021**) и состанокот на секретари на делегации (**19.02.2021**), учествуваше Секретаријатот на Делегацијата (Ана Качакова и Маријана Опашинова Шундовска).

* Во организација на Парламентарното собрание на НАТО и НАТО, на **14 јануари 2021 г.** преку платформата KUDO, се одржа ориентационен семинар за новоизбрани пратеници, кој од 2000 година наваму редовно се одржува во Брисел. На онлајн настанот учествуваа пратениците Павле Трајанов и Арбана Пашоли, членови на Комисијата за одбрана и безбедност, а од страна на Службата, настанот го следеше Секретаријатот на Делегацијата на Собранието во ПС на НАТО (Ана Качакова и Маријана Опашинова Шундовска).

Во Собранието на 11 мај 2021 г. се одржа настан во организација на Комисијата за одбрана и безбедност, во рамките на официјалната посета на Република Северна Македонија на делегација од Чешката Република, составена од министерот за одбрана, г.Лубомир Метнар и заменик-министерот за одбранбена политика и стратегија, г.Јан Хавранек. На настанот беше поканета и учествуваше и Делегацијата на Собранието во ПС на НАТО.

На 67. Годишна сесија на ПС на НАТО, што од 8 до 11 октомври 2021 г. се одржува во Лисабон, Португалија, учествуваше шефицата на Делегацијата на Собранието на Република Северна Македонија, Арта Биљали-Зендели, во придружба на г-ѓа Ана Качакова, секретар на Делегацијата.

Во заедничка организација на поткомитетите на ПС НАТО за отпорност и цивилна безбедност и за трансатлантски економски односи, од 25 до 29 октомври 2021 г. се одржа теренска посета на САД (Вашингтон и Њујорк), на која учествуваше заменик-членот на Делегацијата на Собранието на Република Северна Македонија во ПС НАТО, г-ѓа Марија Петрушевска (член на поткомитетите), во придружба на г-ѓа Ана Качакова, секретар на Делегацијата.

На 101.Рос-Рот семинар, што се одржа од 15 до 17 ноември 2021 г. во Белград, Република Србија, учествуваа: г-ѓа Арта Биљали Зендели, шеф на Делегацијата и г.Илија Николовски, член, во придружба на

д-р Лиман Авдиу, државен советник за меѓународна соработка во својство на секретар на Делегацијата.

На состанокот на Специјалната група за Медитеранот и Блискиот исток, што се одржа на 19 и 20 ноември 2021 г. во Барселона, Кралството Шпанија, учествуваше г. Миле Талевски, заменик-член во ова тело, во приружба на д-р Маријана Опашинова Шундовска, ко-секретар на Делегацијата.

На традиционалниот годишен Трансатлантски парламентарен форум, што се одржа од 29 ноември до 1 декември 2021 г. во Вашингтон, САД, учествуваа: г-ѓа Арта Биљали Зендели, шеф на Делегацијата, г.Илија Николовски и г.Антонијо Милошоски, членови, во придружба на д-р Маријана Опашинова Шундовска, ко-секретар на Делегацијата.

## ПАРЛАМЕНТАРНО СОБРАНИЕ НА МЕДИТЕРАНОТ

**Шеф на Делегација:** г.Ѓорѓија Сајковски
**Членови:**г. Енес Ибраим, г. Абдула Салиу
**Заменици-членови:** г-ѓа Марија Георгиевска, г-ѓа Иванка Василевска и г. Бедри Фазли

Парламентарното собрание на Медитеранот е меѓународна мултилатерална организација настаната како наследник на парламентарна димензија на долгодишната Конференција за соработка во Медитеранот (ЦСЦМ), процес кој функционираше во рамките на Интерпарламентарната унија (ИПУ), а како самостојна меѓународна мултилатерална организација започна да функционира од септември 2006 година. Инаугуративната сесија на Парламентарното собрание на Медитеранот се одржа на 10 и 11 септември 2006 година во Аман, Хашемитско Кралство Јордан, кога со консензус беше усвоен Статутот на оваа организација. Согласно член 6 став 1 од Статутот, "Парламентите на медитеранските крајбрежни држави и Андора, Јордан, Република Северна Македонија, Португалија и Сан Марино, по барање, се *ex officio* членови на Собранието".

Земји-членки (28) на Парламентарно-то собрание на Медитеранот се парламентите на земјите од: Албанија, Алжир, Андора, Босна и Херцеговина, Хрватска, Кипар, Египет, Франција, Грција, Израел, Италија, Јордан, Либан, Либија, Северна Македонија, Малта, Мавританија, Монако, Мароко, Палестина, Португалија, Романија, Србија, Словенија, Сириска Арапска Република, Тунис, Турција и Црна Гора. Придружни членки на ПС на Медитеранот се и Светата столица, Суверениот воен ред на Малта, а набљудувачи се: Арапската ИПУ, Медитеранската фондација, Лигата на арапски држави, Консултативниот совет на МАГРЕБ, ПАБСЕК, УНЕСКО, Светската метеоролошка организација и неколку медитерански иницијативи (EMUNI, MEDREG, PUIC, СТВТО, Унија за Медитеранот).

Парламентарното собрание на Медитеранот е форум каде парламентите од регионот работат заедно за да стигнат до заеднички цели кои водат кон создавање на најдобрите политички, социјални, економски и културна средина и услови за граѓани на земјите-членки.

ПСМ е регионална меѓународна, меѓудржавна организација, набљудувач на Генералното собрание на Обединетите нации и со специфична меѓународно правна положба. Собранието игра фундаментална улога како организација чии активности се длабоко вкоренети како комплементарна предност за работата на другите регионални и меѓународни тела, на кои им е доверена одговорноста да се поттикне безбедноста, стабилноста и мирот во Средоземното Море.

Собранието на Република Северна Македонија стана членка на оваа организација на 11 септември 2006 година, со прифаќањето на Статутот на Инаугуративната сесија на Парламентарното собрание на Медитеранот. Делегацијата на Собранието на Република Северна Македонија во Парламентарното собрание на Медитеранот брои 6 членови, од кои тројца се членови, а тројца заменици-членови.

**Активности во периодот од 1 јануари 2021 година до 31 декември 2021 година**

На 3 и 4 јуни, во виртуелен формат се одржа 15.сесија на ПС на Медитеранот, на која учествуваа г.Енес Ибрахим, член на Делегацијата и г-ѓа Блета Билали Ајети, секретар на Делегацијата.

ASSEMBLÉE PARLEMENTAIRE DE LA FRANCOPHONIE

## ПАРЛАМЕНТАРНОТО СОБРАНИЕ НА ФРАНКОФОНИЈАТА

**Шеф на Делегацијата:** г. Абдула Салиу

**Членови на Делегацијата:** г. Ненад Коциќ г-ѓа Бети Стаменкоска Трајкоска и г-ѓа Сафије Садики Шаини.

Парламентарното собрание на Франкофонијата е претставничко собрание на Меѓународната организација на Франкофонијата и нејзино консултативно собрание. Во него членуваат парламенти и собранија на држави, покраини, региони и меѓународни организации, кои имаат законодавна власт, или учествуваат во неа врз основа на уставните одредби предвидени во државите или заедниците, кои што се целосно или делумно франкофонски.

Парламентарното собрание на Франкофонијата е место на дебати, предлози и размена на информации за сите прашања од заеднички интерес за членките. Ова Собрание одржува редовни врски со Конференцијата на шефови на држави и влади на земјите кои го споделуваат францускиот јазик (Самит на Франкофонијата), подготвува мислења и препораки кои имаат консултативна природа, иницира и презема активности во врска со слободата и политичките права, меѓупарламентарната соработка и развој, како и солидарноста меѓу парламентарните институции. Парламентарното собрание на Франкофонијата, исто така, ја промовира демократијата и правната држава, економската соработка, развојот на образованието и комуникациите во франко-фонските простори.

Во Парламентарното собрание на Франкофонијата се претставени 88 парламенти, парламентарни собранија или совети на држави, покраини, региони и меѓународни организации.

Во рамките на Парламентарното собрание на Франкофонијата функционираат четири комисии: за политички прашања; за образование, комуникациии и културни прашања; за

соработка и развој и за парламентарни прашања, четири регионални собранија: Америка, Азија-Пацифик, Африка и Европа, Мрежата на жени парламентарки, Парламентарната мрежа за борба против ХИВ/СИДА, туберколоза и маларија, Парламентот на млади франкофони и др.

Собранието во Парламентарното собрание на Франкофонијата за прв пат основало Секција во ПС на Франкофонијата во јануари 2001 година. Во овој парламентарен состав претседателот на Собранието на Република Северна Македонија на 13 октомври 2020 година во име на пратениците кои го користат или се служат со францускиот јазик донесе Одлука за основање на Секцијата на Собранието на Република Северна Македонија во ПС на Франкофонијата.

Конститутивната седница на Секцијата во ПСФ во овој парламентарен состав се одржа на 13 и 14 октомври 2020 година. Секцијата брои девет членови, Бирото на Секцијата шест членови, а Делегацијата четири членови.

**Активности во периодот од 1 јануари 2021 година до 31 декември 2021 година**

На 28 и 29 јануари 2021 година на виртуелен начин се одржа 46-то Пленарно Собрание на ПС на Франкофонијата на тема „Франкофонските парламенти свртени кон кризата Ковид 19 - перспективи". Настанот го следеа пратениците г-ѓа Бети Стаменкоска Трајкоска, г-ѓа Марија Петрушевска, г. Ненад Коциќ, како и г-ѓа Лидија Каракамчева, секретар и г-ѓа Маријана Опашинова Шундовска, ко-секретар на Делегацијата.

Во рамките на редовните активности, Комитетот за парламентарни прашања на Парламентарното собрание на Франкофонијата на 1 јуни 2021 г. ја одржа својата редовна седница во виртуелен формат. На седницата учествуваше пратеникот г. Ненад Коциќ, член на Делегацијата од Собранието на Република Северна Македонија и член на Комитетот. Настанот го следеше и г-ѓа Маријана Опашинова Шундовска, ко-секретар на Делегацијата на Собранието во ПСФ.

На 4 јуни 2021 г. во Собранието се одржа средба на Секцијата на Собранието на Република Северна Македонија во Парламентарното собрание на Франкофонијата, предводена од пратеникот г. Абдула Салиу, претседател на Секцијата, со Н.Е. Сирил Бомгартнер, амбасадор на Француската Република во Република Северна Македонија. На средбата учествуваа пратениците: г.Ненад Коциќ, прв потпретседател; г-ѓа Бети Стаменкоска-Трајкоска, потпретседателка; како и членовите г-ѓа Марија Петрушевска, г-ѓа Драгица Ѓавочанова, г-ѓа Соња Михаиловска, г.Сурија Рашиди, г-ѓа Лидија Тасевска и г-ѓа Сафије Садики-Шахини, како и Секретаријатот на Секцијата – г.Лиман Авдиу, г-ѓа Лидија Каракамчева и г-ѓа Маријана Опашинова Шундовска.

Делегација на Собранието на Република Северна Македонија, во состав: г.Абдула Салиу, шеф на Делегацијата во ПС на Франкофонијата и г-ѓа Бети Стаменкоска-Трајкоска, член на Делегацијата, во придружба на г-ѓа Лидија Каракамчева, секретар на Делегацијата, на 25 и 26 октомври 2021 година, во Женева, Швајцарија, учествуваа на Работилница за зајакнување на улогата на пратениците во земјите членки на Меѓународната организација на Франкофонијата во

процесот на Универзалниот периодичен преглед.

Делегација на Собранието на Република Северна Македонија во состав: г. Абдула Салиу, претседател на Секцијата и шеф на Делегацијата во ПС на Франкофонијата; г. Ненад Коциќ, прв потпретседател на Секцијата и г-ѓа Сафије Садики Шаини, член на Бирото, учествуваше на 33. сесија на Регионот Европа на ПС на Франкофонијата, што се одржа на 26 ноември 2021 година во Тирана, Албанија. Делегацијата ја придружуваа д-р Лиман Авдиу, досегашен административен секретар и г-ѓа Лидија Каракамчева, актуелен административен секретар на Делегацијата и Секцијата.

## ПАРЛАМЕНТАРНОТО СОБРАНИЕ НА ПРОЦЕСОТ ЗА СОРАБОТКА ВО ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА

**Шеф на Делегација:** г.Талат Џафери
**Членови:** г.Мартин Костовски, г. Павле Трајанов, г. Владо Мисајловски и г.Хусни Исмаили
**Заменици-членови:** г-ѓа Фаница Николовска,
г.Иван Стоилковиќ, г. Петар Ристески и г-ѓа Вјолца Адеми

Парламентарното собрание на Процесот за соработка во Југоисточна Европа (ПС на ПСЈИЕ) е основано во мај 2014 година во Букурешт, како резултат на интензивниот процес на консултации со цел за трансформирање и понатамошно институционализирање на Парламентарната димензија на ПСЈИЕ. Парламентарното собрание е формирано во согласност со Повелбата за за добрососедски односи, стабилност, безбедност и соработка во ЈИЕ, потпишана во 2000 година во Букурешт, Меморандумот за разбирање за меѓупарламентарната соработка во Југоисточна Европа, потпишан во 2008 година во Софија, Заедничката изјава и Завршната декларација на 10. Конференција на претседатели на парламентите на земјите членки на ПСЈИЕ, одржана во мај 2013 година во Охрид, во рамките на Македонското претседателство во ПСЈИЕ.

Парламентарното собрание на ПСЈИЕ ги има зацртано следниве цели, кои се базирани на принципите на регионалната сопственост и европската интеграција:

*Иницирање на различни форми на размена на искуства во областа на законодавството и неговото усогласување со законодавството на ЕУ, развивање и координирање на практики за интеракција со Владината димензија на ПСЈИЕ и зајакнување на дијалогот со граѓанското општество во регионот;

*Преземање на улогата на чадор за постигнување на синергија на активностите на регионалните иницијативи и другите форми на соработка во однос на економскиот и социјалниот развој, развојот на инфраструктурата и енергетиката, внатрешни работи и правда, соработка во областа на безбедноста, како и развој на човечки капитал;

*Поттикнување, следење и мониторинг на реализацијата на целите и приоритетите дефинирани од страна на ротирачкото претседателство со ПСЈИЕ и

Регионалниот совет за соработка, како институционална структура за транспозиција на политички декларации и одлуки во конкретни проекти и програми;

*Интензивирање на парламентарните дипломатски активности и создавање на институционални врски со регионалните, европските и меѓународните организации, институции и фондациие;

Членови на Парламентарното собрание на ПСЈИЕ се парламентите на: Албанија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Грција, Косово, Македонија, Молдавија, Романија, Србија, Словенија, Турција, Хрватска и Црна Гора.

Во рамките на ПС на ПСЈИЕ функционираат три генерални комисии: Генералната комисија за правда, внатрешни работи и безбедносна соработка, Генералната комисија за економија, инфраструктура и енергија и Генералната комисија за социјален развој, образование, истражување и наука, како и Постојаниот комитет на ПС на ПСЈИЕ.

Парламентарното собрание на ПСЈИЕ има тенденција да стане водечка парламентарна платформа за регионот, пред сè заради следниве причини: принципот на регионална сопственост, целите кои вклучуваат регионална соработка и европска интеграција, членството кое опфаќа земји-членки на ЕУ, земји кандидати и потенцијални кандидати и фактот што ПСЈИЕ е една од ретките иницијативи која е целосно инклузивна, т.е. го вклучува и Косово на еднаква основа.

**Активности во периодот од 1 јануари 2021 година до 31 декември 2021 година**

Пратеникот Павле Трајанов, член на Делегацијата на Собранието на Северна Република Македонија во Парламентарното собрание на Процесот за соработка во Југоисточна Европа (ПС на ПСЈИЕ), учествуваше на седницата на Комисијата за правда, внатрешни работи и безбедносна соработка на ПС на ПСЈИЕ, што се одржа на 15 април 2021 г. во виртуелен формат, во организација на Големото турско национално собрание. Настанот го следеше и г-ѓа Билјана Огненовска, заменик на националниот координатор во ПС ПСЈИЕ.

На 12 јуни 2021 година, во организација на Косовскиот парламент, се одржа видео седница на Генералната комисија за социјален развој, образование, истражување и наука на Парламентарното собрание на Процесот за соработка во Југоисточна Европа (ПСЈИЕ), на тема „Предизвици од пандемијата КОВИД-19 во секторот за образование во регионот и подготовки за пистковидниот периодг. На состанокот учествуваше Хусни Исмаили, пратеник на Собранието на Република Северна Македонија и член на Генералната комисија за социјален развој, образование, истражување и наука на ПС на ПСЈИЕ и г-ѓа Лидија Каракамчева, национален координатор.

На 13 јуни 2021 година, во организација на Косовскиот парламент, се одржа видео седница на Генералната комисија за економија, инфраструктура и енергија на Парламентарното собрание на Процесот за соработка во Југоисточна Европа (ПСЈИЕ). На состанокот учествуваше г-ѓа Лидија Каракамчева, национален координатор.

Во рамките на Осмата пленарна сесија на ПС на ПСЈИЕ што се одржува од 21 до 23 јуни 2021 година во Анталија, Турција, се одржа седница на Постојаниот комитет на Парламентарното собрание на Процесот за соработка во Југоисточна Европа. Седницата беше одржана во хибриден формат односно со физичко присуство и онлајн. На седницата, од Собранието учествуваа: претседателот на Собранието (кој воедно е и Шеф на Делегацијата на Собранието во ПС на ПСЈИЕ), Талат Џафери, пратениците г.Павле Трајанов и г.Хусни Исмаили, членови на Делегацијата во ПС на ПСЈИЕ, во придружба на г-ѓа Лидија Каракамчева, национален координатор.

Во рамките на Грчкото претседателство со ПС на ПСЈИЕ на 22 ноември 2021 г. се одржа видео седница на Постојаната комисија на ПС на ПСЈИЕ. На состанокот учествуваа г-ѓа Лидија Каракамчева, национален координатор и Билјана Огненовска, заменик национален координатор.

Пратеникот Павле Трајанов, член на Делегацијата на Собранието во Пс на ПСЈИЕ, на 14 декември 2021 г. учествуваше на видео конференција на Комисијата за економија, инфраструктура и енергија на ПС на ПСЈИЕ, во организација на Собранието на Република Србија во Белград. На состанокот учествуваа и г-ѓа Лидија Каракамчева, национален координатор и Билјана Огненовска, заменик национален координатор.

## ИНТЕРПАРЛАМЕНТАРНО СОБРАНИЕ НА ПРАВОСЛАВИЕТО (ИПСП)

**Членови:** г.Миле Талевски и г-ѓа Ане Лашкоска

Интерпарламентарното Собрание на Православието (ИПСП) е меѓународна политичка организација основана во 1993 година, со седиште во Грчкиот парламент во Атина. Оваа иницијатива произлезе од Парламентот на Република Грција, а во моментов членовите на ИПСП се официјални парламентарни делегации, како и групи или одделни пратеници од триесет парламенти од целиот свет.

Целта на организацијата е да развие повеќеслојна политичка и културна соработка во насока на поттикнување на контакти и проширување на односите на доверба, разбирање на современите политички феномени и општествени трендови и истакнување на елементите на православието како позитивно влијание на меѓусебното разбирање меѓу културите. Затоа постојат два столба на кои се заснова ИПСП: од една страна одбрана на независниот парламентаризам и од друга страна ширење и консолидирање на принципите и вредностите на православната христијанска традиција. Секоја активност на ИПСП е фокусирана на оние кои страдаат.

Последното 27 годишно Генерално Собрание на ИПСП поради исклучителни околности предизвикани од пандемијата на Ковид 19 се одржа во виртуелен формат на

17 септември 2020 година. Во рамките на ова Генерално Собрание добивме покана како Собрание на Република Северна Македонија за прв пат официјално да учествуваме во неговата работа со свои претставници, но и покана да делегираме постојана делегација во ИПСП. Поради тоа што се уште немавме формирано парламентарна делегација на ИПСП поради неодамна одржаните парламентарни избори (јули 2020), немавме можност да учествуваме на ова Генерално Собрание. Токму поради тоа, врз основа на добиената покана за полноправно членство и постигнатиот општ политички консензус меѓу парламентарните политички партии, согласно "Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за основање делегации, пратенички групи и други облици на остварување на меѓународната соработка на Собранието на Република Северна Македонија" ("Службен весник на РСМ" број 310/2020), претседателот на Собранието на РСМ г.Талат Џафери, со официјално писмо упатено да претседателот на ИПСП г.Сергеј Гаврилов, на 22 октомври 2020 г. ги номинираше пратениците г-ѓа Ане Лашкоска и г. Миле Талевски за претставници на нашето Собрание во Интерпарламентарното собрание на Православието.

**Активности во периодот од 1 јануари 2021 година до 31 декември 2021 година**

Делегацијата на Интерпарламентарното собрание на Православието, составена од пратениците: г-ѓа Ане Лашкоска и г. Миле Талевски, на 17 март 2021 г. учествуваше на виртуелна конференција на Меѓународниот секретаријат на ИСП со претседавачите на комитетите и известувачите, кој се одржа на 17 март 2021 година. Настанот го следеше и г.Глигор Стоименов, секретар на Делегацијата.

Во рамките на редовното 28. Годишно собрание на ИПСП (Интерпарламентарно собрание на православието) што во периодот 22- 26 јули 2021 година, се одржа на Крит, Република Грција, за прв пат во неговата работа учествуваше и делегација од Собранието на Република Северна Македонија, претставувана од пратеничката г-ѓа Ане Лашкоска, во придружба на г.Глигор Стоименов, секретар на Делегацијата.

## ДЕЛЕГАЦИЈА ВО ПАРЛАМЕНТАРНОТО СОБРАНИЕ НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА ЗА ЦРНОМОРСКА ЕКОНОМСКА СОРАБОТКА (ПАБСЕК)

**Шеф на Делегација:** г-ѓа Лидија Тасевска
**Членови:** г-ѓа Благица Ласовска, г-ѓа Вјолца Адеми и г. Скендер Реџепи

Парламентарното собрание на Организацијата за Црноморска економска соработка (ПАБСЕК), беше креирано како резултат на големите политички промени во доцните осумдесетти години, кога нациите на регионот на Црното Море повторно се појавија на светската сцена. Потрагата на земјите од регионот за начините на соочувањето со предизвиците во врска со националниот развој и европската интеграција, го трасираше патот за комбинирање на нивните напори за претварање на Регионот на Црното Море во

регион на стабилност, просперитет и мир. Искористувајќи ги заедничките именители како што се географската близина и заедничкото културно и историско наследство, земјите од регионот го забрзаа воспоставувањето билатерални и мултилатерални односи.

Декларацијата на Самитот за Црноморска економска соработка и изјавата од Босфор, потпишана во Истанбул, на 25 јуни 1992 година, ги дефинира основните принципи и целите на Црноморската економска соработка (БСЕЦ), со што формално се воведува нов процес на регионална соработка со учество на единаесет земји: Албанија, Ерменија, Азербејџан, Бугарија, Грузија, Грција, Република Молдавија, Романија, Руската Федерација, Турција и Украина. Србија и Црна Гора се приклучија на ПАБСЕК во 2004 година, со што станаа дванаесеттата земја-членка. Во 2006 година, откако Црна Гора ја прогласи својата независност, Република Србија стана правен наследник на поранешната држава, и во БСЕК и во ПАБСЕК.

Работни јазици на Собранието се англиски, француски, руски и турски. Официјален јазик на документите и кореспонденцијата на ПАБСЕК е англискиот јазик.

Главни тела се: **Генералното собрание,** кое се состанува два пати годишно во редовна пленарна сесија (пролет и есен); **Постојан комитет,** кој се состои од Претседателот на Собранието, Заменици на претседателот на Собранието, претседателите на трите комисии и шефовите на националните делегации; **Биро на Собранието,** кое се состои од Претседателот и шест потпретседатели; **Комисии -** Собранието има три специјализирани комисии: **Комисијата за економски, трговски, технолошки и еколошки прашања; Комисијата за легални и политички прашања и Комисијата за култура, образование и социјални прашања**.

Меѓународниот секретаријат на ПАБСЕК е со седиште во Истанбул, Турција. Меѓународниот секретаријат е извршно и техничко тело за централна комуникациска врска помеѓу парламентарните делегации на ПАБСЕК, помеѓу БСЕК и неговите поврзани тела и Парламентарното собрание и помеѓу ПАБСЕК и другите институции и меѓународните организации. Меѓународниот секретаријат е предводен од Генерален секретар.

Собранието на Република Северна Македонија стана полноправна членка на седницата на Генералното собрание на ПАБСЕК, што се одрѓа виртеулно на 22 јуни 2021 г. во организација на молдавскиот парламент-земја претседавач со ПАБСЕК.

**Активности во периодот од 1 јануари 2021 година до 31 декември 2021 година**

Шефот на Делегацијата на Собранието на Република Северна Македонија во Парламентарното собрание на Организацијата за Црноморска економска соработка (ПАБСЕК), г-ѓа Лидија Тасевска и членовите Благица Ласовска и Вјолца Адеми, на 10 јуни 2021 г. во Собранието остварија средба со г.Џемал Озтурк, шеф на турската делегација во ПАБСЕК и член на Комисијата за економски, трговски, технолошки и еколошки работи на ПАБСЕК и г.Асаф Хаџиев, генерален секретар на ПАБСЕК. На средбата присуствуваше и г.Реџеп Прекопуца, секретар на Делегацијата.

Делегацијата престојуваше во посета на Република Северна Македонија, во пресрет на зачленувањето на Собранито во ПАБСЕК, предвидено на онлајн сесија на 22 јуни 2021 г. во организација на молдавскиот парламент. Остварија средба и со претседателот на Собранието, г.Талат Џафери и Генералната секретарка на Собранието, г-ѓа Цветанка Иванова, како и со раководителот на Секторот за меѓународна соработка на Собранието, г-ѓа Ана Качакова.

На 22 јуни 2021 година, преку видео-конференциска врска, се одржа 57.Генерално собрание на Парламентарното Собрание на  Црноморската економска соработка (ПАБСЕК). На сесијата учествуваа пратениците: потпретседателот на Собранието на Република Северна Македонија, Горан Мисовски, шефот на Делегацијата на Собранието во ПАБСЕК, Лидија Тасевска и  Вјолца Адеми, член на Делегацијата. Настанот го следеа и г.Реџеп Прекопуца, секретар на Делегацијата, г-ѓа Блета Билали Ајети, ко-секретар и г-ѓа Ана Качакова, раководител на Секторот за меѓународна соработка.

На оваа сесија Собранието на Република Северна Македонија стана 13-та полноправна членка на ПАБСЕК.

На покана на г.Хасаф Хаџиев, генерален секретар на Секретаријатот на Парламентарното собрание на Црноморската економска соработка (ПАБСЕК) со седиште во Истанбул, Република Турција, на 7 јули 2021 г. Секретаријатот го посети делегација на Собранието на Република Северна Македонија. Во составот на Делегацијата беа: г-ѓа Лидија Тасевска, назначена за шеф на Делегацијата на Собранието на Република Северна Македонија во ПАБСЕК, г-ѓа Цветанка Иванова, генерална секретарка на Собранието, г.Имер Селмани, Шеф на Кабинетот на претседателот на Собранието и г-ѓа Блета Биљали Ајети, ко-секретар на Делегацијата.

Пратеничката г-ѓа Вјолца Адеми на 22 септември 2021 г. учествуваше на виртуелната седница на Комисијата за економски, трговски и финансиски прашања на Парламентарното собрание на Организацијата на Црноморска економска соработка (ПАБСЕК). Настанот го следеше и г-ѓа Блета Биљали Ајети, ко-секретар на Делегацијата.

Г-ѓа Лидија Тасевска, шеф, г-ѓа Вјолца Адеми и г-ѓа Благица Ласовска, членови на Делегацијата на Собранието на Република Северна Македонија во ПАБСЕК учествуваа на 58. Генерално собрание на ПАБСЕК, што се одржа на 22 ноември 2021 година, во виртуелен формат. Настанот го следеа и г.Реџеп Прекопуца, секретар на Делегацијата и г-ѓа Блета Билали Ајети, ко-секретар.

## МЕШОВИТ ПАРЛАМЕНТАРЕН КОМИТЕТ НА ЕУ И РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Претседател на Делегацијата:** упразнето

(д-р Биљал Касами до 5.11.2021 г.)

**Потпретседатели:** упразнето (г. Тимчо Муцунски до 5.11.2021 г. ) и г-ѓа Фиснике Бектеши-Шаќири

**Членови:** г. Бејџан Иљас, г-ѓа Жаклина Лазаревска, г-ѓа Маја Морачанин, г-ѓа Соња Мираковска, г. Антонијо Милошоски, г. Никола Мицевски, г. Александар Николоски, г-ѓа Жаклина Пешевска, г. Бајрам Кадрија и г. Скендер Реџепи.

**Заменици-членови:** г. Мирослав Јовановиќ, г-ѓа Славјанка Петровска, г-ѓа Снежана Калеска-Ванчева, г-ѓа Благица Ласовска, г. Бојан Стојаноски, г. Јован Јаулески, г-ѓа Ане Лашкоска, г-ѓа Мерита Колчи-Коџаџику и г-ѓа Сафије Садики Шаини.

**Мешовитиот парламентарен комитет Република Северна Македонија - Европска Унија** (ЕУ) е формиран врз основа член 114 од Договорот за стабилизација и асоцијација на Република Северна Македонија, со Резолуцијата на Европскиот парламент од 10 март 2004 година и Одлуката донесена од страна на Собранието на Република Северна Македонија од 7 декември 2004 година за основање на Делегација на Собранието на Република Македонија во Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација. Собранието на Република Северна Македонија во Комитетот е застапено од Делегација во Парламентарниот комитет за стабилизација, која има претседател, двајца потпретседтели и дванаесет члена. Делегацијата има и 12 заменици на членови.

Формирањето на Мешовитиот парламентарен комитет (МПК) е израз на цврстата определба на Република Македонија за полноправно членство во ЕУ, како и на заложбите на Собранието на Република Северна Македонија, преку парламентарен дијалог, да придонесе кон процесот на евроинтеграција и достигнување на европските стандарди.

Во основа, Мешовитиот парламентарен комитет - Република Северна Македонија и Европска Унија - РСМ и ЕУ претставува парламентарен форум за директна билатерална соработка со Европскиот парламент каде што членовите на Собранието на Република Северна Македонија и Европскиот парламент разменуваат искуства, мислења и ставови за зајакнување на меѓусебното партнерство. Работата на ова тело овозможува ефикасно зајакнување и издигнување на повисоко ниво на односите и соработката на Собранието на Република Северна Македонија и Европскиот парламент.

Основна цел на Мешовитиот парламентарен комитет - Република Северна Македонија и Европска унија е разгледување на сите аспекти на односите меѓу Република Северна Македонија и ЕУ, особено имплементацијата на Договорот за стабилизација и асоцијација. По предлог на Бирото на Мешовитиот парламентарен комитет можат да се даваат препораки до Европскиот парламент, до Собранието и Владата на Република Северна Македонија, до Советот на Европската Унија и до Европската комисија.

МПК се состанува два пати годишно - еднаш во Собранието на Република Северна Македонија и еднаш во Европскиот парламент.

Седниците на Мешовитиот парламентарен комитет завршуваат со усвојување на Завршна изјава, документ во кој се содржани заедничките ставови за одредени актуелни прашања.

**Активности во периодот од 1 јануари 2021 година до 31 декември 2021 година**

18. состанок на Мешовитиот парламентарен комитет - Република Северна Македонија и ЕУ се одржа на 25 март 2021 г. во виртуелен формат. На состанокот учествуваа: Ко-претседавачот и европратеник г. Андреас Шидер, Ко-претседавачот на Комитетот, пратеникот г. Биљал Касами, заменик-претседателот на Владата задолжен за европски прашања, г. Никола Димитров, г-ѓа Ѓеновева Руиз

Калавера од Европската комисија и г. Марко Марковец од Европската служба за надворешни работи. Од пратениците од двете делегации учествуваа: г.Тимчо Муцунски, г-ѓа Фисника Бектеши Шаќири, г-ѓа Соња Мираковска, г-ѓа Маја Морачанин, како и европратениците: г-ѓа Ирена Јовева, г-ѓа Марион Валсман и г. Владимир Билчик. Состанокот го следеа и: секретарот на Комитетот г-ѓа Маријана Опашинова Шундовска и г-ѓа Марија Стефанова, ко-секретар на Комитетот.

Копретседателот на Мешовитиот парламентарен комитет ЕУ - Република Северна Македонија, г.Биљал Касами, на 5 мај 2021 г. оствари средба со австрискиот пратеник во Европскиот парламент, г.Андреас Шидер. На средбата присуствуваше и пратеникот г.Кастриот Реџепи, како и секретарот на Комитетот г-ѓа Маријана Опашинова Шундовска.

Пратеникот г.Билал Касами во функција на копретседавач на Мешовитиот парламентарен комитет ЕУ - Република Северна Македонија, на 30 јули 2021 г. оствари средба со европратеникот г.Кристијан Сагарц, известител во сенка за Република Северна Македонија од Европските народни партии во Европскиот парламент. На средбата присуствуваше и г-ѓа Марија Стефанова, косекретар на Комитетот.

## 6.2. ДРУГА МЕЃУНАРОДНА АКТИВНОСТ

**Европски парламент/Европска Унија**

Новоизбраните пратеници на 18 март 2021 г. имаа можност виртуелно да остварат средби со нивните колеги во Европскиот парламент. Состанокот го модерираше г-ѓа Ливија Јарока, потпретседателка на Европскиот парламент, а од страна на ЕП учествуваа европратениците: г.Дејвид Мекалистер, претседател на Комитетот за надворешни работи, г.Илхан Ќучук, Известител за Република Северна Македонија, г.Андреас Шидер, Копретседавач на Мешовитиот парламентарен комитет - Република Северна Македонија и Европската Унија, г-ѓа Тања Фајон, задолжена за земјите од Западен Балкан и г.Владимир Билчик. Од Собранието на Република Северна Македонија учествуваа пратениците: г. Тимчо Муцунски , г-ѓа Арта Биљали-Зендели, г-ѓа Марија Петрушевска и г-ѓа Рина Ајдари. Состанокот го следеше и Секретаријатот на МПК-РСМ и ЕУ, г-ѓа Маријана Опашинова Шундовска и г-ѓа Марија Стефанова.

**Проект на Собранието со Шведскиот Риксдаг**

Управувачката група на Собранието на Република Северна Македонија е во состав: г. Фадил Зендели, претседавач со Групата, членови г. Мартин Костовски, г-ѓа Маја Морачанин, г-ѓа Гордана Силјановска-Давкова, г. Ѓоргија Сајкоски, г. Александар Вељановски, г. Арбер Адеми, г-ѓа Арта Билали Зендели, г-ѓа Арбана Пашоли, г-ѓа Сафије Садики Шаини, г.Халил Снопче и г. Борислав Крмов.

Секретаријатот на Управувачката група го сочинуваат г-ѓа Лидија Каракамчева, координатор и г-ѓа Марија Стефанова, заменик-координатор.

**Активности во периодот 1 јануари - 31 декември 2021 година**

1. Во рамките на соработката помеѓу Риксдагот на Шведска и Собранието на Република Северна Македонија **на 26 април 2021 година** се одржа видео состанок меѓу членовите на Управувачките групи на двете страни.

На состанокот учествуваа пратениците: г. Фадил Зендели потпретседател на Собранието на Република Северна Македонија и претседавач на Управувачката група, потоа г. Мартин Костовски, г. Халил Снопче, г-ѓа Маја Морачанин, г-ѓа Гордана Силјановска - Давкова, г. Александар Велјановски, г-ѓа Арта Биљали Зендели и како и г-ѓа Арбана Пашоли, како и Секретаријатот на Управувачката група – г-ѓа Лидија Каракамчева, координатор и г-ѓа Марија Стефанова, заменик-координатор.

2. Управувачката група за соработка за демократски развој со шведскиот парламент, Рикстагот, на Собранието на Република Северна Македонија**, 11 јуни 2021** година одржа видео состанок со Управувачката група на шведскиот парламент.

На состанокот учествуваа претстедателот на Управувачката група и потпретседател на Собранието, г. Фадил Зендели, како и членовите г. Мартин Костовски, г-ѓа Маја Морачанин, г-ѓа

Гордана Силјановска-Давкова, г. Александар Велјановски, г-ѓа Арта Билали Зендели, г-ѓа Арбана Пашоли и г.Халил Снопче, како и Секретаријатот на Управувачката група – г-ѓа Лидија Каракамчева, координатор и г-ѓа Марија Стефанова, заменик-координатор.

3. Во рамките на соработката помеѓу Риксдагот на Шведска и Собранието на Република Северна Македонија **на 19 ноември 2021 година** се одржа видео состанок меѓу членовите на Управувачките групи на двете страни.

На состанокот учествуваа претстедателот на Управувачката група и потпретседател на Собранието, г. Фадил Зендели, како и членовите г. Мартин Костовски, г-ѓа Маја Морачанин, г-ѓа Гордана Силјановска-Давкова, г. Александар Велјановски, г-ѓа Арбана Пашоли и г.Халил Снопче, како и Секретаријатот на Управувачката група – г-ѓа Лидија Каракамчева, координатор и г-ѓа Марија Стефанова, заменик-координатор.

4. Делегација на Управувачката група на Собранието на Република Северна Македонија, во состав: г. Фадил Зендели, претседател и членовите г-ѓа Маја Морачанин, г.Александар Велјановски, г-ѓа Арбана Пашоли, г.Халил Снопче, г-жа Снежана Калеска-Ванчева и г.Никола Мицевски**, од 1 до 4 декември 2021 година** престојуваше на студиска посета на Шведскиот парламент, на покана на членовите на Управувачката група на Риксдагот. Од Службата, Делегацијата ја придружуваа кооридназторот на Управувачката група, г-ѓа Лидија Каракамчева и г-ѓа Марија Стефанова, заменик-координатор.

**Ад-хок активности**

1. Потпретседателот на Собранието на Република Северна Македонија, Фадил Зендели, учествуваше на Конференција на Парламентарниот разузнавачки-безбедносен форум, што се одржа на 6 септември 2021 година, во Будимпешта, во организација на Парламентот на Унгарија и екс-конгресменот од САД, Роберт Питинџер, во придружба на г.Реџеп Прекопуца во својство на секретар на делегацијата.

2. На 10 септември 2021 г., во рамките на вДијалогот Жан Монег беше реализирана средба на највисоко ниво со претседателот на Собранието, г. Талат Џафери и олеснувачите од Европскиот парламент, г. Андреас Шидер (С&Д), г-ѓа Марион Валсман (ЕНП) и г.Илхан Ќјичук (ОБНОВА), Средбата ја следеше и г-ѓа Марија Стефанова, ко-секретар на МПК-РСМ и ЕУ.

3. Потпретседателот на Собранието на Република Северна Македонија, г. Горан Мисовски учествуваше на 5. Македонско-германски форум, кој се одржа на 24 септември 2021 г. во Скопје, во организација на фондацијата Конрад Аденауер, на тема: „30 години независност на Северна Македонија - улогата на Собранието во демократијатаг. Настанот го следеше и г-ѓа Марија Стефанова, советник за билатерална соработка во Секторот за меѓународна соработка.

4. Потпретседателот на Собранието на Република Северна Македонија г. Горан Мисовски, заменичката на претседателот на Комисијата за финансирање и буџет, г-ѓа Марија Петрушевска, претседателката на Комисијата за политички систем г-ѓа Соња Мираковска, претседателката на Законодавно-правната комисија г-ѓа Снежана Калеска-Ванчева и замeникот

на генералниот секретар г. Бојан Василевски на 12 октомври 2021 г. во Собранието одржаа средба со претседателката на Комисијата за финансирање и буџет во Парламентот на Република Хрватска г-ѓа Гроздана Перич, претставници на Државниот завод за ревизија на Република Хрватска, главниот државен ревизор г. Максим Ацевски и претставници на Државниот завод за ревизија на Република Северна Македонија. На средбата присуствуваше и г.Глигор Стоименов, советник за билатерална соработка во Секторот за меѓународна соработка.

5. На покана на г-ѓа Ненси Пелоси, Спикер на Претставничкиот дом на Конгресот на САД, пратениците од Собранието беа поканети на 2, 3 и 7 декември 2021 г. во виртуелен формат да учествуваат на парламентарниот панел на Самитот за демократија, во организација на американскиот претседател Џозеф Бајден. Од Собранието учествуваа пратениците: г-ѓа Арта Билали Зендели, г-ѓа Арбана Пашоли, г-ѓа Рина Хајдари, г.Берат Хајдари, г.Бедри Фазли и г.Халил Снопче. Од Службата настаните ги следеа г. Реџеп Прекопуца, Раководител на Одделението за билатерална соработка и г-ѓа Блета Билали Ајети, соработник за билатерална соработка.

## 6.3.БИЛАТЕРАЛА

1. Претседателот на Пратеничката група на Собранието на Република Северна Македонија за соработка со Парламентот на Република Словенија, г. Александар Велјановски, на 13 јануари 2021 г. оствари средба со словенечкиот амбасадор, Н.Е. г.Милан Предан. На средбата присуствуваше и г-ѓа Маријана Опашинова Шундовска, секретар на Групата.

2. Пратеничката г-ѓа Моника Зајкова, претседателка на Пратеничката група за соработка со Балтичките земји, на 15 јануари 2021 г. одржа онлајн состанок со г-ѓа Лаима Луција Андрикиене, претседателка на Интерпарламентарната група за соработка со земјите од Западен Балкан на Литванскиот парламент. На средбата присуствуваше и г-ѓа Лидија Каракамчева, секретар на Групата.

3. Во заедничка организација на Собранието на Република Северна Македонија, Британскиот парламент и Амбасадата на Република Северна Македонија во Лондон, на 27 јануари 2021 г. се одржа онлајн средба на Пратеничката група на Собранието на Република Северна Македонија со членови на Сепартиската парламентарна група за соработка со Република Северна Македонија во Британскиот парламент. На средбата учествуваа: г. Кастриот Реџепи, претседател на Групата, членовите: г-ѓа Марија Ангелова, г-ѓа Бисера Костадиновска-Стојчевска и г. Арбер Адеми, а од британската страна: г. Мартин Викерс и г. Алекс Собел, ко-претседавачи на Сепартиската група и членовите: Баронес Баркер, Лорд Боунес, Лорд Рандал, Лорд Вејверли, Сер Роџер Гејл и Мајкл Фабрикант, како и амбасадорките во двете држави, г-ѓа Александра Миовска, и г-ѓа Рејчел Галовеј. На средбата присуствуваа и секретарите на пратеничките групи г-ѓа Ана Качакова и г.Макс Барнет.

4. Пратеничката група на Собранието за соработка со Парламентот на Република Албанија на 29 јануари 2021 г.оствари средба со албанскиот амбасадор г. Фатос Река. На средбата присуствуваа и членовите на Пратеничката група, пратениците г.Игор Здравковски, г.Љупчо Балкоски и г-ѓа Лидија Петкоска, како и секретарот на Групата, г-ѓа Лидија Каракамчева.

5. Претседателот на Пратеничката група за соработка со парламентот на Чешката Република, г.Ненад Коциќ, на 2 февруари 2021 г. се сретна со амбасадорот на Чешката Република во Република Северна Македонија, Н.Е. г.Мирослав Томан. На средбата присуствуваше и секретарот на Групата, г-ѓа Лидија Каракамчева.

6. Претседателот на Пратеничката група на Собранието на Република Северна Македонија за соработка со Парламентот на Украина, г.Јован Митрески, на 3 февруари 2021 г. оствари средба со амбасадорката на Украина Н.Е. г-ѓа Наталија Задорожњук. На средбата присуствуваше и секретарот на Групата, г-ѓа Билјана Огненовска.

7. Пратеничката група на Собранието на Република Северна Македонија за соработка со Парламентот на Италија, на 4 февруари 2021 г. оствари средба со италијанскиот амбасадор, Н.Е. г.Андреа Силвестри. На средбата, покрај претседателот на Групата, г.Елми Азири, присуствуваа и членовите: г-ѓа Силвана Ангелевска, г-ѓа Даниела Христова, г-ѓа Благица Ласовска, г-ѓа

Белќиса Зеќири, г-ѓа Бети Рабаџиевска-Наумовска и г.Бастри Бајрами, како и секретарот на Групата г-ѓа Ана Качакова.

8. Пратеничката група на Собранието на Република Северна Македонија за соработка со балтичките земји: Република Естонија, Република Латвија и Република Литванија, на 12 февруари 2021 г. одржа онлајн состанок со претседателката, г-ѓа Лаима Луција Андрикиене и членовите на литванската Меѓупарламентарна група за соработка со парламентите на земјите од Западниот Балкан. На средбата, покрај претседателката на Групата, г-ѓа Моника Зајкова, учествуваа и членовите: г.Дајанчо Ефтимов, г-ѓа Велика Стојкова-Серафимовска, г-ѓа Емилија Рамбабова и г-ѓа Арта Билали-Зендели, како и секретарот на Групата, г-ѓа Лидија Каракамчева. На онлајн средбата пратениците имаа можност да остварат размена на мислења со вицепремиерот задолжен за европски прашања, г.Никола Димитров за состојбата на пристапувањето на Република Северна Македонија во ЕУ.

9. Претседателката на Пратеничката група на Собранието на Република Северна Македонија за соработка со Парламентот на Република Полска, г-ѓа Фаница Николоска, на 24 февруари 2021 г. оствари средба со полскиот амбасадор, Н.Е. г. Војциех Тицињски. На средбата присуствуваше и секретарот на Групата, г. Реџеп Прекопуца.

10. Претседателот на Пратеничката група на Собранието за соработка со Парламентот на Романија, г.Панчо Минов на 3 март 2021 г. оствари средба со романската амбасадорка Н.Е. г-ѓа Адела Моника Аксинте. На средбата присуствуваше и г-ѓа Блета Билали Ајети, секретар на Групата.

11. Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, г. Талат Џафери, на 10 март 2021 г. оствари средба со потпретседателот на Владата на Црна Гора, г. Дритан Абазовиќ, кој престојува во дводневна официјална посета на Република Северна Македонија. На средбата присуствуваше и г-ѓа Дафина Стојановска, претседател на Пратеничката група за соработка со Парламентот на Црна Гора и г-ѓа Марија Стефанова, секретар на Групата.

12. Во заедничка организација на македонскиот и словенечкиот парламент, на 23 март 2021 г. се одржа виртуелна средба на Групите за пријателство и соработка. Од македонска страна учествуваа пратениците г. Александар Велјановски, претседател на Групата, членовите: г-ѓа Благица Ласовска, г-ѓа Белкиса Зеќири, г-ѓа Жаклина Лазаревска г-ѓа Бети Рабаџиевска-Наумовска, г. Љупчо Димовски и г.Берат Ајдари, а од словенечка страна г-ѓата Ива Димиќ, претседател на Групата и пратениците г. Јоже Ленарт и г. Томаш Лисец. На средбата беа присутни и амбасадорот во Скопје, Н.Е. Милан Предан и амбасадорката во Љубљана, г-ѓа Сузана Зеленковска, како и г-ѓа Маријана Опашинова Шундовска, секретар на Групата.

13. Претседателот на Пратеничката група за соработка со Парламентот на Република Австрија, г.Арбер Адеми и членовите, на 24 март 2021 г. оствари видео-средба со претседателката на Групата за соработка меѓу Австрија и Северна Македонија во Националниот совет на Република Австрија, г-ѓа Стефани Криспер и членовите. На средбата присуствуваа и пратениците г-ѓа Ане Лашкоска, г-ѓа Силвана Ангелевска, г.Мирче Аџиоски, г-ѓа Маја Морачанин, г-ѓа Драгица Ѓавочанова, г-ѓа Марија Ангелова и г. Халил Снопче. На видео-средбата се вклучија и амбасадорот на Република Австрија во Република Северна Македонија, г.Георг Вуцас, како и

македонскиот амбасадор во Виена, г.Ненад Колев. Настанот го следеше и г-ѓа Марија Стефанова, секретар на Групата

14. Претседателката на Пратеничката група на Собранието на Република Северна Македонија за соработка со Парламентот на Словачката Република, г-ѓа Славјанка Петровска, заедно со членовите на Групата, на 28 април 2021 г. оствари средба со словачкиот заменик-министер за надворешни работи, г.Мартин Клус, кој беше во официјална посета на земјата.

15. Во рамките на официјалната посета на Република Северна Македонија на г-ѓа Саломе Зурабашвили, претседателка на Грузија, во Собранието на 10 мај 2021 г. се оствари средба со претседателот на Парламентарната група за соработка од Грузија со Собранието на Република Северна Македонија, г.Гиви Миканадзе и пратеникот г.Никола Мицевски, претседател на Пратеничката група за соработка со Грузија. На средбата присуствуваше и г.Глигор Стоименов, секретар на Групата.

16. Во официјална посета на Република Северна Македонија, од 10 до 13 јуни 2021 г. престојуваше Делегација од Пратеничката група за меѓупарламентарни односи со Република Северна Македонија на Врховната Рада на Украина предводена од Копретседателот на Групата г. Валериј Зуб. Покрај него, во составот на Делегацијата беа и г.Максим Перебијнис, претседател на Поткомитетот за здравствена заштита, г.Дмитро Наљотов, претседател на Поткомитетот за туризам и одморалишта, г.Ростислав Палагусинец, заменик на раководителот на Одделот на Кабинетот за обезбедување на меѓупарламентарни односи, и други членови. Во рамките на програмата, оствариja средби со: г.Талат Џафери, претседател на Собранието, г.Арбен Зибери, претседател на Комисијата за здравство и членови на Комисијата, како и со претседателот и членовите на Пратеничката група за соработка. Во постојана придружба на Делегацијата беше г-ѓа Билјана Огненовска, секретар на Групата.

17. Претседателот на Пратеничка група на Собранието на Република Северна Македонија за соработка со Парламентот на Република Албанија, г.Изет Меџити со членовите, на 22 јуни 2021 г. оствари средба со г-ѓа Мими Кодели, претседателка на Комисијата за надворешна политика на Собранието на Република Албанија и членовите на Делегацијата, кои се во официјална посета на РС Македонија. На средбата присуствуваше и г.Глигор Стоименов, во својство на секретар на Групата.

18. Претседателот на Пратеничката група за соработка со Парламентот на Република Австрија, г.Арбер Адеми, на 12 јули 2021 г. оствари видео-средба со претседателката на Групата за соработка меѓу Австрија и Северна Македонија во Националниот совет на Република Австрија, Стефани Криспер. Настанот го следеше и г-ѓа Марија Стефанова, секретар на Групата.

19. Пратеничката група за соработка со парламентите на балтичките земји: Република Естонија, Република Латвија и Република Литванија на Собранието на 6 септември 2021 година беше домаќин на средба со Делегација на Меѓупарламентарната група за соработка со земјите од Западен Балкан на Литванскиот парламент, предводена од пратеникот г. Аудрониус Ажубалис, шеф на Делегацијата и потпретседател на Групата. Во придружба на делегацијата беше Н.Е г-ѓа Јурате Јагуцкиене, амбасадор на Република Литванија за Република Северна Македонија.

На средбата учествуваа: г-ѓа Моника Зајков, претседателка на групата, г.Дајанчо Ефтимов, г-ѓа Велика Стојкова Серафимовска и г.Аднан Незири, членови на Групата, како и г.Аудрониус Ажубалис, потпретседател на Групата, г.Валдас Ракутис, потпретседател на Групата и г.Кештутис Вилкаускас, член на Групата на Литванскиот парламентот, како и г-ѓа Лидија Каракамчева, секретар на Групата.

20. Делегација сенатори од Групата за пријателство Франција - Западен Балкан, во состав г-ѓа Марта де Сидрак, претседателка и сенаторите г.Арно Базен, г.Венсан Сегуен и г.Микел Вале, на покана на Пратеничката група на Собранието за соработка со Францускиот парламент, престојуваше во еднодневна посета на земјата на 13 септември 2021 г..

На средбата со претседателот на Групата г. Александар Николоски присуствуваа членовите на Групата г. Владо Мисајловски, г-ѓа Снежана Калеска-Ванчева, г-ѓа Лидија Тасевска, г-ѓа Соња Михаиловска и г. Арбер Адеми, како и г-ѓа Ана Качакова, секретар на Групата.

21. На 13 септември 2021 г. претседателот на Пратеничката група на Собранието за соработка со парламентот на Босна и Херцеговина, пратеникот г.Зеќир Рамчиловиќ оствари средба со претставниците на Фондацијата вАлија Изетбеговиќг од БиХ, на која присуствуваше и г.Глигор Стоименов, секретар на Групата.

22. Во рамките на посетата на РС Македонија по повод 28 Септември - Меѓународниот ден на бошњаците на членот на претседателството на Босна и Херцеговина, г., беше оставрена средба со Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, г.Талат Џафери. На средбата присуствуваа и г. На средбата присуствуваа и пратеникот г. Зеќир Рамчиловиќ, претседател на Пратеничката група на Собранието за соработка со парламентот на Босна и Херцеговина и г.Глигор Стоименов, секретар на Групата.

23. На 12 ноември 2021 година се одржа видео конференција во организација на Комисијата за надворешни работи на Литванскиот парламент на тема вПатот за земјите од Западниот Балкан кон ЕУг. На конференцијата учестуваа пратениците: г-ѓа Моника Зајкова и г. Дејанчо Ефтимов, како и г-ѓа Лидија Каракамчева од Службата на Собранието.

4. Во рамките на првата официјална посета на Обединетите Арапски Емирати на претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, г. Талат Џафери, која се реализираше од 15 до 17 ноември 2021 г. во Абу Даби и Дубаи, ОАЕ, беше и Делегација од Пратеничката група на Собранието за соработка со парламентите на земјите од Блискиот исток и Арапскиот залив, во состав: г.Хусни Исмаили, претседател на Пратеничката група, г.Дарко Каевски и г.Бедри Фазли, членови, како и г-ѓа Ана Качакова, раководител на Секторот за меѓународна соработка.

25. Во рамките на дводневната официјална посета на Република Северна Македонија на г.Анджеј Дуда, претседателот на Република Полска, на 19 ноември 2021 г. во Собранието се одржа средба со г.Талат Џафери, претседател на Собранието на Република Северна Македонија. На средбата беше присутна и г-ѓа Фаница Николовска, претседателка на Пратеничката група на Собранието за соработка со Парламентот на Република Полска, членови на Групата и секретарот на Групата, г.Реџеп Прекопуца.

26. Пратеничката група на Собранието на Република Северна Македонија за соработка со Парламентот на Црна Гора, на 26 ноември 2021 г. оствари средба со црногорска делегација, предводена од претседателот на Парламентот, г.Алекса Бечиќ. Оваа средба е реализирана во рамките на учеството на Регионалната конференција на тема „подобрување на дијалогот меѓу парламентите и новинарите од Западен Балкан", заеднички организирана од Собранието на Република Северна Македонија и ЗНМ.

27. Претседателот на Пратеничката група на Собранието на Република Северна Македонија за соработка со Парламентот на Украина, г.Јован Митрески, на 2 декември 2021 г. во Собранието оствари средба со украинска делегација, предводена од г.Виталиј Загајниј, заменик на Лавовската обласна државна управа. На средбата присуствуваше и г-ѓа Билјана Огненовска, секретар на Групата.

28. Претседателот на Пратеничката група на Собранието на Република Северна Македонија за соработка со Парламентот на Француската Република, г.Александар Николоски, на 6 и 7 декември 2021 г. во Париз оствари средби со: г. Силван Гиоге, заменик-директор за европски прашања во Министерството за надворешни работи и европски прашања на Франција, со г. Бертран Сор, претседател и г-ѓа Лилиана Танги, потпретседател на Групата за соработка Северна Македонија – Франција во Националното собрание на Француската Република.

29. Пратеникот г. Ненад Коциќ, претседател на Групата за соработка со Парламентот на Чешката Република, на 13 декември 2021 г. оствари проштална средба со Н.Е. Мирослав Томан, амбасадор на Чешката Република во Република Северна Македонија. На средбата присуствуваше и г-ѓа Лидија Каракамчева, секретар на Групата.

30. Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, г. Талат Џафери, на 21 декември 2021 оствари средба со Мустафа Шентоп, Претседател на Големото национално собрание на Република Турција, кој престојува во официјална посета на Република Северна Македонија со група пратеници по повод 21 декември – Денот на наставата на турски јазик.

На средбата присуствуваа и Горан Мисовски, потпретседател на Собранието, Бејџан Иљас, претседател на Пратеничката група за соработка на Парламентот на Република Турција, Никола Мицевски, Игор Јанушев, Енес Ибрахим, Мерита Колчи-Коџаџику, Зеќир Рамчиловиќ и Хусни Исмаили, членови на Групата, г-ѓа Цветанка Иванова, генерална секретарка на Собранието и г-ѓа Билјана Огненовска, секретар на Групата.

# 7. ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ЗНАЧАЈНИ НАСТАНИ ВО СОБРАНИЕТО

## 7.1. Меѓународна активност и протоколарни средби




## 7.2. Меѓународни конференции, манифестации, годишнини, свечености и семинари

| |
|---|
| Втор состанок на Управувачки совет за реализирање на проектот Програма за поддршка на Парламентот - Потпишување на Анекс на договорот **(14 јануари 2021)** |
| Работен состанок на Интерпартиската парламентарна група за правата на лицата со хендикеп (ИППГ). Обраќање на г. Талат Џафери, ПСРСМ **(2 февруари 2021)** |
| Интерпартиската парламентарна група за поддршка на правата на Ромите, нивна инклузија и интеграција во РСМ - Обраќање на г. Талат Џафери, ПСРСМ **(11 февруари 2021)** |
| Обраќање на Министерот за одбрана на Чешката република, г. Љубомир Метнар пред Комисијата за одбрана и безбедност на СРСМ и Делегација на ПС на НАТО **(11 мај 2021)** |
| Четири работилници на тема: „Примена на етичкиот кодекс за пратениците во Собранието на РСМ" – Комисија за деловнички и мандатно имунитетни прашања во соработка со Програмата за парламентарна поддршка |
| Свечено отворање на Балкански фестивал на народни песни и игри. Јубилеј 60 години. Покровител Собрание на РС Македонија - Обраќање на ПСРСМ, Талат Џафери **(5 јуни 2021)** |

| |
|---|
| 57 Генерално собрание на ПАБСЕК - преку платформата Zoom. Прием на нашето Собрание во ПАБСЕК. Обраќање на потретседателот Мисовски (22 јуни 2021) |
| Свечено отворање на Изложба: 30 години од Вишеградска соработка - Полска амбасада во РС Македонија во соработка со Собранието на РСМ.Обраќање на г. Талат Џафери, ПСРСМ **(25 јуни 2021)** |
| Свечено отворање на Републичкиот фестивал „Илинденски денови" во Битола - Обраќање на потпретседателот на Собранието на РС Македонија, Горан Мисовски **(26 јуни 2021)** |
| Свечена седница на Комитет за односи меѓу заедниците по повод 20 годишнината на Охридскиот Рамковен Договор **(29 јуни 2021)** |
| Одбележување на Државниот празник 2 Август - Ден на Републиката **(2 август 2021)** |
| Централна прослава за одбележување на 30 години независност на Република Северна Македонија **(8 септември 2021)** |
| Церемонија на доделување на Орден „8 Септември"<br>Одликување со Орден „8 Септември" - Пратениците во Собранието на Република Македонија во мандатниот период 1990-1994 година. Во име на Собранието на Република Северна Македонија беше доделена на потпретседателот Фадил Зендели - **(8 септември 2021)** |
| Петти Македонско-германски форум: „30 години независност на Република Северна Македонија - Улогата на Собранието во демократијата". Обраќање на потпретседателот Горан Мисовски **(24 септември 2021)** |
| Одбележување на 5 години од Универзитетот „Мајка Терезаг. Обраќање на ПСРСМ, Талат Џафери **(8 октомври 2021)** |
| Одбележување на 80 години од Народното востание на македонскиот народ - 11 Октомври. Обраќање на потпретседателот Горан Мисовски **(11 октомври 2021)** |
| Прва седница на Делегацијата во Интерпарламентарната унија **(8 ноември 2021)** |
| Тркалезна маса на Интерпартиска парламентарна група за правата на ЛГБТИ лицата, за правно родово признавање во Република Северна Македонија, како дел од тематскиот преглед на Препораката на Комитетот на министри до земјите членки, за мерките за борба против дискриминација врз основа на сексуална ориентација или родов идентитет **(17 ноември 2021)** |
| Потпишување на Меморандум меѓу ДЦАФ и Собрание на Република Северна Македонија **(19 ноември 2021)** |
| Регионална конференција на тема: „Подобрување на дијалогот меѓу парламентите и новинарите од Западен Балкан" - Здружение на новинари на Македонија (ЗНМ) во соработка со Собрание на РС Македонија **(26 ноември 2021)** |
| Врачување на јубилејна награда / плакета на ПСРСМ, Талат Џафери, по повод 100 години Филозофски факултет **(30 ноември 2021)** |
| Одбележување на Меѓународниот ден за борба против корупцијата.<br>Обраќање на г. Горан Мисовски, потпретседател на Собранието на Република Северна Македонија **(9 декември 2021)** |
| Обраќање на Н.Е. Мустафа Шентоп, претседател на Големото Национално собрание на Република Турција, пред пратениците на Собранието на РС Македонија **(21 декември 2021)** |
| Годишно обраќање на Н.Е. Стево Пендаровски, претседател на Република Северна Македонија пред Собранието на Република Северна Македонија **(22 декември 2021)** |

## 7.3. Свечени изјави

| |
|---|
| Свечена изјава на **г. Александар Даштевски,** претседател на ДИК **(15 јануари 2021)** |
| Свечена изјава на **г-ѓа Дитмире Шеху,** потпретседател на ДИК **(15 јануари 2021)** |
| Свечена изјава на **г. Борис Кондарко,** член на ДИК **(15 јануари 2021)** |
| Свечена изјава на **г. Оливер Ристовски,** член на ДИК **(15 јануари 2021)** |
| Свечена изјава на **г-ѓа Радица Ристеска,** член на ДИК **(15 јануари 2021)** |
| Свечена изјава на **г. Бобан Стојаноски,** член на ДИК **(15 јануари 2021)** |
| Свечена изјава на **г. Кренар Лога,** член на ДИК **(15 јануари 2021)** |
| Свечена изјава на **г. Насер Зибери**, народен правобранител на Република Северна Македонија **(1 февруари 2021)** |
| Свечена изјава на **г-ѓа Тања Чачарова Илиевска,** член на Судскиот совет на Република Северна Македонија **(21 декември 2021)** |

## 7.4. Доделување државни награди

Доделување на Државна награда **„11 Октомври" - (11 октомври 2021)**

- **Добитници на Државната награда:**
- **Проф. д-р Атанас Вангелов**, филолог, за животно дело во областа на науката и образованието;
- **г. Павле Кузмановски**, академски сликар, за животно дело во областа на културата и уметноста;
- **г. Бедиа Бегова**, актер, за животно дело во областа на културата и уметноста;
- **г. Махи Нехими,** политиколог, за животно дело во областа на културата и уметноста.

Доделувања на Државна награда **„22 Ноември" - (22 ноември 2021)**

- **Добитници на наградата:**
- **г. Фејзи Бојко;**
- **проф. д-р Илбер Села.**

Доделување на Државната награда **„Свети Климент Охридски" - (8 декември 2021)**

- **Добитници на наградата се:**
- **Во областа на воспитанието и образованието:**
- **проф. д-р Ѓулумсер Касапи,** универзитетски професор;
- **Во областа на културата и уметноста:**
- **г. Јован Павловски,** писател;
- **г-ѓа Снежана Анастасова Чадиковска**, музички уметник;
- **г-ѓа Елена Дончева,** академски сликар-костимограф;

Доделување на Државната **награда „Мето Јовановски" - (10 декември 2021)**

- **Добитници на наградата се:**
- **г. Ѓорги Лазаревски,**
- **г. Звонко Костовски**

Доделување на Државна награда **„Мито Хаџивасилев Јасмин" - (21 декември 2021)**

- **Добитници на наградата се:**
- **г. Тошо Филиповски,** публицист;
- **г. Томислав Кежаровски,** публицист;
- **г-ѓа Аделина Марку,** новинар;
- **г. Марјанчо Николовски,** новинар.

# 8. ЈАВНОСТ ВО РАБОТАТА НА СОБРАНИЕТО

## 8.1.Канцеларии за контакти на пратениците со граѓаните во изборните единици

Со Законот за Собрание е уредено и предвидено функционирањето на канцелариите за контакти на пратениците со граѓаните во ИЕ.

Целта на овие канцеларии е да се овозможи на граѓаните да имаат директна комуникација со своите пратеници, да разменуваат информации, да даваат предлози и сугестии за одредени прашања и полесно да ги искажат проблемите и да најдат заеднички решенија (да учествуваат во изнаоѓањето решенија) за истите.

Одделение за поддршка на канцелариите за контакти на пратениците со граѓаните во ИЕ од месец Јануари - Декември 2021 година имаше отворено вкупно 50 канцеларии, во следиве општини: Аеродром, Битола, Богданци, Велес, Виница, Василево, Гостивар, Гевгелија, Делчево, Дебар, Ѓорче Петров, Кавадарци, Кисела Вода, Кичево, Кратово, Карпош, Кочани, Маврово и Ростуше, Неготино, Охрид, Пласница, Прилеп, Радовиш, Ресен, Струмица, Свети Николе,Тетово,Теарце,Чаир, Штип, Шуто Оризари.

Реализирани работни задачи и превземени активности во 2021 година

- воспоставување редовна соработка со единиците на локална самоуправа (ЕЛС) во насока на обезбедување канцеларии за пратениците и нивното функционирање во изборните единици во рамките на општината со цел избраните претставници на граѓаните да можат редовно и директно да комуницираат со граѓаните;
- постојана координација на активностите со Координаторите на Пратеничките групи, Генералниот Секретар на Собрание на Република Северна Македонија и Потпретседателот на Собранието на Република Северна Македонија;
- отворање на канцелариите преку комуникација со единиците на локалната самоуправа, ангажирање на асистентите во пратеничките канцеларии, следење на работата на асистентите и пратеничките канцеларии преку добивање и разгледување месечни извештаи од сите канцеларии ;
- издавање на ИКТ опрема (опремување на канцелариите со ИТ- опрема како и составување на Записник за Задолжување / Раздолжување на ИТ-опремата);
- Доставување на дописи до општините;

- следење на работата на лицата ангажирани во канцелариите за контакт на пратениците со граѓаните во изборните единици;
- Давање на упатства,стручна помош и совети за извршување на работите на лицата ангажирани во канцелариите за контакт на пратениците со граѓаните во изборните единици(доставување на извештаи,пополнување на формулари и Обрасци за евиденција на оперативните трошоци);
- директно учествување  во извршување на работите како и организирање на работата во одделението за остварување контакти на пратениците со граѓаните во изборните единици;
- попис на целата IT опрема во канцелариите за контакт на пратениците со граѓаните во изборните единици;
- координација на активностите со Секторот за финансиски прашања во врска со плаќање на хонорарите и средствата за оперативни трошоци за одржување на канцеларијата за асистентите во канцелариите на пратениците.

Организирани обуки на Одделението за поддршка на канцелариите за контакти на пратениците за подршка и за јакнење на капацитетите на асисентитете во канцелариите на пратениците:

1.Обука за јакнење на капацитети на асистентите во канцелариите за комуникација со граѓани; ( од 5 до 7 Јули 2021)

2.Работилница за асистентите на пратениците во канцелариите за комуникација со граѓаните: „Ефективна комуникација со јавноста и комуникациски вештини" (од 8 до 9 Јули 2021)

3.Работилница за „Вештини и техники за ефективна презентација и убедливо зборување" (1 до 2 септември 2021)

Во 2021 година Претседателот на Собрание на Република Северна Македонија даде согласност за обезбедување  финансиски средства со Буџетот за 2022 година за ангажирање до 75 лица од 1 јануари 2021 до 31 декември 2021 година, во бруто износ од 10.000 денари, месечен надоместок за извршена работа.

.

## 8.2. Електронска комуникација

Службата и пратениците на Собранието на Република Северна Македонија во својата секојдневна работа во законодавниот процес го користат Системот за управување со документи, т.н. е-Парламент. Во оваа година се пушти во употреба нова верзија на е-Парламент базирана на најнови технологии. Со тоа се овожи поголема брзина во работењето и поголема прегледност, но и се воведоа нови функционалности кои придонесоа во зголемување на ефикасноста на работењето.




На крајот на годината се изврши набавка, прилагодување и имплементација на нов софтвер за финансиско, материјално и кадрово работење, како и систем за евиденција на работно време.

Поради застареност на дел од опремата, но и за поефикасно извршување на работните задачи во услови на здравствена криза, Собранието ја опреми Службата со 60 преносни компјутери. Набавката беше финансирана со Договорот за реализирање на

финансискиот придонес во рамките на Програмата за поддршка на Парламентот, од страна на Швајцарската агенција за развој. Во рамките на истата програма беше набавен и инсталиран софтвер за мониторинг на активната мрежна опрема, со што се постигна зголемување на безбедноста, надежноста и достапноста на мрежата, се зголеми и забрза преносот на информации, и се обезбеди далечинско управување и контрола на мрежните уреди и контрола на искористеноста на мрежните капацитети.



Имајќи предвид дека информатичкото општество ја развива партиципативната демократија преку зголемената транспарентност овозможувајќи јавните податоци да бидат достапни во отворен и стандардизиран формат, а граѓаните, невладиното општество, јавноста и експертите со своите иницијативи да учествуваат во донесувањето на одлуките, Собранието на Република година, Македонија секојдневно ја ажурира со податоци собраниската веб-страна.

На веб-страницата можат да се најдат сите материјали кои биле или сѐ во собраниска процедура, увид во која фаза од законодавната постапка се наоѓаат, сите извештаи поврзани со нив, потоа дневна агенда и планирани следни активности, видео записи од седници и извештаи од седници на работни тела.

За подобро информирање на граѓаните, зголемување на отчетноста и транспарентноста, Собранието на Република Северна Македонија редовно објавува информации на свој Facebook, Twitter i Youtube профил, додека на Flickr може да се најде богата колекција на фотографии. Овие профили се користат за споделување на содржини кои се достапни и на веб-страната на Собранието.



# 8.3.СОБРАНИСКИ ТВ КАНАЛ

1. Директни преноси од пленарните седници во Собранието на Република Северна Македонија

2. Директни преноси од Комисијата за финансирање и буџет
   -ребаланс на буџетот за 2020 г.

2.а Директни преноси од Комисијата за финансирање и буџет-
   - усвојување на буџетот за 2021 г.

3. Снимки од работата на собраниските тела

4. Снимки од настани одржани во Собрание на Република Северна Македонија
   - Доделување на државни награди во Собрание на Република Северна Македонија
   - Едукативни содржини доставени од Собрание на Република Северна Македонија

5. Бесплатно политичко претставување на изборните програми на учесниците на Локалните избори 2021 г.

6. Месечни прегледи за искористено програмско време на Собранискиот канал

На Собранискиот канал програмата се емитува од 10.00 до 22.00 ч.

Терминот за емитување се пролонгира, само доколку во Собранието се одржува седница што трае и по 22.00 ч.

**1. Емитувани директни преноси**

-Директни преноси од пленарните седници -

| Месец | Број на преноси | Времетраење во минути |
|---|---|---|
| јануари | 13 | 1.750 |
| февруари | 6 | 542 |
| март | 14 | 1.908 |
| април | 22 | 3.120 |
| мај | 16 | 999 |
| јуни | 15 | 4.089 |
| јули | 19 | 2.089 |
| август | / | / |
| септември | 5 | 238 |
| октомври | / | / |
| ноември | 2 | 63 |
| декември | 21 | 2.091 |
| **Вкупно** | **101** | **12. 249 мин** |

## 2. Директни преноси од Комисија за финансирање и буџет-

Ребаланс на буџетот за 2021 г.

| Месец | број на преноси | Времетраење во минути |
|---|---|---|
| јули | 10 | 2.540 |
| **Вкупно** | **10** | **2.540** |

## 2.а Директни преноси од Комисија за финансирање и буџет

Усвојување на буџет за 2021 г.

| Месец | број на преноси | Времетраење во минути |
|---|---|---|
| ноември | 8 | 2.710 |
| декември | 2 | 905 |
| **Вкупно** | **10** | **3.615** |

## 3. Емитувани снимки од седниците на собраниските тела

| **Собраниски работни тела** | **бр.на заседанија** | **време во мин.** |
|---|---|---|
| Комисија за политички систем и односи меѓу заедниците | 35 | 2.083 |
| Комисија за финансирање и буџет | 43 | 2.640 |
| Комисија за здравство | 13 | 358 |
| Комисија за труд и социјална политика | 13 | 867 |
| Комисија за надворешна политика | 9 | 563 |
| Комисија за култура | 2 | 81 |
| Комисија за транспорт,врски и екологија | 13 | 940 |
| Комисија за земјоделство,шумарство и водостопанство | 12 | 1.077 |
| Комисија за одбрана и безбедност | 23 | 943 |
| Комисија за економски прашања | 8 | 264 |
| Комисија за европски прашања | 20 | 1.371 |
| Комисија за образование,наука и спорт | 15 | 2.295 |
| Комисија за прашања на изборите и именувањата | 9 | 336 |

| | | |
|---|---|---|
| Комисија за локална самоуправа | 1 | 50 |
| Комисија за делов. и мандатно имунитетни прашања | 4 | 195 |
| Комисија за еднакви можности на жените и мажите | 4 | 443 |
| Национален совет за евроинтеграции | 5 | 482 |
| Законодавно-правна комисија | 101 | 1.964 |
| Комитет за односи меѓу заедниците | 5 | 290 |
| Буџетски совет на Собрание на РСМ | 3 | 50 |
| Комисија за надзор над спроведувањето на мерките за следење на комуникациите | 6 | 110 |
| Постојана анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓаните | 1 | 90 |

**23. Емитувани снимки од седниците на собраниските тела**

| **Собраниски работни тела** | **бр.на заседанија** | **време во мин.** |
|---|---|---|
| Комисија за надзор над работата на Агенцијата за национална безбедност и на Агенцијата за Разузнавање | 2 | 32 |
| **Вкупен број на заседанија на собраниските комисии** | **367** | **17.524 мин** |

**5. Снимки од настани одржани во Собрание на РСМ**

**Февруари**

02.02.2021 - Работна средба за конституирање на ИПГГ за правата на лицата со хендикеп - снимка тр. 36 мин

11.02.2021 - Основање на интерпартиска парламентарна група за поддршка на правата на Ромите во РСМ- снимка тр. 56,55

**Март – собраниски едукативни содржини**

Парламентите и младите – МКД – 07,41 мин.

Парламентите и младите – АЛБ – 07,41 мин

Емитувани од 09.03-31.03.2021 г.

**Април – собраниски едукативни содржини**

Парламентите и младите – МКД – 07,41 мин.

Парламентите и младите – АЛБ – 07,41 мин

Емитувани од 01.04 – 05.04. 2021г.

**Мај**

26.05.2021 - Акциски план 2021- 2023 на Собрание на Република Северна Македонија - јавни консултации со граѓанско општество - снимка тр.112 мин.

**Август**

02.08.2021 - Директен пренос од одбележување на Илинден - Обраќање на Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија г.Талат Џафер – тр. 46 мин

**Септември**

Едукативен настан по повод одбележувањето на 23 –ти септември- Меѓународен ден на знаковниот јазик – снимка тр 58 мин

**Октомври**

11.10.2021- Доделување на држ. наг. 11 ти Октомври – снимка тр. 21 мин.

**Ноември**

22.11.2021 – Доделување на државната награда 22 Ноември – снимка тр. 44 мин.

**Декември**

08.12.2021- Доделување на државна награда Св. Климент Охридски -снимка тр. 24 мин.

10.12.2021- Доделување на државна награда Мето Јовановски – снимка тр. 11 мин.

21.12.2021- Доделување на државна награда Мито Хаџивасилев Јасмин снимка тр. 32

28.12.2021- Завршна годишна изјава на Претседателот на Собранието на РСМ г.Талат Џафери снимка - тр. 24 мин.

30/31.12.2021- Новогодишна честитка од Претседателот на Собрание на РСМ г.Талат Џафери

---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

## 6. Бесплатно политичко претставување

### Локални избори 2021 г.

Изборната кампања за првиот и вториот изборен круг траеше од 27.09.2021 до 29.10.2021.Согласно законските одредби од Изборниот законик, на Собранискиот канал секојдневно е емитувано бесплатното политичко претставување на програмите на кандидатите за градоначалници и носителите на советничките листи во првиот изборен круг,а за вториот изборен круг емитувани се, бесплатните претставување на кандидатите за градоначалници .

Вкупниот број на учесници во изборниот процес изнесува 122.Времето од три часа за бесплатното претставување, што го предвидува Изборниот законик, се реализираше на дневна основа распределено меѓу 13 парламентарни партии/коалиции и секоја од нив имаше по 14 мин.

Времето од еден час предвидено со законот ,беше рамномерно распределено на 16 вон-парламентарни партии и 27 –те кандидати за градначалници предложени од група избирачи како и на 62 носители на советнички листи. Секој од нив имаше можност секојдневно по 34 сек, за претставување на изборната кампања .

Можноста за бесплатното претставување ја искористија:

- 6 парламентарни партии односно коалиции.
- 5 вонпарламентарни партии
- 13 независни кандидати

И за овој изборен процес најголем дел од учесниците ја користеа можноста бесплатното претставување да го реализираат преку доставен видео материјал,а многу мал процент ја користеше законската можност за снимање во студио.

Бесплатното претставување се емитуваше секојдневно на програмата со почеток во 18.00 ч. Редоследот во емитувањето според ждрепката во ДИК, со ротирање на позициите .

**7. Месечени прегледи за искористеното програмско време :**

| месец | Собраниски активности | Настани одржани во Собрание на РСМ | Едукативни содржини- Собрание на РСМ | Локални избори 2021 бес.прет. | Мтв архива |
|---|---|---|---|---|---|
| јануари | 70.22 ч. | | | | 301.38 ч. |
| февруари | 95,52 ч. | | | | 240.08 ч. |
| март | 78.03 ч. | | 21.04 ч. | | 273.12 ч. |
| април | 79.52 ч. | | 3.28 ч. | | 277.27 ч. |
| мај | 56.14 ч. | | | | 315.54 ч. |
| јуни | 72.38 ч. | | | | 287.12 ч. 1.45 ч. спорт |
| јули | 120.24 ч. | | | | 252 ч. 39 |
| август | | 0.46 мин одбележување на 2 август | | | 371.14 ч. |
| септември | 28.38 ч. | | | 2.09 ч. | 329.23 ч. |
| октомври | / | 0.21 мин. | | 21.08 ч. | 350 ,31 ч. |
| ноември | 46.56 ч. | 0.44 мин | | | 312.10 ч. |
| декември | 102.49 мин | 2.08 ч. | | | 269.06 ч. |
| **Вк. време** | **751,48 ч.** | **3,59 ч.** | **24,32 ч.** | **23.17 ч.** | **3.581,34 ч.** |

Поради скромните ресурси за производство на сопствена програма, како од страна на ЈРП-МРТ, така и на Собранието на Република Северна Македонија, програмската шема е базирана на собраниските активности, а преостанатиот дел од времето Јавниот сервис го надополнува со архивски материјали. Имајќи предвид, дека изборот на архивските материјали станува се пооскуден како од содржински така и од визуелен аспект, проблемот и натаму останува актуелен.

## 8.4. СРЕДСТВА ЗА ЈАВНО ИНФОРМИРАЊЕ

За следење на активностите на Собранието, вкупно се акредитирани 594 претставници на средствата за јавно информирање, кои електронски или лично поднеле барање за акредитација до Секторот за односи со јавноста. До сите акредитирани медиуми, редовно, по електронска пошта, се испраќаат материјали од активностите на Собранието.

| НАЗИВ | број на акредитирани лица |
|---|---|
| **ТЕЛЕВИЗИИ И РАДИЈА** | |
| **ТЕЛЕВИЗИИ** | |
| СОБРАНИСКИ КАНАЛ | 12 |
| МТВ | 48 |
| МРТ - 2 | 9 |
| ТРЕТ ПРОГРАМСКИ СЕРВИС НА АЛБАНСКИ, СРПСКИ, БОСАНСКИ, РОМСКИ, ВЛАШКИ И ТУРСКИ ЈАЗИК | 14 |
| ТЕЛЕВИЗИЈА КАНАЛ 5 | 35 |
| ТЕЛМА | 35 |
| АЛ САТ | 31 |
| СИТЕЛ | 61 |
| ТВ АЛФА | 21 |
| ТВ СОНЦЕ | 9 |
| 24 ВЕСТИ | 41 |
| АЛЈАЗЕЕРА БАЛКАНС | 5 |
| ТВ 21М | 19 |
| ТВ ШЕЊА | 13 |
| ТВ КЛАН | 13 |
| **РАДИЈА** | |
| МТВ - МАКЕДОНСКО РАДИО | 15 |
| РАДИО СЛОБОДНА ЕВРОПА | 16 |
| РАДИО МОФ | 2 |
| **ПЕЧАТЕНИ МЕДИУМИ** | |
| **ДНЕВНИ ВЕСНИЦИ** | |
| ВЕЧЕР | 11 |
| КОХА | 4 |
| ЛАЈМ | 4 |
| НЕЗАВИСЕН ВЕСНИК | 6 |
| **ИНТЕРНЕТ МЕДИУМИ** | |
| СЛОБОДЕН ПЕЧАТ.МК | 2 |
| РЕПУБЛИКА | 10 |
| А1 ОН | 7 |
| МКД.МК | 5 |
| САКАМ ДА КАЖАМ | 4 |
| ФРОНТЛИНЕ.МК | 2 |
| ИНФОМАКС | 6 |

| | |
|---|---|
| ПЛУСИНФО | 8 |
| НАРОДЕН ГЛАС | 1 |
| ПОРТАЛБ | 3 |
| ЦИВИЛ | 4 |
| 360 СТЕПЕНИ | 16 |
| НОВА ТВ.МК | 6 |
| ТАЈМБАЛКАН.КОМ | 1 |
| **ДРУГИ МЕДИУМИ** | |
| МИА-агенција | 51 |
| РОМА ПРЕС | 3 |
| ЗДРУЖЕНИЕ- ЦЕНТАР ЗА ИСТРАЖУВАЧКО НОВИНАРСТВО СКУП - МАКЕДОНИЈА | 6 |
| СЛОБОДНИ НОВИНАРИ | 1 |
| БИРН | 4 |
| ЈЕНИ БАЛКАН | 2 |
| ANADOLU AGENCY | 8 |
| СТ- ГРУПАЦИЈА | 1 |
| РТК - LIVE | 2 |
| ИСТРАЖУВАЧКА РЕПОРТЕРСКА ЛАБОРАТОРИЈА | 17 |

Секторот редовно ја ажурира веб-страницата на Собранието - www.sobranie.mk, објавувајќи ги собраниските активности, соопштенија, најави за средби, прес-конференции и други разни материјали за потребите на Собранието, како: Годишен извештај, „Мојот пратеник”, завршни сметки, МПК билтен, ЕУ весник, огласи, банери, публикации, акти, проекти, активности на Парламентарниот институт, итн., сето тоа на македонски, албански и англиски јазик.

Исто така, Секторот врши прибирање информации, електронска обработка на податоци и ажурирање на податоците во врска со биографиите на пратениците, составот на делегации, совети, пратенички групи, работни тела и Клуб на пратенички.

По електронски пат, Секторот ги информира медиумските куќи за собраниските актуелности.

Секторот ги најавува и проследува официјалните и работните средби во Собранието и потоа известува за истите преку веб-страницата. Воедно, ги преработува и Извештаите од седниците на работните тела и ги објавува на веб-локацијата.

Дневната агенда и сите собраниски активности Секторот ги објавува и на социјалните мрежи *Facebook* и *Twitter*, а видео-материјали на *Youtube*, со цел подобро информирање на граѓаните, зголемување на отчетноста и транспарентноста.

На крајот од работниот ден, Секторот подготвува и испраќа бесплатен електронски весник за сите дневни активности на Собранието до пријавените и заинтересирани корисници.

# 9. ПОДДРШКА НА НЕВЛАДИНИТЕ И МЕЃУНАРОДНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ НА СОБРАНИЕТО

# 9.1. Активности на НДИ и Собранието на Република Северна Македонија

Во функција на изготвување на Извештајот за работата на Собранието за периодот од 1 јануари до 31 декември, во продолжение ви ги проследуваме податоците за активностите чија реализација беше поддржана од страна на Националниот демократски институт (НДИ). Покрај излистаните активности, би сакале да подвлечеме дека НДИ и во изминатата година обезбедуваше редовна советодавна и консултативна поддршка на пратениците и пратеничките, како и на стручната служба на Собранието во остварувањето на нивната законодавна, надзорна и претставничка улога.

## *ПРОГРАМА ЗА ПАРЛАМЕНТАРНА ПОДДРШКА (ПСП)*

### ПСП управувачки совет



Во 2021 година одржани се три состаноци на Управувачкиот совет за имплементација на Програмата за парламентарна поддршка (14 јануари, 13. јули и 6 декември) на кои се дискутираше за имплементација на предвидените активности и донесени се одлуки за истите при што е одобрен и план за јавни набавки од финансиски придонес на Програмата за парламентарна поддршка за 2021 година. За таа цел на 16 април 2021 година извршен е трансфер на средства од НДИ кон Собрание од финансискиот придонес во износ од 347.690 CHF во согласност со Договорот за финансиски придонес.




На 22 јануари 2021 година во рамки на ПСП се одржа вуртуелна работилница (вебинар) помеѓу Собранието на РС Македонија и германскиот парламент (Бундестаг), посветена на темата независно собраниско обезбедување. Настанот беше конципиран како размена на искуства и претставување на германскиот модел на посебна внатрешна безбедносна служба (бундестаг полиција), што би помогнало во изнаоѓање практични решенија во РС Македонија.

Од страна на Собранието учество имаа претседателот Талат Џафери, претставници од пратеничките групи, Генералниот секретар и стручната служба како и претставници од Министерството за внатрешни работи, додека пак од германска страна учествуваа раководители на директорати за правни прашања и меѓународна соработка, а презентација одржаа од директоратот за полиција/обезбедување при Бундестагот.



На 19.10.2021 година во Маврово е одржана работилница со ПСП Управувачкиот совет со цел идентификување на приоритетите на Собранието и утврдување на ПСП проектни активности за 2022 година, а во насока на поддршка на реализацијата на новиот усвоен Стратешки план на Собранието 2022 - 2027 година.

На 04.11.2021 година во Скопје одржана е средба меѓу ПСП Управувачкиот совет со Дерек Мичел, Претседател на Националниот демократски институт од Вашингтон на која фокусот на размената беа успешните реформски иницијативи за осмостојување на собраниската служба, буџетот како и дигитализацијата и транспарентноста на Собранието.

**Политички дијалог**

На 29.01.2021 одржана е работилница од серијата *Планински разговори* на тема „Реформа на Собранискиот канал и унапредување на парламентарното емитувањег. Во согласност со донесените заклучоци на работилницата во февруари (8, 9, 15, 19, 23, 26) одржани се работилници за Проценка на влијание на регулативата во врска со *Реформата на Собранискиот канал и унапредување на парламентарното емитување.*



На 15 март 2021 одржано е продолжение на работилница од серијата *Планински разговори* на тема „Реформа на Собранискиот канал и унапредување на парламентарното емитување" со цел донесување на одлука во согласност со препораките од спроведената Проценка на влијание на регулативата. Во април 2021 претставници на ПСП учествуваа во работната група за изработка на законските измени во насока на реформа на собранискиот канал и унапредување на парламентарното емитување. На 17 мај 2021 одржана е дискусија на ПСП Управувачкиот совет (Претседател, потпретседатели, координатори на пратенички групи и генералната секретарка) за усогласување на предлог законските измени на Законот за Собрание во насока на реформа на Собранискиот канал и унапредување на парламентарното емитување, како и за буџетската независност на Собранието, по што на 04 јуни 2021 на средбата

на ПСП Управувачкиот совет се финализираа предлог законските измени на Законот за Собрание, а предлагачи на истите беа пратениците кои се дел од ПСП Управувачкиот совет. Измените на Законот за Собрание беа донесени со политички консензус во јули 2022 година.

**Стратешки план на Собранието**



На 10 јуни 2021 ПСП го поддржа Собранието во организација на работилница за евалуација на постојниот Стратешки план и изработка на нов Стратешки план на Собранието за периодот 2022-2027. Дополнителни консултации се одржани меѓу Собранието и ПСП во врска со планираниот придонес на ПСП во предлог Стратешкиот план по што Буџетскиот совет на Собранието го донесе Стратешкиот план на Собранието за периодот 2022 - 2026 на 30 јули 2021 година.

**Советодавен комитет**




На 07 декември 2021 беше одржан третиот годишен состанок на Советодавниот комитет виртуелно преку комуникациската платформа ZOOM. Темата на овогодинешниот состанок беше вОбезбедување на интегритетот на дигиталните парламентиг каде што се дискутираше за начините и придобивките од употребата на технологијата во работата на законодавните тела, како и за предизвиците во процесот на постигнување на дигитална трансформација на Собранието на Република Северна Македонија.

На состанокот земаа учество претставници од Парламентите на Швајцарија, Германија, Естонија и Европскиот парламент, додека од страна на Собранието на Република Северна Македонија присутни беа потпретседателите на Собранието, координаторите на пратеничките групи, како и генералната секретарка на Собранието, Воведно обраќање имаше Претседателот на Собранието, г-дин Талат Џафери, а состанокот беше модериран од страна на Амбасадорката на Швајцарија, Н.Е. Вероник Улман.

Претставниците од партнерските парламенти на проектот имаа свои обраќања и водеа продуктивна дискусија во која ги споделија искуствата во врска со процесот на дигитална трансформација на нивните законодавни домови кои беа особено наложени поради кризата предизвикана од пандемијата со КОВИД 19. Во однос на досегашните постигнувања во партнерските законодавни домови беа наведени повеќе начини за обезбедување на комплетна дигитална трансформација и овозможување на функционален парламент како можности за

хибридно учество и гласање на пленарни седници и седници на комисиите, ефикасноста и економичноста поврзана со дигиталното работење и соработка со партнерски институции ширум светот, како и начини за надминување на безбедносните предизвици поврзани со дигитализација на процесите

**Човечки ресурси**

Во рамки на Програмата за парламентарна поддршка ангажиран е специјалист за јавни набавки кој секојдневно работи заедно со собраниските служби и ги поддржува во процесите на јавни набавки. Покрај него, ангажиран е и дополнителен консултант за јавни набавки кој обезбедува експертиза за покомплексните процеси.

Во април 2021 година ПСП спроведе евалуација на постојните вработени во Парламентарната буџетска канцеларија и го презеде финансирањето на нивните плати. Во текот на јуни распишан е оглас за вработување на 2 нови службеници во Парламентарната буџетска канцеларија - советник за буџетски и финансиски анализи и соработник за административна поддршка, спроведен е процес на селекција и на почетокот на август најуспешните кандидати се вработени на слободните позиции со што се комплетира составот на Парламентарната буџетска канцеларија.

Во април 2021 година ПСП во консултација со собраниските служби изработи Стандарди за професии како дел од современата пракса за управување со човечки ресурси.

Во ноември 2021 година ПСП распиша оглас за вработување на 2 ИТ специјалисти - систем инженер и софтвер инженер за поддршка на процесите на дигитализација во Собранието на Република Северна Македонија. Во текот на декември започна процесот на селекција на пријавените кандидати.

**Стипендиска програма за собраниската служба**

ПСП преку Швајцарската стипендиска програма го поддржа академскиот и професионалниот развој на парламентарната служба, се во насока на постигнување на крајната цел - зголемување на квалитетот на работата на Собарнието. Во 2021 беа доделени вкупно 15 стипендии, од кои 12 беа доделени за обуки и тренинзи, две за магистерски студии и една за докторски студии. Од 2018 година кога оваа стипендкиска програма за прв пат беше промовирана, до 2021, доделени се вкупно 25 стипендии, од кои 12 се за обуки односно тренинзи, девет за магистерски студии и четири за докторски студии.



Во мај 2021, амбасадорката на Швајцарија во Република Македонија, Н.Е. Сибил Зутер, ги пречека стипендистите во својот дом, каде заедно со Генералната секретарка на Собранието, г-ѓа Цветанка Иванова, им се обратија и ги поздравија нивните напори и амбиции за професионално усовршување.

**КАФ - Заедничка рамка за управување со квалитет**

**(CAF - Common Assessment Framework)**

ПСП даде свој придонес во подготовка на двата извештаи за реализацијата на КАФ мерките за




подобрување на работата на Собранието за периодите (1) септември 2020 година - март 2021 година и (2) април 2021 година – октомври 2021 година.

**Посета на Парламентот на Словенија и размена на искуства**



Во периодот од 15-18 септември 2021 година ПСП организираше посета на словенечкиот парламент за генералната секретарка на Собранието Цветанка Иванова и претседателката на собраниската комисија за политички систем Соња Мираковска. Целта на посетата и колегијалната размена беа запознавање со парламентарниот календар за работа на словенечкиот парламент, организирање на работата на парламентарната служба во пандемиски услови, работа на далечина, служба за поддршка на работата на пратениците, функционалности на ИКТ системите вклучително и модули за работа и заседанија на далечина, транспарентноста на парламентот и правила за емитување на комисиските и пленарните седници, адаптација на интерните акти на парламентот за успешна работа во пандемиски услови, финансиска независност на парламентот, релацијата парламент - комисија за антикорупција и нивниот придонес во изработка на Етичкиот кодекс на парламентот.

**Јавни набавки од финансискиот придонес**

Во текот на 2021 година од финансискиот придонес во рамки на Програмата за парламентарна поддршка успешно се склучени 6 договори за јавни набавки во согласност со Планот за јавни набавки од финансискиот придонес и притоа се набавени: (1) 60 лаптопи за собраниската служба, (2) софтвер за материјално-финансиско и кадрово работење (ERP), (3)

надградба на софтверско решение Е-Парламент, (4) изработка на нова веб страна, (5) изработка на Портал за отворени податоци, (6) набавка на видео конференциска опрема.

**Набавка на 60 нови лаптопи за собраниските служби**



Во текот на 2021 година ПСП има развиено технички спецификации за набавка на дополнителна опрема за крајни корисници, односно 60 лаптопи за собраниската служба, кои имаат за цел да ја надоградат опремата во користење од страна на службите. Новата опрема:

- овозможува паметни дигитални работни места,
- ја подобруваат соработката помеѓу вработените,
- ја намалува употребата на хартија,
- обезбедува подобрена брзина и ефикасност при работењето
- подобрена безбедност и преносливост
- овозможува далечинско работење за вработените нешто што постојано се појавува како потреба за време на пандемијата

Процесот на набавка на лаптопите е успешно завршен и истите се дистрибуирани за употреба со собраниските служби. Минатата година преку ПСП беа набавени 100 лаптопи за користење од страна на службата во Собрание.

**Софтвер за финансиско, материјално и кадрово работење (ERP)**

По барање на Собрание на РСМ, во текот на 2021 година ПСП заедно со собраниските служби и нејзините локални и меѓународни консултанти работеше неколку месеци по ред во заедничкото развивање на техничките спецификации за софтвер за финансиско, материјално и кадрово работење (Enterprise Resource Planning) за потребите на Собранието на Република Северна Македонија. Тендерот за набавка на софтверот беше успешно завршен на 8 јули 2021 година. Развоениот софтвер е испорачан на Собрание на РСМ. Софтверот за финансиско, материјално и кадрово работење е поврзан со модул за електронска евиденција на работното време и следење на договорите за јавни набавки. Софтверот претставува:

- целосно нов систем за комплетно финансиско и материјално работење;
- нов систем за кадрово работење;
- модул за електронска евиденција на работно време; како и
- следење на договорите за јавни набавки

**Систем за управување со документи и систем на “тикетинg**

ПСП за време на 2021 година го водеше и го заврши процесот на соработка со Собранието на Република Северна Македонија и своите партнерски организации и институции, домашни и меѓународни експерти во финализирањето на техничките спецификации и функционалностите за нов софтвер за систем за управување со документи кој исто така вклучува и систем за издавање на 'тикети' (билети) и хардверска компонента.



Системот за издавање на тикети е развиен во партнерство со Швајцарската парламентарна служба, т.е. ИКТ службите и секторот за меѓународна соработка со што на крај на септември 2021 година беше одржана дводневна работилница со Собранието на Република Северна Македонија со цел на финализирање на техничките спецификации за тикетинг системот. Тендерот е планиран да биде објавен од страна на Собранието во 2022 година.

Системот за управување со документи и системот за тикетинг треба да обезбедува:

- Електронски деловодник
- Дигитализација на процесите на тек на документација во рамки на Собранието
- Зголемување на ефикасноста во изработка на предметите од страна на службите
- Системот за издавање тикети е алатка за управување што ги обработува и каталогизира барањата за услуги од пратениците и собраниските служби

**Набавка на видео конференциска опрема (хардвер и софтвер)**

ПСП во соработка со службите на Собрание на Република Северна Македонија, во текот на 2021 година, има развиено технички спецификации за видео конференциска опрема. Тендерот за набавка на четири комплетни сетови за видео конференциски системи за пратениците и службите за употреба првенствено од страна на Собраниските работни тела, кои што треба да се користат во собраниските комисијски сали е завршен. Испораката е во завршна фаза и нејзино инсталирање во Собранието на Република Северна Македонија е предвидено во почетокот на во крајот на 2022 година. Новата опрема за видео конференции е наменета претежно за работните тела, но и за сите пратеници и службата на Собранието. Видео конференциската опрема ќе ја олесни ефективната комуникација во рамките на комисиите, службите и одржувањето на „поврзано Собрание”. Опремата е од витално значење за одржување на отворени и подобрени канали за комуникација. Видео конференциите како алатка

добија зголемена употреба за време на пандемијата и станаа потпора во глобалното парламентарно функционирање со овозможување на онлајн конференции и работа од далечина.

**Сајбер безбедност - Изработка на Парламентарен прирачник за сајбер безбедност**

Во текот на 2021 година НДИ екипата за технолошки иновации од Вашинтон во соработка со Партнерството за демократија на Претставничкиот дом на САД (HDP) и со директен придонес од страна на службите на Собрание на Република Северна Македонија и ПСП работеа во развојот на Парламентарен прирачник за сајбер безбедност кој што го анализира искуството на десетина парламенти од светот. Прирачникот има за цел да им обезбеди на парламентите, вклучително и Собранието на РСМ, суштински информации кои што му се потребни за да се воспостави силен безбедносен план во делот на ИКТ. Овој прирачник оди подалеку од едноставно ставање зборови на хартија и им овозможува на парламентите да ги спроведат најдобрите практики на дело. Прирачникот е финализиран и истиот ќе биде преведен, промовиран и споделен во 2022 година.

**Политика за прифатлива употреба Собрание на Република Северна Македонија и Политика за ИКТ безбедност Собрание на Република Северна Македонија**

ПСП во текот на 2021 година има развиено два документи еден за *Политика за прифатлива употреба за технолошката опрема* и друг документ *Политика за ИКТ безбедност во Собранието на Република Северна Македонија*. Документите се развиени според стандардите на реномираниот Санс Институте и се наменети за употреба од страна на службите на Собранието со цел да придонесат во професионалното и безбедно користење на технолошката опрема во Собранието на РСМ.

**Поддршка на развојот на Парламентарната буџетска канцеларија**

Во функција на ефикасно спроведување на ex-ante и ex-post анализа на буџетот, како и унапредување на надзорната улога на законодавниот дом, ПСП, во текот на годината даде суштински придонес во развојот на ново формираната Парламентарната буџетска канцеларија (ПБК) преку повеќе активности.

**Одлука за поддршка на развојот на ПБК од страна на Управувачкиот совет на ПБК**

Во март Управувачкиот одбор на ПБК донесе Одлука за поддршка на развојот на ПБК во Собранието на Република Северна Македонија, со која се уредува начинот и постапката за реализација на финансискиот придонес кој ПСП и Фондацијата за демократија на Вестминистер преку финансиска и техничка поддршка ќе го дадат на Собранието во периодот април 2021 - март 2022. Подршката на ПСП за развојот на ПБК вклучува финансиски средства за плата, надоместоци на плата и други додатоци на плата согласно закон за вработените во Посебната организациона единица Одделение - Парламентарна буџетска канцеларија (ПБК); поддршка на стратешкиот развој на Собранието со цел понатамошно јакнење на капацитетите на Службата за обезбедување буџетски и финансиски анализи и поддршка на парламентарниот фискален надзор и транспарентност; обезбедување обука и надградба на капацитетите на вработените во

ПБК, можност за професионално доусовршување преку стипендија за постдипломски и докторски студии, поддршка за обезбедување ресурси за истражување и анализа и промоција на продуктите и услугите кои ги обезбедува ПБК, поддршка на соработката и вмрежувањето ПБК со национални, регионални и меѓународни институции и организации, и редовна советодавна поддршка за вработените, како и следење на нивниот професионален развој.

**Успешен процес на нови вработувања во ПБК**

ПСП обезбеди поддршка за процесот на селекција на кандидати за Парламентарната буџетска канцеларија за позициите советник за буџетски и финансиски анализи и соработник за административна поддршка. Овој процес се одвиваше во неколку фази (подготовка на оглас, промоција, аплицирање, административна селекција, подготовка на вежби за тестирање, спроведување на тестирање, оценување на тестови, подготовка на прашалници за усно интервју, подготовка на клуч за оценување за усно интервју и контакт со кандидати), а беше администриран партнерски од страна на Програмата за парламентарна поддршка и Вестминстер фондацијата за демократија во соработка со собраниските служби. Согласно Договорот за реализирање на финансискиот придонес во рамките на Програмата за поддршка на Парламентот склучен меѓу Националниот демократски институт за меѓународни работи (НДИ) и Собранието на РСМ, обезбедени беа и финансиски средства за плата, надоместоци на плата и други додатоци на плата согласно закон за вработените во ПБК.

**Стратешко планирање на ПБК 2021-23 и Годишен Акциски план**

ПСП спроведе работилница за Стратешко планирање за вработените во ПБК, која ги утврди главните правци и насоки зе понатамошен развој на посебната организациона единица. Главни цели кои беа дефинирани за овој период (2021-23) се: I - ПБК придонесува за зајакнување на парламентарниот надзор и јакнење на буџетската транспарентност и отчетност; II - Зголемување на видливоста за улогата и функцијата на ПБК во Собранието и другите релевантни институции; II I- Континуирано надградување (професионално доусовршување) и јакнење на капацитетите (квалитетот и опсежноста на продуктите).




На работилницата која траеше 6 дена, беше изработен и годишен акциски план за 2021-22. Двата документи беа разгледани и одобрени од Управувачкиот совет на ПБК во јули.

**Тимска работа во ПБК**

Важноста од тимска работа во услови на динамична работа на Собранието е од исклучително значење за успешноста на ново формираната ПБК. ПСП обезбеди поддршка за утврдување на заедничките вредности и заложби на вработените во ПБК, заокружување на внатрешните акти



кои подетално ја уредуваат организацијата на работата на канцеларијата, следење и евалуација на прогресот и резултатите, како и утврдување на приоритетните аспекти за понатамошен развој и промоција на услугите на ПБК во Собранието.

**Билатерална соработка со швајцарската парламентарна служба**

Размената на искуства со колеги од парламентите во Европа и пошироко е една од стратешките цели за понатамошниот развој на ПБК. Во рамките на ПСП во текот на септември беше организирана посета на претставници од Швајцарската парламентарна служба во РСМ преку која вработените во ПБК и во Комисијата за финансирање и буџет имаа можност да се запознаат со видот на продукти и услуги кои се обезбедуваат за пратениците во Швајцарскиот парламент, буџетскиот процес и културата на работа во рамките на швајцарската служба. Претставниците од службата на двата парламенти се согласија оваа размена да продолжи и во наредниот период.





**ПБК учествуваше на глобална размена на искуства на парламентарните буџетски канцеларии, овозможено преку Партнерството за демократија на Конгресот на САД**

Со поддршка на Партнерството за демократија на Конгресот на САД, во октомври ПБК активно учествуваше на глобален виртуелен настан: *Јакнење на законодавните буџетски канцеларии и буџетски практики*, каде ја презентираше својата работа. На размената учествуваа и претставници од Грузија, Гватемала, Кенија, Либерија, и Украина. На оваа работилница беше афирмирана важноста од парламентарните буџетски канцеларии за развој на парламентот, а преставниците на буџетските канцеларии остварија дијалог за можноста од обезбедување експертски анализи за поддршка на информирано и отчетно одобрување на буџетот и процес на негово спроведување. Беше дискутиран и начинот на кој ПБК-и можат да обезбедат транспаретност, кредибилност, и отчет преку веродостојни истражувачки техники. Размената опфати и теми како структура на канцелариите, техники за градење односи со пратениците и комисиите, како и стратегии за развој на корисни и достапни информации.







**Проценка на влијанието на регулативата (ПВР) преку истражувачките служби во Собранието**

Со цел подобрување на квалитетот на законите преку напредни истражувачки техники ПСП обезбеди обука за вработените на ПБК и Парламентарниот институт за Процена на влијанието на регулативата (ПВР).

На оваа работилница истражувачките служби во Собранието имаа можност да стекнат напредни знаења и вештини за спроведување редовна и квалитетна проценка на влијанието на регулативата, од социјален и економски аспект, како и од аспект на влијанието на законите врз животната средина.

**Професионален развој на вработените во ПБК и техничка поддршка**

Преку ПСП, вработените во ПБК имаа уникатна можност за понатамошно професионално надградување, како преку стипендирање на студиски програми за мастер и докторски студии од областа, така и за посета на сертифицирани курсеви и релевантни обуки за стручно доусовршување на нивните знаења и вештини.

ПСП обезбеди поддршка за ПБК и преку набавка на потребен канцелариски материјал со цел поефикасно извршување на работните задачи и обврски.

**Реформа на системот на етика кој го регулира однесувањето на пратениците на Собранието на Република Северна Македонија**

ПСП, во соработка со Мисијата на ОБСЕ во Скопје и ОДИХР, го поддржува Собранието на Република Македонија во исполнување на препораките од Четвртиот круг на евалуација на ГРЕКО во борбата против корупцијата, а во насока на подобрување на системот на етичко однесување и постапување на пратениците.



Почнувајќи од март 2021 година, Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања, како и претставници од сите парламентарни групи во Собранието, интензивно работеше на подобрување на

системот на парламентарна етика во Собранието, односно изготување на нов етички кодекс и упатство за негова примена.

Активностите кои беа преземени за подобрување на квалитетот на погоре наведените документи вклучуваа пристап кој обезбеди политички консензус, структурни реформи и конслутација на најдобри меѓународни пракси. Пролетта 2021 беа организирани онлајн консултации меѓу пратениците и службениците од Собранието со претставници на Конгресот на САД, а потоа и со пратеници и претставници на службите на парламентите на Албанија и Грузија за да се добијат информации во однос на правната рамка за етика, улогата на надлежните тела за примена и стратегиите за обука. Оваа размена на искуства се покажа навистина корисна, затоа што придонесе кон одредување на структурата и содржината на прописите за етика на кои работи Собранието, како и определување на механизмите за негова имплементација.

Во периодот од мај до јули 2021 година беа спроведени 4 работилници за парламентарна етика и неколку работни состаноци со членовите на Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања, но и со други пратеници. Беа дискутирани структурата, содржината и механизмите за спроведување на нормите од етичкиот кодекс. Се подготвија и низа анализи и компаративни прегледи кои придонесоа за градење на информирани ставови за оформување на новите акти. [1]



Беше подготвен и документ со Препораки за измени и дополнувања на закони и подзаконски акти за да се воспостави кохерентен механизам за етичко однесување и одговорност на пратениците, а да се надмине моменталната правна празнина за обезбедување на правен основ за примена на кодексот.



Врз основа на анализите и компаративни прегледи се подготви нов нацрт Етички кодекс за пратениците во Собранието на Република Северна Македонија и Упатство за примена на етичкиот кодекс за пратениците со конкретни примери за постапување во определени ситуации. Во документите се земени предвид препораките на ГРЕКО, вклучувајќи ги препораките во делот на судир на интереси, подароци и лобирање. ПСП работи и на инкорпорирање на препораките добиени од страна на ОДИХР во насока на подобрување на текстот на кодексот и на упатството.

[1] Анализа на националната регулатива која ги уредува прашањата кои се предмет на Кодексот за етичко однесување на пратениците во Собранието на Република Северна Македонија, Компаративен преглед на Кодексите за етичко однесување на пратениците кој ги пренесува меѓународните искуства на избрани 5 држави и Компаративен преглед на институционалните механизми за примена на Кодексот на однесување во избрани 5 држави.

Покрај споменатите документи, подготвен е Курикулум за обука на пратениците во Собранието за примена на Етичкиот кодекс и придружни материјали за спроведување на обуката, кои ќе можат да се користат од страна на Собранието, односно собраниската служба во натамошните активности за обука на пратениците и зајакнување на свеста за етика и интегритет. На 23 декември 2021 година, ПСП спроведе обука за вработените во Парламентарниот институт, на која беа претставени низа алатки и методи за водење интерактивни и информативни тренинзи во врска со одредбите содржани во кодексот.

**Собраниски календар**

Програмата за парламентарна поддршка го подржува процесот на создавање попредвидлива законодавна агенда, преку воспоставување на собраниски календар. Со цел да му овозможи на Собранието да донесе информирана одлука за методологијата на креирање и операбилност на собранискиот календар, во 2021 година беше подготовена компаративна анализа за *Парламентарно работење и утврдување на дневните редови во одредени земји,* која меѓу останатото дава и приказ на релевантните аспекти на уредувањето, структурата, содржината и достапноста на собраниските календари на парламентите на Чешка (*Poslanecká sněmovna*), Естонија (*Riigikogu*), Германија (*Bundestag*), Словачка (*Národná rada*), Словенија (*Državni sbor*), Шведска (*Riksdag*) и на Република Северна Македонија (*Собрание*).

Согласно анализираните искуства, дадени се и препораки кои може да бидат релевантни за воспоставувањето правила за парламентарно работење и парламентарна агенда во Република Северна Македонија. Презентацијата на анализата се предвидува за 2022 година и ќе претставува добра основа за натамошната соработка со Собранието на Република Македонија во воспоставувањето на собранискиот календар.

**ХДП глобалната размена: Зајакнување, омоќнување и интегрирање на учеството на жените во парламентите**

Пратеничките Арта Биљали-Зендели, Лолита Ристова и Марија Петрушевска учествуваа во Глобалната размена: Зајакнување, омоќнување и интегрирање на учеството на жените во парламентите. Оваа размена на искуства на пратенички од Гамбија, Грузија, Ерменија, Либерија, Кенија, Северна Македонија и Украина беше организирана од страна на Партнерството за демократија на Претставничкиот дом на САД (ХДП) и Националниот демократски институт (НДИ).




Оваа глобална размена на искуства се одвиваше на три различни виртуелни настани на 12, 19 и 26 февруари и ги вклучуваше следните теми: Улогата на жените во градењето консензус и меѓупартиска соработка; Интегрирање на родот во

парламентарните структури и активности; Родово одговорно буџетирање; Обезбедување учество на жените во кризен менаџмент; и Вклучувањее на мажите во унапредувањето на родовата еднаквост во парламентите.

**Анализа: Родовите социоекономски влијанија на КОВИД-19 пандемијата врз жените**

На 21 април, одржана е презентација на Истражувањето на јавното мислење за влијанието на КОВИД - 19 врз жените и девојчињата во Република Северна Македонија во соработка со Комисијата за еднакви можности за жените и мажите и Клубот на пратенички. Ова истражување вклучува телефонска анкета на жени од различни категории: неформално вработени жени, жени сопственички на бизис, жени земјоделци, жени од ромска националност ангажирани на пазарот на труд и млади жени со потенцијал за претприемништво; како и прашалник со претставнички и претставници на граѓански организации и институтции кои работат примарно со жени.

Ова истражување е дел од анализата *Родовите социоекономски влијанија на КОВИД-19 пандемијата врз жените* која беше подготвена во рамките на Програмата за парламентарна поддршка и која опфаќа информации од начинот на кој се справија Естонија, Германија, Северна Македонија, Словачка и Шведска со пандемијата. Анализата ги опфаќа товарот на неплатената нега, финансиските предизвици предизвикани од скратеното работно време и загубените работни места, потоа родово базираното насилство и состојбата со Ромките, како и времето/просторот жените да се ангажираат во раководството и процесот на одлучување во политиката и секако дава препораки за намалување на нееднаквоста во споменатите сфери. Анализата беше презентирана на вебинар организиран од Програмата за парламентарна поддршка на 20 септември на кој беа поканети пратеници и претставници на Службата од Собранието на Република Македонија, пратетници и службеници од парламентите во Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Црна Гора и Србија.



**Зајакнување на надзорната улога на Собранието во управувањето со кризи**

ПСП во соработка со Собранието на Република Македонија во 2021 година организираше активности за подобрување на системот за управување со кризи, особено во однос на улогата на законодавната власт. На 16 април 2021 година, 13 пратеници од релевантните работни тела на Собранието беа информирани за наодите од проценката за Управување со кризата како одговор на пандемијата Ковид 19 во Република Северна Македонија. Оваа проценка, изработена од тим на експерти од РСМ и САД ги анализираше капацитетите на владините институции за управување со Ковид 19 кризата, и даде клучни препораки кои би требало да бидат земени

предвид при некоја друга криза во иднина, вклучувајќи го и подобрувањето на надзорната улога на Собранието.

Базирано на наодите и препораките од проценката, во мај 2021 беше спроведена и онлајн симулациска вежба за **подготовка на властите за следна криза и развивање на поефективен систем за управување со кризи.** Симулацијата, на која учествуваа повеќе од 40 претставници од извршната власт, Собранието и граѓанскиот сектор беше фокусирана на утврдување на надлежностите, структурите и работните процеси во сите фази од криза (пред, за време и по кризата) и идентификуваше потенцијални области за подобрување.




Симулацијата беше подготвена и водена од тројца експерти од САД, а вклучуваше реално сценарио на управување со кризи при пожари предизвикани од климатки промени. Модерираните дискусии се фокусираа на тоа какви би биле улогите на извршната и законодавната власт, како тие би комуницирале и би се координирале, која организација би била одговорна за информирање на јавноста и др. Согласно дискусиите на симулацијата, беа подготвени и препораки за натамошни чекори, кои вклучуваат:

- **<u>Испитување на постојните процеси за управување со кризи.</u>**

1. Да се идентификуваат и интегрираат различните напори за тоа како најдобро да се реформира постојниот систем за управување со кризи.
2. Да се направи споредба со системите за управување со кризи на САД и Швајцарија за да се утврди кои аспекти од двата система можат да послужат како модели за подобрување.
3. Да се остварува комуникација за време на сите вежби за управување со кризи.

- **<u>Разјаснување на улогите и одговорностите во системот за управување со кризи.</u>**

1. Јасно да се определат организациските улоги и одговорности во однос на тоа **кој** ги врши **кои** конкретни задачи, **кога** и **зошто**.

- **<u>Оценка на барањата на Собранието од извршната власт.</u>**

1. Комисијата за финансирање и буџет во соработка со Министерството за финансии да работат на намалување на потребното време за усвојување на барањата за итно финансирање.
2. Вклучување на пратеници во работната група за реформа на системот за управување со кризи.
3. Институциите за управување со кризи кадровски да се екипираат .

- **<u>Да се идентификуваат правците за подобрување на надзорот</u>**

1. Почесто користење на вакви вежби, заради олеснување на ефективната интеракција меѓу Собранието и министерствата.
2. Да се вопсостави процесот на научени лекции со цел да се обезбеди креирање и задржување на институционална меморија.
3. Да се изработат детални студии за влијанието на пандемијата со Ковид-19 врз сите аспекти на општеството, како и за потенцијалното влијание на климатските промени.
4. Да се спроведува годишна вежба на национално/стратешкоо ниво за да се направи стрес-тест на процесите на одлучување при управување со кризи.

**Партнерство за отворена власт**




Покрај поддршката во креирањето и имплементирањето на активностите предвидени во Акцискиот план на Собранието кон заложбите на Партнерството за отворена власт (ПОВ), ПСП активно го набљудува и нивото и темпото на исполнување на заложбите. Така, во линија со оваа активност, беа подготвени четири извештаи од набљудување, кои го покрија целиот период на имплементација на првиот акциски план на Собранието кон заложбите на ПОВ (2018-2020). Извештаите покажаа дека, и покрај ограничувањата и имобилизацијата предизвикана од Ковид 19 пандемијата, од вкупно пет заложби, една беше целосно завршена, две беа завршени до одредено ниво, додека две останаа незавршени.



Крајните резултати од извештаите беа иницијално презентирани во април 2021 година, пред престадателот на Собранието, г-дин Талат Џафери, и пред собраниската служба. На настанот беа презенирани и предлог активностите кои ПСП може да ги поддржи во насока на реализирање на заложбите за ПОВ.

ПСП го поддржува процесот на отвореност и транспарентност на Собранието, преку поддршка на креирање на Планот за Отворена Власт за 2021-2023. Во прилог на ова ПСП одржуваше редовни консултации со Собраниските служби како поддршка кон развојот на новиот Собраниски Акционен план на Партнерството за

Отворена Власт. Поддршката на Собранието во креирањето на новиот Акционен план за ПОВ, помага да се обезбеди пристап на граѓаните до работата на Собранието.

За таа цел, на 21 мај 2021 беше организирана хибридна **Јавна консултација со граѓанското општество за Акцискиот план 2021-2023 на Собранието кон Партнерството за отворена власт,** кој беше реализиран од страна на Собранието поддршано од ПСП. Поради состојбите со Ковид пандемијата, настанот беше реализран хибридно, каде што се собраа 22 претставници од ГО кои заедно со пратениците разговраа за нивните приоритети и ги инкорпорираа коментарите и предлозите на засегнатие страни во финалната верзија на Акциониот план кој што ги одразува приоритетите утврдени и преку интервенциите на ПСП. На настанот воведно обраќање имаа Потпретседателот на Собранието, г-дин Горан Мисовски, тим лидерот на ПСП и виш резидентен директор на НДИ, г-дин Роберт Скот Хејзлет, и вишата регионална координаторка на ПОВ, г-ѓа Сандра Пернар. На настанот беше презнтирано нивото на реализација на заложбите од минатиот акциски план, клучните наоди од истражувањето на јавното мислење поврзано со работата на Собранието, како и иницијалните утврдени заложби за новиот ПОВ акциски план на Собранието. На настанот беа организирани 3 тематски панел дискусии во областите на **Собранието за граѓаните со отворен одговор и отворено опоравување од ковид 19 пандемијата, Подобрена ИКТ инфраструктура, Граѓанско учество / Отворен парламент.** На овие панел дискусии учесниците ги дадоа своите размилсувања и идеи, а со тоа и се финализираше ПОВ акцискиот план на Собарнието 2021 - 2023.










Новиот Акциски план за ПОВ на Собранието 2021 - 2023 година беше усвоен во јуни 2021 година

Собрание во Акцискиот план за Партнерството за Отворена Власт ги идентификува следните заложби за 2021-2022:

**1 Собранието за граѓаните со отворен договор и отворено опоравување од КОВИД 19 пандемијата**

1.1 Изработка на он-лајн портал за отворени податоци за полесен пристап до информации за граѓаните кој што треба да овозможи он-лајн пристап до податочни сетови од законодавната власт со цел да има подобрен пристап и пребарување од јавноста.

1.2 Платформа за предлози и иницијативи од граѓаните до законодавната власт и регистар на граѓански организации - каде што граѓаните ќе омаат он-љан пристап за доставување на идеи до

нивните претставници и системски присташ на граѓанските организации за придонес во законодавниот процес.

1.3 Дигитална безбедност преку дигитални потписи за пратеници и Собраниска Служба - Заложбата се предлага за обезбедување и користење на дигитални токени за дигитални потписи за пратениците и собраниската служба

**2. Подобрена ИКТ инфраструктура**

2.1 Изработка на нова интернет страница на Собранието за подобро информирање на граѓаните.

2.2 Целосно функционален Собраниски ТВ канал - со што се предлага реформирање на собранискиот тв канал и да се зголеми дледаноста на Собранискиот ТВ канал, преку дефинирана програмска шема со модерна опрема и обучени луѓе.

2.3 Изработка на Софтверско решение за следење на законодавниот процес од јавноста - која предвидува надградба на Е-парламент системот преку изработка на софтверско решение за следење на законодавниот процес од страна на граѓаните.

2.4 Отварање на Е-архива софтверот за пребарување од јавноста - се предлага со цел базата да се направи достапна за јавноста и граѓаните да можат да ги користат документите кои се дел од базата на Е-архива.

2.5. Набавка на камери со пропратна опрема за интернет пренос на седници - заложбата се предлага за вршење на интернет пренос од седниците на работните тела на Собранието.

**3. Учество на граѓани/отворен парламент**

3.1 Изработка на репортажи и запознавање на јавноста со промовирање на работењето на канцелариите за контакт со граѓаните - заложбата се предлага за изработка на промотивни репортажи од шестте изборни единици за асистентите и канцелариите за контакт на пратениците со граѓаните.

3.2 Спроведување на активности за промоција на партнерството за отворена власт - Заложбата се предлага за спроведување на активности за промоција на Партнерството за отворена власт.

3.3 Набавка на софтверско решение за овозможување на превод од говор на текст - Заложбата се предлага за набавка на софтверско решение за овозможување на превод од говор на текст.

**Парламентите реагираат на пандемијата: научени лекции за планирање на итни случаи**

ПСП заедно со Партнерството за демократија на Претставничкиот дом на САД (HDP) во текот на 2021 година изврши истражување за тоа како Парламентите ширум светот реагирааат кон пандемијата КОВИД-19 која што ја наруши работата на парламентите ширум светот. Мерките наменети за спречување на ширењето на вирусот поставија нови предизвици за парламентите во исполнувањето на нивните суштински улоги за носење закони, надзор и претставување. Преточените научени лекции за време на пандемијата имаат со цел да обезбедат препораки за градење на поотпорни институции во подготовка за идни кризи, Партнерството за демократија на Претставничкиот дом на САД (HDP) и Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC), во соработка со Националниот демократски институт (NDI), го обезбеди овој ресурс како поддршка и упатства за пратениците и вработените во парламентите. Оваа истражување ги опишува начините на кои парламентите се приспособуваа на работа со пандемијата од нејзиниот почеток вклучувајќи тука и клучни области како што се носењето на закони, оперативниот континуитет, транспарентноста и технолошките иновации. Исто така ги идентификува и насоките за институционализирање на научените лекции кои што би требало да им овозможат на парламентите што подобро да ги спроведуваат нивните суштински функции во време на идни кризи и нарушувања.

**Парламентарно емитување**

Како дел од организираниот планински разговор на тема: Реформа на Собраниски канал и унапредување на парламентарното емитување ПСП придонесе со презентирање на наодите од анализата направена за Собранискиот ТВ канал од меѓународниот експерт Боб Егингтон како и домашниот консултант, Нехру Хоџа, околу проектираните решенија за опремата и персоналот потребни за да се подобри Собранискиот ТВ канал и процесот на продукција.

Препораките од спроведената Проценка на влијание на регулативата (ПВР) спроведен во февруари, ги разгледуваа ефектите од три различни законодавни сценарија поврзани со сопственоста и емитувањето на ТВ каналот на Собранието. Собраниската работната група ги искористи резултатите од ПВР за изготвување на законската регулатива, завршувајќи ја предложената измена на Законот за Собранието во април.

**Собраниското ТВ Студио**

ПСП за во текот на 2021 година го водеше процесот на соработка со Собранието на РСМ и своите партнерски организации и институции, домашни и меѓународни експерти во финализирањето на техничките спецификации за опремување на Собраниското ТВ Студио. Поради обемноста и комплексонста на набавката Собрание со ПСП одржи технички дијалог со заинтересираните добавувачи ов август 2021. Како исход на техничкиот дијалог техничките спецификации за опремување на Собраниското ТВ Студио се обновени и подобрени. Понатамошниот процес на технички дијалог и тендерот се планира да биде објавен од страна на Собранието во 2022 година:

Ново опременото Собраниско ТВ студио треба да обезбеди:

- Дигитализирано парламентарно емитување со подобрен сигнал
- Опремено Собраниско ТВ студио и придонес кон подобрена контролна просторија
- Интернет парламентарно емитување интегрирано со надградена веб-страница на Собранието, пребарувања на видеа по различни критериуми, итн.
- Обезбедување повеќе видео преноси истовремено
- Предвидливо емитување со дефинирана програмска шема
- Подобрени парламентарни продукциски капацитети

ПСП исто така има подготвено опис на работните места и одговорностите за планирани седум вработени во Собранискoто ТВ студио. Ангажирањето на седумте вработени треба да се совпадне со набавката на опрема.

**Нова веб-страница (интернетска страница) на Собрание на РСМ**

ПСП во текот на 2021 година го водеше и го заврши процесот на соработка со Собранието на РСМ и своите партнерски организации и институции, домашни и меѓународни експерти во финализирањето на техничките спецификации и функционалностите за нова веб-страница на Собранието. Тендерот беше објавен и и успешно завршен од страна на Собранието. Новата веб-страница на Собранието како продукт беше финализиран во декември 2021 година, и истата се очекува да се операционализира во почетокот на 2022 при што треба да се поврзе и со новите модули на Е-парламент системот и новиот портал за отворени податоци. Новата веб страница треба да претставува скалабилен веб портал за Собранието интегриран со позадински системи преку безбедни веб сервиси кои што ќе обезбедуваат:

- Поедноставен, почист интерфејс
- Напредно пребарување, говори, гласање, збогатени информации
- Следење на законодавниот процес во реално време
- Обезбедување повеќе видео преноси истовремено
- Подобрена комуникација со јавноста и соработка со граѓанскиот сектор
- Следејќи ги најдобрите примери на другите напредни парламенти
- Интеграција со Е-парламент системот и порталот за отворени податоци

**Е-парламент систем - надградба**

ПСП во текот на 2021 година го водеше и го заврши процесот на соработка со Собранието на РСМ и своите партнерски организации и институции, домашни и меѓународни експерти во финализирањето на техничките спецификации и функционалностите за надградба на системот за Е-Парламент. Тендерот е објавен и успешно завршен од страна на Собранието. Надградениот Е-парламент систем на Собранието беше финализиран во декември 2021 година,

а истата се очекува да се операционализира во почетокот на 2022 при што треба да се поврзе со новата веб-страница на Собранието и новиот портал за отворени податоци. Надградениот Е-парламент систем треба да обезбеди:

● Овозможување интерфејси за полесен пренос на податоци и интеграција со други системи

● Интеграција со Веб страницата на собранието и порталот за отворени податоци

● Можност за управување со дигитални сесии (пленарни седници и седници на работни тела)

● Целосни функционалности за следење на законодавниот процес за пратеници и служба

● Модул за далечинско работење

**Отворени податоци**

ПСП работеше на идентификување на каталог од вкупно 21 податочни сетови од Собранeто. Отворените податоци во машински читливи формати може слободно да се користат и дистрибуираат. Овие податочни сетови ќе им бидат достапни на сите граѓани со цел да се подобри транспарентноста и отчетноста на институцијата, а во понатамошна соработка со Собранието ќе се развијат и потенцијално дополнителни податочни сетови кои што ќе бидат споделувани преку новиот Собраниски портал за отворени податоци.

**Портал за отворени податоци**

ПСП во тек на 2021 гоидна го водеше и го заврши процесот на соработка со Собранието на РСМ и своите партнерски организации и институции, домашни и меѓународни експерти во финализирањето на техничките спецификации и функционалности на Порталот за отворени податоци. Тендерот е објавен и успешно завршен од страна на Собранието, истиот ќе биде операционализиран во почетокот на 2022 година. Порталот за отворени податоци ќе овозможува:

- Објавување податочни сетови за пристап како во идната веб-страница на Собранието така и на владиниот портал за отворени податоци.
- Собраниски информации во машински читлив формат достапни за сите граѓани (седници, говори, гласања, итн).
- Интеграција со Е-парламент системот и Веб страницата на Собранието.

**Подобрување на комуникација со јавноста, перцепција на граѓаните**

Програмата за парламентарна поддршка со цел да го информира Собранието за перцпецијата на јавноста за неговата работа, секоја година спроведува истражување на јавното мислење. Истражувањето се фокусира на теми околу тоа колку пратениците ги застапуваат интересите на граѓаните, степенот на доверба, колку Собранието има контрола врз извршната власт, која е генералната перцепција за работата на Собранието како и како отвореноста и транспрентноста во неговата работа. Со текот на годините, граѓаните се повеќе се согласни со тоа дека Собранието игра зналителна улога во политичкиот живот на државата, што укажува на важноста и потребата за унапредување и зајакнување на работата на Собранието.









ПСП дополнително го информира Собранието за културата на дебатирање на пратениците во нашето Собрание. Анализата на дебатата го мери степенот на аргументираност на говорот (колку аргументи има во секоја дискусија); степенот на почит на говорникот кон другите пратеници и нивните аргументи; степенот на отвореност за прифаќање на туѓите аргументи и менување на сопствените ставови поради поквалитетни аргументи изнесени во расправата; и можноста пратениците непречено да ги изнесат своите ставови. Во 2021 година, пред јавноста беа презентирани два полугодишни извештаи. Извештајот за периодот  август - декември 2020 година и за периодот  јануари - јуни 2021 година. Извештаите на ПСП за квалитетот на дебатата застапуваат зголемување на квалитетот на дебатата и нивото на аргументираност на говорите на пратениците во Собранието, со цел подобрување на законодавниот процес. Со таа цел извештајот нуди препораки и достапни алатки кои им стојат на располагање на пратениците за постигнување на повисоко ниво на квалитет на дебата.

## ***ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ЗАКОНОДАВНИОТ ИНТЕГРИТЕТ И НЕЗАВИСНОСТ ВО ЦЕНТРАЛНА И ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА***

### Форум на генералните секретари

Форум на генералните секретари на парламентите од Југоисточна Европа се одржа во Атина од 31 август до 02 септември 2021 година. Овој регионален форум е дел од Иницијативата

на НДИ за зајакнување на законодавството во Југоисточна Европа, финансирана од Националната фондација за демократија, која им помага на парламентите во регионот да го зајакнат својот капацитет за законодавство, надзор и застапување. Намерата е да се подобри соработката и компаративното учење во регионот и да им се обезбеди на парламентите важен ресурс за справување со слични организациски и законодавни предизвици во зајакнувањето на нивната законодавна, надзорна и претставничка улога. На Форумот присуствуваа генералните секретари на парламентите на Северна Македонија, г-ѓа Цветанка Иванова, како и на Албанија, Босна и Херцеговина и Косово и замениците генерални секретари на парламентите на Црна Гора и Србија.

Главна тема на форумот беа парламентарните иновации, достигнувањата, предизвиците и идните очекувања во работата на парламентите во кризата предизвикана од пандемијата КОВИД 19, со фокус на собраниската администрација, внатрешната комуникација, транспарентноста на парламентот и клучните предизвици за подобрување. Форумот даде одлична можност да се разменат овие перспективи, но и да се создадат неформални мостови помеѓу Генералните Секретари од регионалните парламенти. Собранието на Северна Македонија го претставуваа генералниот секретар Цветанка Иванова и Дејан Мојсоски, од секторот на Генерланиот секретар.

**Форум на законодавно правните сектори од парламентите од Југоисточна Европа**

Овој регионален настан како дел од Иницијативата за законодавно зајакнување, финансиран од Националниот фонд за демократија, беше одржан од 11-14 октомври 2021 година во Будва, Црна Гора. Претставници од законодавно правните сектори и секторите на Генералните секретари од парламентите на Албанија, Босна-Херцеговина, Косово, Црна Гора, Северна Македонија и Србија имаа можност да разговараат и да ги споделуваат неодамнешните искуства во нивните парламенти и справувањето со пандемијата вклучувајќи ги и правните предизвици, како и теми за измени на Деловник и други акти; промени во внатрешните и надворешните процедури за приспособување кон новите појави и предизвици; обезбедување на поддршка кон и односите со извршната власт; употребата на нови информациски технологии (ИТ), итн. Собранието на СРМ беше претставено преку заменик генералниот секретар Бојан Василевски.

## ***СИДА: УНАПРЕДУВАЊЕ НА РОДОВАТА ЕДНАКВОСТ ПРЕКУ ПОЛИТИЧКО УЧЕСТВО НА ЖЕНИТЕ***

**Презентација на проектот WoMen Lead - Унапредување на родовата еднаквост преку политичкото учество на жените пред Комисијата за еднакви можности на жените и мажите**

На 4 март 2021 година, Комисијата за еднакви можности на жените и мажите се сретна со претставнички на Националниот демократски институт (НДИ). Целта на состанокот беше НДИ да го претстави проектот WoMen Lead - Унапредување на родовата еднаквост преку

политичкото учество на жените кој ќе го спроведува со поддршка на Шведската агенција за меѓународна развојна поддршка (Сида).

**Медиумска кампања: Заокружи НЕ за насилство врз жени во политика**

Дел од пратеничките од Собранието на Република Македонија беа активно вклучени во медиумската кампања *Заокружи НЕ за насилство врз жени во политика* преку учество во видео спотови. Гордана Силјановска, претседателка на Комисијата за еднакви можности за жените и мажите и Арбана Пашоли, претседателка на Комитетот за односи меѓу заедниците беа дел од видеата наречени *Говорница,* пратеничките Лолита Ристова, претседателка на Клубот на пратенички и Благица Ласовска, заменик-претседателка на Клубот на пратенички учествуваа во видеата наречени *Поставувам прашање,* а пратеничките Љатифа Шиковска, Снежана Калеска-Ванчева и Жаклина Пешевска учествуваа во видеата *На иста маса.*



Голем дел од пратениците и пратеничките, вклучително и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, а и претставници на Службата на Собранието им се приклучија на останатите политичари од државата и ја поддржаа кампањата преку објава на нивните страници на социјалните мрежи и преземање лична заложба да се намали насилство врз жените во политката во пресрет на Локалните избори 2021. Повеќе информации и материјали од кампањата можат да се најдат на https://nezanasilstvo.mk/.

# 9.2. Активности на Вестминстер фондација за демократија во Собранието на Република Северна Македонија

## ВОВЕД

Фондацијата за демократија на Вестминстер и Собранието на Република Северна Македонија, со поддршка на Британската амбасада во Скопје и во 2021 година ја продолжија соработката што беше започната со воспоставувањето на претходниот пратенички состав уште во 2017.

Врз база на активностите што беа имплементирани како дел од проектот Поддршка на македонската парламентарна реформаг во 2017 и 2018, во 2021 Фондацијата за демократија на Вестминстер продолжи да го поддржува Собранието, преку програмата: вИницијатива за демократија за Западен Балканг.

Целта на активностите во овој период беше зајакнување на вршењето на надзорната улога на Собранието. Во фокусот беше финансискиот надзор од страна на Собранието, преку работата на Собраниските комисии и служба, како и пост-легислативниот надзор. Дополнително, поддршката на Собранието беше насочена и во насока на подобро вклучување на прашањата поврзани со лицата со попреченост и младите, преку давање на поддршка на Интер партиската парламентарна група за правата на лицата со попреченост и Клубот за младински прашања и политики.

## АКТИВНОСТИ

**„ Поддршка на развојот на Парламентарната буџетска канцеларија “**

Во 2021 година, главниот фокус на активностите беа насочени кон поддршка на развојот на ПБК и воспоставување на соработка со клучните партнери како НДИ и Швајцарската Амабасада. Во рамките на овие активности од страна на ВФД се обезбеди менторска поддршка во изработката на материјалите и анализите за ПБО, поддршка за изработка на веб-страницата за ПБК, како составен дел од веб-страницата на Собранието, како и обезбедување поддршка за регионално и меѓународно вмрежување на Посебната организациона ПБК. Како дел од овој процес во текот на 2021 година беа реализирани серија на активности и тоа:

## 1. Состаноци на управувачкиот одбор на ПБК

Управувачкиот одбор како и претходно има за цел да ги дискутира и да ги разгледува клучните аспекти на процесот и да носи одлуки околу насоката во која истиот треба да се движи.

Во управувачкиот одбор покрај постојаните членови Талат Џафери, Претседател на Собранието на РСМ; Горан Мисовски, Потпретседател на Собранието на РСМ и претседател на Буџетскиот Совет; Тимчо Муцунски, Претседател на Комисијата за финансирање и буџет; Цветанка Иванова, Генерална секретарка на Собранието на РСМ; Илир Селмани, Шеф на кабинетот на Претседателот на Собранието; Корнелија Радовановиќ, Британска амбасада во Скопје и Дамир Незири од Фондација за демократија на Вестминстер, беа вклучени и претставници од НДИ и Амбасадата на Швајцарската конфедерација во Република Северна Македонија.

Управувачкиот одбор во проширен состав одржа два состаноци, и тоа на 24 март 2021 и на 27 јули 2021. На првиот состанок на 24 март, беше разгледана и усвоена Одлуката за поддршка на развојот на Парламентарната буџетска канцеларија во периодот 01/04/2021 – 31/03/2022; Дополнително, Управувачкиот одбор на 27 јули одржа и втор состанок на кој се презентираа резултатите од процесот на вработување на нови вработени во ПБК, а се донесе и одлука за избор на истите. Потоа, беше усвоен и Стратешкиот план на ПБК 2021-2023, а воедно беше презентиран и предлогот за веб страната на ПБК на Собранието на РСМ.

## 2. Регрутација и селекција на двајца вработени во ПБК

По донесената одлука од страна на Собранието на РСМ за пополнување на испразнетите места во ПБК, од страна на ВФД, во соработка со Националниот демократски институт (НДИ) и Центарот за управување со промени (ЦУП) во текот на 2021 беше распишан оглас за вработување на двајца нови членови и тоа на работните места Советник за буџетски и финансиски анализи и Соработник за административна поддршка.

Процесот на регрутација и селекција на кандидатите за двете работни места беше спроведен согласно законските процедури при вработување на Административни службеници, а беше спроведен од страна на трите организации во соработка со Собранието на РСМ, и вработените беа потврдени и од страна на Управувачкиот одбор на ПБК.

## 3. Подготовка на информативни материјали и анализи од страна на ПБК

Согласно Годишната програма за работа на Парламентарната буџетска канцеларија во 2021 година беа изработени голем број на материјали и анализите кои канцеларијата ги изготвува проактивно. Во оваа насока во 2021 беа изготвени:

- Анализа на предлог ребалансот на буџетот за 2021;
- Анализа на предлог буџетот за 2022;
- Анализа на завршната сметка за 2020;
- Годишна анализа за надворешно - трговска размена;
- Неколку месечни приказни на макроекономските движења и тенденции;
- Неколку месечни прикази на фискалните движења и тенденции;

- Неколку квартални прикази на клучни макроекономски индикатори;
- Едукативен материјал за монетарна и фискална политика;
- Едукативен материјал и годишен извештај за јавениот долг на РСМ
- Едукативен материјал за фискални правила и фискални совети;
- Бриф извештаи за макроекономски предвидувања на Светска банка за РСМ и за земјите во регионот.

На барање на пратеници, во текот на 2021, ПБК подготви 40 специфични анализи кои пратениците ги користеа во својата работа, посебно буџетски анализи кои се однесуваа за специфична општина или регион. Врз основа на ваквите анализи барем три амандмани на Предлог буџетот за 2022 беа прифатени од Собранието.

**4. <u>Презентации и едукативни настани за пратениците</u>**

Покрај изработката на финансиски анализи и истражувања за потребите на пратениците, ПБК во овој период реализираше и серија на едукативни настани и презентации на документи за потребите на пратениците.

ПБК одржа 2 презентации за новоизбраните пратеници, за афирмирање на канцеларијата и воведување на пратениците во буџетскиот процес. Дополнително, во текот на годината, на покана на Парламентарниот институт, претставници на ПБК преку свои излагања придонесоа кон едукативните настани за пратениците кои беа организирани од страна на институтот.

Во текот на 2021, на посебна средба на Комисијата за финансирање и буџет, претставниците на ПБК одржаа вкупно 3 презентации, од кои две на буџетски анализи: Анализата на предлог буџетот за 2022, и Анализа на предлог ребалансот на буџетот за 2021 и уште една презентација на едукативниот материјал и годишниот извештај за јавниот долг во РСМ. Овие настани беа дополнителна можност пратениците подобро да се запознаат со анализите, како и да поставуваат прашања во однос на истите.

**5. <u>Билатерална соработка со други ПБК во регионот</u>**

Во текот на 2021 година, ПБК воспостави билатерална соработка со други ПБК во регионот, а пред се со ПБК на Црна Гора, како и со претставници на Конгресната буџетска канцеларија на Соединетите Американски Држави. Соработка со Црногорската ПБК вроди со договор за изработка на заедничка анализа за странските директни инвестиции (СДИ) и надворешно – трговската размена во РСМ и Црна Гора за период од 2019-2022. Анализата на почетокот на 2022 година ќе биде разгледана и презентирана пред пратениците на двата парламенти. Вакви слични активности се очекуваат во иднина и со други канцеларии во регионот.

„**Поддршка за поголемо политичко вклучување на лицата со попреченост**"

Фондацијата за демократија на Вестминстер во партнерство со Полио Плус – Движење против хендикеп, на почетокот на 2021 година го поддржа формирањето на Интер-партиската парламентарна група за правата на лицата со хендикеп во рамки на новиот Собраниски состав.

Воспоставувањето на групата следеше по средби со координаторите на пратеничките групи и пратеници во Собранието.

Интер-партиската парламентарна група за правата на лицата со хендикеп (ИППГ) беше формирана на 2 февруари 2021. На конституирањето на ИППГ се обратија Претседателот на Собранието на РСМ Талат Џафери и Амбасадорката на Обединетото Кралство Рејчел Галовеј. За претседавач на ИППГ беше назначен Јован Митрески, додека за потпретседавачи беа назначени: Мерита Колчи-Коџаџику, Ели Панова, Никола Мицевски и Халил Снопче.

„**Поддршка на клубот за младински прашања и политики**"

- **Стратешко планирање и план за работа на Клубот за младински прашања и политики**

По формирањето на Клубот за младински прашања и политики во Собранието на Република Северна Македонија на крајот на 2020 година, и изборот на Јован Јаулески за Координатор на клубот, ВФД го поддржа клубот во утврдувањето на приоритетите за работа во претстојниот период. На 28-29 јануари 2021, Клубот за младински прашања и политики со поддршка од ВФД одржа стратешко планирање во Скопје, на кое изработи програма за работа во претстојниот период. На работниот настан, клубот одржа онлајн средби со претставници на владини институции (Владата на РСМ, Министерството за образование и наука, Агенцијата за млади и спорт) кои работат во полето на младинските политики. На настанот се одржа и онлајн консултација и средба со десетина претставници на младински граѓански организации и движења. Од настанот произлезе стратешки план за работа на клубот. Во приоритетните области во стратешкиот план се издвојуваат: надзор на имплементацијата на Законот за младинско учество и младински политики, финансиите посветени на младински политики, спроведувањето на младински политики на локално ниво и центри за млади, посети и средби со млади и младински организации и други прашања.

- **Јавна дискусија за менталното здравје на младите**

Со цел да се дискутираат предизвиците во поглед на менталното здравје на младите, Клубот за младински прашања и политики со поддршка од Фондацијата за демократија на Вестминстер на 31 март 2021 организираше тркалезна маса за дискусија на оваа тема со претставници на младински организации и експерти во областа. Потребата за настанот се појави од впечатокот дека малку се зборува за менталното здравје на младите во јавноста и институциите, а дека станува збор за важно прашање кое особено ги погодува младите, дополнително влошено поради пандемијата. Настанот беше организиран со цел пратеници подобро да се запознаат со актуелната состојба околу оваа тема и да слушнат препораки околу како може да се подобри ситуацијата. На средбата се обратија Јован Јаулески, координатор на клубот, и пратениците: Дарко Каевски, Фисникe Бектиши-Шаќири, Моника Зајкова и Марија Петрушевска. На настанот присуствуваа претставници на граѓански организации, како и претставници на Владата, Министерството за образование и наука, Министерството за здравство и Агенцијата за млади и спорт. Од настанат произлезе документ со препораки за подобрување на политиките за грижа

на менталното здравје, во поглед на националните политики и правната рамка, грижа за менталното здравје во образовниот процес, меѓу-секторска соработка и делување во други поврзани области.

**„Мрежа на комисии за човекови права и родова еднаквост во Западен Балкан (HUGEN)"**

Во рамки на Мрежа на Комисиите за човекови права и родова еднаквост во Западен Балкан (ХУГЕН), Собранието на Република Северна Македонија (преку Постојаната анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот и Комисијата за еднакви можности за жените и мажите) успешно спроведе процес на пилотирање на пост-законодавен надзор (ПЗН) како современ механизам. Процесот на ПЗН беше пилотиран на Законот за општа управна постапка. Мрежата ХУГЕН организираше работен состанок во јуни во Скопје, на кој членовите на две парламентарни комисии учествуваа на презентација и дискусија на нацрт-извештајот. Целта на средбата беше да се презентира нацрт-извештајот и да се обезбеди фидбек за финализирање на извештајот.

Со цел да се поддржат капацитетите за надзор на Собранието, пет членови од парламентарните служби активно учествуваа на Напреден курс за пост-законодавен надзор, во јули 2021. Курсот го сочинуваа девет индивидуални модули, а на него учествуваа претставници на парламенти и парламентарни служби од повеќе земји од светот. По завршувањето на курсот, учесниците добија сертификати од Институтот за правни студии и Универзитетот на Лондон.

Во 2021 ХУГЕН мрежата го започна процесот на пилотирање парламентарни и легислативни индикатори за ПЗН. Преку пилотирање на овој процес, Собранието има можност да ги подобри своите надзорни практики преку креирање на извештај на само-проценка на ПЗН индикатори (покрај парламентите во Шкотска, Велс и Црна Гора) во партнерство со ВФД.

Во поглед на активности кои ја подобруваат регионалната соработка за човекови права и родова еднаквост, собраниските комисии активно учествуваа во активностите на ХУГЕН мрежата. Тие придонесоа кон дискусии на прашања како интеграција на Ромската заедница и зголемување на политичкото учество, влијанието на КОВИД-19 на жените и лицата со попреченост, како и улогата на парламентите во заштита на човековите права и родовата еднаквост за време на криза, како што е пандемијата на КОВИД-19. Активностите беа спроведени од ВФД, а финансирани од Норвешкото министерство за надворешни работи.

# 9.3. Активности на DCAF во Собранието на Република Северна Македонија

DCAF
a centre for security, development and the rule of law

**1. Општо за Програмата и кратка ретроспектива**:

ДЦАФ им помага на земјите-партнери во изготвувањето и унапредувањето на легислативата, подобрување на капацитетите на институциите и развој на политиките и практиките за подобрување на управувањето и отчетноста на нивниот безбедносен сектор, преку инклузивни и партиципативни реформи засновани на меѓународни норми и согласно начелата на: непристрасност, локална одговорност/сопственост, инклузивно учество и родова еднаквост.

Собранието и Владата на Република Северна Македонија во 2017 година ги интензивираа напорите за евроатланската интеграција на земјата и ги стави реформите во безбедносниот и разузнавачкиот сектор на приоритетно место како дел од демократската транзиција на земјата и враќањето на довербата на јавноста во државните институции.

Во таа насока, ДЦАФ предложи стратешко партнерство со Собранието, што резултираше со потпишување на Меморандум за разбирање на 3 мај 2018 година за спроведување на Проектот „*Развивање на парламентарен и независен надзор*", како дел од поширокота „*Програма за реформи во разузнавачкиот сектор во Република Северна Македонија 2017-2021 година*", што претставување почетната фаза на соработка во реформскиот процес за демократско управување со разузнавачкиот и безбедносниот сектор.

Оттогаш се постигнати забележителни и позитивни резултати, а Проектот обезбеди навремена поддршка за тоа што ќе прерасне во подолготраен реформски процес за демократско управување со разузнавачкиот и безбедносниот сектор во Република Северна Македонија. Ова на директен и решителен начин придонесува за изградба на нужните механизми за отчетност, исто така поврзани со неодамнешното членство во НАТО и напредокот кон преговорите за членство во ЕУ.

Врз основа на позитивните резултати, продолжувањето на реформските приоритети од страна на Собранието, финансиската и стратешката поддршка од Швајцарија, Шведска, Холандија и Европската Унија, почнувајќи од 01 април 2021 година, ДЦАФ ја иницираше „***Програмата за реформи во разузнавачкиот и безбедносниот сектор во Република Северна***

***Македонијаг*** (Програмата). Програмата ќе има продолжена временска рамка за имплементација со две фази на интервенција: 2021-2023 (фаза II) и 2024-26 (фаза III).

Во однос на Парламентот, напредокот постигнат во градењето на капацитетите и стручноста на персоналот, за време на почетната фаза на програмата, продолжи да се унапредува, консолидира и да се зајакнува и во текот на 2021 година. Нов **Меморандум за разбирање со Собранието на Република Северна Македонија** беше потпишан на **19 ноември 2021** со што официјално се означи новата фаза на градење на резилиентни, ефективно управувани и одговорни разузнавачки и безбедносни служби во Северна Македонија.

*Во реализација на своите активности ДЦАФ се води по принципите на: **неутралност, локална сопственост и поттикнување на родовата еднаквост**.*

## 2. Активности реализирани во 2021 г. со Собранието на Република Северна Македонија во рамки на партнерството со ДЦАФ

Во периодот од 01 јануари 2021 до 31 декември 2021, ДЦАФ во соработка со Собранието организираше 10 настани во насока на подобрување на капацитетите, знаењата и искуствата за спроведување на ефективен и транспарентен надзор врз активностите на безбедносно-разузнавачкиот сектор.

Поради пандемиските услови и рестрикции 7 настани беа реализирани онлајн, а 3 настани беа реализирани со физичко присуство. Подолу е прегледот на настаните (табеларно) со краток опис на активноста, нејзината цел и присуството од страна на корисниците на Програмата од Собранието.

| Р.б. | Активност, датум и место | Цел | Присутни |
|---|---|---|---|
| 1. | ОНЛАЈН РАБОТИЛНИЦА за пратеници и Собраниска служба на Комисија за надзор над спроведувањето на мерките за следење на комуникациите<br>**ТЕМА: Вовед во Разузнавачките служби и потребата од надзор**<br><br>**25 јануари 2021** | Целта на Работилницата беше пратениците беше службениците од Комисија за надзор над спроведувањето на мерките за следење на комуникациите да се воведат во начинот на функционирање и типот на разузнавачки служби, потребата од парламентарен и експертски надзор над службите и целите кои комисијата треба да ги генерира и да се стреми да ги оствари во врска со надзорот.<br>Двете работни сесии ги водеа Драган Лозанчиќ, виш експерт за разузнавање и советник за национална безбедност на претседателот на Хрватска, и Андреј Рупник, виш експерт за разузнавање на ДЦАФ и директор на ДЦАФ Љубљана. Целите и следните чекори на Комисијата ги елабориваше Игор Јанушев, пратеник и претседател на Комисијата. | 6 пратеници<br>3Собраниска служба<br>**Вкупно 9** |

| Р.б. | Активност, датум и место | Цел | Присутни |
|---|---|---|---|
| 2. | ОНЛАЈН РАБОТИЛНИЦА собраниските комисии и парламентарната служба за надзор над безбедноста и разузнавањето.<br>**ТЕМА: ОТА *modus operandi* и алатки за надзор на комисијата**<br><br>**08 февруари 2021** | Работилница наменета за: Комисијата за надзор над спроведување на мерките за следење на комуникациите, Комисијата за надзор на АНБ и АР и Комисијата за одбрана и безбедност.<br>Андреј Рупник, виш експерт за разузнавање на ДЦАФ и директор на ДЦАФ Љубљана го претстави на *Модус операнди* на ОТА како еден од најбитните сегменти за надзор кога е во прашање следењето на комуникациите, со цел пратениците и службениците да имаат повеќе информации за пртстојните надзори на таа институција.<br>Д-р Теодора Фјуор, виш ДЦАФ експерт и проектен координатор, во втората торетски и практично ги претстави алатките за надзор кои комисијата може да ги користи во своите активности, со фокус на трите основни механизми за надзор: разгледување на извештаи од службите, сослушувања/ расправи и надзорни посети. | 7 пратеници<br>3 Собраниска служба<br>**Вкупно 10** |
| Р.б. | Активност, датум и место | Цел | Присутни |
| 3. | ОНЛАЈН РАБОТИЛНИЦА за собраниските комисии и парламентарната служба за надзор над безбедноста и разузнавањето<br>**ТЕМА: Класифицирани информации и парламентарен надзор**<br><br>**22 февруари 2021** | Работилница наменета за: Комисијата за надзор над спроведување на мерките за следење на комуникациите, Комисијата за надзор на АНБ и АР и Комисијата за одбрана и безбедност.<br>Д-р Стојан Славески, директор на Дирекцијата за безбеднсост на класифицирани информации, преку две интерактивни сесии елаборираше за безбедноста на класифицираните информации, основите поими и нормативи во таа сфера.<br>Во втората сесија осврт беше даден на постапките со класифицирани информации, постапките и однесувањето во класифицирани простории и при парламентарен надзор и посета во безбедносно-разузнавачките институции. | 7 пратеници<br>4 Собраниска служба<br>**Вкупно 11** |
| Р.б. | Активност, датум и место | Цел | Присутни |
| 4. | ОНЛАЈН РАБОТИЛНИЦА за собраниските комисии и парламентарната служба за надзор над безбедноста и разузнавањето и Комисијата за еднакви можности<br>**ТЕМА: Родот и парламентарниот надзор**<br>**01 март 2021** | Работилницата беше водена од експерти за родова еднаквост од ДЦАФ, што им создаде можност на новите пратеници да се запознаат со клучните концепти на род, пол, и интерсексуалност. Учесниците беа запознати и поттикнати да разговараат за концептот на интеграција на родовата еднаквост во парламентарниот надзор на безбедносниот и правосудниот сектор.<br>Целта беше да се подигне свеста за интеграцијата на родот во парламентарниот надзор и важноста од еднакво учество на мажите и жените во овие процеси. | 18 пратеници<br>3 Собраниска служба<br>**Вкупно 21** |
| Р.б. | Активност, датум и | Цел | Присутни |

| | место | | |
|---|---|---|---|
| 5. | ОНЛАЈН КОНФЕРЕНЦИЈА за Парламентарна служба од сферата на безбедноста и разузнавањето од парламентите во Југоисточна Европа<br>**ТЕМА: Предизвиците и можностите во работата на безбедносните надзорни комисии**<br><br>**11-12 март 2021** | Настанот е организиаран како соработка на Програмата за парламентарна помош на ДЦАФ за Западен Балкан и Програмата за реформи во разузнавачкиот сектор во Република Северна Македонија.<br>Настанот се надоврза на постојаната поддршка на ДЦАФ за парламентите на Западен Балкан (Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Северна Македонија, Србија и Црна Гора) за да се помогне во развивање и размена на стручно искуство на персоналот и поттикнување дијалог и регионалната соработка помеѓу Собраниските служби.<br>Оттука, целта на конференцијата беше да создаде можност за дискусија и размена на искуства со колегите од регионот кои исто така работат за комисиите за надзор над безбедноста и разузнавањето. Посебно внимание беше посветено на улогата на парламентарните комисии во реформското опкружување во безбедносниот сектор, наспроти улогата на извршната власт. | (по азбучен редослед)<br>Албанија 2<br>Босна и Херцеговина 2<br>Косово -2<br>Северна Македонија 1<br>Србија 3<br>Црна Гора 3<br>**Вкупно 13** |
| **Р.б.** | **Активност, датум и место** | **Цел** | **Присутни** |
| 6. | ОНЛАЈН РАБОТИЛНИЦА за собраниските комисии и парламентарната служба за надзор над безбедноста и разузнавањето<br>**ТЕМА: Заеднички минимални стандарди (ЗМС) за спроведување контролни и надзорни посети во безбедносните и разузнавачките институции во Република Северна Македонија**<br><br>**15 март 2021** | Работилница наменета за: Комисијата за надзор над спроведување на мерките за следење на комуникациите, Комисијата за надзор на АНБ и АР и Комисијата за одбрана и безбедност. Целта е да се претстави публикацијата ЗМС и да се поттикнат комисиите да ја имплементираат во своите Деловници како генерална постапка при парламентарни надзорни посети, при што Д-р Теодор Фјуор и Д-р Драган Лозанчиќ во две интерактивни сесии го претставија на претениците и службениците.<br>ЗМС беше развиен низ три практични работилници на тема „Оперативни процедури за спроведување на надзорот и контролата врз разузнавањетог, организирани од ДЦАФ – Женевскиот центар за управување со безбедносниот сектор во 2019 и 2020 година. Вкупно 18 институции беа застапени во процесот, вклучително и Парламентарната служба на комисиите за надзор врз разузнавањето.<br>Овој документ има амбициозна цел, бидејќи има за цел да дефинира заеднички именител за контролните и надзорните активности преземени од различни државни тела. ЗМС се темели на националните закони и процедури, но инспирацијата ја зема од добрите практики, закони и процедури развиени од развиените европски демократии. | 7 пратеници<br>1 Собраниска служба<br>**Вкупно 8** |

| Р.б. | Активност, датум и место | Цел | Присутни |
|---|---|---|---|
| 7. | ОНЛАЈН РАБОТИЛНИЦА за собраниските комисии и парламентарната служба за надзор над безбедноста и разузнавањето<br>**ТЕМА: Промоција на ревидираното издание на „Насоките за надзор над разузнавањето за парламентарните комисии во Собранието на Република Северна Македонијаг**<br><br>**29 март 2021** | Насоките за надзор над разузнавањето ја разгледуваат македонската законодавна рамка и систем за надзор, и обезбедуваат информации за меѓународните принципи и добри практики во надзорот на разузнавањето. Дизајнирани се да ги информира и поддржи парламентарните комисии во исполнувањето на нивниот надзорен мандат.<br><br>Насоките првпат беа објавени во мај 2018 година на барање и за употреба на трите собраниски комисии кои имаат мандат да го надгледуваат безбедносниот и разузнавачкиот сектор во Собранието на Република Северна Македонија.<br><br>Од 2018 година, направени се брзи и важни промени во македонскиот систем за отчетност на разузнавањето. Беа создадени нови институции и беа спроведени нови регулативи, кои бараа адаптација на процесите на надзор.<br><br>Во текот на 2020 година, беше направена ревизија на текстот на Насоките, изготвувајќи ревидирано издание кое ги одразува сите овие реформи. Тие се достапни на пратениците за користење во електронска и печатена верзија. | 6 пратеници<br>3 Собраниска служба<br>**Вкупно 9** |
| **Р.б.** | **Активност, датум и место** | **Цел** | **Присутни** |
| 8. | КОНФЕРЕНЦИЈА<br>**ТЕМА: Презентација на публикацијата „Коментари на Законот за класифицирани информацииг**<br><br>**07.07.2021, Скопје** | ДЦАФ заедно со Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации организираше стручна конференција за новоизработената книга на „Коментари на законот за класифицирани информации*г*<br><br>Покрај пратеници од трите надзорни комисии, беа поканети и припадниците на Собраниската служба од одделението за поддршка на комисиите за: одбрана и безбедност, следење на комуникациите и надзор над АНБ и АР.<br><br>Конференцијата имаше за цел презентација на книгата на коментари на законот за класифицирани информации, која е во функција на подигање на нивото на разбирање и практична примена на законските одредби и добрите пракси во овој сегмент. | 4 пратеници<br>4 Собраниска служба<br>**Вкупно 8** |

| Р.б. | Активност, датум и место | Цел | Присутни |
|---|---|---|---|
| 9. | ПАРЛАМЕНТАРЕН ДИЈАЛОГ ЗА РАЗУЗНАВАЧКО УПРАВУВАЊЕ И НАДЗОР<br><br>**ТЕМА: Потребата од иновации за надзор над разузнавањето**<br><br>**<u>09-11.11.2021, Скопје</u>** | ДЦАФ во соработка со парламентите на Албанија, Косово и Северна Македонија организираше парламентарен дијалог и експертска размена за разузнавачко управување и надзор на Западен Балкан.<br><br>Целите на парламентарниот дијалог беа:<br><br>- да се олесни размената и дијалогот меѓу парламентите од Албанија, Косово и Северна Македонија за управување и надзор над разузнавањето и да се разговара за новите трендови и случувања кои бараат иновативни пристапи за надзор над разузнавањето,<br><br>- да им даде можност на членовите на парламентот и на персоналот што им служи на комисиите за надзор и безбедност на разузнавањето да ја зајакнат својата мрежа и да ја постават основата за понатамошна меѓупарламентарна соработка,<br><br>- да се обезбеди платформа за размена на знаења со високи експерти за разузнавање и надзор и да се олесни дебатата за релевантноста на темата за Албанија, Косово и Северна Македонија.<br><br>Настанот е организиран како соработка на Програмата за парламентарна помош на ДЦАФ за Западен Балкан и Програмата за реформи во безбедносниот и разузнавачкиот сектор во Северна Македонија. | (по азбучен редослед)<br>**<u>Албанија</u>**<br>- пратеници 5<br>- Собраниска служба 2<br><br>**<u>Косово</u>**<br>- пратеници 5<br>- Собраниска служба 2<br><br>**<u>Северна Македонија</u>**<br>- пратеници 4<br>- Собраниска служба 4<br>**Вкупно 22**<br><br>**Вкупно од Северна Македонија 8** |

| Р.б. | Активност, датум и место | Цел | Присутни |
|---|---|---|---|
| 10. | РАБОТИЛНИЦА за Собраниската служба од Одделението за матичните работни тела од областа на одбраната и безбедноста, надзорот над АНБ и АР и за надзор на спроведувањето на посебната истражна мерка за следење на комуникациите.<br>**ТЕМА: Имплементација на заедничките минимални стандарди за спроведување контролни и надзорни посети во** | Работилницата е дизајнирана за повеќе засегнати страни/институции кои беа вклучени во изработката нма ЗМС, вклучеително и Собраниската служба. Службениците од разузнавачките и безбедносните служби, одговорни за меѓу-институционална соработка, заедно со службениците кои ги претставуваат институциите со надзорна или контролна функција во рамките на безбедносно-разузнавачкиот сектор, учествуваа во оваа работилница,<br><br>Првата основна цел беше да се пополни празнината во комуникацијата помеѓу безбедносните и разузнавачките агенции и надворешните надзорни тела, преку зголемување на разбирањето за | Собраниска служба 1<br>**Вкупно 1** |

| | |
|---|---|
| **безбедносните и разузнавачките институции во Република Северна Македонија.**<br><br>**16 и 17.11.2021, Велес** | тековните обврски и оперативните процедури за надзор на разузнавањето (правни). Се очекува продуцира и воспоставување професионални врски на персоналот од надзорниците и надгледуваните.<br><br>Втора основна цел на работилницата беше детално да ги запознае учесниците со содржината на публикацијата ***Заеднички минимални стандарди*** и да ја тестира нивната применливост во конкретни практични сценарија преку симулациска вежба. |

3. **Поддршка во реализација и опремување на Заштитента соба и заштитениот работен простор во Собранието на Република Северна Македонија**

Во 2021 година ДЦАФ продолжи да го поддржува тековниот процес на инсталирање и операционализирање на заштитената соба и придружните простории на истата, во зградата на Собранието. Во 2021 година од страна на ДЦАФ (во соработка и координација со Собранието) направени се одредени активности и набавена е опрама за Заштитената соба.

Некои од поважните активности се:

| Р.б. | Активност |
|---|---|
| 1. | ДЦАФ спонзорираше изработка на основниот проект и проектната документација за Заштитената соба. Истата е изработена и на 03.02.2021 доставена до ДЦАФ и Собранието во електронска форма. |
| 2. | ДЦАФ спонзорираше изработка на ревизија на проектната документација од страна на лиценцираната компанија. |
| 3. | Потпишан е Договор за донација на проектната документација и ревизијата на проектната документација, помеѓу ДЦАФ и Собранието на 07.06.2021, по што целокупната документација е предадена на Собранието за употреба во понатамошиот процес на изведба на Заштитената соба и заштитениот работен простор. |
| 4. | ДЦАФ, во консултација и соработка со Собранието (во согласност со спецификациите и Проектната документација), изврши набавка на опрема за Заштитената соба, која ќе се донира на Собранието кога ќе се исполнат градежните услови за инсталирање (согласно Мемеорандумот за разбирање). Опремата соодветно се чува до нејзино инсталирање, а се работи за:<br>- Сертифицирани сефови за складирање на класифицирани информации;<br>- Дигитален конференциски систем со симултан превод и дистрибуција на превод;<br>- ТЕМПЕСТ сертифицирана коминикациско информатичка опрема од компанијата ЕУРОТЕМПЕСТ (ЕУРОТЕМПЕСТ) од Холандија која е на листата на ЕУ како копмпанија од кои се препорачува набавка на темпест опрема;<br>- Металдетекторска врата;<br>- Мебел за Заштитената соба. |

**4. Поддршка во информатичко-техничка опрема за Собраниската служба**

Со цел подобрување на ефикасноста и ефективноста на секојдневната професионална работа на Собранието, односно Собраниската служба, ДЦАФ во 2021 година изврши набавка на информатичко-техничка (ИТ) опрема наменета за Одделението за матичните работни тела од областа на одбраната и безбедноста, надзорот над АНБ[2] и АР[3] и за надзор на спроведувањето на посебната истражна мерка за следење на комуникациите.

Опремата е во согласност со истите спецификации на од опрема набавена за Собранието од страна на Националниот демократски институт (NDI), со цел да има поголема униформираност на ИТ средствата. Донирана е со Договорот за донација е потпишан на 09.12.2021 година, а доставена е до Собранието на 16.12.2021 година. Се работи за следната ИТ опрема:

| Бр. | Продукт, опис | Количина/парчиња |
|---|---|---|
| 1. | HP EliteBook 835 G7 Notebook PC (with Windows software) | 5 |
| 2. | HP EliteDisplay E243 23.8-inch Monitor | 5 |
| 3. | HP Wireless Keyboard and Mouse 300 | 5 |
| 4. | HP LaserJet Pro MFP M428fdn | 2 |
| 5. | HP CF259XH Black Contrast Original Toner | 4 |
| 6. | Fellowes, 53C, Shredder 4653101 | 1 |
| 7. | Cable USB A-B | 2 |
| 8. | HP USB-C Dock G5 | 5 |
| 9. | MS Office Home & Business 2021 ENGLISH CEE ONLY MEDIALESS | 5 |
| 10. | Mouse Pad Flat Gaming Rubber (NEOCOM Logo) | 5 |

[2] Агенција за национална безбедност
[3] Агенција за разузнавање

# 10. СЛУЖБА НА СОБРАНИЕТО

# СЛУЖБА НА СОБРАНИЕТО

## 10.1.ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА



*Организацијата, задачите и начинот на работа, како и дефинирањето на работните места по вид и по број на извршители, се уредуваат со Правилникот за внатрешна организација и Правилникот за систематизација на работните места во Службата на Собранието на Република Северна Македонија.*

*Во Службата хиерархиската поставеност е утврдена на следниве нивоа:*

1. *генерален секретар;*
2. *заменик на генералниот секретар;*
3. *државни советници*
4. *сектори и*
5. *одделенија.*

*Со стручната служба на Собранието на Република Северна Македонија раководи генералниот секретар* ***г-ѓа Цветанка Иванова.***

*Генералниот секретар има тројца заменици и тоа,* ***Неџбедин Ибраими, Мики Милковски и Бојан Василески.***

*Според видот, обемот и степенот на сложеноста на работните задачи и другите услови потребни за нивно вршење, во Службата постојат следниве организациони облици: Сектор-кабинет на претседателот на Собранието; сектор и одделение.*

*Согласно новиот Правилник за систематизација на работните места донесен на 29 јануари 2021 година и Согласноста за негова примена од 1 февруари 2021 година бројот и организацијата на секторите и одделенијата претрпеа видни промени, па така се образуваа 15 сектори во чии рамки има одделенија, две посебни организациони единици - одделенија како и една посебна организациона единица - Парламентарен институт.*

Државните советници вршат најсложени работи кои бараат посебна самостојност, стручност и организациска способност за координирање во областа на уставниот и политичкиот систем, економскиот, во областа на јавните дејности, во областа на меѓународната соработка и во постапката на подготовка и донесување на закони.

Кабинетот на претседателот на Собранието со три одделенија се грижи за тековните активности на претседателот на Собранието, поддршка на работата на претседателот на Собранието и соработка со други институции, како и стручно-аналитички работи за потребите на претседателот и потпретседателите.

Секторот за пооддршка на генералниот секретар со пет одделенија дава стручно-оперативна поддршка на генералниот секретар, врши: нормативно правни работи, дава поддршка на работата на пратеничките групи, дава поддршка на канцелариите за контакти на пратениците со граѓаните и подготвува упатства и други акти што ги донесува генералниот секретар, работи во врска со овластувањето на генералниот секретар за застапување на Собранието и Службата пред надлежните органи, како и ги организира и реализира протоколарните активности на претседателот на Собранието, потпретседателите на Собранието, пратениците, пратеничките групи и на делегациите во земјата и странство.

Законодавно-правниот сектор со три одделенија, подготвува текстови на предлог закони, други акти и амандмани кои ги предлагаат пратениците, врши лекторирање и срамнување на законите и другите акти за објавување и врши објавување се подготвуваат акти за потребите на Собранието, врши работи кои се однесуваат на подготовка, планирање и реализација на седниците на Собранието и работните тела, врши работи што се однесуваат на редакција на текстовите на закони и на други акти, како и контрола на

веродостојноста и на истите подготвени за објавување во "Службен весник на Република Северна Македонија".

Секторот за седници со три одделенија, врши стручни и административни работи во врска со подготвувањето, планирањето и реализацијата на седниците, врши работи што се однесуваат на записниците и пратеничките прашања и врши технички работи во функција на седниците на Собранието.

Секторот за работни тела е еден од носечките сектори во реализација на основната функција на Собранието - законодавната. Составен е од девет одделенија врши координација и следење на седниците на Собранието и на матичните работни тела; врши работи што се однесуваат на координирање на седниците на Законодавно-правната комисија, матичните работни тела и на Собранието за првото и второто читање на законите; врши подготовка, планирање, свикување и реализација на седниците на матичните работни тела од областите на политичкиот систем, економскиот систем и од јавните дејности, подготовка и реализација на дополнителни предлози на законите усвоени на седниците на Законодавно-правната комисија и матичните работни тела, потоа работи што се однесуваат на подготовка на дополнителен предлог на закон, со вградување на усвоените амандмани од седниците на Законодавно-правната комисија и на матичните работни тела од второто читање на законите, ја утврдува веродостојноста на дополнителните предлози на законите и на донесените закони се врши проверка на дополнителниот предлог на закон пред неговото доставување за седница на Собранието за второ читање, ја следи седницата на Собранието на третото читање на законите и вршат работи што се однесуваат на подготвувањето на законите за објавување во "Службен весник на Република Северна Македонија", како и следење на работата на Комитетот за односите меѓу заедниците и спроведување на дадените насоки и упатства за извршување на работите во врска со работата на Комитетот за односи меѓу заедниците

Секторот за меѓународна соработка со две одделенија, дава стручна помош на претседателот, потпретседателите на Собранието, пратениците, генералниот секретар и службата обезбедува континуирано следење на работата на меѓународните парламентарни собранија и на нивните документи, особено на оние од посебен интерес за Собранието на Република Северна Македонија, како и одржување на службен контакт со парламентите на другите држави, во полза на билатералната соработка на Собранието.

Секторот за поддршка на Националниот совет за евроинтеграции и следење на евроинтеграциите со две одделенија ги спроведува дадените насоки и упатства за извршување на работите во врска со работата на Националниот совет за евроинтеграции, обезбедува протоколарна поддршка за потребите на Советот, врши редовна комуникација со членовите на Советот и државните органи, го следи процесот на европска интеграција и е во редовни контакти со Секретаријатот за европски прашања, разменува информации за прашања од областа на процесот на европска интеграција со раководителот на Секторот за меѓународна соработка на Собранието, косекретарот на Мешовитиот парламентарен комитет РМ-ЕУ и советниците на Комисијата за надворешна политика и Комисијата за европски прашања, остварува соработка со службите на надлежните државни органи што учествуваат во процесите на пристапување на Република Северна Македонија кон ЕУ.

Секторот за административни работи со три одделенија врши канцелариски и архивски работи, експедиција на материјали и секретарски работи а во состав на секторот е и документацијата, дигиталната архива на законодавниот процес како и статистичките материјали.

Секторот за преведување и толкување со четири одделенија врши писмен, симултан и консекутивен превод, како и јазична редакција на текстовите на преводите и другите собраниски материјали.

Секторот за информатички и комуникациски технологии е составен од три одделенија и врши планирање, развој, администрирање, одржување и заштита на функционирањето на информациониот систем и техниката на Собранието, дизајнирање, развој на софтверот и администрација на веб презентацијата на Собранието, како и врши работи кои се однесуваат на публицистичката дејност на Собранието и остварувањето на односите со јавноста.

Секторот за односи со јавноста со две одделенија се грижи за навремено информирање на јавноста за собраниските активности како и постојаната и навремена комуникација со медиумите.

Секторот за подршка на Советот на собраниски канал со две одделенија ги извршува работите на планирање, подготовка и реализација на преносите на седниците на Собранието и работните тела и планирање, развој и имплементација на системот за електронско гласање и говорење

Секторот за финансиски прашања со три одделенија, изготвува препораки за подготвување на предлог-годишниот буџет и повеќегодишните проекции поврзани со него, буџетска координација и контрола како и работи во врска со финансиското и материјалното работење на Собранието.

Секторот за јавни набавки со две одделенија се грижи за планирањето на јавните набавки и следење на реализацијата на договорите за јавни набавки како и спроведувањето на постапките за јавни набавки.

Секторот за технички работки со две одделенија извршува инвестициско и тековно одржување и општи работи а во сотавот на овој сектор е и Печатницата.

Поголема новина е што Одделението за управување на човекови ресурси од посебна организациона единица прерасна во Сектор со две одделенија кои извршуваат персонално управување со човековите ресурси како и сите активности околу вработување, унапредување и развој на овие ресурси.

Посебна организациона единица - Парламентарен институт со два сектора врши: анализирање, собирање и обработка на информации за законите и тематските прашања кои се разгледуваат на седниците на Собранието и работните тела; организирање и водење на истражувачката библиотека и комуникација со Глобална законодавна информативна мрежа "ГЛИН", "ЕЦПРД" и други сродни меѓународни мрежи, подготвува материјали и воведни инструкции за улогата и функционирањето на Собранието на Република Македонија за новизбраните пратеници.

Посебна организациона единица - Одделение за внатрешна ревизија ги врши работите кои се однесуваат на: процена на усогласеност на работењето на Собранието во согласност со законите, подзаконските, интерните акти и договори; темелна процена на функционирањето на системот за внатрешна контрола; годишен план за внатрешна ревизија врз основа на објективна проценка на ризик, извршување на поединечни внатрешни ревизии согласно со усвоените ревизорски планови и следење нанивното спроведување; изготвување на извештаи од извршените ревизии и многу други работи од областа на внатрешната ревизија.

Со оваа систематизација новина е и Посебната организациона единица - Одделение - Парламентарна буџетска канцеларија која врши стручни финансиски и буџетски анализи за обезбедување информации на пратениците и работните тела, собраниските комисии во врска со вршење на пратеничкиот мандат и за потребите на Собранието заради унапредување на парламентарниот финансиски надзор.

# 10.2. ПОСЕБНИ ОРГАНИЗАЦИОНИ ЕДИНИЦИ

## 10.2.1 Одделение за управување со човечки ресурси

Одделението за управување со човечки ресурси како Посебна организациона единица, функционира како посебно независно одделение со цел развој на квалитетот и професионалноста на административните службеници.

| Назив на секторот | вкупен број на вработени во сектори | Државни службеници | | | работници кои не се државни службеници |
|---|---|---|---|---|---|
| | | рако-водни | стручни | помошно Стручни | |
| Генерален секретар и заменици на генерален секретар | **1+3** | | | | |
| Кабинет на претседателот на Собранието | **7** | 3 | 4 | - | - |
| Сектор за поддршка на генералниот секретар на Собранието | **24** | 3 | 16 | 3 | 2 |
| Државни советници | **6** | 6 | - | - | - |
| Законодавно правен сектор | **7** | 2 | 5 | - | - |
| Сектор за седници на Собранието | **10** | 4 | 5 | 1 | - |
| Сектор за работни тела на Собранието | **43** | 9 | 32 | 2 | - |
| Сектор за односи со јавноста | **2** | - | 2 | - | - |
| Сектор за меѓународна соработка на Собранието | **9** | 4 | 4 | 1 | - |
| Сектор за поддршка на Националниот совет за евроинтеграции | **5** | 2 | 3 | - | - |
| Сектор за информатички и комуникациски технологии | **12** | 2 | 3 | 7 | - |
| Сектор за финансиски и економски прашања | **13** | 3 | 6 | 4 | - |
| Сектор за преведувањеи толкување | **20** | 3 | 14 | 3 | - |
| Сектор за административни работи | **38** | 2 | 8 | 13 | 15 |
| Сектор за поддршка на Советот на Собраниски канал | **1** | 1 | - | - | - |
| Сектор за јавни набавки | **6** | 1 | 3 | 1 | 1 |
| Сектор за технички работи | **26** | 2 | 2 | 7 | 15 |
| Посебна организациона единица - Парламентарен институт | **20** | 6 | 14 | - | - |
| Посебна организациона единица - Одделение парламентарна буџетска канцеларија (ПБК) | **-** | - | - | - | - |
| Посебна организациона единица - Одделение за внатрешна ревизија | **3** | 1 | 2 | - | - |
| **ВКУПНО:** | **258** | **54** | **125** | **42** | **33** |

Поголема новина е што Одделението за управување на човекови ресурси со новиот Правилник за систематизација на работните места донесен на 29 јануари 2021 година од посебна организациона единица прерасна во Сектор со две одделенија кои извршуваат персонално управување со човековите ресурси како и сите активности околу вработување, унапредување и развој на овие ресурси.

Во Службата, заклучно со 31 декември 2021 година има 221 административни службеници и 33 вработени без статус на административни службеници (помошно-технички лица) или вкупно 258 вработени во редовен работен однос. Со Службата раководи генералниот секретар на Собранието на Република Северна Македонија, кој има заменици.

Службата има 58 раководни административни службеници, 125 стручни административни службеници, 42 помошно-стручни административни службеници и 33 вработени без статус на административни службеници, односно помошно-технички лица.

Покрај оваа професионална служба согласно Законот за Собрание на секои пет пратеници, организирани во пратеничка група, предвидено е да има еден надворешен соработник - асистент во пратеничката група.

Собранието презема активности за зајакнување на собраниската служба како основа за спроведување на другите реформски процеси и активности околу кадровско екипирање, систем за мотивација на вработените, институционална реорганизација и зајакнување на административните капацитети преку систем на генерички и специјализирани обуки.

Собранието како носител на законодавната власт и орган кој што врши политичка контрола на извршната власт овие уставни овластувања може да ги врши само во услови на постоење на негова финансиска и административна независност.

Токму поради тоа, како една од стратешките цели во Стратешкиот план 2020-2022, Собранието ја утврди целта „Напредни и ефикасни услуги и собраниска службаг која се очекува да се постигне преку независна и ефикасна собраниска служба и вреднувани службеници, почитувајќи ги принципите на професионална администрација и систем на заслуги.

Од овие причини произлезе и потребата од измени и дополнувања на Законот за Собранието на Република Северна Македонија, во делот на Службата, при што во прв ред се има во предвид видот, сложеноста и особеностите на работите и задачите кои ги извршуваат собранските службеници. Со предложените решенија во Законот се постигнува делумна административна самостојност на Службата на Собранието што ќе се изрази преку воспоставување на интерни/внатрешни постапки за донесување на актите за внатрешна организација и систематизација на работните места, Годишниот план за вработување на кој согласност ќе дава Буџетскиот совет на Собранието и поединечните финасиски согласности за нови вработувања за кои согласност ќе дава претседателот на Собранието.

Овие измени не значат нарушување на конзистентноста на принципите на професионална администрација и систем на заслуги, како и другите принципи што се изразува преку предложената одредба дека освен за одредени прашања за кои се добива делумна самостојност, за сите останати прашања остануваат да важат одредбите од Законот за вработените во јавниот сектор, Законот за административни службеници и прописите за работните односи.

Со Предлог на законот за изменување и дополнување на Законот за Собранието на Република Северна Македонија се создава законски основ за независна, професионална и ефикасна собраниска служба заснована врз начело на законитост, начело на еднакви услови, еднаков пристап до работно место, соодветна и правична застапеност, начело на стручност и компетентност, начело на управување со ефектот на вработените, начело на сервисна ориентираност, начело на професионална етика, непристрасност и објективност, начело на одговорност, начело на спречување судир на интереси и начело на економично користење на средства.

***Реализирани обуки во 2021 година***

Континуираната едукација е една од најважните компоненти за развој на капацитетите на човечките ресурси во државната служба. Само високостручна, професионална и одговорна служба може да одговори на предизвиците на новото време.

Согласно Законот за административни службеници, административните службеници имаат право и должност стручно да се оспособуваат и усовршуваат. Со цел да се обезбеди потребниот квалитет на Службата, Собранието има воспоставен механизам на едукација како предуслов за професионалниот развој во звањата и постојаност во Службата. Притоа, се следени примерите и позитивните искуства на другите парламенти и нивна соодветна примена. Во извештајниот период се остварени значајни меѓународни проектни и програмски активности, обуки, семинари, студиски престои со непосредно и активно учество на Службата. Истовремено, се водеше сметка за обука на Службата во сите сегменти, вклучително и за усовршување на странски јазици и информатичка надградба на знаењата.

Во таа насока е подготовката на годишна програма за обука на административните службеници во Службата на Собранието во која се содржани активностите кои им помогаат на вработените да го развијат својот потенцијал, да ги подобрат своите вештини и знаења, како и да добијат поголемо задоволство од својата работа. Професионалниот развој на стручните потенцијали е компонента на системот за управување со работен ефект, стратегијата за кариерен развој и задржување на стручните кадри со кои располага Службата на Собранието. Обуката на трите категории државни службеници е потребна за градење на расположливите човечки потенцијали, надградба и проширување на нивните знаења, вештини и стручност. Програмите за обука на државните службеници во Службата на Собранието се подготвени врз основа на наведените потреби за обука на вработените кои произлегуваат од програмите и

проектите разработени за реализација на годишните цели и приоритети на Собранието. Процесот на обука во Службата на Собранието се одвиваше континуирано врз принципите на транспарентност, фер и еднаква основа.

***Јануари***

1. Онлајн вебинар на тема "Заштита на личните податоци и употреба на claud сервиси во парламентите", во организација на ЕЦПРД, 18 јануари 2021;
2. Онлајн вебинар на тема "Професионален развој наменет за наставниците во Ирскиот парламент", во организација на Парламентот на Република Ирска и Асоцијацијата на наставници по политички студии, 19 јануари 2021;
3. Конференција на тема "Реформа на собранискиот канал (програма за парламентарна поддршка", во организација на Собрание на Република Северна Македонија, 29 јануари 2021;
4. Онлајн обука на тема "Структури и институции", во организација на УНОПС, 29 јануари 2021;

***Февруари***

5. Онлајн обука на тема "ЕУ Буџет", во организација на УНОПС, 5 февруари 2021;
6. Онлајн презентација на "Анализата за практиките на парламентите во однос на заедницата со хендикеп", во организација на Полио Плус - движење против хендикеп, 8 февруари 2021;
7. Онлајн настан "Strengthening the information position of parliaments" во организација на Centre for European Security Studies, 11 и 18 февруари 2021;
8. Обука на тема "ЕУ структурни фондови и Предпристапна помош" во организација на Шведската Амбасада во рамките на проектот УНОПС, 12 февруари 2021;
9. Онлајн обука на тема "Информатичко општество и медиуми (Поглавје 10)", во организација на УНОПС, 19 февруари 2021;
10. Обука на тема "Правна хармонизација" во организација на Шведската Амбасада во рамките на проектот УНОПС, 26 февруари 2021;

***Март***

11. Вебинар за развој и имплементација на законодавната рамка за етика, во организација на Партнерството за демократија на Претставничкиот дом на САД (House Democracy Partnership), Мисијата на ОБСЕ во Скопје, НДИ и Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања, 3 и 4 март 2021;
12. Онлајн настан "Strengthening the information position of parliaments" во организација на Centre for European Security Studies, 4 март 2021;
13. Онлајн обука на тема "Политика на проширување", во организација на УНОПС, 5 март 2021;

14. Онлајн Иницијален состанок за соработка со Австрискиот Парламент за воведување на нова активност - Демократски работилници во Организација на Австрискиот парламент, 9 март 2021;
15. Онлајн настан “Strengthening the information position of parliaments” во организација на Centre for European Security Studies, 11 март 2021;
16. Конференција на тема “Реформа на собранискиот канал и унапредување на парламентарното емитување”, во организација на Собрание на Република Северна Македонија, 15 март 2021;
17. Онлајн конференција на тема “Online democrasy Workshop Forum – Conect, Learn, Exchange” во Организација на Австрискиот парламент, 17 март 2021;
18. ЕЦПРД Конференција “Executive board meeteng” во Организација на ЕЦПРД, 18 март 2021;
19. Обука на тема “Политички критериуми за пристапување во ЕУ: опфат и значење” во организација на Шведската Амбасада во рамките на проектот УНОПС, 12 март 2021;
20. Работилница на тема “Подготовка на извештаи”, во организација на Нордиската поддршка за напредокот на Северна Македонија, 19 март 2021;
21. Онлајн Конференција “IFLA Regional structure” во организација на IFLA, 22-23 март 2021;
22. Онлајн форум преку Zoom на тема “Демократски работилници” , во организација на парламентот на Република Австрија, 24 март 2021;
23. Онлајн настан на тема “Подобрен капацитет за превенција на несреќи и управување со кризи на локално ниво” во организација на ИДСЦС, 25 март 2021;
24. Обука на тема “Оддржлив развој, климатски промени и Зелена агенда” во организација на Шведската Амбасада во рамките на проектот УНОПС, 26 март 2021;

***Април***

25. Онлајн обука на тема “Енергетска заедница и Поглавје 15, Енергетска безбедност: Интерконективност и Поглавје 14, Царинска Управа Поглавје 29”, во организација на УНОПС, 2 април 2021;
26. Претставување на пост-законодавниот извештај за човековите права и родовата еднаквост во организација на Westminster Foundation for Democracy (WFD) and the HUGEN network (Human Rights and Gender Equality Network of Committees in the Westwrn Balkan), 6 април 2021,
27. Обука на тема “Прибе - Прв и втор извештај” во организација на Шведската Амбасада во рамките на проектот УНОПС, 9 април 2021;
28. Online Working Group Meeting на тема “The Information Position of Parliaments”, во организација на CESS и DECOS, 15 април 2021;
29. Работилница на тема “Вештини за активно слушање - најважни за ефикасно комуницирање”, во организација на Нордиската поддршка за напредокот на Северна Македонија, 16 април 2021;
30. Онлајн обука за јавни набавки во организација на НДИ, 21-23 април 2021;

31. Онлајн конференција на тема “Зајакнување на улогата на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација во промоцијата на заштитата на човековите права” во организација на Мрежата за заштита од дискриминација, 22 април 2021;
32. Онлајн вебинар на тема “Parliamentary involvment in the definioo of Nacional Recovery and Resilience Plans”, во организација на Европскиот центар за парламентарни истражувања и документација – ЕЦПРД, 23 април 2021;
33. Обука на тема “Вештини на преговарање” во организација на Шведската Амбасада во рамките на проектот УНОПС, 23 април 2021;
34. Онлајн конференција на тема “Using Open Goverment to Deliver on COVID – 19 Vaccines”, во организација на OGP, 27 април 2021;
35. Вебинар на тема “Парламентарни стандарди за однесување и етика во парламентите на Грузија и Албанија”, во организација на Мисијата на ОБСЕ во Скопје во соработка со НДИ преку Програмата за Парламентарна Поддршка со поддршка на Собранието на Република Северна Македонија во исполнување на препораките на ГРЕКО, 28 април 2021;

***Мај***

36. Четири сесии на Онлајн обука на тема “Развој на капацитетот, соработката и културата во надзорот на безбедносните сектори во Албанија, Косово и Северна Македонија” во организација на Центар за европски безбедносни студии - Холандија и подржана од Министерството за надворешни работи на Холандија, 10 мај, 17 мај, 19 мај и 21 мај 2021;
37. Онлајн обука на тема “Влијанието на бузетските одлуки во време на пандемија врз родовата еднаквост” во организација на UN Women и во соработка со ММФ,11 мај 2021;
38. Обука на тема “Социјалните мрежи - основни алатки на дигиталната дипломатија (прв дел)” во организација на Шведската Амбасада во рамките на проектот УНОПС, 14 мај 2021;
39. Online Working Group Meeting на тема “The Information Position of Parliaments”, во организација на CESS и DECOS, 17 мај 2021;
40. Обука на тема “Информирани пратеници, отчетни институции - зајакнување на капацитетите на Собранието во борбата против корупција” во организација на Институтот за демократија ИДСЦС, 17-20 мај 2021;
41. Обука за превод во организација на Агенцијата за спроведување на јазикот, 17 и 25 мај 2021;
42. Работилница на тема “Примена на етичкиот кодекс за пратениците во Собранието на Република Северна Македонија” во организација на Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања во соработка со Програмата за парламентарна подршка (Мисијата на ОБСЕ во Скопје и НДИ), 17 и 25 мај 2021;
43. Онлајн обука на тема “Invitation to ODIHR – coorganised event: Evidence – based Low Making to Prevent and Combat Violence against Women”, во организација на Институт за демократија, 19 мај 2021;

44. Онлајн настан на тема “Законодавство засновано врз докази, за спречување и борба против насилството против женитег во рамките на програмата на ОБСЕ за сексуални прашања воорганизација на канцеларијата на ОБСЕ за демократски институции и овекови права (ОБСЕ/ОДИХР) и парламентарното собрание на ОБСЕ (ПС на ОБСЕ), 19 мај 2021;
45. Обука на тема “Социјалните мрежи - основни алатки на дигиталната дипломатија (втор дел)” во организација на Шведската Амбасада во рамките на проектот УНОПС, 21 мај 2021;
46. Онлајн настан на тема “Јавна консултација со граѓанското општество за Акцискиот план 2021-2023 на Собранието кон Партнерството за отворена власт”, во организација на НДИ Македонија, 21 мај 2021;
47. Онлајн тематска средба за родово сензитивни политики и процедури во Собранието на Република Северна Македонија за Репрезентативноста во раководството, делегациите, работните тела и другите тела на Собранието, во организација на Мисијата на ОБСЕ во Скопје, 21 мај 2021;
48. Онлајн настан на тема “Добри момци: Водечки значајни разговори околу сојузништвото на работното место за родова еднаквост”, во организација на Мисијата на ОБСЕ во Скопје, 25 мај 2021;
49. Онлајн настан на тема “Како да ги направите институциите, јавните политики и законите родово чуствителни? Интегрирање на родот во БИХ и регионот”, во организација на Фондацијата Фридрих Еберт во БИХ, 26 мај 2021;
50. Онлајн обука на тема “Подготовка за идна криза - Развивање на перфектен систем за управување со кризи”, во организација на НДИ Македонија, 27 и 28 мај 2021;
51. Обука на тема “Поглавје 31 надворешна, безбедносна и одбрамбена политика” во организација на Шведската Амбасада во рамките на проектот УНОПС, 28 мај 2021;

***Јуни***

52. Обука за преведувачи во организација на Агенцијата за спроведување на јазикот, 1, 8, 15, 22 и 29 јуни 2021;
53. Онлајн работилница на тема “Моделирање, анализирање и визуелизирање на податоци со POWER BI во организација на Стопанска комора на Македонија, 3 и 4 јуни 2021;
54. Работилница на тема “Примена на етичкиот кодекс за пратениците во Собранието на Република Северна Македонија” во организација на Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања во соработка со Програмата за парламентарна подршка (Мисијата на ОБСЕ во Скопје и НДИ), 4 и 28 јуни 2021;
55. Обука на тема “Искуството на Србија и Црна Гора во преговорите:Поглавје 23 Правосудство и фундаментални права” во организација на Шведската Амбасада во рамките на проектот УНОПС, 4 јуни 2021;
56. Инфо сесија, ”Глобалните Цели за одржлив развој и улогата на парламентите во постигнување на Агендата 2030, во организација на Обединетите нации во Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија, 10 јуни 2021;

57. Работилница на тема “Подготовка на Стратешки план на Собранието 2022-2026 година”, во организација на Парламентарен институт, ПСП, НДИ и ЦУП, 10 ЈУНИ 2021;
58. Вебинар на тема “Глобалните цели за оддржлив развој и улогата на парламентите во постигнување на Агендата 2030”, во организација на ООН, 10 јуни 2021;
59. Обука на тема “Искуството на Србија и Црна Гора во преговорите:Поглавје 24 ;Правда, слобода и безбедност” во организација на Шведската Амбасада во рамките на проектот УНОПС, 11 јуни 2021;
60. Вебинар на тема “Општа регулатива за заштита на податоците”, во организација на ЕЦПРД и Парламентот на Австрија, 14 јуни 2021;
61. Виртуелна конференција на тема “Virtual World E-Paliament Conference”, во организација на ИПУ, 16-18 јуни 2021;
62. Работилница на тема “Комуникацијата на ДЗР со Собранието на РСМ” во организација на Фондацијата за демократија на Вестминстер (WFD), 24 јуни 2021;
63. Обука на тема “Лидерски способности” во организација на Шведската Амбасада во рамките на проектот УНОПС, 25 јуни 2021;
64. Обука на тема “Лидерски способности”, во организација на УНОПС, 25 јуни 2021;
65. Онлајн работилница на тема “Воспоставување пост законодана контрола во Собранието” во организација на ДЕКОС, 29 јуни 2021;

***Јули***

66. Втора тематска сесија за родово сензитивни политики и процедури во Собранието на Република Северна Македонија на тема “Вознемирување и сексуално вознемирување во врска со работното опкружување во Собранието”, во организација на Мисијата за ОБСЕ во Скопје, 2 јули 2021;
67. Обука на тема “Преговори за членство, нова методологија на ЕУ”, во организација на УНОПС, 9 јули 2021;
68. Обука на тема “Улога на фисилитаторот” во организација на Шведската Амбасада во рамките на проектот УНОПС, 23 јули 2021;
69. Обука на тема “Парламентарни адаптации за време на криза: Законодавни одговори на КОВИД - 19 како поддршка за идното управување со кризи”, Проект на Демократското партнерство на Конгресот на САД и Швајцарската агенција за развој и соработка, 24 јули 2021;
70. Обука на тема “Искуството на Србија и Црна Гора во преговорите: Поглавје 30 Надворешни односи” во организација на Шведската Амбасада во рамките на проектот УНОПС, 30 јули 2021;

***Август***

71. Втора тематска сесија за родово сензитивни политики и процедури во Собранието на Република Северна Македонија на тема “Вознемирување и сексуално вознемирување во врска со работното опкружување во Собранието”, во организација на Мисијата за ОБСЕ во Скопје, 2 јули 2021;

72. Обука на тема “Преговори за членство, нова методологија на ЕУ”, во организација на УНОПС, 9 јули 2021;

***Септември***

73. Работилница за финализација на Етичкиот Кодекс и Упатството за примена на Етичкиот кодекс, 10-12 септември 2021 Хотел Радика - Леуново;
74. Регионална работилница за вклученост на парламентите на земјите на Западен Балкан во регионалните иницијативи, Проект на ГИЗ, 22 септември 2021;
75. Обука на тема “Управување со конфликти” во организација на Шведската Амбасада во рамките на проектот УНОПС, 30 септември 2021;

***Октомври***

76. Студиска посета на Австрискиот парламент, 11-13 октомври 2021;
77. Работилница PSP Planing, во организација на НДИ Македонија, од 18 до 20 октомври 2021, Маврово;
78. Проект под покровителство на Швајцарската стипендиска програма за професионалнио усовршување, обука со стипендија за професионално усовршување, обука со стипендија за Професионален проектен менаџмент (ПМП), Академија Сивус, 25 октомври - 8 ноември 2021;
79. Онлајн обука на тема “Ефикасно јавно говорење” во организација на Академик, 27 октомври 2021;

***Ноември***

80. Онлајн работилница за пратеници и стручна служба на тема “Институционализација на родовата сензитивност во Собранието на Република Северна Македонија: Напредок и предизвициг во организација на ОБСЕ и ОДИХР, од 16 до 18 ноември 2021;
81. Онлајн конференција на тема “International forum of Parliament visitor’s centers” во организација на Европскиот парламент, 17-18 ноември 2021;
82. Работилница на тема “Зајакнување на демократскиот и инклузивниот надзор на безбедносниот сектор во Северна Македонија”, во организација на Центарот за европски безбедносни студии (ЦЕБС), Холандија и Институтот за демократија “Социетас цивилис” Скопје (ИДСЦС), Северна Македонија, 24-26 ноември 2021;
83. Онлајн обука во организација на Академик на тема “Заштита на личните податоци и приватноста - усогласување со новиот Закон за заштита на личните податоци”, 25 ноември 2021;

***Декември***

84. Работилница за парламентарна етика и интегритет одржана во Хотел Парк, Скопје, во организација на Мисијата на ОБСЕ во Скопје, 9 декември 2021;

85. Промоција на Прирачникот за човекови права за пратеници и собраниска стручна служба по повод Меѓународниот ден на човековите права, во организација на Мисијата на ОБСЕ во Скопје во рамките на својата програма за поддршка на демократските реформи и институционално зајакнување на Собранието на Република Северна Македонија, 10 декември 2021;
86. Вебинар на тема “What procedural changes introdused becouse of COVID will be retained in your parliament once the pandemic is over?”, во организација на Едукативен центар на Парламентарниот институт, 16 декември 2021;
87. Обука за проценка на влијание на регулатива (ПВР) Ии креирање рамка за оценка на јавните политики за Парламентарната буџетска канцеларија, во организација на ЦУП, 20-21 декември 2021;
88. Обука за примена на Етичкиот кодекс за пратениците во Собранието на Република Северна Македонија, во организација на ЦУП, 23 декември 2021;
89. Обука за користење на ЕРП системот, во организација на Лирекс, 24 декември 2021

Покрај специјализираните обуки, реализирани се и генерички обуки, со цел стекнување на знаења и вештини за развој на општите компетенции, предвидени во Каталогот на генерички обуки во рамките на Годишната програма за генерички обуки на административни службеници на Министерството за информатичко општество и администрација. Генеричките обуки беа реализирани преку електронскиот систем за управување со учење (СУУ/LMS) на следниве теми:

- Решавање на проблеми;
- Учење и развој;
- Комуникациски вештини;
- Постигнување резултати;
- Работење со други;
- Стратегии и иновации;
- Ориентираност кон клиенти;
- Управување и развој;
- Управување со промени;
- Креирање и дефинирање на политики;
- Евалуација на програми и политики;
- Антикорупциски мерки и етика во администрацијата;
- Административно работење.

## 10.2.2 Одделение за внатрешна ревизија

### ЦЕЛТА И УЛОГАТА НА ВНАТРЕШНАТА РЕВИЗИЈА И ОСНОВНИ ОБВРСКИ ЗА ИЗВЕСТУВАЊЕ

Целта на внатрешната ревизија е на раководителот на субјектот од јавниот сектор да му даде, независно, разумно, објективно уверување и совет, да допринесе за подобрување на работењето на субјектот, како и за зголемување на ефективноста на системот на внатрешна контрола во истиот.

Улогата на внатрешната ревизија е да даде поддршка на раководителот на субјектот од јавниот сектор за остварување на целите на субјектот преку:

а) изработка на стратешки и годишни планови за внатрешна ревизија врз основа на објективна проценка на ризик, како и извршување на поединечни внатрешни ревизии согласно усвоените ревизорски планови.

б) проценка на соодветноста, економичноста, ефективноста и ефикасноста на системот за финансиско управување и контрола за утврдување, проценка и управување со ризиците од раководството на субјектот во однос на:

- усогласеноста со законите, подзаконските и интерните акти и договори;
- веродостојноста и сеопфатноста на финансиските и оперативните информации;
- безбедноста на имотот и информациите и
- извршувањето на задачите и остварувањето на целите.

в) давање препораки за подобрување на работењето и работните процедури.

г) мониторинг на спроведувањето на мерките превземени од раководителот на субјектот од јавниот сектор врз основа на извршените ревизии.

### *ВКУПЕН БРОЈ НА ПЛАНИРАНИ РЕВИЗИИ СОГЛАСНО СО ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА ЗА 2021 ГОДИНА*

Одделението за внатрешна ревизија постапува согласно Стратешкиот и Годишниот план за внатрешна ревизија, кој го донесува раководителот на Одделението за внатрешна ревизија а го одобрува генералниот секретар на Собранието на Република Северна Македонија согласно Законот за јавна внатрешна финансиска контрола.

Согласно Годишниот план за внатрешна ревизија за 2021 година беа планирани следните ревизии и тоа:

1.Ревизија на системот на внатрешни контроли при изготвување и ажурирање на Стратешкиот план за урпавување со ризиците на Собрание на Република Северна Македонија;

2.Ревизија на системот на внатрешни контроли при подготовка и реализација на седници на работните тела на Собрание на Република Северна Македонија;

3. Ревизија на системот на внатрешни контроли при спроведување/реализација на Планот за подобрување состојбите врз основа на извештајот за заедничка рамка заоценка во Собранието на Република Северна Македонија;

4. Следење на препораките од Ревизорските извештаи, изготвени согласно Годишниот план за извршување на ревизијата за 2020 година на Собранието на Република Северна Македонија;

## *ИЗВРШУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 04.08.2020 ДО 31.12.2020 ГОДИНА*

**1. Ревизија на системот на внатрешни контроли при изготвување и ажурирање на Стратешкиот план за урпавување со ризиците на Собрание на Република Северна Македонија:**

Ова ревизија е спроведена согласно Годишниот план за извршување на внатрешна ревизија за 2021 година.

Целта на ревизијата беше да се увериме дали постои и како функционира системот на внатрешна контрола при изготвување и ажурирање на Стратешкиот план за урпавување со ризиците на Собрание на Република Северна Македонија.

За ова ревизија е изготвен Конечен ревизорски извештај и истиот е доставен до генералниот секретар на Собранието на Република Северна Македонија и до организационите единици на Службата на Собранието кои беа вклучени во ревидираниот процес.

**2.Ревизија на системот на внатрешни контроли при подготовка и реализација на седници на работните тела на Собрание на Република Северна Македонија:**

Ова ревизија е спроведена согласно Годишниот план за вршење на внатрешна ревизија за 2021 година.

Целта на ревизијата беше да се увериме дали постои и како функционира системот на внатрешна контрола при подготовка и реализација на седниците на работните тела на на Собрание на Република Северна Македонија.

За ова ревизија е изготвен Конечен ревизорски извештај и истиот е доставен до генералниот секретар на Собранието на Република Северна Македонија и до организационите единици на Службата на Собранието кои беа опфатени со извршената ревизија.

**3.Ревизија на системот на внатрешни контроли при спроведување/реализација на Планот за подобрување состојбите врз основа на извештајот за заедничка рамка за оценка во собранието на Република Северна Македонија;**

Ова ревизија е составен дел на Годишниот план за вршење на внатрешна ревизија за 2021 година.

Целта на ревизијата беше да се увериме дали постои и како функционира системот на внатрешна контрола при спроведување/реализација на Планот за подобрување состојбите врз основа на извештајот за заедничка рамка за оценка во собранието на Република Северна Македонија.

За оваа ревизија е изготвен Ревизорски извештај и истиот е доставен до генералниот секретар на Собранието на Република Северна Македонија и до организационите единици на Службата на Собранието кои беа опфатени со извршената ревизија.

**4.Следење на препораките од ревизорските извештаи изготвени согласно Годишниот план за извршување на ревизијата за 2020 година на Собранието на Република Северна Македонија;**

Со ревизијата е опфатено следењето на препораките од ревизорските извештаи реализирани согласно Годишниот план за внатрешна ревизија за 2020 година.

За спроведената ревизија е изготвен Ревизорски извештај и истиот е доставен до генералниот секретар на Собранието на Република Северна Македонија.

Целта на ревизијата беше да се информира раководството на Собранието на Република Северна Македонија за бројот на спроведени односно неспроведени препораки дадени во ревизорските извештаи изготвени во претходната година од Одделението за внатрешна ревизија во Службата на Собранието на Република Северна Македонија.

## 10.2.3 Парламентарен институт

**Собранието за сите**

1.1 Земајќи ги во предвид рестрикциите за посети на Собранието поради состојбата со пандемијата на Ковид-19, Парламентарниот институт во текот на 2021 година своите активности за промовирање на култура на отвореност на законодавната власт ги оствари со помош на софтверска платформа за онлајн соработка. Со цел успешно организирање на активностите, Парламентарниот институт изврши прилагодување на програмите во насока на виртуелно спроведување на истите. Во текот на 2021 година беа одржани **29 едукативни семинари и работилници** наменети за ученици од основно и средно образование, студенти на универзитетите и наставници во средно образование. Со цел да им го пренесат на учесниците своето практично искуство во извршувањето на пратеничката функција, 36 пратеници од сите пратенички групи се вклучија во рамките на едукативните активности организирани од Парламентарниот институт. На вебинарите и онлајн работилниците учествуваа **вкупно 1.120 учесници**. Вкупниот број на учесници е скоро двојно повеќе во однос на претходната година и ја надминува планираната вредност во Стратешкиот план на Парламентарниот институт (планирани 1.000 учесници)[4]. Бројот на учесници на едукативните активности во 2021 година претставува рекордно постигнување, односно најголем број на учесници досега во рамките на една календарска година.

**Графикон 1. Приказ на бројот на учесници на едукативните работилници организирани од ПИ во периодот 2015-2021 година**




Во 2021 година, Парламентарниот институт организираше две едукативни работилници **„Детски парламентг,** наменети за ученици од основните училишта. Првата работилница беше организирана на 5 март и на неа учествуваа вкупно **86 учесници од 17 основни училишта**, додека втората на 19 ноември, со **82 учесници од 16 основни училишта**. Целта на оваа активност е преку симулација на законодавната постапка да се приближи работата на Собранието до младите, да се придонесе за развој на демократска свест и култура на

[4] Во рамките на точката 2.1 Отвореност на Собранието кон јавноста од Стратешкиот план на Парламентарниот институт 2021-2023.

толеранција, како и да се поттикнат младите за општествена и политичка критичност и вклученост. На работилниците **учество земаа и шест пратеници од различни пратенички групи** во Собранието, вклучително и **претседателот на Собранието**.

Во 2021 година, Парламентарниот институт продолжи со организација и на останатите едукативни активности наменети за различни целни групи. Продолжи реализацијата на едукативната активност „Имам став!г, наменета за ученици од средно образование, која за прв пат беше реализирана во 2019 година. **„Имам став!”** претставува симулација на процесот на разгледување предлог-закон во рамките на Собранието. Активноста ги стимулира учесниците да развиваат сопствени ставови во врска со политички теми и истите да ги бранат со аргументи пред останатите учесници, со цел изнаоѓање на решение кое ќе биде прифатено од мнозинството на учесници. Истата е подготвена по примерот на едукативната активност „My Point of Viewr, организирана од страна на Сојузниот парламент на Швајцарската Конфедерација. Секој циклус на **„Имам став! ”** има компетититвен карактер, при што училиштата се натпреваруваат меѓусебно симулирајќи пленарна расправа на Собранието. Дебатите ги оценува жири комисија составена од пратеници, вработени во Парламентарниот институт и претставници на партнерската организација ИДЕА Југоисточна Европа. Најдобро оценетите три училишта се пласираат во финалниот настан каде се соочуваат едни против други, при што жири комисијата избира победник на тековната сезона. Победниците се закитуваат со пехар доделен од претседателот на Собранието.

Работилниците во рамките на **„Имам став!”** се реализираа во два циклуса, првиот во април, додека вториот во ноември. Во рамките на првиот циклус, кој се реализираше од 2 до 28 април се одржаа **11 работилници и на нив учествуваа вкупно 310 учесници од десет средни училишта**. Финалниот настан се одржа на 28 април, а победници на ова издание на „Имам став!г беа учениците од „Кочо Рацинг од Велес. Вториот циклус на „Имам став!г се реализира од 28 октомври до 29 ноември и во рамките на истиот беа организирани **осум работилници на кои учествуваа вкупно 265 учесници од седум средни училишта**. Финалниот настан се одржа на 29 ноември, а победници во овој циклус на „Имам став!г беа учениците од „Васил Антевски - Дренг од Скопје. Вкупно 38 пратеници од различни пратенички групи земаа учество на активноста во 2021 година и беа дел од жири комисиите на **„Имам став!”.**

Во рамките на подготовките за спроведувањето на активноста „Имам став!”, со цел успешна подготовка на учениците за учество во активноста, Парламентарниот институт, во соработка со партнерската организација ИДЕА Југоисточна Европа, организираше **две работилници за учесниците на „Имам став!г на тема „Обука за дебатирање”.** Првата работилница се одржа на 24 март, додека втората на 22 октомври.

Дополнително, **за учениците од средно образование** беа организирани и спроведени **два еднодневни едукативни вебинари**, насловени **„Демократијата и Собранието”**, и на 15 септември. На првиот вебинар, кој се одржа на на 12 февруари, учествуваа 48 учесници од осум средни училишта од осум различни градови во државата, додека на вториот, одржан на 15 септември, учество земаа 49 учесници од девет средни училишта од седум различни градови. Вториот вебинар беше искористен и за одбележување на Меѓународниот ден на демократијата - 15 септември. **Тројца пратеници** се вклучија на вебинарите и им пренесоа на учесниците

практично искуство во однос на темите опфатени на вебинарите. Низ теоретски предавања, видео проекции и работилници, учениците ги утврдија и проширија своите знаења за демократијата, историски развој на парламентаризмот во Македонија, за принципот на поделба на власта, за местото и улогата на Собранието во политичкиот систем на Републиката, за изборот на народните претставници, за постапката на донесување закони во Собранието и други слични теми.

За студенти беа спроведени **четири вебинари** со работен наслов „**Парламентот (Собранието) како основна институција на парламентарното право"**, на 19 март, 7 мај, 15 октомври и 10 декември, на кои учествуваа вкупно **214 учесници од седум различни универзитети**. На вебинарите се вклучија и **осум пратеници** од различни пратенички групи во Собранието, кои на студентите им го пренесоа своето практично искуство во извршувањето на пратеничката функција. Студентите беа запознати со правилата по кои се одвива парламентарниот живот и дејноста на пратениците во Собранието, постапката за донесување на законите, парламентарната демократија и нејзиниот историски развој.

Со одржување на **две онлајн работилници** во текот на 2021 година, Парламентарниот институт започна со реализација на едукативна активност со која се опфаќа **нова целна група - наставници од средните училишта** во државата. Со цел успешна реализација на активноста, во текот на јануари се подготви **програма и курикулум за новата едукативна активност – семинар за наставници од средните училишта**. Првата работилницата од овој тип се одржа на 19 февруари и на истата учествуваше 41 наставник од 38 средни училишта од целата држава. На втората работилница, која се одржа на 10 септември, учество земаа 25 наставници од 23 училишта. Фокусот на работилниците беше ставен на оние аспекти на наставната програма поврзани со работата и улогата на Собранието во системот на поделба на власта, со акцент на нивната практична примена. Целта на оваа едукативна активност е да се разменат искуства во однос на успешното менторирање на учениците за улогата на Собранието во системот на поделба на власта и концептот на граѓанско општество, со што младата популација ќе се поттикне и подготви за општествена и политичка критичност и вклученост[5].

1.2 Во насока на промовирање на култура на отвореност на законодавниот дом, Парламентарниот институт спроведува **организирани тури на зградата на Собранието** за сите заинтересирани граѓани. Преку овие тури, кои се со времетраење од еден час, граѓаните имаат несекојдневна можност да ја разгледаат зградата на Собранието и да видат каде работат пратениците. Посетите се реализираат во редовни термини, за време на **отворените денови - секој последен петок во месецот**, или во вонредни термини, по барање од граѓани, пратеници или образовни институции. Со оглед на рестрикциите за физичка посета на законодавниот дом, во текот на 2021 година Парламентарниот институт организираните обиколки на зградата на законодавниот дом ги реализираше виртуелно со помош на нашите професионални водичи и софтверската програма за виртуелна тура. Виртуелната тура овозможува разгледување на Собранието со помош на модерна и напредна информатичка технологија, а е достапна на линкот http://vtour.sobranie.mk/.

[5] Реализирани таргетите од Стратешкиот план на Парламентарниот институт 2021-2023 (воведена најмалку една нова едукативна активност наменета за одредена целна група и вклучена најмалку една нова целна група опфатена со едукативните активности на ПИ).

Во 2021 година, **8.107 граѓани** беа дел од **169 организирани обиколки на Собранието..** Вкупниот број на учесници е скоро двојно повеќе во однос на претходната година и двојно ја надминува планираната вредност во Стратешкиот план на Парламентарниот институт (планирани 4.000 учесници)[6]. Бројот на организирани обиколки и бројот на учесници во 2021 година претставуваат рекордни постигнувања, односно најголем број на обиколки и учесници досега во рамките на една календарска година.

**Графикон 2. Приказ на бројот на посетители на Собранието во периодот 2015-2021**




**Во однос на типот на терминот за обиколка,** 1.846 учесници имало за време на редовните термини (секој последен петок во месецот), 5.306 на термините организирани по барање од институции и организации, додека 955 биле за време на обиколките кои се одржуваат во склоп на едукативните семинари.

**Табела 1. Преглед на учесници на обиколките според тип на термин за посета во 2021 година**

| тип на термин за посета | број на обиколки | број на учесници |
|---|---|---|
| редовен термин (секој последен петок во месецот) | **36** | **1.846** |
| вонреден по барање | **106** | **5.306** |
| организирани обиколки во склоп на едукативните семинари | **27** | **955** |
| **вкупно** | **169** | **8.107** |

**Во однос на целните групи опфатени со обиколките**, најголемиот број на учесници (5.249 или скоро две третини од вкупниот број) биле ученици и наставници од основните училишта. Голем удел во вкупниот број на учесници имаат и учениците и наставниците од средните училишта (2.351).

[6] Во рамките на точката 2.1 Отвореност на Собранието кон јавноста од Стратешкиот план на Парламентарниот институт 2021-2023.

**Табела 2. Преглед на учесници на Собранието според тип на термин за посета во 20210 година**

| тип на учесници | број на обиколки | број на посетители |
|---|---|---|
| ученици и наставници од основни училишта | **89** | **5.249** |
| ученици и наставници од средни училишта | **64** | **2.351** |
| студенти | **4** | **214** |
| граѓани на индивидуални посети | **7** | **24** |
| групи на членови на граѓански организации | **2** | **118** |
| лица со хендикеп | **3** | **51** |
| **вкупно** | **169** | **8.107** |

**Во однос на периодот од годината**, најмногу учесници на обиколките се забележани во месеците февруари (1.257), април (1.223) и март (1.192)[7], додека најмалку учесници имало во месеците јуни и јули кога немало ниту еден посетител[8].

| Месец: | За време на Отворениот ден на Собранието: | Во вонредни термини: | Вкупно: |
|---|---|---|---|
| Јануари | 273 во 6 групи | 106 во 2 групи | 379 посетители |
| Февруари | 195 во 6 групи | 1.062 во 15 групи | 1.257 посетители |
| Март | 237 во 5 групи | 955 во 16 групи | 1.192 посетители |
| Април | 387 во 6 групи | 836 во 16 групи | 1.223 посетители |
| Мај | 50 во 2 групи | 812 во 13 групи | 862 посетители |
| Јуни | / | / | без посетители |
| Јули | / | / | без посетители |
| Август | / | 5 во 3 групи | 5 посетители |
| Септември | 301 во 5 групи | 371 во 12 групи | 672 посетители |
| Октомври | 81 во 1 група | 431 во 13 групи | 512 посетители |
| Ноември | 40 во 1 група | 360 во 7 групи | 400 посетители |
| Декември | 282 во 4 групи | 368 во 9 групи | 550 посетители |

**Табела 3: Приказ на бројот на посетители на Собранието во 2021 година по месеци**

[7] Поголем интерес за виртуелните посети има во првиот дел од годината кога наставата во училиштата се одвиваше онлајн, додека во вториот дел од годината кога наставата беше со физичко присуство на учениците се забележува пад во интересот за виртуелните тури.
[8] Малиот број на посетители е карактеристичен за летните месеци поради годишните одмори и летниот распуст на учениците

**Во однос на начинот на кој учесниците ја следеле обиколката,** најголемиот број на учесници (6.581 или околу 82% од вкупниот број) ја следеле турата индивидуално од сопствен уред, додека околу 17% од учесниците (1.371) истото го направиле на заеднички уред од училница.

**Табела 4. Преглед на учесници на обиколките според начин на следење во 2021 година**

| тип на термин за посета | број на обиколки | број на учесници |
|---|---|---|
| секој учесник од свој уред | **131** | **6.581** |
| од училница на заеднички уред | **28** | **1.371** |
| комбинирано (дел индивидуално и дел од заеднички уред) | **3** | **131** |
| со физичко присуство во зградата | **7** | **24** |
| **вкупно** | **169** | **8.107** |

Прилагодувањето на активностите наменети за јавноста во насока на виртуелното спроведување на истите во време на пандемија и рекордните постигнувања во однос на бројот на настани и учесници е силен сигнал за заложбите на Парламентарниот институт за промовирање на култура на отвореност на законодавната власт.

1.3 Во текот на годината беше спроведена континуирана **подготовка, печатење и дистрибуција на материјалите на Парламентарниот институт**. Беше извршена ревизија на сите едукативно-информативни материјали на Парламентарниот институт, при што беа подготвени **два нови едукативни материјали**, насловени „Организација и функционирање на Собранието на Република Северна Македонија" и „Односи на Собранието со другите институции на властаг[9]. Во 2021 година беа **испечатени вкупно 3.900 информативни и промотивни материјали и дистрибуирани вкупно 2.500 материјали** до соодветните целни групи. Во споредба со претходните години имаме значително намалување, што е разбирливо со оглед на рестрикциите за посети на зградата на Собранието во текот на целата година.

1.4 Со цел подобро промовирање на одбележувањето на значајни датуми и јубилеи, беа изработени, испечатени и дистрибуирани **два нови промотивни материјали** на македонски и албански јазик, насловени „**30 години од донесувањето на одлуката за распишување на референдум – 6 август 1991 година**г и „**30 години од донесувањето на Уставот – 17 ноември 1991 година**".

1.5 На почетокот на годината беа подготвени **Годишен план за едукација и специфична комуникација со јавноста за 2021 година** и **Годишен план за спроведување обуки од Парламентарниот институт за 2021 година.** На седницата на Управувачкиот совет од 26 јануари 2021 година, беа предложени и усвоени двата плана, со што се постави основата за спроведување на активностите за едукација и информирање на граѓаните, како и на пратениците, вработените

[9] Реализиран таргетот од Стратешкиот план на Парламентарниот институт 2021-2023 (подготвени најмалку два нови промотивни, информативни и едукативни материјали на ПИ наменети за јавноста).

во Службата на Собранието, надворешните соработници на пратеничките групи и асистентите во канцелариите за комуникација со граѓаните.

1.6 Во текот на 2021 година беа **спроведени 81,16% од активностите од Годишниот план за едукација и специфична комуникација со јавноста за 2021 година**, со што се постигна предвидената вредност во Стратешкиот план за најмалку 80% спроведеност на активностите од Годишниот план за специфична комуникација со јавноста[10].

1.7 Со цел подготовка на двата годишни планови на Парламентарниот институт за 2022 година, на 13 и 15 декември беше организирана работилница за изработка на годишните планови, на која учествуваа вработените од Одделението за едукација и комуникација. За време на работилницата беа подготвени предлог верзии на **Годишниот план за едукација и специфична комуникација со јавноста за 2022 година** и **Годишниот план за спроведување обуки од Парламентарниот институт за 2022 година**, кои треба да бидат одобрени од страна на Управувачкиот совет во јануари 2022 година.

1.8 Во насока на зголемување на активностите на Парламентарниот институт наменети за јавноста, во септември беше изработена **Програма за одржување на фамилијарен отворен ден на Собранието**. Отворените фамилијарни денови планирано е да се одржуваат во сабота и на нив учество ќе може да земат сите заинтересирани граѓани кои би сакале да го разгледаат Собранието, индивидуално или како група (семејство). Првиот фамилијарен отворен ден е планиран да се одржи во мај 2022 година.

1.9 Во насока на успешна реализација на активностите неопходни за промовирање на култура на отвореност на законодавниот дом, а со цел повторно отворање на Собранието за јавноста и организирање на обиколки на зградата на Собранието и други едукативни активности со физичко присуство на посетителите, Парламентарниот институт подготви **Протокол за организирање на отворени денови во Собранието со физичко присуство на посетители**. Согласно Протоколот, спроведувањето на организираните обиколки и останатите едукативни активности на Институтот е планирано да биде во согласност со сите препораки со цел заштита и спречување на ширење на вирусот Ковид-19 и со намален број на учесници во секоја од групите.

1.10 Во функција на вклученост и информираност на јавноста, Парламентарниот институт даде придонес во организацијата и реализацијата на **конференција за граѓански организации** за консултација на заложбите и активностите од предлог **Акцискиот план 2021-2023 на Собранието кон Партнерството за отворена власт**. Хибридниот настан беше отворен за сите граѓански организации од државата, со што се обезбеди можност да се информира и вклучи граѓанското општество во понатамошниот развој на Акцискиот план на Собранието за 2021-2023 година, како и да се потврдат заложбите на Собранието. Конференцијата беше од хибриден карактер и се одржа со физичко присуство во Кристалната сала на Собранието на 21 мај и онлајн преку софтверската платформа Zoom, со поддршка на Програмата за парламентарна поддршка.

1.11 Во однос на **искористеноста на материјалните средства, електронска и информатичка инфраструктура**, степенот на искористеност на капацитетот на **Едукативниот центар** за 2021

[10] Во рамките на точката 2.1 Отвореност на Собранието кон јавноста од Стратешкиот план на Парламентарниот институт 2021-2023

година изнесува **60%**[11], што претставува скоро тројно зголемување во однос на искористеноста во претходната година (20,58%). Искористеноста капацитетот на Едукативниот центар претставува убедливо највисоко постигнување во една календарска година. Најголема била искористеноста во текот на месеците септември (169 часови) и октомври (147,5 часови), додека најмала во месеците мај (34 часови) и јануари (52,5 часови).

1.12 Согласно Годишниот план, Парламентарниот институт пристапи кон организирање и спроведување **активности за одбележување на поводи и значајни датуми**. Во текот на 2021 година беа одбележани следните поводи и значајни датуми:

- 8 јануари: Јубилеј – 30 години од првата конститутивна седница - **организирана изложба** во зградата на Собранието со слики и материјали од значајните личности и случувања од првата конститутивна седница;
- 6 август: Јубилеј – 30 години од донесување на одлуката за распишување на референдум - **изработен промотивен постер и организирана изложба** во зградата на Собранието со слики и материјали од најзначајните случувања поврзани со референдумот за независност, одржан на 8 септември 1991 година;
- 12 август: Меѓународен ден на младите – **подготвено промотивно видео** со учество на пратеници кои се членови на Клубот за младински прашања и политики во Собранието;
- 15 септември: Меѓународен ден на демократијата – **организиран едукативен вебинар** за ученици од средните училишта;
- 23 септември: Меѓународен ден на знаковните јазици – **организиран едукативен настан** во соработка со Интерпартиската парламентарна група за правата на лицата со хендикеп во Собранието;
- 17 ноември: Јубилеј – 30 години Устав – **организирана изложба** со примероци од уставите, заедно со дел од библиотечниот фонд на Собраниската библиотека поврзани со конституционализмот, парламентаризмот и уставниот поредок и **подготвени и споделени едукативни материјали** за македонскиот уставен развој и компаративни пракси на измени на уставите во различни европски држави;
- 19 ноември: Светски ден на детето – **организирана виртуелна работилница** Детски парламент за ученици од основни училишта;
- 3 декември: Меѓународен ден на лицата со хендикеп – **споделено видеото** на Парламентарниот институт насловено „Собранието за ситег.

1.13 Парламентарниот институт организираше **онлајн работилница по повод одбележување на 23 април - Светскиот ден на книгата и авторското право**. На настанот се вклучија 44 учесници, меѓу кои и пратеници, соработници од други институции и организации, како и ученици и наставници од основни и средни училишта од Републиката. Во рамките на работилницата беше презентирана пораката од УНЕСКО, а од страна на самиот автор беше прочитана и националната порака за 2021 година. Во главниот дел од работилницата, ученици од основни и средни училишта имаа можност да ги прочитаат своите лични пораки по повод Светскиот ден на книгата и

[11] Комплетната листа на искористеност во однос на тип на настани и времетраење на истите е дадена во прилог на овој Извештај.

авторското право на тема: „Мојата приказнаг. Дополнително, пред присутните се обратија раководителот на Парламентарниот институт и директорот на НУБ „Св. Климент Охридскиг, а на најактивните корисници на библиотечните услуги во Собранието за 2020 година им беа доделени благодарници.

1.14 Парламентарниот институт, во соработка со Интерпартиската парламентарна група (ИППГ) за правата на лицата со хендикеп во Собранието, спроведе **едукативен настан по повод одбележување на 23 септември – Меѓународниот ден на знаковните јазици** на тема: „Анализа на практиките на парламентите во однос на заедницата со хендикепг. На настанот учествуваа ученици од училиштето за глуви и наглуви деца, 16 пратеници, а свое обраќање имаа генералната секретарка и претседавачот на ИППГ. Во главниот дел на настанот, на пратениците и останатите присутни им се презентираше заедничката „Анализа на практиките на парламентите во однос на заедницата со хендикепг, подготвена од страна на Парламентарниот институт и Полио плус – Движењето против хендикеп (Polio Plus), со поддршка на Вестминстер фондацијата за демократија. Целта на настанот беше приближување на работата на Собранието до ранливите категории на граѓани.

1.15 Дополнително, во насока на вклученост и информирање на сите категории на граѓани, Парламентарниот институт го **одбележа и 15 октомври - Меѓународниот ден на белиот стап - симболот на слепиот човек.** Со цел зголемување на понудата на специјализирани едукативни материјали наменети за одредена група на лица со хендикеп, започната е постапка за **изработка на Стратешкиот план на Собранието (2022-2026) на Брајово писмо.**

1.16 Во контекст на зголемување на капацитетите на Собранието за вклученост и информираност на сите категории граѓани, започната е постапка за организирање на **курсеви за основни познавања на знаковниот јазик** за пратеници и вработени во Службата на Собранието. Курсевите е планирано да се одржуваат во текот на 2022 година.

1.17 Во насока на зголемување на отвореноста и приближување на својата работа до младата популација, од 1 февруари Парламентарниот институт е активен и на **социјалната мрежа Инстаграм**, а профилот е достапен преку корисничкото име parlamentaren.institut или пак на следниот линк: https://www.instagram.com/parlamentaren.institut/.

1.18 Во извештајниот период, Парламентарниот институт продолжи со воспоставената пракса за **известување за своите настани** преку електронски алатки. По реализација на секој настан, информации за истиот се објавуваат на официјалните страни на Институтот на социјалните мрежи, како и на интернетската страна на Собранието преку банерот на Парламентарен институт, во табот Активности. Исто така, на секои три месеци за овие настани се известува и во кварталниот електронски билтен.[12]

[12] Реализиран таргетот од Стратешкиот план на Парламентарниот институт 2021-2023 (најмалку 80% од активностите на ПИ наменети за јавноста да бидат ставени на социјалните мрежи).

2. Во контекст на промовирање на отвореноста, транспарентноста и отчетноста, Парламентарниот институт континуирано во текот на годината ги објавуваше истражувачките работи подготвени по сопствена иницијатива од 2021 година на интернетската страница на Собранието. Истите се достапни на следниот линк: https://www.sobranie.mk/aktivnosti-na-parlamentarniot-institut.nspx [13].

2.1 Парламентарниот институт во извештајниот период обезбеди **навремени, објективни и непристрасни услуги по барање на пратениците и другите баратели и по сопствена иницијатива**. Во 2021 година беа поднесени **73 барања** за истражувачки работи и во споредба со 2020 година, бројот на поднесени барања (52) бележи **пораст за 28,8%.**[14]

2.2 Од вкупно 73 доставени барања, 65 барања се поставени од пратеници, додека 8 барања се поставени од други корисници на услугите на Парламентраниот институт (генерален секретар). Дополнителните статистики од аспект на полова структура, етничка и политичка припадност на пратениците подносители на барања за истражувачки работи се дадени во Табела бр. 1 од овој годишен извештај. Реализираните 65 барања за истражувачки работи се поднесени од вкупно **35 различни пратеници или 29,2% од вкупниот број на пратеници**. Барањата од пратениците во најголем дел се поврзани со прашања од агендата на Собранието.

**Табела 2. Статистика на истражувања по барање на пратеници**

| Вкупен број примени и одговорени барања за истражување од пратеници | | | | | Вкупен број пратеници кои поднеле барање за истражување | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 65 | | | | | 35 | | | 29,2% | |
| Полова структура | број на барања од пратенички | | број на барања од пратеници | | Полова структура | пратенички | | пратеници | |
| | 43 | 66,2% | 22 | 33,8% | | 20 | 57,1% | 15 | 42,9% |
| Етничка припадност | број на барања од пратеници Македонци | | број на барања од пратеници Албанци | | Етничка припадност | пратеници Македонци | | пратеници Албанци | |
| | 60[15] | 92,3,% | 5 | 7.7% | | 30[16] | 85,7% | 5 | 14,3% |
| Политичка припадност | број на барања од владејачко мнозинство | | број на барања од опозиција | | Политичка припадност | владејачко мнозинство | | опозиција | |
| | 31 | 47,7% | 34 | 52,3% | | 15 | 42,9% | 20 | 57,1% |

2.3 По сопствена иницијатива Парламентарниот институт изработи **36 истражувачки работи**[17].

[13] Реализирани точки 1.3.1 и 1.3.2 од Стратешкиот План на Парламентарниот институт (јавност на уредувачки акти и услугите и продуктите на ПИ)

[14] Реализиран индикатор 1.1 од Стратешкиот план на Парламентарниот институт 2021-2023.

[15] 2 барања се од пратеник Босанец

[16] Еден пратеник е Босанец

2.4 Дополнително во извештајниот период одговорени се **65 прашалници** во рамки на ЕЦПРД, ИПУ и други организации и парламенти и 4 прашалници од други баратели.

2.5 **Согласно Годишниот план за обуки за 2021 година**, во текот на годината беа реализирани една воведна сесија за новоизбрани пратеници, осум работилници за пратеници, три обуки за вработените во Службата и две обуки за надворешните соработници на пратеничките групи. Во текот на 2021 година беа **спроведени 70% од активностите од Годишниот план за обуки на Парламентарниот институт за 2021 година**, што е за 10% пониско од предвидената вредност во Стратешкиот план за најмалку 80% спроведеност на активностите од Годишниот план за обуки[18].

2.6 По одржувањето на локалните избори, на 10 октомври Парламентарниот институт организираше и спроведе **воведна сесија за новоизбраните пратеници**, која се одржа во Едукативниот центар. Воведната сесија им даде можност на пратениците, директно од Службата на Собранието, да добијат информации и искуства за организацијата и функционирањето на Собранието, пратеничкиот мандат, правата и обврските на пратениците, како и други прашања од интерес на извршувањето на пратеничкиот мандат. На воведната сесија учество земаа **седум новоизбрани пратеници**.

2.7 Во текот на 2021 година, Институтот организираше и спроведе **седум работилници за пратеници** во Собранието на Република Северна Македонија на пет различни теми. Во улога на обучувачи се најдоа специјализираните обучувачи од Одделението за едукација и комуникација во партнерство со други вработени во Парламентарниот институт и во Службата на Собранието и поранешни пратеници во Собранието. Работилниците се одржаа на 15 и 22 февруари и во периодот помеѓу 15 и 19 ноември 2021 година и на истите учествуваа вкупно **24 учесници**. Темите опфатени со обуките беа следните:

- Законодавната постапка во Собранието;
- Постапката за донесување на Буџет во Собранието;
- Надзорната улога на Собранието;
- Претставничката функција на Собранието;
- Институционалните ресурси на располагање за пратениците во Собранието.

2.8 Во насока на зајакнување на капацитетите на Службата на Собранието, Парламентарниот институт во текот на 2021 година организираше и реализираше **три работилници наменети за вработените во Службата,** на кои што учествуваа вкупно **50 учесници**.

[17] Истражувачките работи по сопствена иницијатива се јавно достапни на веб страната на Собранието на следниот линк https://www.sobranie.mk/aktivnosti-na-parlamentarniot-institut-ns_article-istrazuvacki-raboti-po-sopstvena-inicijativa-na-parlamentarniot-institut-2021-godina.nspx

[18] Во рамките на точката 1.2 Едукација и информирање на пратениците и другите целни групи во Собранието од Стратешкиот план на Парламентарниот институт 2021-2023

**Табела 3. Преглед на работилници за службата на Собранието**

| тема | место | датум | учесници |
|---|---|---|---|
| 1. Презентација на анализата за практиките на парламентите во однос на заедницата со хендикеп | онлајн | 8 февруари 2021 година | 11 |
| 2. Подготовка на Стратешкиот план на Собранието 2022-2026 година | Скопје | 10 јуни 2021 година | 31 |
| 3. Обука за примена на Етичкиот кодекс за пратениците во Собранието на Република Северна Македонија | Скопје | 23 декември 2021 година | 8 |

2.9 Дополнително, во текот на 2021 година беа организирани **две обуки за надворешните соработници на пратеничките групи**, во јануари и во јули 2021 година, на кои учествуваа вкупно **девет учесници**. Спроведувањето на обуките произлезе од утврдената потреба за зајакнување на административните капацитети на надворешните соработници кои немаат претходно искуство во работата на Собранието и не биле дел од досегашните едукативни активности на Парламентарниот институт. Првата обука се одржа од 20 до 22 јануари и на истата имаше четири учесници, додека на втората која се одржа на 9 јули учествуваа пет вработени.

2.10 Парламентарниот институт, преку свој обучувач, даде придонес кон **обуката за асистентите во канцелариите за комуникација со граѓаните**, организирана од страна на ОБСЕ во соработка со Собранието. Обуката се одржа онлајн од 5 до 7 јули.

2.11 Во функција на промовирање на своите услуги и активности, Парламентарниот институт вршеше континуирана **подготовка, печатење и дистрибуција на своите промотивни материјали**. Преку полиците поставени на повеќе места во зградата на Собранието, на пратениците, вработените во Службата и останатите корисници им се достапни различните материјали подготвени од страна на Институтот (истражувачки работи, едукативно-информативни и промотивни материјали и слично).

2.12 Со цел успешна подготовка за реализација на практикантска работа во Парламентарниот институт, во септември беше подготвена **Програма за спроведување на практикантска работа во Парламентарниот институт**. Целта на практикантската работа е да им овозможи на младите образовани луѓе да се стекнат со одредени практични знаења и вештини, односно да имаат можност наученото да го применат во пракса и да се стекнат со одредено работно искуство. Практикантската работа за четири лица е планирано да се реализира во 2022 година.

2.13 Парламентарниот институт продолжи со својата пракса на изготвување на **квартален електронски Билтен на активности** со кои се известува за спроведените активности и настани за секои три месеци. Во текот на извештајниот период беа подготвени и дистрибуирани три изданија на електронскиот Билтен, Билтенот беше изработен на три јазици: македонски, албански и англиски. Со оглед на ниската рата на отворање на Билтените и неисплатливоста на

активноста, одлучено е од 2022 година оваа пракса да се замени со нов и покреативен метод за известување за спроведените активности на Парламентарниот институт.

2.14 По спроведена постапка за јавна набавка на дневни и неделни весници на 03.11.2021 година е склучен Договор со Друштво за дистрибуција, трговија и услуги Колпортер ДОО Скопје, согласно кој Собранието ги добива следните весници и списанија:

1. Нова Македонија - 17 броја
2. Вечер - 17 броја
3. Слободен печат - 18 броја
4. Lajm - 7 броја
5. Koha - 8 броја
6. Фокус (неделно) - 17 броја
7. Економија и Бизнис (месечно) - 2 броја
8. Лице в Лице (периодично) - 12 броја

Собранието е претплатено и добива 10 примероци печатено издание на „Службен весникг.

2.15 За потребите на пратениците и за Службата на Собранието, Парламентарниот институт се има претплатено на три бази на податоци – **Службен весник на Република Северна Македонија, Академика и Праксис.** На електронската база на податоци на„Службен весникг се претплатени 49 корисници до 07.02.2022 година, 26 корисници до 14.8.2022 година.

2.16 Библиотечниот фонд е унифициран и достапен за пратениците и другите корисници. Читалницата на библиотеката на Парламентарниот институт, е отворена и достапна за сите корисници каде може да се пристапи кон базите на податоци, читање на дневниот печат, да се користат книгите, да се поднесе барање и слично.

2.17 Библиотечниот фонд е унифициран и достапен за пратениците и другите корисници. Читалницата на библиотеката на Парламентарниот институт, е отворена и достапна за сите корисници каде може да се пристапи кон базите на податоци, читање на дневниот печат, да се користат книгите, да се поднесе барање и слично.

Во системот е-библиотека се обработени, евидентирани и внесени 8.346 книги, истите локациски се распределени во витрини во просториите на Парламентарен институт и по ходниците на зградата на Собранието.

Во просториите на Собранискотo студио се селектирани, евидентирани, спакувани со соодветни наслови и ознаки 5.914 книги дупликати.

Во просториите на Собранискотo студио се систематизирани за обработка 955 книги добиени од Министерство за образование и наука. Во сала „Борис Трајковскигсе наредени/изложени 6.295 книги.

**Електронскиот каталог** се пристапува преку страницата: <http://biblioteka.sobranie.mk/General/Books.aspx>, каде секој корисник може да пристапи со неговото коирсничко име и лозинка со која и се пристапува во системот е-парламент.

2.18 Од истражувачката библиотека во текот на 2021 година се **изнајмени 136 наслови** од кои наслови 40 книги беа изнајмени од страна на пратеници.

2.19 Во текот на 2021 година се изработени десет тематски истражувања од библиотечниот фонд со кој располага библиотеката и тоа:

- Либерализам
- Covid 19 и библиотекарство;
- Уставно право проширено;
- Медицинска наука;
- Социјална политика;
- Преводи на избрани дела;
- Изборни кампањи и следење на електронските технологии во изборните процеси;
- Сублимат на сите тематски истражувања;
- Уставно право - Македонски наслови;
- Бази на податоци

Тематските истражувања се достапни на рмс системот на Парламетарен институт, во читалницата на истражувачката библиотека како и по полиците низ Собранието заедно со другите материјали на Парламентарниот институт

## 3. Современ парламентарен институт

3.1 Во текот на 2021 година се спроведоа повеќе **активности во насока на зајакнување на професионалните капацитети на вработените** во Парламентарниот институт. вработените во Парламентарниот институт учествуваа на бројни настани во земјата и во странство кои се поврзани со нивната работа и тоа на: **седум семинари, 20 работилници, 14 обуки, шест конференции, една презентација, осум средби, една студиска посета и еден курс**.[19] Поради пандемијата, поголемиот дел од овие настани се одржаа виртуелно.

3.2 **Четворица вработени во Парламентарниот институт учествуваа на Годишната конференција на Меѓународниот форум на центрите на посетители во парламентите**, која се одржа виртуелно на 17 и 18 ноември 2021 година во заедничка организација на Европскиот парламент и Американскиот конгрес. Во рамките на конференцијата, раководителот на Одделението за едукација и комуникација имаше своја **презентација на тема: „Приспособување на понудата за посетителите во време на Ковид-19г**. Дополнително, Парламентарниот институт даде свој придонес и кон организацијата на конференцијата преку учество на еден вработен во организацискиот одбор. Целта на активноста беше вработените, преку форумот, да разменат искуства и да соберат информации кои ќе бидат од огромно значење за Парламентарниот

[19] Комплетната листа на настани е дадена во прилог на овој Извештај.

институт во насока на подобро планирање и организација на идните едукативни активности спроведени од страна на Одделението за едукација и комуникација на Институтот.

3.3 Во текот на 2021 година, вработени во Парламентарниот институт учествуваа на **два состаноци во рамките на Форумот за демократски работилници**, организиран од Австрискиот парламент во соработка со партнерската организација ИДМ (IDM - Institute for the Dunabe Region and Central Europe), а поддржан од Фондацијата ЕРСТЕ (ERSTE Stiftung). Поради ситуацијата со пандемијата, состаноците се одржаа виртуелно преку софтверска платформа. Форумот претставуваше можност за вмрежување, учење и размена на искуства помеѓу тимовите од Австрија, Црна Гора, Косово, Албанија, Северна Македонија и Словачка во однос на организација на едукативната активност „Демократски работилници". Првиот состанок се одржа на 24 март, додека вториот на 24 ноември. На двата состаноци учествуваа по четворица вработени.

Дополнително, во рамките на соработката воспоставена со Форумот се одржаа **две билатерални средби со претставници од Австрискиот парламент**. Првата се одржа виртуелно на 13 јули, додека втората во просториите на Парламентарниот институт на 9 декември. За време на средбите се разговараше за организациските и логистичките предизвици поврзани со воведувањето на активноста „Демократски работилници", подготовката на обучувачите, продукцијата на содржина, како и различните техники на учење кои се применуваат. Демократските работилници претставуваат неформална програма за граѓанско образование за ученици од основно училиште иницијално развиена од Австрискиот парламент.

3.4 Со цел продлабочување на соработката со Парламентот на Австрија, четворица вработени во Парламентарниот институт оствариja **студиска посета на Парламентот на Австрија** од 11 до 13 октомври 2021 година, во врска со спроведувањето на активноста „Демократски работилници". Посетата беше во насока вработените во живо да го следат спроведувањето на активноста, со цел директно запознавање со организациските, логистичките и едукациските аспекти на активноста. За време на посетета беше презентирана и предлог програма за одржување на активноста во Собранието, при што се доби фидбек од колегите од Австрискиот парламент.

3.5 Во рамките на **билатерална соработка на Парламентарниот институт со парламентите во регионот**, беа остварени неколку работни средби на вработените во Парламентарниот институт со колегите од другите парламенти. На 20 јуни 2021 година, се одржа **виртуелна средба со претставници од Парламентот на Албанија**, на која од страна на колегите од Албанскиот парламент беше презентирана новата виртуелна тура. На 28 ноември 2021 година во просториите на Парламентарниот институт се одржа **работна средба со вработени во Парламентот на Косово и претставници на НДИ Косово**, на која од страна на претставници од Парламентарниот институт беа презентирани активностите и услугите кои ги нуди Институтот за различните целни групи.

3.6 Во насока на вмрежување на Парламентарниот институт, беше изработен **предлог-концепт за воспоставување контакт и соработка со Министерството за образование и наука**. Се очекува реализација на оваа активност во текот на 2019 година. Целта на соработката е усогласување на Планот за едукација и специфична комуникација со јавноста на Парламентарниот институт со наставните планови и програми од Бирото за развој на образованието, информирање на целните

групи за едукативните услуги што ги нуди Парламентарниот институт и зголемување на достапноста на едукативните услуги што ги нуди Парламентарниот институт до сите целни групи. Соработката е планирано да се воспостави во текот на 2022 година.

3.7 Во контекст на исполнување на стратешката цел за соработка и вмрежување, Парламентарниот институт во текот на септември 2021 година подготви **План за воспоставување на Регионална мрежа на едукативните центри/центрите за посетители во парламентите на земјите од регионот**[20]. Воспоставувањето на Регионалната мрежа е планирано за 2022 година.

3.8 Во рамките на своите активности за вмрежување, Парламентарниот институт изработи **заедничка истражувачка работа**[21] со Вестминстер фондацијата за демократија и експертската граѓанска организација Полио Плус – движење против хендикеп, на тема „Анализа за практиките на парламентите во однос на заедницата со хендикепг. Целта на анализата е да даде предлози во насока на надградување и проширување на активностите на Парламентарниот институт и Собранието наменети за социјално-економските ранливи категории. Анализата беше презентирана пред пратеници и други заинтересирани лица за време на настанот организиран по повод одбележување на 23 септември – Меѓународниот ден на знаковните јазици.

3.9 Една вработена во Оддлението за библиотека учествуваше на онлајн Конференција и годишно Собрание на Библиотекарско здружение на Македонија, која се одржа на 20.12.2021 година.

3.10 Во 2021 година една вработена во Институтот ги заврши докторските студии искористувајќи ја можноста за **стипендирање за запишување на последипломски и докторски студии,** согласно Рамката за професионален развој на вработените и Програмата за стипендирање. Дополнително, шест вработени ја користат оваа можност, и тоа тројца вработени на последипломски, двајца на докторски студии и една вработена на специјализирана обука[22].

3.11 Во насока на континуираните заложби за вмрежување на Парламентарниот институт, во текот на 2021 година продолжи **соработката во рамките на мрежата на Европскиот центар за парламентарни истражувања и документација (ЕЦПРД)**. Четворица вработени во Парламентарниот институт учествуваа на четири настани, годишна конференција на коресподенти и два состаноци на Извшрниот комитет, организирани од страна на ЕЦПРД, кои поради пандемијата се одржаа виртуелно.

3.12 Во насока на **мерење на степенот на задоволство на корисниците на услугите** на Парламентарниот институт, се врши **евалуација на едукативните настани** по завршувањето на истите, при што се изработуваат **Анализа од евалуацијата и Извештај со заклучоци и препораки**, кои се земаат во предвид при изработката на Годишниот план и при ревизијата на програмите на едукативните настани.

3.13 Согласно вопоставената пракса и проектна документација, вработените од Парламентарниот институт го изготвија **Годишниот план за активности на Парламентарниот институт за 2022 година**.

[20] Реализиран таргетот од Стратешкиот план на Парламентарниот институт 2021-2023 (подготвен План за воспоставување на Регионална мрежа на едукативните центри/центрите за посетители во парламентите на земјите од регионот).
[21] Реализиран таргетот од Стратешкиот план на Парламентарниот институт 2021-2023 (изработена најмалку една заедничка истражувачка студија со домашна или меѓународна експертска организација на граѓанското општество).
[22] Со запишување на двајца вработени во 2021 година, реализиран е таргетот од Стратешкиот план на Парламентарниот институт 2021-2023 (вклученост на најмалку двајца нови вработени од ПИ во Швајцарската програма за стипендирање).

3.14 Со оглед дека во јануари 2021 година, врз основа на членот 40-ѓ од Законот за Собрание на Република Македонија („Службен весник на Република Македонијаг број 104/2009 и „Службен весник на Република Северна Македонијаг број 14/20) и членот 64 став (5) од Деловникот на Собранието на Република Македонија („Службен весник на Република Македонијаг број 81/2008, 119/10, 23/13 и „Службен весник на Република Северна Македонијаг број 152/19), генералниот секретар на Собранието на Република Северна Македонија, донесе Правилник за внатрешна организација на службата на Собранието на Република Северна Македонија, како и врз основа на член 40-ѓ став (1) од Законот за Собранието на Република Македонија (вСлужбен весник на Република Македонијаг бр.104/2009 и вСлужбен весник на Република Северна Македонијагбр.14/20), и член 64 став 5 од Деловникот на Собранието на Република Македонија (вСлужбен весник на Република Македонијагбр.91/2008, 119/10 и 23/13 и вСлужбен весник на Република Северна Македонијаг бр.152/19 година), генералниот секретар на Собранието на Република Северна Македонија донесе Правилник за систематизација на работните места во Службата на Собранието на Република Северна Македонија, се јави потреба **Процедурата за управување со истражувачка библиотека - П 8.5/13-1, издание: 3, од 03.12.2019 да се замени со Процедура за управување со библиотека**, од причина што по настанати структурни промени во систематизацијата на службата на Собранието од Одделение за библиотека од Сектор за јавно информирање, односи со јавноста, изготвување на статистички материјали и документација и библиотека и Одделение за истражувачка библиотека и законодавна архива во Сектор за едукација и комуникација, истражувачка библиотека и законодавна архива од посебна организациона единица - Парламентарен институт е направено едно одделение – Одделение за библиотека во Сектор едукација, комуникација и библиотека. Во процедурата со која се замени претходната на Одделението за истражувачка библиотека се направени технички корекции во насловите на одделението, секторот, како и додадени дел од веќе важечки процедури од Одделението за библиотека (П 8.5/6-1, издание 3, од 3.12.2019). Процедурата е одобрена и веќе се применува. Исто така измени од технички карактер се извршија и во Процедурата за практикантска работа и во Процедурата за спроведување на активностите за едукација и комуникација.

**4.Дигитален парламент**

Со цел обезбедување на непречен и брз пристап до софтверите на Парламентарниот институт, беше спроведена јавна набавка на услуги за превентивно одржување на системите Е-архива, Е-библиотека и PMC, како и за превентивно и адаптивно одржување на системите за регистрација на граѓани, едукативен квиз, виртуелна тура, Е-семинари и Е-обуки. Преку овие услуги се врши квалитетно и навремено одржување на апликативните решенија и базите на податоци на информацискиот систем, со цел непречено функционирање на истите, како и надградба на постојните системи согласно утврдените потреби[23]. Дополнително, спроведена беше и јавна набавка за сервисирање и одржување на хардверската опрема на Институтот[24].

По повод одбележување на 12 август - Меѓународниот ден на младите, Парламентарниот институт

[23] Реализиран таргетот од Стратешкиот план на Парламентарниот институт 2021-2023 (функционалност на електронските системи на ПИ најмалку 80% од времето).
[24] Реализиран таргетот од Стратешкиот план на Парламентарниот институт 2021-2023 (функционалност на хардверската и електронската опрема на ПИ најмалку 80% од времето за првата година).

подготви и сподели **ново едукативно видео.** Видеото, кое беше подготвено со учество на пратеници кои се членови на Клубот за младински прашања и политики во Собранието, содржи пораки за информирање на младите за Клубот за младински прашања во Собранието, едукативните и образовните активности на Парламентарниот институт и другите форми на соработка кои постојат за вклучување на младите[25].

Во текот на 2021 година, Парламентарниот институт воспостави пракса на **најавување на отворените денови и другите активности** наменети за различните целни групи од јавноста на социјалните мрежи. Најавувањето придонесе кон зголемен интерес на целните групи за едукативните услуги што ги нуди Парламентарниот институт и зголемување на достапноста на едукативните услуги што ги нуди Институтот до сите целни групи[26].

[25] Реализиран таргетот од Стратешкиот план на Парламентарниот институт 2021-2023 (подготвено најмалку едно ново едукативно видео).
[26] Реализиран таргетот од Стратешкиот план на Парламентарниот институт 2021-2023 (најавени најмалку 50% од активностите на ПИ наменети за различните целни групи од јавноста на социјалните мрежи).

## 10.3.СИСТЕМИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КВАЛИТЕТ

Собранието на Република Северна Македонија има имплементирано два меѓународни системи за управување со квалитет: ИСО стандард 9001-2015 и КАФ моделот.

### ИСО СТАНДАРД 9001-2015

Системот за управување со квалитет согласно барањата на стандардот ИСО 9001:2015 во извештајниот период, односно системската документација на системот беше усогласена со новиот Правилник за систематизација во Собранието. Во тој контекст беа изработени нови верзии на документирани информации за работните процеси по сектори и организациони единици и тоа: Прирачникот за квалитет, Контекст на организација, Матрица на одговорности и други документирани информации.

Во извештајниот период беше реализирана внатрешна проверка (интерен аудит) на Системот за управување со квалитет во Собранието. Проверката беше спроведена од внатрешните проверувачи (интерни аудитори) во Собранието и беше изготвен Извештај од спроведена внатрешна проверка.

Согласно барањата на стандардот во месец декември 2021 година беше спроведена Анкета за мерење на задоволството на пратниците и вработените во службата на Собранието, за што беа подготвени посебни прашалници и истите дистрибуирани до пратениците и вработените со посебен допис за спроведување на анкетата. По спроведената анкета беа изготвени одделни Извештаи од мерење на задоволството на пратеници и вработени во службата на Собранието.

Во периодот ноември - декември 2021 година од страна на акредитирано сертификационо тело беше спроведена надворешна проверка (екстерен аудит) на Системот за управување со квалитет во Собранието, со цел да се утврди исполнувањето на барањата на меѓународниот стандард ИСО 9001:2015. Надворешната проверка беше успешно реализирана за што од сертификационото тело беше доставен Извештај од надворешна проверка, во кој се наведува дека не се констатирани неусогласености во Системот за управување со квалитет.

Врз основа на целосно исполнување на барањата на Меѓународниот стандард за управување со квалитет ИСО 9001:2015, Системот за управување со квалитет на Собранието беше ресертифициран, со што Собранието се стекна со Сертификат за управување со квалитет со важност до 06 декември 2024 година.

## КАФ МОДЕЛ

Во 2021 година, Собранието на Република Северна Македонија, продолжи со реализација на еден од стратешките приоритети утврдени во Стратегијата на Собранието 2019-2021, ***мерка 4.33 Комплетирање на системите за управување со квалитет***, имплементирање на стандарди на квалитет според моделот на Заедничката рамка за проценка ЦАФ или Common Assessment Framework (CAF),

Заедничката рамка за проценка или Common Assessment Framework (CAF), е алатка за квалитет во управувањето инспирирана од Моделот на одличност на Европската фондација за квалитет во управувањето (Excellence Model of the European Foundation for Quality Management (EFQM) за подобрување на административните капацитети и модернизација на јавните служби. Примената на овој стандард значи постојано унапредување на работењето и процесите во институциите, подобрување на мотивираноста на вработените и следење на перформансите, стремеж кон создавање модерна ефикасна и професионална администрација во служба на граѓаните.

Со примена на овој стандард, Собранието е во континуиран процес на постојано унапредување во нејзиното работење. Се проценува работењето врз основа на докази за квалитет во управувањето темелени на критериуми широко прифатени низ јавниот сектор во Европа; се идентификуваат подеднакво напредокот, но и слабостите во постигнувањата; се следи поврзаноста помеѓу резултатите што треба да се постигнат и добрите практики и се мери прогресот низ самооценувањето. Предноста од воведувањето на КАФ во однос на останатите модели и стандарди за квалитет во работењето е тоа што е дизајниран специфично на потребите на Собранието. Моделот КАФ служи како дијагностичка алатка, се темели на факти и структуриран е на начин на кој обезбедува задолжително подобрување на процесите и признание за постигнатиот прогрес.

КАФ активностите во Собранието продолжија да се спроведуваат и во 2021 година. Согласно Планот за подобрување на состојбите врз основа на Извештајот за КАФ и утврдените рокови, секоја активност редовно се ажурира и се евидентира нејзината имплементација. Во 2021 година изготвени се два документи:

1.Извештај за реализација на КАФ мерките за периодот септември 2020 – март 2021 година и

2.Извештај за реализација на КАФ мерките за периодот април 2021 – октомври 2021 година.

КАФ моделот се спроведува со поддршка на Програмата за Парламентарна Поддршка, финансирана од Швајцарската амбасада/Швајцарската Агенција за развој и соработка, со техничка поддршка од страна на Националниот Демократски Институт во Скопје, во соработка со Центарот за управување со промени (ЦУП) и Институтот за демократија Социетас Цивилис.

## 10.4. Податоци од стручно-административен карактер

### Преведување

*Писмен превод од македонски на албански и од албански на македонски јазик*




*Устен превод од македонски на албански и од албански на македонски јазик*



***Преглед на заведени акти во Деловодникот на Писарницата и Архивата***



***Преглед на испратени акти и пратки од Писарницата и Архивата***



***Изготвени стенограми во дактилобиро***




***Експедирани материјали***



***ИЗМНОЖЕНИ МАТЕРИЈАЛИ***

**Вкупно измножени: А4 формат: 139.445 копии**

**А3 формат: 275.331 копии**

**А4 формат фотокопирани: 829.328 копии**



# 11. ПРИЛОЗИ

# Прилог 1

## Преглед на одржани седници

| ред. број | Седница на Собранието на Република Македонија | дата | Одржана на | |
|---|---|---|---|---|
| | | | ден | час (од - до) |
| 1. | Трета седница[27] | 02.06.2021<br>30.07.2021 | -среда<br>-петок | 12,19-12,21<br>16,55-17,00 |
| 2. | Четврта седница | 02.06.2021 | -среда | 12,22-12,30 |
| 3. | Шеста седница | 02.06.2021<br>30.07.2021 | -среда<br>-петок | 12,31-12,32<br>17,00-17,03 |
| 4. | Седма седница | 02.06.2021 | -среда | 12,33-12,34 |
| 5. | Осма седница | 02.06.2021 | -среда | 12,35-12,36 |
| 6. | Деветта седница | 02.06.2021<br>30.07.2021 | -среда<br>-петок | 12,37-12,39<br>17,04-17,07 |
| 7. | Осумнаесетта седница | 11.05.2021 | -вторник | 12,25-13,15 |
| 8. | Дваесетта седница | 10.03.2021<br>11.03.2021<br>02.04.2021 | -среда<br>-четврток<br>-петок | 14,00-17,35<br>13,00-14,50<br>20,20-20,25 |
| 9. | **Дваесет и прва седница** | 02.03.2021<br>03.03.2021 | -вторник<br>-среда | 12,55-18,55<br>17,10-17,15 |
| 10. | Дваесет и втора седница | 02.03.2021<br>03.03.2021 | -вторник<br>-среда | 20,00-20,45<br>17,15-17,20 |
| 11. | Дваесет и петта седница | 11.03.2021<br>17.03.2021<br>18.03.2021<br>02.04.2021<br>23.12.2021 | -четврток<br>-среда<br>-четврток<br>-петок<br>-четврток | 14,50-15,10<br>16,40-18,10<br>12,20-13,30<br>20,25-20,30<br>13,17-13,19 |
| 12. | **Дваесет и шеста седница** | 02.03.2021<br>09.03.2021<br><br>10.03.2021<br>02.04.2021<br>11.05.2021 | -вторник<br>-вторник<br><br>-среда<br>-петок<br>-вторник | 19,00-20,00<br>12,35-13,00 и<br>16,15-18,55<br>12,35-14,00<br>20,30-20,35<br>13,15-13,30 |
| 13. | **Дваесет и осма седница** | 02.02.2021<br>03.03.2021 | -вторник<br>-среда | 12,40-12,50<br>17,30-17,35 |
| 14. | **Дваесет и деветта седница** | 13.01.2021<br>14.01.2021<br>15.01.2021<br>21.01.2021<br>25.01.2021<br>02.02.2021<br>03.03.2021<br>11.03.2021<br>16.03.2021<br>17.03.2021<br>02.04.2021<br>06.05.2021<br>11.05.2021<br>01.06.2021 | -среда<br>-четврток<br>-петок<br>-четврток<br>понеделник<br>-вторник<br>-среда<br>-четврток<br>-вторник<br>-среда<br>-петок<br>-четврток<br>-вторник<br>-вторник | 12,35-17,50<br>12,45-18,10<br>12,40-18,25<br>12,35-16,20<br>18,10-18,20<br>12,50-13,10<br>17,30-17,35<br>16,15-17,55<br>12,45-18,35<br>12,35-16,15<br>20,35-20,40<br>13,10-13,30<br>15,15-15,20<br>13,40-13,45 |

[27] болдираните седници се започнати во 2020 година

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **15.** | Триесетта седница | 18.01.2021<br>25.01.2021<br>01.02.2021<br>03.02.2021<br>03.03.2021<br>18.03.2021<br>02.04.2021<br>06.04.2021<br>07.04.2021<br>05.05.2021<br>06.05.2021<br>01.06.2021 | -понеделник<br>-понеделник<br>-понеделник<br>-среда<br>-среда<br>-четврток<br>-петок<br>-вторник<br>-среда<br>-среда<br>-четврток<br>-вторник | 13,30-13,55<br>12,45-14,00<br>12,15-16,25<br>11,40-00,00<br>17,35-17,45<br>13,30-16,50<br>20,40-20,50<br>12,25-18,25<br>12,40-13,05<br>12,35-13,05<br>13,30-14,35<br>13,45-13,50 |
| **16.** | Триесет и прва седница | 12.01.2021<br>25.01.2021 | -вторник<br>-понеделник | 12,30-13,15<br>18,05-18,10 |
| **17.** | Триесет и втора седница | 25.01.2021<br><br>26.01.2021<br>27.01.2021<br>03.03.2021<br>07.04.2021<br>08.04.2021<br>13.04.2021<br>14.04.2021<br>15.04.2021<br>18.04.2021 | -понеделник<br><br>-вторник<br>-среда<br>-среда<br>-среда<br>-четврток<br>-вторник<br>-среда<br>-четврток<br>-недела | 12,10-12,45 и<br>15,00-17,20<br>12,50-19,25<br>13,15-14,50<br>17,45-18,05<br>15,05-18,55<br>12,35-19,00<br>12,45-18,00<br>12,20-13,00<br>13,25-22,40<br>13,35-14,40 |
| **18.** | Триесет и трета седница п*п* | 28.01.2021 | -четврток | 11,35-19,05 |
| **19.** | Триесет и четврта седница | 16.02.2021<br>03.03.2021<br>04.03.2021<br>09.03.2021<br>02.04.2021<br>20.04.2021<br>05.05.2021<br>06.05.2021<br>11.05.2021<br>01.06.2021 | -вторник<br>-среда<br>-четврток<br>-вторник<br>-петок<br>-вторник<br>-среда<br>-четврток<br>-вторник<br>-вторник | 13,30-13,40<br>13,15-17,10<br>13,00-17,45<br>13,10-15,10<br>20,50-21,30<br>12,45-16,15<br>13,05-13,15<br>14,35-17,30<br>13,30-13,40<br>13,50-13,52 |
| **20.** | Триесет и петта седница п*п* | 25.02.2021 | -четврток | 11,40-18,05 |
| **21.** | Триесет и шеста седница | 25.03.2021<br>18.04.2021<br>06.05.2021 | -четврток<br>-недела<br>-четврток | 12,00-14,40<br>14,40-15,05<br>14,30-14,35 |
| **22.** | Триесет и седма седница п*п* | 25.03.2021 | -четврток | 14,40-20,40 |
| **23.** | Триесет и осма седница | 01.04.2021<br>02.04.2021 | -четврток<br>-петок | 13,50-16,40<br>15,10-20,20 |
| **24.** | Триесет и деветта седница | 21.04.2021<br>22.04.2021<br>26.04.2021<br>05.05.2021<br>11.05.2021<br>18.05.2021<br>01.06.2021<br>30.06.2021<br>30.07.2021 | -среда<br>-четврток<br>-понеделник<br>-среда<br>-вторник<br>-вторник<br>-вторник<br>-среда<br>-петок | 11,50-17,50<br>11,40-17,40<br>11,35-18,20<br>13,15-13,50<br>15,20-17,15<br>16,45-16,50<br>13,52-14,00<br>16,10-16,20<br>17,08-17,12 |
| **25.** | Четириесетта седница п*п* | 28.04.2021 | -среда | 11,35-18,30 |
| **26.** | Четириесет и прва седница | 18.05.2021<br><br>20.05.2021<br>01.06.2021<br>15.07.2021<br>07.09.2021<br>16.12.2021 | -вторник<br><br>-четврток<br>-вторник<br>-четврток<br>-вторник<br>-четврток | 12,00-16,35 и<br>16,50-17,20<br>12,30-13,55<br>14,00-14,50<br>17,35-17,50<br>12,20-12,50<br>18,38-18,40 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **27.** | Четириесет и втора седница п*п* | 27.05.2021 | -четврток | 11,30-18,05 |
| **28.** | Четириесет и трета седница | 08.06.2021<br>09.06.2021<br>10.06.2021<br>30.06.2021<br>30.07.2021<br>07.09.2021<br>23.12.2021 | -вторник<br>-среда<br>-четврток<br>-среда<br>-петок<br>-вторник<br>-четврток | 12,00-17,45<br>12,15-18,20<br>12,25-13,25<br>15,35-16,10<br>17,12-17,16<br>12,50-14,20<br>13,19-13,21 |
| **29.** | Четириесет и четврта седница п*п* | 24.06.2021 | -четврток | 11,25-18,10 |
| **30.** | Четириесет и петта седница | 30.06.2021<br><br>15.07.2021<br>30.07.2021<br>01.09.2021 | -среда<br><br>-четврток<br>-петок<br>-среда | 12,35-14,00 и<br>16,20-16,45<br>12,30-17,35<br>17,17-17,23<br>12,30-13,05 |
| **31.** | Четириесет и шеста седница | 15.07.2021<br>28.07.2021<br>30.07.2021 | -четврток<br>-среда<br>-петок | 12,10-12,30<br>16,50-16,55<br>17,23-17,25 |
| **32.** | Четириесет и седма седница | 22.07.2021<br>23.07.2021<br>26.07.2021<br>27.07.2021<br>28.07.2021<br><br>29.07.2021<br>16.12.2021 | -четврток<br>-петок<br>-понеделник<br>-вторник<br>-среда<br><br>-четврток<br>-четврток | 12,45-18,10<br>12,35-18,10<br>11,20-19,30<br>12,20-19,00<br>12,20-15,55 и<br>15,55-16,50<br>11,45-18,40<br>18,40-18,45 |
| **33.** | Четириесет и осма п*п* седница | 30.07.2021 | -петок | 11,45-16,55 |
| **34.** | Четириесет и деветта седница | 28.07.2021<br>30.07.2021 | -среда<br>-петок | 15,30-15,55<br>17,26-17,30 |
| **35.** | Педесетта седница | 14.09.2021<br>15.09.2021<br>16.12.2021 | -вторник<br>-среда<br>-четврток | 11,55-12,00<br>13,35-16,10<br>18,45-19,10 |
| **36.** | Педесет и прва седница | 05.11.2021<br>20.12.2021 | -петок<br>-понеделник | 12,15-16,05<br>17,20-17,35 |
| **37.** | Педесет и втора седница | 15.09.2021 | -среда | 13,00-13,10 и<br>16,10-16,15 |
| **38.** | Педесет и трета седница | 11.11.2021 | -четврток | 11,05-23,50 |
| **39.** | Педесет и четврта седница | 09.12.2021<br>10.12.2021<br>13.12.2021<br>14.12.2021<br>15.12.2021<br>16.12.2021<br>20.12.2021<br>21.12.2021<br>23.12.2021 | -четврток<br>-петок<br>-понеделник<br>-вторник<br>-среда<br>-четврток<br>-понеделник<br>-вторник<br>-четврток | 12,55-00,05<br>12,20-18,35<br>12,15-18,05<br>12,15-18,05<br>12,20-19,00<br>12,25-18,38<br>17,35-17,45<br>14,20-15,45<br>13,22-13,35 |
| **40.** | Педесет и петта седница п*п* | 23.12.2021 | -четврток | 11,25-11,30 |
| **41.** | Педесет и шеста седница | 22.12.2021 | -среда | 12,15-12,45 |
| **42.** | Педесет и седма седница | 20.12.2021<br>22.12.2021<br>23.12.2021 | -понеделник<br>-среда<br>-четврток | 12,50-13,30<br>17,15-17,20<br>13,55-15,55 |
| **43.** | Педесет и осма седница | 21.12.2021 | -вторник | 11,10-11,30 |
| **44.** | Педесет и деветта седница | 27.12.2021 | -понеделник | 12,00-14,50 |

# Прилог 2

## Усвоени дневни редови на седниците

**Трета седница** **25.08.2020 година (вторник)**

2. Годишен извештај за работата на Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочна постапка за 2019 година.

**Четврта седница** **25.08.2020 година (вторник)**

2. Годишен извештај за работата на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во 2019 година.

**Шеста седница** **25.08.2020 година (вторник)**

2. Годишен извештај на Комисијата за заштита на конкуренцијата за 2019 година.

**Седма седница** **25.08.2020 година (вторник)**

2. Годишен извештај на Агенцијата за пошти за 2019 година.

**Осма седница** **25.08.2020 година (вторник)**

2. Годишен извештај за работата на Инспекцискиот совет за 2019 година.

**Деветта седница** **26.08.2020 година (среда)**

2. Годишен извештај за работата на Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија за 2019 година.

**Осумнаесетта седница** **20.10.2020 година (вторник)**

7. Предлог на закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка по договорот за заем за финансирање на Проектот за модернизација на земјоделството, по скратена постапка.

**Дваесетта седница** **29.10.2020 година (четврток)**

8. Предлог на закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка по Договорот за заем за финансирање на Проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор, по скратена постапка;

**Дваесет и прва седница** **12.11.2020 година (четврток)**

6. Предлог на закон за дополнување на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, по скратена постапка;
12. Предлог на закон за изменување на Законот за поштенските услуги - I читање;

**Дваесет и втора седница 26.11.2020 година (четврток)**

9. Предлог на деловник за дополнувања на Деловникот на Собранието на Република Македонија, по скратена постапка, поднесен од пратеникот: Талат Џафери;
20. Предлог на закон за остварување на јавниот интерес во културата, I читање;

**Дваесет и петта седница 14.12.2020 година (понеделник)**

12. Предлог на закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската банка за обнова и развој по Договорот за заем за финансирање на проектот „Воведување на брз автобуски превоз во Град Скопје", по скратена постапка;
13. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за Македонската банка за поддршка на развојот, по скратена постапка;
17. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за државјанството на Република Македонија, по скратена постапка - II читање; Предлог на закон за попис на населението, домаќинствата и становите во Република Северна Македонија, 2020 година (*) - I читање.

**Дваесет и шеста седница 16.12.2020 година (среда)**

7. Предлог на закон за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, по скратена постапка;
8. Предлог на закон за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти, по скратена постапка;
13. Предлог на закон за дополнување на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, по скратена постапка;
14. Предлог на закон за контрола на опојни droги и психотропни супстанции - I читање;
15. Предлог на стратегија за регионален развој на Република Северна Македонија 2020 - 2030.

**Дваесет и осма седница 23.12.2020 година (среда)**

16. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за даночна постапка - I читање;
17. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за регистрирање на готовински плаќања - I читање;
18. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување - I читање;
19. Предлог на закон за изменување на Законот за игрите на среќа и за забавните игри - I читање;

**Дваесет и деветта седница 28.12.2020 година (понеделник)**

1. Предлог одлука за огласување избор на претседател, потпретседател и членови на Државна изборна комисија;
2. Предлог на закон за ратификација на Технички аранжман меѓу Министерството за одбрана на Република Северна Македонија и Министерството за национална одбрана на Грција за заштита на воздушниот простор FIR SKOPJE (LWSS);
3. Предлог на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Србија за измена на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Србија за реципрочно признавање на возачки дозволи;

4. Дополнет предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам - II читање;
5. Предлог на закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка по Договорот за заем за финансирање на Проектот за унапредување на основното образование, по скратена постапка;
6. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води, по скратена постапка;
7. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за семејството, по скратена постапка;
8. Предлог на закон за изменување на Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство, по скратена постапка;
9. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за техничката инспекција, по скратена постапка;
10. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за државен пазарен инспекторат, по скратена постапка;
11. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за библиотеките, по скратена постапка;
12. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на културното наследство, по скратена постапка;
13. Предлог на закон за Агенцијата за разузнавање, по скратена постапка;
14. Предлог на закон за попис на населението, домаќинствата и становите во Република Северна Македонија, 2021 година, по скратена постапка;
15. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за објавување на законите и другите прописи и акти во „Службен весник на Република Македонија”, по скратена постапка;
16. **Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за прекршоците, по скратена постапка;**[28]
17. **Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за личната карта, по скратена постапка; (Поднесен од: Бастри Бајрами, Кастриот Реџепи, Биљал Касами, Фадил Зендели, Сурија Рашиди, Илире Даути, Артина Ќазими, Зиадин Села, Халил Снопче, Абдула Салиу, Сафије Садики Шаини)**
18. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за внатрешната пловидба - I читање;
19. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за јавна чистота - I читање;
20. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за прометот на експлозивни материи - I читање;
21. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за следење на комуникации - I читање;
22. Предлог на закон за изменување на законот за заштита на правата на пациентите - I читање;
23. Предлог на закон за изменување на законот за прекурзори - I читање;
24. Предлог на закон за изменување на Законот за вршење на услуги брз трансфер на пари - I читање;
25. Предлог на закон за изменување на Законот за задолжница - I читање;
26. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва - I читање;
27. Предлог на закон за изменување на Законот за метрологијата - I читање;
28. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита и благосостојба на животните - I читање;
29. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за идентификација и регистрација на животните - I читање;

[28] **Незавршени точки**

30. Предлог на закон за меѓународна соработка во кривичната материја (*) - I читање;
31. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита и спасување - I читање;
32. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за посебните права на припадниците на безбедносните сили на Република Македонија и на членовите на нивните семејства - I читање;
33. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за генетски модифицирани организми - I читање;
34. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за контрола на емисии од испарливи органски соединенија при користење на бензини - I читање;
35. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен – I читање;
36. Барање за давање на автентично толкување на член 21 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост, поднесено од градоначалникот на општина Куманово;
37. Барање за давање на автентично толкување на член 40 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост, поднесено од градоначалникот на Општина Куманово;
38. Барање за давање на автентично толкување на член 121 став (5) од Законот за управување со отпадот. (Поднесен од: Миле Лефков)
39. Информација за состојбата на тутунот од реколта 2020-2021 заклучно до 21.12.2020 година

**Триесетта седница** **18.01.2021 година (понеделник)**

1. Предлог на закон за изменување на Законот за еднакви можности на жените и мажите, по скратена постапка;
2. Предлог на закон за изменување на Законот за употреба на знаковниот јазик, по скратена постапка;
3. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, по скратена постапка;
4. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување, по скратена постапка;
5. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита од вознемирување на работно место, по скратена постапка;
6. Предлог на закон за изменување на Законот за практиканство, по скратена постапка;
7. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за волонтерството, по скратена постапка;
8. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за исплата на пензии и пензиски надоместоци од капитално финансирано пензиско осигурување, по скратена постапка;
9. Предлог на закон за изменување на Законот за вработување на инвалидни лица, по скратена постапка;
10. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност, по скратена постапка;
11. **Предлог на закон за отпис на камати и репрограмирање на долгови и трошоци на јавни претпријатија, по скратена постапка;**
12. Предлог на закон за дополнување на Законот за трговија, по скратена постапка;

13. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за аудиовизуелните добра, по скратена постапка;
14. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за музеите, по скратена постапка;
15. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за меморијалните споменици и спомен обележја, по скратена постапка;
16. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за издавачката дејност, по скратена постапка;
17. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита, по скратена постапка;
18. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување, по скратена постапка;
19. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за акцизите, по скратена постапка;
20. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за лековите и медицинските средства, по скратена постапка;
21. Предлог на закон за изменување на Законот за заштита од експлозивни материи - I читање;
22. Предлог на закон за изменување на Законот за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари - I читање;
23. Предлог – закон за изменување и дополнување на Законот за странци (*) - I читање;
24. Предлог на закон за изменување на Законот за складирање и заштита од запални течности и гасови - I читање;
25. Предлог на закон за изменување на Законот за полиција - I читање;
26. Предлог на закон за изменување на Законот за земање и пресадување на делови на човечкото тело заради лекување - I читање;
27. Предлог на закон за изменување на Законот за јавно здравје - I читање;
28. Предлог на закон за изменување на Законот за безбедност на козметичките производи - I читање;
29. Предлог на закон за изменување на Законот за хемикалии - I читање;
30. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за санитарната и здравствена инспекција - I читање;
31. Предлог на закон за изменување на Законот за финансиските друштва - I читање;
32. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за ревизија на инструментот за претпристапна помош (ИПА) - I читање;
33. Предлог на закон за изменување на Законот за фондот за осигурување на депозити - I читање;
34. Предлог на закон за изменување на Законот за лизинг - I читање;
35. Предлог на закон за изменување на Законот за меница - I читање;
36. Предлог на за изменување на Законот за контрола на предметите од скапоцени метали - I читање;
37. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за занаетчиство - I читање
38. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за контрола на извоз на стоки и технологии со двојна употреба – I читање;
39. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица - I читање;

40. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за трговија - I читање;
41. Предлог на закон за развој, производство и промет на воени стоки – I читање;
42. **Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за земјоделското земјиште - I читање;**
43. Предлог на закон за изменување на Законот за семенски и саден материјал за земјоделски растенија - I читање;
44. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за консолидација на земјоделско земјиште - I читање;
45. Предлог на закон за изменување на Законот за вршење на земјоделска дејност - I читање;
46. Предлог на закон за изменување на Законот за селекционерски права - I читање;
47. Предлог на закон за лобирање - I читање;
48. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за планински патеки - I читање;
49. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за квалитетот на амбиентниот воздух (*) - I читање;
50. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита од бучава во животната средина - I читање;
51. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за животната средина - I читање;
52. Предлог закон за дополнување на Закон за научно-истражувачката дејност, I - читање, поднесен од пратеници;
53. Интерпелација за работата на заменик претседателот на Владата задолжен за европски прашања Никола Димитров.

**Триесет и прва седница** **12.01.2021 година (вторник)**

1. Предлог на одлука за избор на претседател, потпретседател и членови на Државната изборна комисија;
2. Предлог на одлука за избор на членови на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.

**Триесет и втора седница** **25.01.2021 година (понеделник)**

1. Предлог на одлука за избор на Народен правобранител;
2. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за посебните права на припадниците на безбедносните сили на Република Македонија и на членовите на нивните семејства - II читање;
3. Дополнет предлог на закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство - II читање;
4. Дополнет предлог на закон за рамномерен регионален развој* - II читање;
5. Предлог на закон за дополнување на Законот за јавните набавки, по скратена постапка;
6. Предлог на закон за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, по скратена постапка - II читање;
7. Предлог на закон за дополнување на Законот за финансиска поддршка на граѓани со низок доход, корисници на пензија, корисници на право на социјална

сигурност на стари лица, млади лица, самохрани родители, деца без родители и родителска грижа, уметници и други лица кои вршат дејност во културата, филмски работници и естрадни уметници - I читање;

8. Предлог на закон за изменување на Законот за чек - I читање;
9. Предлог на закон за изменување на Законот за давање на финансиски услуги на далечина - I читање;
10. Предлог на закон за изменување на Законот за детективската дејност - I читање;
11. Предлог на закон за изменување на Законот за гранична контрола - I читање;
12. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за комплементарна и алтернативна медицина - I читање;
13. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за лековите и медицинските средства - I читање;
14. Предлог на закон за изменување на Законот за пасиштата - I читање;
15. Предлог на закон за изменување на Законот за сточарството - I читање;
16. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица - I читање;
17. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на природата - I читање;
18. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за водите - I читање;
19. Предлог на завршна сметка на Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година;
20. Предлог на среднорочна програма за формирање, чување, обновување и користење на стоковните резерви за период 2021-2025 година;
21. Национална стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2021-2025;
22. Предлог на одлука за одобрување на Финансискиот план на Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радио телевизија за 2020 година;
23. Годишен извештај за работата на Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радио телевизија за 2019 година;
24. Предлог на одлука за одобрување на Финансискиот план на Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радио телевизија за 2021 година;
25. Годишен извештај за работата на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2019 година;
26. Предлог на одлука за давање согласност на Финансискиот план на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2020 година;
27. Предлог на одлука за давање согласност на Стратешкиот план на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2020 година;
28. Предлог на одлука за давање согласност на Годишната програма за работата на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2020 година;
29. Финансиски план на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување за 2021 година;
30. Предлог на одлука за давање согласност на Одлуката за висината на месечниот надомест што го наплатува Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување од пензиските друштва за 2021 година;
31. Годишен извештај за работењето на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување во 2019 година;
32. Финансиски извештаи на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување во 2019 година;
33. Предлог на финансиски план на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија за 2021 година;
34. Предлог на одлука за утврдување на процентот на зафаќање од вкупниот годишен приход, за финансирање на работењето на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија за 2021 година;
35. Предлог на одлука за одобрување на Годишната програма за работата на Агенцијата за пошти за 2021 година;
36. Финансиски план на Агенцијата за супервизија на осигурување за 2021 година;

37. Годишен извештај за работењето на Агенцијата за супервизија на осигурување за 2019 година;
38. Годишен извештај на Агенцијата за супервизија на осигурување за состојбата и движењата на осигурителниот пазар во Македонија во 2019 година;
39. Финансиски извештаи на Агенцијата за супервизија на осигурување за 2019 година;
40. Годишен извештај за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизулени медиумски услуги за 2019 година;
41. Годишен извештај на Агенцијата за електронски комуникации за 2019 година;
42. Извештај за реализација на годишната програма за работа и развој на Агенцијата за цивилно воздухопловство за 2019 година;
43. Годишен извештај за извршените ревизии и за работењето на Државниот завод за ревизија за 2019 година;
44. Годишен извештај за работата на Државниот совет за превенција на детско престапништво и за состојбите во областа на правата на детето и детското престапништво во 2019 година;
45. Годишен извештај за работата на Судскиот совет на Република Северна Македонија за 2019 година;
46. Годишен извештај за работата на Државната комисија за спречување на корупцијата за 2019;
47. Годишен извештај за степенот на обезбедувањето почитување, унапредување и заштита на човековите слободи и права за 2019 година;
48. Годишен извештај за работата на Агенцијата за администрација за 2019 година.

**Триесет и трета седница** **28.01.2021 година (четврток)**

-На оваа седница на Собранието на Република Македонија ќе бидат поставувани пратенички прашања.

**Триесет и четврта седница** **16.02.2021 година (вторник)**

1. Прашање за доверба на Владата на Република Северна Македонија, поднесена од претседателот на Владата на Република Северна Македонија;
2. Предлог на закон за изменување на Законот за вршење на услуги брз трансфер на пари - II читање;
3. Дополнет предлог на закон за изменување на Законот за задолжница - II читање;
4. Предлог на закон за меѓународна соработка во кривичната материја (*) - II читање;
5. Дополнет предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен – II читање;
6. **Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за прекршоците, по скратена постапка;**
7. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за постапување со бесправно изградени објекти - I читање;
8. Предлог на закон за изменување на Законот за оружјето - I читање;
9. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за прекршоците против јавниот ред и мир - I читање;
10. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за патните исправи на државјаните на Република Северна Македонија - I читање, под архивски број 08-399/1;
11. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата - I читање;
12. Предлог на закон за изменување на Законот за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност - I читање;

13. Предлог на закон за изменување на Законот за биомедицинско потпомогнато оплодување - I читање;
14. Предлог на закон за изменување на Законот за прекинување на бременоста - I читање;
15. Предлог на закон за изменување на Законот за евиденциите во областа на здравството - I читање;
16. Предлог на закон за изменување на Законот за забрана на развивање, производство, складирање и употреба на хемиски оружја - I читање;
17. Предлог на закон за изменување на Законот за безбедност во снабдувањето со крв - I читање;
18. Предлог на закон за изменување на Законот за ментално здравје - I читање;
19. Предлог на закон за изменување на Законот за континуирано стручно усовршување на докторите на медицина - I читање;
20. Предлог на закон за изменување на Законот за доброволно здравствено осигурување - I читање;
